Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development
and Cooperation SDC

# СТУДИЈА ЗА СОСТОЈБАТА СО ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

ПРОГРАМА ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА ПРИРОДАТА

ИСТОЧЕН РЕГИОН
ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Студијата за состојбата со потенцијалите за развој на туризмот во Источниот плански регион е подготвена во рамки на Програмата за зачувување на природата во Македонија (ПЗП) - проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) кој е координиран од Helvetas Swiss Intercooperation и Фармахем. Стратешки партнер на Програмата за зачувување на природата во Македонија е Центарот за развој на Источен плански регион.

## Изработено од:

**Тим автори:**

**Д-р. Ивица Милевски** - Координатор на тимот, Експерт за туризам и природно наследство

**Д-р. Зоран Тунтев** - Експерт за туризам

**Д-р. Ирена Ружин** - Експерт за туризам и културно наследство

**Виолета Јанкова** - Експерт за рурален туризам

**Јане Вртески** - Експерт за стратешко и акциско планирање и управување со проектен циклус

**Звонко Наумоски** - Експерт за стратешко планирање и рурален развој

**Лектура:**

**Ирена Игњатовска**

# СОДРЖИНА

**1. ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ ... 1**
1.1. Вовед ... 1
1.2. Цели на студијата ... 1
1.3. Методологија ... 3
**2. ТУРИСТИЧКО-ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА И ПОВРЗАНОСТ НА ИПР ... 4**
2.1. Географска положба ... 4
2.2. Туристичка положба ... 7
**3. ДОСЕГАШНИ ПРОУЧУВАЊА, СТУДИИ И СТРАТЕГИИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ИПР ... 8**
**4. ФАКТОРИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ИПР ... 9**
4.1. Природни туристички атрактивности во ИПР ... 9
4.1.1. Геолошки атрактивности ... 9
4.1.2. Релјефни атрактивности ... 11
4.2.2. Климатски атрактивности ... 32
4.2.3. Хидрографски атрактивности ... 35
4.2.4. Растителнот и животинскиот свет како фактори за развој на туризмот во ИПР ... 44
Вегетација ... 45
Флора ... 45
Фауна ... 48
4.2.5. Валоризација на природните вредности ... 50
4.3. Демографски и социоекономски фактори ... 55
4.4. НАСЕЛБИТЕ ВО ИПР И НИВНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ ... 63
4.4.1. Видови селски населби и нивните функции во туризмот ... 63
4.4.2. Занаетчиство ... 64
4.5. Културно-историско и археолошко наследство ... 68
4.5.1. Археолошки локалитети ... 68
4.5.2. Градска и селска архитектура во ИПР ... 76
4.5.2.1. Селска архитектура ... 76
4.5.2.2. Градска архитектура ... 77
4.5.3. Музеи и спомен куќи ... 78
4.5.4. Културно историски знаменитости ... 82
4.5.5. Настани ... 86
4.5.6. Цркви и манастири ... 96

4.5.7. Исламска архитектура .......... 107
4.5.8. Македонски народни ора во ИПР .......... 109
4.5.10. Туристичка валоризација на културните вредности во ИПР .......... 110
**4.6. Гастрономија .......... 114**
**4.7. Општ преглед на валоризираните атрактивности во ИПР .......... 116**
**5. ВИДОВИ ТУРИЗАМ СПОРЕД ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ НА ИПР .......... 118**
**5.1. Рурален туризам .......... 118**
**5.2. Планински туризам .......... 121**
**5.3. Трекинг .......... 121**
**5.4. Планинарење .......... 124**
**5.5. Зимски (зимско-спортски) туризам .......... 125**
**5.6. Туризам на културно-историско наследство (културен туризам) .......... 126**
**5.7. Манастирски и верски туризам .......... 128**
**5.8. Манифестациски туризам .......... 128**
**5.9. Бањски - велнес спа туризам .......... 130**
**5.10. Џип сафари, сафари, оф-роуд, мото туризам .......... 131**
**5.11. Планински велосипедизам (маунтенбајк) .......... 132**
**5.12. Геотуризам .......... 133**
**5.13. Езерски туризам .......... 134**
**5.14. Летен капалишен туризам и активности на вода .......... 135**
**5.15. Ловен туризам .......... 136**
**5.16. Риболовен туризам .......... 137**
**5.17. Гастрономски туризам .......... 137**
**5.18. Шопинг туризам .......... 139**
**5.19. Параглајдинг .......... 139**
**5.20. Адреналински паркови .......... 140**
**5.21. Зип-линии (zip-line) .......... 141**
**5.22. Аеротуризам и едриличарство .......... 142**
**5.23. Алпинизам .......... 143**
**5.24. Други туристички активности .......... 143**
**6. ПОСТОЈНИ ТУРИСТИЧКИ ЛОКАЛИТЕТИ И ПРОСТОРИ .......... 145**
**7. АНАЛИЗА НА ПОСТОЈНАТА СОСТОЈБА НА ТУРИЗМОТ ВО ИПР И ДОСЕГАШНИОТ РАЗВОЈ .......... 147**
**7.1. Развој на туризмот на подрачјето на ИПР до 1945 година .......... 147**
**7.2. Развој на туризмот на подрачјето на ИПР од 1945 до 1991 година .......... 147**

7.3. Развој на туризмот по 1991 година (во независна Македонија) ................ 148
7.4. Современата состојба со туризмот во ИПР .................................................. 149
**8. ТУРИЗМОТ И ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ИПР ....................... 154**
8.1. Одржлив туризам во ИПР ................................................................................... 154
8.2. Туристички капацитет на ИПР............................................................................ 157
8.2.1. Граница на подносливост на капацитетот на туристички локалитети ... 159
8.3. Заштита на природните и културните вредности во ИПР ......................... 160
8.3.1. Заштита на биодиверзитетот.......................................................................... 160
8.3.2. Заштита на геодиверзитетот........................................................................... 166
8.3.3. Заштита на културното наследство.............................................................. 167
**9. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ............................................................................... 168**
**10. ЛИТЕРАТУРА.......................................................................................................... 177**

# 1. ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

## 1.1. Вовед

Источниот плански регион на Република Македонија, според својата географска положба, како и големиот број природни и создадени вредности има солидна основа за туристички развој и прераснување во интересна туристичка дестинација. Регионот располага со силни можности за градење автентичен рекреативен, алтернативен, рурален, шопинг, религиозен-манастирски и транзитен туризам, но, за жал, не постои организиран напор за претставување на овие потенцијали и мобилизирана инфраструктура за давање услуги во овие области. Според податоците од Програмата за развој на ИПР (2009 - 2013), туризмот е дел од економскиот сектор услуги, кој, пак, учествува со околу 30 % во градењето на БДП на регионот, но ако се земе предвид дека секторот услуги е многу поширок, заклучокот е дека туризмот незначително придонесува во економскиот развој на Регионот. Сепак, значајно е да се забележи дека туризмот добива нагорна линија како економска активност во регионот во последните години. Тоа се потврдува и со бројот на проекти и иницијативи во делот на туризмот, кои се реализираат со различен степен и обем во Источниот плански регион.

Од друга страна, туризмот, заедно со земјоделството и руралниот развој, се идентификувани од страна на Владата како едни од приоритетните сектори за развој во Република Македонија. Националната стратегија за развој на туризмот во Република Македонија (2009 - 2013) и Глобалната студија за туризмот во Република Македонија го дефинираат туризмот како приоритет. Истовремено, туризмот е идентификуван и како стратешка среднорочна цел на Програмата за развој на овој регион, и тоа како Стратешка среднорочна цел 4: Источен регион позната туристичка дестинација. Имајќи ја предвид сегашната состојба во ова економско подрачје, како и современите европски и светски тенденции во туризмот, фокусот треба да се насочи кон создавање услови за артикулирано, организирано и интегрирано претставување на локалните природни атрактивности и културно-историско наследство со цел придобивање на интересот на странските и домашните туристи од средна класа–туристи кои покажуваат поголем и јасно дефиниран интерес за ваков вид туризам. Во овој контекст, ИПР има недостиг од студии и стратешки документи со кои ќе се обезбедат сознанија и база на податоци за потенцијалите за развој на туризмот со цел туризмот да стане значаен стопански сектор во регионот. Токму тоа е целта на овој проект, кој треба да создаде услови за поставување основа за развој на туристичката индустрија во ИПР, да го промовира значењето на развојот на оваа индустрија за економскиот раст на регионот и да ги идентификува моделите за развој на туризмот.

Изработката на Студијата за состојбата со потенцијалите за развој на туризмот во Источниот плански регион е проектна задача од програмската активност: „Изработка на Стратегијата за развој на туризмот во ИПР со акционен план 2015 - 2024“. Оваа програмска активност се реализира во рамки на Програмата за зачувување на природата во Македонија, проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), координиран од Helvetas Swiss Intercooperation и Фармахем. Стратешки партнер на Програмата е Центарот за развој на Источен плански регион.

## 1.2. Цели на студијата

Студијата за развој на туризмот во ИПР, како основен и значаен документ што ги посочува потенцијалите и можностите за туристички развој на овој простор, има повеќе цели. Основна цел е да се анализираат, инвентаризираат и валоризираат туристичките ресурси во ИПР од аспект на туризмот. Тоа значи кои од бројните ресурси во регионот би можеле да бидат во функција на туризмот бидејќи не се сите погодни за туристичка намена. Затоа се издвоени

само оние ресурси што имаат соодветен атрактивен потенцијал, сообраќајно се поврзани и овозможуваат извршување соодветни активности. Следна многу значајна цел е одржливиот развој на туризмот преку одржливото користење на издвоените туристички ресурси, за да не дојде до нивно загрозување, деградација, нарушување или, пак, да го изгубат своето значење. Воедно, некои од атрактивните појави, предели и објекти се ставени под законска заштита и нивното користење во туризмот треба да е усогласено со статусот што го имаат и законските рамки. Од изнесеното може да се заклучи дека главни цели на студијата се туристичка валоризација на природните и културните (создадени) атракции во областа во согласност со принципот на одржливо користење и во функција на локалниот и регионалниот развој на ИПР. Издвоените ресурси и атракции се речиси рамномерно застапени низ областа. Со нивна оптимална валоризација би се овозможил порамномерен регионален развој на ИПР, особено имајќи предвид дека некои рурални простори се многу сиромашни и со силна депопулација. Покрај општите цели, студијата има повеќе специфични и конкретни цели, и тоа:

- Да се изврши преглед на сите релевантни документи и законска рамка кои се однесуваат на туризмот и ИПР за изработка на Студија за состојбата со потенцијалите за развој на туризмот во Источниот плански регион;
- Да се направи преглед и анализа на постоечката институционална поставеност/структура за туризам, управување, маркетинг и промоција со посебен фокус на улогите и одговорностите на национално, регионално и локално ниво, како и постоечките туристички организации, вклучувајќи и релевантни асоцијации, вмрежувања, кадри;
- Да се земат предвид сите постоечки закони, регулативи и измени од областите што се од интерес за изработка на Студија за состојбата со потенцијалите за развој на туризмот во Источниот плански регион;
- Да се даде опис на методологијата што се користи за изработка на Студија за состојбата со потенцијалите за развој на туризмот во Источниот плански регион;
- Да се даде опис на туристичко–географската положба и поврзаност во ИПР преку анализа на: географската положба, сообраќајната поврзаност и положбата во однос на другите туристички простори);
- Да се изврши идентификација и анализа на клучните фактори за потенцијален развој на туризмот, преку анализа на создадените вредности – човековите – демографските карактеристики на регионот;
- Да се изврши идентификација и анализа на природните карактеристики и фактори (природно наследство: геоморфолошки карактеристики, климатски карактеристики, хидрографски карактеристики), фактори по однос на животната средина (карактеристики и реткости на флора и фауна) и антропогените фактори (културно–историски, етно-социјални и манифестациски вредности);
- Да се изврши идентификација и опис на видовите туризам во ИПР (планински, езерски, спелеолошки, ловен и риболовен, резиденцијален, рурален, еко, спортско-рекреативен, екскурзионистички, конгресен, здравствен, бањски, вински, манифестационен и транзитен и другите видови туризам);
- Да се изврши идентификација и опис на постојните туристички локалитети во ИПР;
- Да се даде преглед на туристичките сместувачки капацитети во ИПР;
- Да се подготви анализа на постојната состојба на досегашниот туристички развој во ИПР;
- Да се даде оценка на досегашниот туристички развој во ИПР;
- Да се изработи финалната верзија на Студијата на македонски и англиски јазик и истата да се лекторира и отпечати;
- Да се изработи финален извештај со заклучоци и препораки од Студијата во електронски формат соодветен за печатење и за публикување на веб страница.

## 1.3. Методологија

Методологијата на изработка на „студија за валоризација на природни и културни потенцијали во ИПР“ произлегува од поставените цели и задачи што беа спомнати претходно. Во таа смисла, врз основа на досегашните повеќегодишни теренски истражувања на подрачјето од ИПР и севкупната достапна литература, утврдени се природните и културно-историските вредности на регионот. Потоа, извршена е идентификација на локалитети, објекти и појави особено атрактивни по своите карактеристики. Во постапката постојано е водено сметка за дозволениот капацитет на оптовареност на одреден локалитет-ресурс и пошироката област, без да се наруши природната средина или да дојде до деградација. За сите вака идентификувани ресурси е даден краток, концизен преглед. Врз основа на претходните и добиените сознанија, како и професионалните искуства, даден е преглед на најпотенцијалните туристички активности (видови туризам), како и неопходни чекори за поголемо туристичко активирање на ИПР. Тоа е направено во согласност со реалните финансиски можности на регионот, локалните самоуправи и пошироката заедница.

При изработка на Студијата користени се повеќе методи за овој тип истражувања. Од нив позначајни се: методот на теренски истражувања, кабинетски анализи на библиографијата, картите, сателитските снимки и други извори на податоци. Со наведените методи се утврдени геолошко-релјефните, климатските, хидрографските карактеристики на областа, издвоени се и обработени значајните, загрозени и ендемични растенија, а согледан е диверзитетот на животинскиот свет. Исто така, издвоени се најзначајните објекти и содржини од културното наследство во областа. Сите наведени активности посебно беа засновани на сознанијата од теренските методи на непосредно набљудување, анализи и др. Картографскиот метод е користен за одредување на положбата, надморската височина, површината, достапноста, геолошкиот состав и други компоненти на соодветните природни подрачја и локалитети. За таа цел се користени топографски карти во размер 1:100000 и 1:25000, како и соодветните листови од геолошките карти. Компаративниот метод е користен за споредба на одредени ресурси и локалитети во ИПР и пошироко во Република Македонија. Исто така, големо значење е придадено на методот на перспективност во смисла како во иднина да се трансформира просторот со неговите природни елементи во оптимален правец за потребите на туризмот и воопшто за општествената заедница. Низ целата Студија како целина најзначајно место му е дадено на методот на туристичка валоризација, со кој е извршена проценка на атрактивните содржини од аспект на туризмот. На крај да споменеме дека во различни фази од работата на студијата се користени софтверски и ГИС методи, посебно во подготовките на картите и сличната документација.

# 2. ТУРИСТИЧКО-ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА И ПОВРЗАНОСТ НА ИПР

## 2.1. Географска положба

Источниот плански регион (ИПР) зафаќа површина од 3537 km$^2$ или 13,7% од површината на Република Македонија. Опфаќа 11 општини во средното и горното сливно подрачје на Брегалница, и тоа: Штип, Пробиштип, Карбинци, Чешиново-Облешево, Зрновци, Кочани, Виница, Македонска Каменица, Делчево, Пехчево и Берово. Најголемата должина на регионот во правец исток-запад изнесува 90 km, додека најголемата широчина во меридијански правец (север-југ) е 70 km. Крајните точки на ИПР се:

- Запад: падините на ридот Иланџа (654 m) со координати: 21°56`50" игд, 41°42`37" сгш;
- Исток: Ченгино Кале (1745 m) на Малешевските Планини, со координати: 23°02`04" игд, 41°42`34" сгш (најисточна точка во Република Македонија);
- Север: врвот Мал Руен (2205 m) на Осоговските Планини, со координати: 22°30`37" игд, 42°09`18" сгш;
- Југ: точка источно од с. Сушица (650 m), со координати: 21°49`13" игд, 41°57`15" сгш.

На ваква релативно мала површина природно-географските карактеристики се доста разновидни, интересни и атрактивни од туристички аспект. Тоа особено се однесува на геолошко-геоморфолошките (релјефни) одлики, климата, хидрографијата, растителниот и животинскиот свет.




Слика 1. Географска положба на Источниот плански регион во рамките на Република Македонија.

Што се однесува до комуникациската поврзаност, ИПР има релативно густа мрежа на сообраќајници. Сепак, квалитетот на истите е релативно слаб. Постојната патна инфраструктура во Источниот плански регион се состои од 1187 km локални патишта, 177 km А државни патишта и 302 km регионални патишта. Главни патни правци што го поврзуваат овој регион со другите регион се државниот пат А3 ( Велес – Штип – Кочани – Делчево – Граница со Бугарија) и државниот пат А4 ( Свети Николе – Штип – Струмица).

Патната мрежа во овој регион е релативно добро развиена, во тек е изградба на автопат на дел од државниот пат А3 Свети Николе – Штип, со што овој регион ќе се поврзе со модерна патна врска со Скопје. Истовремено се врши реконструкција и надградба на делницата Велес – Кадрифаково од државниот пат А4.




Слика 2. Комуникациска поврзаност на ИПР (објаснување во текстот).

Постојната состојба на дел од државната мрежа на А патишта А4 (Штип – Радовиш) и А3 (Штип – Кочани – Македонска Каменица – Делчево – Граница со Бугарија) е во релативно лоша состојба пред сè поради оштетените коловозни површини и несоодветните технички елементи што постојат на овие делници. Одредени делници од регионалната патна мрежа Р1302 (Делчево – Пехчево – Берово – Босилево), Р 1304 (врска со А3 – Виница – врска со 1302), Р1205 (Кратово - Пробиштип - врска со А3), како и одредени од регионалните патни правци од втора категорија Р 2345 (врска со Р1304 Драгобрашта – Бигла – Врска со А3) и Р2431 (Штип – Карбинци – Зрновци – Виница – Калиманци) се исто така во релативно лоша состојба.

Во регионот следниве регионални патни правци не се изградени:

- Р 1309 Пониква – Злетово (Пробиштип);
- Р 1310 Берово – Радовиш;
- Р 1210 Македонска Каменица (Саса) – Тораница (Крива Паланка);
- Р 2341 Габрово – Граница со Бугарија;
- Р 2342 Пишица – Жиѓанци;

- Р 2431 Прналија – Шипковица (Карбинци – Радовиш преку Плачковица);
- Р 2346 Врска со Р1304 – Разловци – Тработивиште.

Дел од регионалната патна мрежа е со земјен коловоз, и тоа патните правци:

- Р 2334 Аргулица – Бурчилево; Кучичино – Видовиште; Калиманци врска со 2345;
- Р 2336 Куково – Мечкуевци; Петршино – Зарапинци;

Состојбата на дел од државните А правци и регионални правци не е во согласност, не само со барањата за економски развој туку и со стандардите за безбедно одвивање на сообраќајот.

Во Источниот плански регион локалната патна мрежа е недоволно развиена и поголем дел од локалните патни правци се со несоодветен квалитет, што е последица на недоволното одржување на истата и недоволните инвестиции. На определени делници квалитетот на локалната патна мрежа е на толку ниско ниво што претставува и потенцијална опасност за нормално одвивање на сообраќајот.




Слика 3. Сообраќајно-туристичка положба на ИПР.

Во Источниот плански регион е лоциран дел од железничката линија Велес – Кочани. Вкупната должина на оваа железничка линија што е лоцирана во регионот изнесува 70 km. Железничката мрежа во источниот регион има мала густина и истата не овозможува адекватна опслуженост на општините од регионот. Единствената железничка линија завршува како слеп колосек, што оневозможува рентабилно работење на истата. Квалитетот на железничките услуги што се нудат е на многу ниско ниво, што е всушност карактеристика на железничкиот превоз во Република Македонија. Во регионот се лоцирани две позначајни железнички станици, кои се лоцирани во Штип и во Кочани, и истите се во многу лоша состојба и не овозможуваат ниту основни услови за квалитетни железнички услуги.

Во Источниот регион постои само еден спортски аеродром во близината на Штип и едно леталиште за стопанска авијација „Лакавица“, кои недоволно се користат. Спортскиот аеродром е оддалечен 4 km северозападно од градот Штип. Наменет е за воздухопловно–спортски активности. Полетно-слетната патека е долга 1000 m, а широка 100 m. Пистата е тревната и не е опремена со светлосна сигнализација за во ноќни услови. На овој аеродром можат да оперираат воздухоплови со максимална тежина до 5700 kg. Интересно е да се напомене дека во близина на Пониква и на Туртел на планината Плачковица има воени слетно-

полетни асфалтни писти изградени во времето на некогашната ЈНА. Тие, исто така, можат да се користат за мали спортски авиони.

Со постојниот меѓународен патнички аеродром во Скопје, дел од Источниот регион е добро покриен, иако пристапот кон главниот национален аеродром „Александар Велики“ во Петровец не е брз и едноставен.

## 2.2. Туристичка положба

Со оглед на локацијата и комуникациските врски, ИПР има средно-добра туристичка положба, со одредени погодности, но и недостатоци, и тоа:

***Погодности:***

- Дури 4 општини од ИПР (Берово, Пехчево, Делчево, Македонска Каменица) граничат со Република Бугарија, односно со Европската унија, и тоа во должина од 100 km;
- ИПР е на околу 100 km оддалеченост од главниот град Скопје, кој претставува најголемо емитивно подрачје за потенцијални туристи во овој регион;
- ИПР е на околу 90 km оддалеченост од аеродромот Александар Велики, најголемиот во државата;
- Низ ИПР поминува значајниот меѓународен патен коридор кон Република Бугарија, а и трансферзалниот коридор од Куманово преку Штип до Струмица;
- ИПР располага со добра мрежа на асфалтни патишта речиси до секое село и позначаен локалитет;
- Низ ИПР минува дел од железничка линија Велес – Кочани, која е доста атрактивна;

***Слабости:***

- ИПР сѐ уште нема современа и брза сообраќајна артерија која меѓусебно ќе ги поврзе општините, а и регионот со соседна Бугарија. Иако од огромно значење е изградбата на автопатот Скопје – Штип, крајниот исток (Берово, Пехчево, Делчево, Македонска Каменица) каде има богати туристички ресурси, до изградба на нов или модернизација на постоечкиот пат, ќе остане „далечен“ за туристите;
- Иако ИПР на значителна должина од 100 km граничи со Република Бугарија, а преку неа и со Европската унија, за сега постои само еден граничен премин кај Делчево, и тоа со слаб проток на патници (поради слабите сообраќајни врски). Тоа значително го ограничува потенцијалот за транзитен и други видови туризам во регионот;
- Во ИПР е силно изразен процесот на депопулација, особено во крајните источни делови и во руралните средини. Тоа на разни начини неповолно ќе влијае врз развојот на туризмот, особено во однос на недостигот на младо работоспособно, образовано и квалификувано население;
- Најпосетените туристички подрачја во Македонија (Охридското, Скопското, Дојранското, Шарпланинското, Мавровското) се на значителна оддалеченост од ИПР, посебно од неговите источни делови (200 – 300 km). Тоа, заедно со состојбата на сообраќајната поврзаност, негативно влијае врз понудата на кружни дводневни тури или факултативни туристички рути од главните центри кон ИПР;
- ИПР е релативно оддалечен од главниот коридор во Македонија К-10 (50 – 100 km);
- ИПР во основа е стопански слабо развиен (со исклучок на општините Штип и Кочани), поради што фреквенцијата на сообраќајот – транзитот се исто така слаби и не влијаат врз развојот на туризмот;
- Во ИПР нема толку атрактивен туристички ресурс кој самостојно и „безусловно“ би привлекол голем број туристи (големо езеро, висока планина, голем водопад и др.);
- Во некои атрактивни делови од ИПР воопшто нема сместувачки капацитети или тие се на незадоволително ниво.

# 3. ДОСЕГАШНИ ПРОУЧУВАЊА, СТУДИИ И СТРАТЕГИИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ИПР

Во досегашниот период, за подрачјето на ИПР и одделни општини во неговиот состав, изработени се поголем број студии и стратегии за туристичкиот развој. Одредени согледувања за атрактивностите на подрачјето на ИПР се дадени уште во почетокот на минатиот век во капиталната монографија на Цвијиќ (1906) „Основе за географију и геологију Македоније и Старе Србије". Неколку студии има и помеѓу двете светски војни. Сепак, првите посериозни истражувања почнуваат во 1960-тите години, главно во рамките на секторските студии за туризам на тогашните општини. Така, Кондев објавува неколку публикации за поширокиот регион на Осоговијата (1960, 1966), а Недков (1967) главно пишува за бањата Кежовица и нејзиното туристичко искористување. Стојмилов (1976) ги анализира атрактивно рекреативните карактеристики и туристички локалитети на планината Осогово, а нешто подоцна (1979) врши дефинирање и намена на туристичките просторни единици во овој регион. Истиот автор изработува детална студија и просторен план за развој на туризмот во општина Кочани (1982) и повеќе други општини во ИПР. Во 1990-тите години, поради разбирливи причини во нашата држава и опкружувањето, се намалува интересот за туризмот, како и истражувањата на таа проблематика. Од почетокот на овој век се обрнува значително поголемо внимание на можностите за развој на туризмот во ИПР, така што се изработуваат повеќе студии и стратегии, и тоа за: еко-туризмот во општина Берово (2005), руралниот туризам во општините Чешиново – Облешево (2007) и Зрновци (2007), туристички акционен план за Малеш и Пијанец (2008), спортскиот туризам во Штип (Ташков и Методијевски, 2009), скијачките центри Пониква и Царев Врв (Трпевски и др., 2010) и други. Во меѓувреме, во тек е и изработката на Просторниот план на ИПР, со посебна експертиза за туризам (Лукаревска, 2014). Генерално, може да се заклучи дека во досегашниот период се изработени поголем број студии и стратегии од областа на туризмот за одредени општини и делови во регионот. Меѓутоа, детална и интегрална студија за целиот регион (како ИПР или како Брегалнички регион) сè уште нема, освен делумно експертизата за Просторниот план на ИПР. Токму тоа е предизвикот на ова дело.

# 4. ФАКТОРИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ИПР

## 4.1. Природни туристички атрактивности во ИПР

### 4.1.1. Геолошки атрактивности

Како резултат на долгата, бурна геолошка историја, подрачјето на ИПР се одликува со разновидна геолошка градба, која значително влијаела врз релјефот. Така, на одредени планински делови се среќаваат карпи стари речиси една милијарда години (гнајсеви и микашисти на Осогово), а во речната долина на Брегалница и нејзините притоки, карпите се млади, а се образуваат и во денешно време. Помеѓу Пробиштип и Кочани, околу Македонска Каменица и Пехчево има појави на вулкански карпи и структури што претставуваат остатоци од вулканската активност на овие простори. Околу Пробиштип, Злетово и западно од Кочани има 10-тина добро изразени вулкански купи, а на некои од нив сè уште добро се сочувани и самите кратери. Во таа смисла посебно се атрактивни Лесновската купа и кратер, потоа Плавица, вулканскиот релјеф околу с. Кундино и остатоците од вулканските кратери кај с. Рајчани – Кочанско. Овие гео-пејсажи, иако се многу атрактивни, а ги имаат и другите поволности, особено во однос на сообраќајната поврзаност, сепак, речиси воопшто не се туристички искористени. Исклучок е Лесновскиот кратер, во кој се наоѓа и познатиот Лесновски манастир, кој во мала мерка е веќе уреден за посета.

Во ниските, пак, зарамнети делови на областа има доста глинест и песоклив материјал, кој се исталожил во време кога котлините биле под езера, пред неколку милиони години. Овие глини на неколку места се ископувани, а во релјефот останале длабоки копови исполнети со вода. Дел од тие копови – базени се претворени во рибници (езеро Сандански кај Делчево) и се користат за туристички цели или, пак, можат да имаат таква намена.

Како последица на геолошките процеси, во повеќе делови на регионот се создадени значителни рудно-минерални наслаги. Некаде тие се подлабоко во литосферата, а на други места излегуваат сосема на површината. Ваквите рудни и минерални богатства уште од стари времиња предизвикувале интерес и експлоатација. Така, уште во римско време, а веројатно и порано, вадење и топење железо, сребро, злато и др. било присутно околу Македонска Каменица, Злетово, Пробиштип и околу Пехчево. Всушност, според одредени археолошки и теренски траги, записи, преданија и легенди, во овие области рударството е присутно над 2000 години, а некои рудници функционираат и денес. Во Пробиштипско – Злетовската област, рудните лежишта се придружени со појави на ретки минерали, радиоактивни елементи (ураниум по долината на Злетовска Река), нафтоносни шкрилци кај с. Плешинци, туфови и зеолит кај с. Стрмош и др. Рудните области и рудниците, доколку соодветно се промовираат, опремат и подготват, можат да бидат доста интересни за посета на заинтересираните туристи. Дополнителен мотив е што за наведените подрачја се поврзани повеќе археолошки наоѓалишта (Македонска Каменица), разни дамнешни легенди и приказни, минералошки наоди и збирки (Пробиштип), современи начини на експлоатација (Македонска Каменица) и сл.

Делови од регионот, во сеизмички поглед се доста активни. Тоа особено се однесува за подрачјето на Пехчевско, а во помала мерка Виничко и Кочанско. Всушност, во 1904 година, во Пехчево се случил еден од најсилните земјотреси на Балканскиот Полуостров и пошироко, со магнитуда од околу 7,5 степени по Рихтер. Поради убавото време во претпладневните часови и слабата градба, земјотресот не предизвикал жртви, меѓутоа имал влијание врз создавање свлечишта, мелови, камени кукли и други интересни форми. Освен што претставуваат

интересен факт, сеизмичките појави треба да се земат предвид при изградба на објекти во овој простор.

**(1) Лесновскиот кратер** се наоѓа во западниот дел на Осоговските Планини, помеѓу Пробиштип и с. Злетово. Тоа е меѓу најдобро сочуваните фосилни вулкански кратери во Република Македонија и на Балканскиот Полуостров. Пречникот на кратерот е околу 1.5 km, а неговата длабочина 150 – 200 m. Околу центарот на кратерот прстенесто се распоредени 7 - 8 купести ридови, односно вулкански некови (чуки). Од нив највпечатлив е северниот рид Илин Крст (1127 m), кој веројатно бил главен вулкански центар, од каде избивало најголемо количество лава и вулкански материјал. Низ средишниот дел на кратерот, во правец североисток-југозапад, тече малата Лесновска Река, која ја пресекува западната рамка на кратерот. На местото на пресекот, долината на оваа рекичка е многу интересна, стрмна и со голем број дупки (пештери) по страните. Вдлабнатините и дупките во карпите не се природни туку направени од човекот, кој го вадел квалитетниот, цврст вулкански камен (андезит), од кој изработувал воденички камења. Всушност, околните села, а посебно Лесново, биле познати по изработка на многу квалитетни и барани воденички камења. Инаку, вулканската активност на овој простор почнала пред околу 30 – 35 милиони години. Вулканот имал силни, експлозивни ерупции, проследени со исфрлање големо количество пепел, гасови и густа лава. Затоа во околината има траги од течење на лава, а има и појави на вулкански бомби. Поради тоа што е еден од најсочуваните, но и најкарактеристични кратери во Македонија, Лесновскиот кратер е прогласен за споменик на природата. Покрај уникатниот релјеф, овој простор има мошне пријатна клима на преод од умерено-континентална кон планинска. Се одликува со свежи лета и пријатни зими, во комбинација со чист планински воздух и голем број (2400) сончеви часови во текот на годината. Во централниот дел на живопосниот кратер се наоѓа селото Лесново кое е единствената населба во Република Македонија што лежи во јасно изразен и сочуван фосилен вулкански кратер. Поради прекрасната, уникатна природа и културно-историските и духовните вредности, интересот за посета на Лесново е сè поголем, како од домашните, така и од странските туристи. Инаку, кратерот и селото сообраќајно се релативно добро поврзани со тесен асфалтен пат до градот Пробиштип (13 km) на запад и до селото Злетово (8 km) на југ.



Слика 4. Западниот раб на Лесновскиот кратер, пресечен со Лесновски Поток (оригинал).

**Туристички атрактивности:** добро сочуван вулкански кратер, вулкански карпи, живописна природа, богат растителен и животински свет, повеќе пештери, одлични видикови точки.

**Потенцијални видови туризам:** трекинг, геотуризам, маунтбајкинг, селски туризам, верски (религиски) туризам.

**Забелешка:** Поради уникатноста на природата, не треба на никаков начин да се менува амбиентот во кратерот или неговиот изглед. Сè што ќе се гради треба да се вклопи во природата, да биде во локален (селски: селско-манастирски) стил и „незабележливо“. Треба да се тежнее кон понуда на еко-рурален туризам. Туристичката активност не треба да ги наруши манастирскиот мир и начин на живот.

**(2) Палеонтолошки локалитет Стамер** – Делчево стана значаен по тоа што во 2007 год. во атарот на селото Стамер, во непосредна близина на Делчево е пронајдена масовна гробница на праисториски животни, која, според научниците, датира од пред 10 милиони години. На локалитетот се пронајдени заб од носорог, череп од жирафа, и рог од фосилен елен.

**Туристички атрактивности:** палеонтолошки локалитет.

**Потенцијални типови туризам:** геотуризам.

**Забелешка:** Палеонтолошките истражувања на овој локалитет се во тек и во ноември 2014 год. се пронајдени фосилни остатоци од носорог стар од 3 до 5 милиони години. Со оглед на тоа дека нема информации до кога ќе траат истражувањата, а воедно локалитетот не е презентиран, истиот во блиска иднина не може да се стави во функција на туризмот. Се препорачува поставување сигналитика со помош на која локалитетот би се обележал и би се назначила неговата важност.

### 4.1.2. Релјефни атрактивности

Источниот плански регион во однос на својата површина има многу разновидни и интересни релјефни карактеристики: од високите Осоговски Планини (Руен, 2252 m), преку длабоките долини и котлини, до ниските и зарамнети полиња. Највисоката точка во регионот е врвот Мал Руен (2205 m), додека најниската (162 m) е во коритото на Брегалница под ридот Иланџа, западно од Штип. Тоа значи дека висинската разлика за целиот регион е дури 2043 m, додека просечната височина изнесува 805 m, речиси колку и просечната височина на Република Македонија (830 m). Инаку, ИПР ги опфаќа горниот и средниот дел од долините на Брегалница (со нејзините притоки), Турија (притока на Струмица), Дворишка Река и Лебница (притока на Струма во Бугарија). Долината, односно поречието на Брегалница се апсолутно доминантни во областа во поглед на површината што ја зафаќаат. Поради одредени релјефно-пејсажни особености, целата област со Истибањска Клисура е поделена на Горна Брегалница (спротиводно од клисурата) и Долна Брегалница (низводно од неа). За разлика од Долна Брегалница, Горна Брегалница е повисока, со поизразен планински релјеф, постудена клима, ридско-планинска вегетација и јасни социо-демографски специфичности. Наведените разлики свое влијание имаат врз туристичките фактори, понуда и активности.

Низводно по долината на Брегалница, на просторот на ИПР се редат 5 средни по големина котлини, и тоа: Беровска (Малешевска), Делчевска (Пијанечка), Кочанска, Овчеполска и Лакавичка. Како посебна релјефна целина може да се издвои Злетовскиот басен. Котлините се затворени од повеќе страни со планини, а на нивните дна има зарамнини (Беровска, Делчевска, Лакавичка) или поголеми полиња (Кочанска, Овчеполска Котлина). Таквата релјефна затвореност на котлините, посебно на Беровско-Делчевската од Кочанската, условила значителни природни и социо-антропогени разлики, кои воедно претставуваат богатство за регионот. Најтипична и најконтрасна котлина на овој простор е Кочанската. Со Осоговските Планини на север, Голак со Обозна на исток и Плачковица на југ, таа е добро затворена и заштитена од студените континентални влијанија од исток и север. На запад, пак, е широко отворена кон долината на Вардар, од каде преку целата година доаѓаат топли влијанија.

Поради околните планини ветровитоста е слаба, а климата типична жупска. Тоа овозможило одгледување ориз, по што е позната котлината, а порано и памук, афион и др.

Главна релјефна одлика на ИПР е застапеноста на планински релјеф. Планинскиот релјеф зафаќа површина од 1991 $km^2$ или 56,3% од вкупната. Интересно е што на подрачјето на ИПР се протегаат дури 10 планини или делови од нив. Од тоа, 2 планини: Голак со Обозна и Бејаз Тепе, целосно лежат во регионот, а 8 планини припаѓаат делумно, и тоа: Осоговски Планини, Влаина, Малешевски Планини, Плачковица, Огражден, Готен, Манговица и Серта. Планините се разликуваат по градбата, начинот на постанок, типот, климата и другите природни елементи на нив, присуството и влијанието на човекот и други елементи. Според тоа, сите имаат некоја своја уникатност, интересност и привлечност. Така, Осогово е највисока (со над 2000 m) и најпространа планина со многу изразен биодиверзитет. На Плачковица, пак, има комплекси од мермерни карпи во кои се формирале пештери и пропасти, а воедно оваа планина е богата со густи букови шуми. Малешевски Планини имаат интересно лачно протегање, карактеристична клима и се богати со извори. Огражден, освен по густи шуми и многу потоци е интересен и по денудациониот релјеф, останци со чудни форми. Манговица и Серта се протегаат речиси во ист правец, ниски се, но лесни за прошетка и планинарење, а имаат и богат животински свет.




Слика 5. Хипсометрија на релјефот во ИПР.

Табела 1. Површина на висинските зони во ИПР.

| Висинска зона | Површина во km² | Површина во % |
|---|---:|---:|
| 2000 – 2200m | 1,13 | 0,0 |
| 1500 – 2000 m | 106,33 | 3,0 |
| 1000 – 1500 m | 939,89 | 26,6 |
| 500 – 1000 m | 1654,97 | 46,8 |
| 165 – 500 m | 834,99 | 23,6 |
| Вкупно | 3537,30 | 100,0 |




Слика 6. Наклони на релјефот во ИПР.

Табела 2. Површини според наклон (во степени) во ИПР.

| Наклон во степ. | Површина во km² | Површина во % |
|---|---:|---:|
| >50 | 1.9 | 0.0 |
| 40 – 50 | 12.6 | 0.4 |
| 30 – 40 | 181.9 | 5.1 |
| 20 – 30 | 701.1 | 19.8 |
| 10 – 20 | 1334.6 | 37.7 |
| 5 – 10 | 689.5 | 19.5 |
| 0 – 5 | 615.6 | 17.4 |
| Вкупно | 3537.3 | 100.0 |

Табела 3. Експозиции на површините во ИПР.

| Експозиција | Површина во km² | Површина во % |
|---|---|---|
| **Северна** | 757.8 | 21.4 |
| **Источна** | 867.2 | 24.5 |
| **Јужна** | 886.6 | 25.1 |
| **Западна** | 1025.7 | 29.0 |
| **Вкупно** | 3537.3 | 100.0 |

Структурата на експозициите во ИПР покажува дека преовладуваат терени со јужна или присојна (јужна, западна, југоисточна) поставеност, што влијае благопријатно за разновидни туристички активности.

**Планини, врвови и планински локалитети**

**(3) Осоговски Планини** се најголемиот и највисокиот планински масив во Источниот плански регион и во целиот источен дел на Република Македонија. На регионот му припаѓа јужната страна на планината со површина од 594 $km^2$, што претставува 54% од нејзината вкупна површина во Република Македонија (1102,2 $km^2$). Се одликува со долги, заоблени била и врвови меѓу длабоко всечени речни долини. Пет врва се повисоки од 2000 m, како Руен (2252 m), Мал Руен (2205 m), Царев Врв (2085 m) и др. На највисоките делови од планината (над 1800 m) има интересни релјефни појави како резултат на ниските температури и покриеноста со снег во зимската половина од годината. Во западниот, пробиштипско-злетовски дел од планината, врвовите се пониски, но поостри бидејќи настанале со некогашен вулканизам на овие простори. Помеѓу билата се длабоко всечените тесни долини на Злетовска, Кочанска, Оризарска, Каменичка Река и нивните притоки. Долините се одликуваат со стрмни, некаде речиси вертикални страни и тесно долинско дно, односно претставуваат типични клисури. Посебно интересна е клисурата на Злетовска Река низводно од вливот на Емиричка Река до с. Злетово. Доста се интереснии тесните долини на Кочанска и Оризарска Река, каде се среќаваат неколку водопади. Долината, пак, на Каменичка Река, главно е всечена во шкрилци и слабо врзани езерски седименти, па затоа е застапена многу силна ерозија.

Климата на Осоговските Планини просторно доста се разликува: од топла умерено-континентална во југозападното подножје, преку континентална на источните падини до планинска во повисоките делови. Просечните годишни температури се движат од 12°C на југозапад, до 10°C на источните повисоки падини, потоа околу 8 – 9°C во средно-планинскиот појас (1000 – 1500 m) до 5 – 6°C во највисоките делови. Врнежите, пак, со височина се искачуваат, и тоа од 500 mm во подножјето до 750 – 800 mm над 1800 m, каде во зимската половина најчесто се во вид на снег. На просторот на ИПР единствено овде (над 1800 m) постојат солидни природни услови за развој на зимско-спортски (скијалишен) туризам.

Осоговските Планини се познати по големиот број извори – ги има неколку стотици. Некои се минерални, а кон подножјето има и неколку термални извори. Под Царев Врв и Руен е извориштето на 4 големи притоки на Брегалница: Злетовска, Кочанска, Оризарска и Каменичка Река. Биодиверзитетот е извонредно голем, како во однос на растителниот така и за животинскиот свет. Без оглед на интензивното уништување на шумите во минатото, денес дел од нив природно се обновиле, така што шумските комплекси на некои места се густи и претставени со дабови и букови шуми. Поради расчленетоста на планината со бројни и длабоки речни долини, на Осоговијата има повеќе села од разбиен тип, со маала оддалечени по неколку км. Поради тоа, патното поврзување на некои маала се случи дури неодамна, кога најголем дел од населението веќе ги напуштило селските имоти.

**Туристички атрактивности:** одлични панорамски видиковци, живописни планински клисури на Злетовска, Кочанска, Оризарска и Каменичка Река со повеќе водопади, вулкански купи и кратери околу Злетово (особено Лесновскиот кратер), бројни извори, густи шумски комплекси, планинска клима, чист и свеж воздух, традиционални селски населби и др.

**Потенцијални видови туризам:** рурален туризам, трекинг туризам, зимско-спортски туризам во највисоките планински делови и на Пониква, ловен туризам, посебно во ловиштето кај Пониква, геотуризам кај вулканскиот терен и кај Раткова скала, параглајдинг, маунтбајкинг, излетнички туризам, конференциски туризам и др.

**Забелешка:** Заради зачувување на природата не треба да се претерува со изградба на асфалтни патишта. Особено треба внимателно да се планира и гради предвидениот пат Тораница – Саса, кој ќе минува низ централниот и најубав дел на планината.

**(4) Царев Врв (2085 m) и Руен (2252 m)**се највисоките врвови на Осоговските Планини и во ИПР. Тие се заоблени, пространи и доминантни.Овде има бројни интересни релјефни појави како резултат на ниските температури и покриеноста со снег во зимската половина од годината. Тоа се снежнички циркови, морења од распаднати карпи, камени блокови што се лизгаат, мразни јазици и др (Милевски, 2008). Бидејќи се наоѓаат во најатрактивниот, централен и висок дел на Осоговските Планини, истите се меѓу најзначајните туристички потенцијали на планината. За нив постои голем интерес за посета во текот на целата година, а со оглед на пространоста имаат голем прифатен капацитет. Воедно имаат добра туристичка положба бидејќи се помеѓу 2 значајни магистрални патишта и во близина до асфалтни патишта (с. Саса, с. Цера).

**Туристички атрактивности:** одличен панорамски видик, високопланински релјеф, планинска клима, чист и свеж воздух, студени извори.

**Потенцијални видови туризам:** зимско-спортски туризам, планинарење, набљудување на природата, престој на голема височина.

**Забелешка:**На Царев Врв и околу него има одлични потенцијални терени за скијање и други зимски спортови. Овде снегот се задржува околу 4 месеци, посебно на северните, северо-источните (кон Крива Паланка) и источните падини. Единствено на овој простор од ИПР има одлични природни услови за зимско-спортски туристички центар од интеррегионално значење. Затоа е неопходна заедничка активност со СИПР, односно општина Крива Паланка.

**(5) Пониква** е врв во југозападниот дел на Осоговските Планини, висок 1614 m. Врвот и овој дел од планинското било се доста заоблени и со убав панорамски видик. На 2 km северозападно е највисокиот врв во областа, Панаѓур, со 1669 m, додека на југозапад е живописниот локалитет Раткова Скала. Североисточно, пак, од Пониква продолжува Лопенско било по кое води планински пат до Царев Врв (2085 m). Пониква со околниот простор имаат јужна (присојна) поставеност и одлична осончаност во текот на годината. Во зимскиот период има појава на инверзија, односно осончаност и повисоки температури кога во Кочанската Котлина е замаглено и студено. Просечните јулски температури на Пониква се околу 20 – 25°C или речиси 10°C пониски од оние во Кочани. Овде има многу извори, потоци, а надолу се густи шумски комплекси. Поради сите овие атрактивности и одамна изградениот асфалтен пат од Кочани, Пониква уште во средината на минатиот век израснува во зимско-туристички центар. Како посебна туристичка атракција, за љубителите на ловот, во непосредна близина на спортско-рекреативниот центар Пониква се наоѓа и резерват за дивеч. Комерцијалното ловиште-резерват им нуди на посетителите можност за лов на елени, срни, елени-лопатари, муфлони, диви свињи, како и сместување.

**Туристички атрактивности:** одличен панорамски видик, чист воздух, сонце, пријатна клима, бројни извори и потоци, густи шуми во околината, чиста природа.

**Потенцијални типови туризам:** зимско-спортски, трекинг, параглајдинг, маунтбајкинг, планинарење, конференциски, ловен, здравствен, велнес-спа.

**Забелешка:** Пониква нема можности да се развие во голем зимско-спортски/скијалишен туристички центар бидејќи едноставно природните карактеристики не го дозволуваат тоа. Имено, највисокиот врв во овој простор, Панаѓур, е на само 1669 m, што е релативно мала височина. Над 1500 m лежи незначителна површина од 6 $km^2$, што значи нема доволно денивелација за подолги скијачки патеки. Овој туристички центар е првично проектиран и поставен во средината на минатиот век, кога климата била нешто поладна, а снежните врнежи пообилни од денес. Вештачкото одржување на снегот надвор од природната сезона, која овде трае околу 3 месеци, е скапо, нерационално и неефективно. Затоа на Пониква треба да се обрне внимание и на други туристички активности, за да стане „all year“ ресорт. Многу подобри погодности за зимско-спортски центар има подрачјето околу Царев Врв, каде дури 15,5 $km^2$ лежат над 1800 m надморска височина, а 5,2 $km^2$ над 1900 m (300 – 400 m повисоко од Пониква). На Царев Врв снегот се задржува околу 1 – 1,5 месеци подолго од Пониква, особено на североисточната страна.

**(6) Раткова Скала** е локалитет што се наоѓа во југозападниот дел на Осоговските Планини, на десетина километри североисточно од с. Злетово. До неа се доаѓа преку асфалтниот пат од с. Злетово до селото Турско Рударе (3 km), потоа по добар макадамски пат до с. Шталковица и кон с. Ратковица. Раткова Скала оддалеку е препознатлива по стрмните карпи со темно до светло сива боја. Овде, поради забавеното, речиси вертикално всекување на Шталковичка Река низ кварцитите, нејзината долина, во должина од околу 1.5 km, има изглед на кањон, со стрмни, речиси вертикални карпи длабоки и до 400 m. Нивното формирање и обликување траело речиси милион години, а самите карпи се стари стотици милиони години. Всушност, целата природа е доста интересна, со повеќе водопади на Шталковичка Река и нејзините притоки. Исто така, има многу густа и разновидна вегетација по долинските страни, со повеќе ендемични видови. На некои места густите шуми се речиси непроодни, а во летниот период можат да се сретнат и разновидни животни: од гуштери, желки, змии до разни видови птици (соколи, орли, египетски мршојадец), лисици и волци. Освен природата, многу интересни за посета се селата во овој простор. Тие го задржале автентичниот архаичен изглед стар со векови. Поради сето наведено, подрачјето на Раткова Скала (заедно со локалитетите Пониква и Синковица околу неа) нуди одлични можности за престој на помали групи планинари, алпинисти и вљубеници во недопрената природа. Рекреативно-планинарските патеки, погодностите за поставување алпинистички правци по карпите, потоа можностите за планински велосипедизам, па и за параглајдинг, можат да го направат овој простор доста атрактивен. Меѓутоа, при сето тоа мора да се води сметка да се зачува уникатната природа.



Слика 7. Локалитет РатковаСкала (оригинал).

**Туристички атрактивности:** големи карпести отсеци, живописна природа, богат растителен и животински свет, добри панорамски точки.

**Потенцијални видови туризам:** трекинг, геотуризам, алпинизам, селски туризам, набљудување на природата.

**Забелешка:** изградбата на планираниот пат од Пробиштип до Пониква преку Раткова Скала може значително да го наруши природниот пејсаж во овој локалитет кој е познат по својот биодиверзитет.

**(7) Плачковица** е втора по површина (420 km$^2$) и четврта по височина (1754 m) планина во ИПР. Се протега помеѓу Струмичко – Радовишката Котлина и долината на реката Плаваја (притока на Струмица) на југ, Кочанската Котлина на север и долината на Осојница на исток. На запад, таа е доста расчленета и еродирана, постепено спуштајќи се кон Овче Поле, долината на Брегалница и нејзините леви притоки. Особено стрмна и јасно изразена е северната страна кон Кочанско Поле. Главното било е со правец северозапад-југоисток во должина од околу 40 km. Со длабоко всечената долина на Зрновска Река, Плачковица речиси симетрично е поделена на два дела: источен и западен. Западниот дел е понизок со највисок врв Туртел (1689 m). Поради застапеност на мермери во геолошката градба, околу Туртел се создале повеќе пештери од кои до сега се истражени 5. Речиси од целото Туртелско било кон запад се протега одличен панорамски видик на голема далечина, додека, пак, неговата источна страна кон долината на Зрновска Река е многу густо пошумена. Источниот дел на Плачковица е повисок и на него се врвовите Лисец (1754 m), Чупино (1725 m), Бел Камен (1707 m), Кара Тепе (1625 m) и други. Врвот Лисец е највисок на планината. Од него се протега извонреден панорамски видик кон околните подрачја, а за многу ведро време и чиста атмосфера, од него може да се види Рила на запад, дел од Солунскиот Залив на југ, па дури и планината Олимп оддалечена преку 200 km. Всушност иако не е многу висок, Лисец е меѓу врвовите во Македонија со најголем доглед или најдалечна хоризонтна видикова линија. До самиот врв може да се дојде со неколку часовно пешачење по билото тргнувајќи од селото Зрновци или од селото Градец, при што растојанието е околу 10 km. Исто така, до врвот води лош земјен пат, па може да се дојде и со теренско возило иако не е препорачливо заради загрозување на природата. Така, на повеќе места е пресечена со длабоки клисури кои некаде имаат изглед на кањон како што се: клисурата на Зрновка, клисурата на Градечка река, клисурата на реката Осојница, клисурата на Аргуличка река и други водотеци. Посебно е интересен делот на Радањска река со малиот

кањон Камник.Освен долината на Зрновска Река, доста интересни за разгледување, прошетка, планинарење или уживање во природата се долините на Градечка и Блатечка река на исток, како и повеќето долини по западното подножје како таа на Аргуличка или Радањска река. Во некои од овие долини има помали, но фасцинантни кањонски делови. Долината, пак, на Радањска река е исполнета со десетици плавини и плавински појаси, кои оставаат посебен впечаток. Покрај чистата и речиси недопрена природа во средишниот дел на планината Плачковица, голема атрактивност овде претставуваат традиционалните села со доста сочуван стил и начин на живот. Особено карактеристични се селата Зрновци со убаво уреденото корито на Зрновска Река и неколкуте кафеани и продавнички покрај брегот, потоа селата Градец, Блатец, Аргулица и Радање. Во некои села сè уште може да се сретнат луѓе во традиционална носија. Покрај навистина импресивните убавини, на планината или околу неа сè уште нема соодветни сместувачки капацитети, а загрижува и големата деградација со трасирање и поставување макадамски патишта кон врвот Туртел или Лисец и можеби неконтролирана изградба на викендички.

**Туристички атрактивности:** густи, букови, шумски комплекси, длабоко всечени клисури со кањонски делови (Зрновка, Козјачка река, Камник, Градечка река), бројни водопади на реките, пештери околу врвот Туртел, истакнати врвови со одличен панорамски видик.

**Потенцијални видови туризам:** трекинг туризам, побројните планински патеки, рурален туризам во селата долж подножјето, параглајдинг од врвот Туртел и повеќе зарамнини над село Зрновци, Липец и Блатец, престој во планина и др.

**Забелешка:** Врвот Туртел и постоечките сместувачки капацитети кај него (кои треба само да се реновираат и осовременат) нудат одлични можности за развој на повеќе видови туризам.

**(8) Планината Влаина** припаѓа во групата средно високи (1500 - 2000 m) планини.Се протега долж самата граница со Бугарија. Највисок врв е Кадиица во јужниот дел на планината, со височина од 1932 m. Според височината, Влаина е втора планина во ИПР, веднаш по Осоговските Планини (2252 m). Сепак, релативната височина од пониските терени (кои се на 800 - 1000 m) до највисоките планински делови е мала и изнесува околу 1000 метри. Покрај Кадиица, други поистакнати врвови се: Кадин Бунар (1793 m) на југ, Буковик (1723 m) на запад, Занога (1577 m) на север и други. Врвовите, како и самото планинско било (долго 15 km) се заоблени, слабо изразени и оголени. Сепак, од нив се протега широк видик кон Делчевската и Беровската Котлина на запад, кон Осоговските Планини на север, а особено спектакуларен е погледот кон планините Рила и Пирин, како и Благоевградската Котлина на исток во Република Бугарија. Површината на планината Влаина во нашата држава изнесува 150,4 $km^2$ од кои 74% или 111,2 $km^2$ припаѓаат на општината Пехчево, а другото на општина Делчево. Планинските падини се стрмни, особено на западната страна, над 1200 m височина, а просечниот наклон изнесува 16,4 степени. Геолошкиот состав на Влаина е претставен со прекамбриумски гнајсеви во крајниот јужен дел, шкрилци пробиени со кварцлатити во средишниот дел и метадијабази, габрови и гранити во северниот дел. Во подножјето на планината се застапени неотпорни плиоцени барско-езерски седименти и делувијални наноси еродирани од падините. На овие наноси се наоѓаат населбите Пехчево, Негрево, Црник и Панчарево. Поради слабата отпорност и влијанието на човекот, наведените кластични седименти се зафатени со силни ерозивни процеси. Инаку, планината Влаина е испресечена со повеќе речни долини, и тоа на Пехчевска река, Желевица и нејзините десни притоки Црничка (Виничка) река, Панчаревска река и др. Поради големиот надолжен пад (заради што може да се искористат за мали електроцентрали), овие реки во планинскиот дел оформиле брзаци, мали водопади и други интересни појави. Влаина е средно пошумена планина, а значителен дел е покриен со тревна вегетација, односно пасишта. Поизразити шумски комплекси од бука има над 1000 m височина, особено на северните, северозападните и западните падини. Така, поголем шумски комплекс се јавува во

изворишните долински делови на Пехчевска река, Желевица, Виничка река, Панчаревска река и други.

**Туристички атрактивности:** долина на Брегалница со повеќе водопади, локалитет Равна река, мелови околу село Црник, фосилни остатоци кај село Град, месноста Вртена скала, врвот Кадиица, месноста Јудови ливади со инсектојадно растение.

**Потенцијални видови туризам:** рурален туризам, трекинг туризам, планинарење, гео туризам, излетнички и др.

**Забелешка:** Голем недостиг за туризмот на планината Влаина е непостоењето на асфалтен пат до Буковик бидејќи постоечките земјени патишта се во многу лоша состојба и опасни. Исто така, проблем е недостигот на туристичка инфраструктура, сместувачки капацитет во Пехчево и формирана туристичка понуда.



Слика 8. Врвот Кадиица (1932 m) на Влаина и изворишниот дел на Пехчевска Река(оригинал).

**(9) Вртена Скала** е карпест остенок со карактеристичен изглед, висок околу 5 m. Се наоѓа 4 km источно од Пехчево, на десната долинска страна на Пехчевска река и на јужните падини на Буковик. Низ средишниот дел на карпата има отвор широк околу 0,6 m и долг околу 2,5 m. Кај месното население постои верување дека протнувањето низ карпата им помага на мајките кои немаат деца да добијат пород, а на малите деца им помага од несоница и немир. Протнувањето се изведува со посебен ритуал. Обично се избира еден човек кој ја води жената кај вртената скала, во присуство на нејзиниот маж и други блиски роднини. Тој човек ѝ помага на жената да се протне низ отворот на скалата од едниот до другиот крај. По тоа до скалата (карпата) се остават дарови и пари. Тука, на лице место, жената го дарува човекот што ѝ помага. На тој начин тој човек станува побратим на жената и секоја година на тој ден жената со фамилијата оди на гости кај побратимот со дарови и јадења. Заради интересот за посета, пристапот до карпата е уреден и обезбеден.

**Туристички атрактивности:**карпа со специфичен изглед, култови и преданија.

**Потенцијални видови туризам:** трекинг, гео туризам, излетнички туризам и др.

**Забелешка:** Овој локалитет има локален потенцијал, освен ако не се комбинира со посета на Јудови Ливади, Буковик и врвот Кадиица (1932 m).

**(10) Илин Камен** е локалитет кај с. Ѕвегор, на левата (северна) страна од патот кон Бугарија, на околу 200 m оддалеченост од патот. Тоа е карпест блок висок околу 2 m, со мал отвор во средишниот дел настанат со селективна ерозија. Според легендите, во времето на Османлиите во близина живеела некоја убава девојка Илина, која посакала да се скамени само да не ја грабнат Турците. Така настанал Илин Камен. Поради верувањата во моќта на каменот, овде доаѓаат многу неротки кои се протнуваат низ отворот во карпата.

**Туристички атрактивности:** карпа со специфичен изглед, култови и преданија.

**Потенцијални видови туризам:** кратка посета, излет, транзит и др.

**Забелешка:** Поради одличната положба на меѓународниот пат кон Бугарија, Илин Камен може да биде одличен локалитет, но само доколку има добар паркинг и угостителски објект до патот.

**(11) Малешевски Планини** (Малешевска Планина) се наоѓаат во крајниот источен дел на ИПР и на Република Македонија, а дел продолжува на територијата на Република Бугарија. Планината има напоредничко протегање со лачна извиеност кон југ, а билото има должина околу 30 km. Нејзината површина (до границата со Бугарија) изнесува 362,8 $km^2$. На севроисточната страна планината постепено се спојува со Влаина и нема јасно изразен превој помеѓу нив, освен седлото Ајдучки Премин (1612 m). Во геолошки поглед, македонскиот дел од планината главно е изграден од многу стари карпи: гнајсеви и микашисти, а во пониските делови од хлоритски шкрилци и плиоценски седименти. Малешевски Планини се средно високи со околу 1300 – 1600 m височина, освен пограничниот дел кој се издига до 1803 m кај највисокиот врв Џами Тепе. Покрај него, истакнат врв е и Ченгино Кале (1748 m), кој е значаен и по тоа што е најисточна точка во Република Македонија. Билата и врвовите на планината се заоблени, слабо истакнати и покриени со тревна вегетација или проретчени шуми. Околу врвот Ченгино Кале има неколку мали локви и тресетишта, а од највисоката точка се протега одличен панорамски видик, особено кон планината Пирин во Бугарија. Малешевски Планини се многу расчленети со притоките на Брегалница од северната страна и притоките на Турија и Дворишка Река од јужната страна. Во повисокиот дел на планината е изворишното на најголемата река во областа, Брегалница, која воедно е меѓу најдолгите реки во Македонија. Поради оддалеченоста од поголеми градски центри и извори на загадување, како и пошуменоста, Малешески Планини се одликуваат со чист и свеж воздух и претставуваат вистинска воздушна бања. Климата овде е континентално-планинска со свежи лета (максимални температури до 35°C) и студени зими (минимални температури до -31°C), што исто така влијае за почист воздух. Планината е препознатлива по мешаните четинарско-букови шуми во источниот дел, бујните планински пасишта, водопадите на Брегалница и нејзините притоки во овој дел, прекрасната клима, интересниот тип селски населби и др. Инаку, достапноста е релативно слаба бидејќи до планината, поточно преку неа минува регионалниот пат Берово – Струмица, а до источниот дел води локалниот асфалтен пат Берово – Беровско Езеро – Клепало.

**Туристички атрактивности:** густите мешани шуми околу Беровско Езеро, изворишниот дел и водопадите на реката Брегалница, планинските пасишта, бројните извори, малите планински езерца (локви) околу Ченгино Кале, чистиот воздух и пријатната клима, долината на Ратевска река, разновидниот биодиверзитет.

**Потенцијални видови туризам:** рурален туризам, здравствено-рекреативен туризам, трекинг,ловен туризам, маунтбајкинг, хотелски-спа туризам и др.

**Забелешка:** Освен делот од Малешевски Планини покрај Беровското Езеро, останатиот дел не е доволно искористен и презентиран, иако има одлични услови за развој на рурален туризам.

**(12) Огражден** е планина што се протега во крајниот југоисточен дел на ИПР и тоа помеѓу реката Турија на запад, Безгаштевска и Дворишка река на север и границата со Република Бугарија на исток. Безгаштевска и Дворишка река јасно го одвојуваат Огражден на југ од Малешевските Планини на север. Инаку, двете планини имаат речиси ист правец на протегање запад-исток, со тоа што должината на Огражден до државната граница е помала и изнесува 24 km (продолжува на територијата на Бугарија). На ИПР, односно на општина Берово, припаѓа северната страна на планината до главното било, со површина од 105,7 $km^2$. Западниот планински огранок на Огражден, помеѓу реките Турија и Суви Лаки е познат како Обесеник со највисок врв Два Камена (1285 m). Локалното население Обесеник го смета за одделна планина, иако е јасно поврзан како целина со другиот дел на Огражден. Инаку, Огражден е средно висока планина со највисок врв Огражден (Оградженец), 1746 m, кој е шумовит, па затоа нема добар панорамски видик. Другите врвови се значително пониски, заоблени и слабо истакнати. Огражден е изграден од гранитоидни карпи и гнајсеви, кои на погодни, отворени присојни места се распаднати и со формирани најразлични остенци. За разлика од јужната страна кон Струмичко, на северната страна климата е континентална, постудена и повлажна, а воздухот е свеж и чист. Огражден е богат со многу планински извори, кои се слаби, меѓутоа постојани. Оваа страна е под густи букови и мешани шуми со разновиден биодиверзитет. На делот од Огражден во ИПР нема ниту една населба, со исклучок на туристичката населба Суви Лаки и неколку маала од с. Двориште. Преку планината води транзитниот-регионален пат Берово – Струмица, на кој често се јавуваат одрони и свлечишта, посебно во зимскиот период. Покрај него, асфалтен пат е уште оној кој води до с.Двориште, покрај северното подножје на Огражден. Освен асфалтните патишта, низ планината има повеќе земјени, шумски и планински патишта и патеки. Сето наведено покажува дека Огражден располага со природни атрактивности, но нема погодна положба ниту сообраќајна поврзаност за да има севкупно голем туристички потенцијал. Во тој поглед донекаде отстапува туристичката населба Суви Лаки, која има одредени можности за просперитетен туристички развој.

**Туристички атрактивности:** долината на Дворишка Река, извориштето на Турија (Суви Лаки), бројни извори, потоци и рекички, свеж и чист воздух, густи шумски комплекси, разновиден животински свет и др.

**Потенцијални видови туризам:** трекинг, рурален туризам, излетнички туризам, викенд туризам, ловен туризам, здравствен туризам.

**(13) Суви Лаки** е туристички локалитет на планината Огражден, на патот од Берово за Струмица. Локалитетот се протега покрај самиот пат во должина од 4 km и на надморска височина од околу 1000 m. Во овој дел на планината е извориштето на две реки, и тоа Безгаштевска, од која се формира реката Турија на запад, и Преведенска, од која се формира Дворишка река на североисток. Природата овде, далеку од градските центри, е чиста и преубава. Покрај интересното издолжено зарамнување, климата е посебно благодетна, со мешавина на топли елементи од југ и по долината на Дворишка река, како и студени влијанија од север. Овде има дури околу 2200 сончеви часови просечно годишно, а воздухот е богат со кислород. Има многу послаби и неколку посилни извори, а на бројните потоци во околината има повеќе мали водопади. Шумата е густа, главно борова и букова, со прекрасни терени за пешачење и рекреација. Околните шумски предели изобилуваат со лековити билки и шумски плодови. Поради сите наведени погодности, локалитетот Суви Лаки израснал во голема туристичка населба која уште во 1978 година е урбанизирана. Населбата има околу 450 викенд куќи, 2 детски одморалишта, а со урбанистичкиот план е предвидена можност за градба на уште стотина викенд и комерцијални објекти.

**Туристички атрактивности:** густи шуми, бројни извори и потоци, пријатна клима, тивко, свежо и чисто.

**Потенцијални видови туризам:** излетнички, спортско–рекреативен, трекинг, маунтбајкинг, адреналински паркови и други екстремни спортови.

**Забелешка:** Локалитетот Суви Лаки треба да се збогати со спортско-рекреативни содржини, уредени трекинг патеки, адреналински парк, можност за јавање коњи, базен-спа и др. Бидејќи од најблиските градови Берово и Струмица е оддалечен речиси 30 km, неопходна е некаква здравствена станица или барем повремено за време на викендите и одморите.

**(14) Голак со Обозна** е малиот планински масив меѓу Делчевската Котлина на исток, Кочанската Котлина и долината на Осојница на запад, а на југ со превојот Обозна (933 m) е одвоена од Плачковица. На север Голак се спушта до долината на реката Брегалница, која прави еден голем лак околу оваа планина. Површината на планината изнесува 236 $km^2$, а должината на билото во правец север-југ е 21 km. Највисок врв на Голак е врвот Чавка (1538 m), а на Обозна врвот Јастребац (1273 m). Врвот Чавка е доста доминантен и од него се протега одличен видик кон целиот овој простор и кон територијата на Бугарија. Планината е изградена од гнајсеви, гранити, кристалести шкрилци, а во пониски делови има плиоценски седименти кои се подложни на интензивна ерозија. Од планинското било се спуштаат поголем број водотеци, од кои на север е Бигланска река, на запад Пекљанска река, а на исток Олшора. Западните и југоисточните падини се доста оголени, со развиена ерозија, а на неколку локалности се јавуваат специфични форми - земјени пирамиди. Голак во минатото бил доста оголен, па се претпоставува дека од тука е и името. Поради заштита од ерозија, во минатиот век значителни површини биле пошумени со четинарски видови, така што денес шумските комплекси се густи и пространи. Туристичката положба на масивот е одлична бидејќи во радиус од 20 km се неколку града, и тоа: Делчево, Македонска Каменица, Виница и Берово. Тоа било причина уште од средината на минатиот век да биде поинтензивно користен за туристичка намена со изграден асфалтен пат од Делчево до врвот, детско одморалиште, неколку други објекти на самиот врв и сл. Добри транзитни асфалтни патишта има од сите страни на планината, така што во сообраќаен поглед, поврзаноста е сосема задоволителна.

**Туристички атрактивности:** врвот Чавка со одличен панорамски видик, долините на реките што се спуштаат од планината, густите шумски комплекси, клисурите околу планината и др.

**Потенцијални видови туризам:** излетнички, спортско–рекреативен, трекинг, маунтбајкинг, геотуризам, зип-лајн, адреналински паркови и други екстремни спортови, параглајдинг, едриличарство и сл.

**Забелешка:** Иако има размислувања за подигање на зимски спортски центар со скијачки патеки околу врвот Чавка, сепак, поради малата височина (1500 m), неповолните експозиции (главно јужни и западни) и несоодветната денивелација на теренот, многу посоодветно би било да се вложат средства во други спортско-рекреативни туристички активности (трекинг, отворени спортски терени, адреналински паркови, маунтбајкинг, параглајдинг).

**(15) Бејаз Тепе** е мала (68,6 $km^2$) планина во источниот дел на ИПР, помеѓу долините на Брагалница и нејзината десна притока Желевица. Според височината на истоимениот највисок врв (1348 m) припаѓа во групата ниски планини (под 1500 m). Претставува типичен хорст кој од околните котлини (Бровска и Делчевска) и долини е одвоен со раседи. Геолошкиот состав го сочинуваат метадијабази и метагаброви, гранитоидни карпи и доста еродирани плиоцени и квартерни седименти. Покриена е со шумска и тревна вегетација, а на некои места има појаси на пошумени подрачја. Наведеното условило развој на силни ерозивни процеси по јужните и источните делови на планината.

**Туристички атрактивности:** Кукуље – земјени столбови кон селото Нов Истервник, Кукуље – кон селото Разловци, Разловечка Клисура, локалитетот Свети Води, врвот Бејаз Тепе, и др.

**Потенцијални видови туризам:** трекинг, гео-туризам, маунтбајк туризам.

**Забелешка:** Доколку се реализира патниот правец Тработивиште – Разловци – Митрашинци, оваа мала планина ќе добие многу поповолна туристичка положба.

**(16) Кукуље** е уникатна релјефна појава што се наоѓа во подножјето на планината Бејаз Тепе, помеѓу Делчево и Пехчево. До локалитетот се доаѓа преку регионалниот пат Делчево – Берово, при што кај с. Нов Истевник се скршнува на запад и по тесен асфалтен пат се стигнува до самото село. Натаму по пешачка патека се искачува околу 1,5 km кон југ и се доаѓа до импозантен отсек (мел) длабок 60-тина метри, со карактеристични форми на камени кукли во него.



Слика 9. Локалитетот Кукуље кај с.Нов Истевник (оригинал).

Овде, на должина од околу 200 m и широчина од 30 – 50 m, во подножје на поголем природен мел, се изградени 50-тина земјени пирамиди со височина до 15 m. Најистурените и најстари пирамиди, што се наоѓаат поблиску до долинското дно на Истевнички Поток, веќе се сосема оформени. Над нив се помлади пирамиди, сè уште поврзани со седиментни гребени со кои заедно градат сложени форми што наликуваат на замоци и куполи. Така, процесот се поместува нагоре по падините, што значи создавањето на пирамидите е активно и денес. Инаку, изградувањето на земјените пирамиди во Кукуље е тесно поврзано со уништување на природната вегетација, како и длабокото всекување на Истевнички Поток во моќните седиментни слоеви. Кукуљето е многу интересна релјефна појава, втора по важност од овој вид во Република Македонија. Локалното население се гордее и им се восхитува на куклите, а во последно време им се восхитуваат бројни посетители од нашата држава па и пошироко. Во

2008 година локалитетот е уреден и заграден од безбедносни причини. Направени се неколку видиковци и патеки, па слободно може да се ужива во Кукуљето, да се фотографираат и набљудуваат куклите стари стотици години. Воедно, може да се одморите на поставените дрвени клупи.

**Туристички атрактивности:** уникатна појава на камени кукли (земјени пирамиди), голем природен отсек - мел со одличен поглед, густа шума, богат растителен и животински свет.

**Потенцијални видови туризам:** трекинг, геотуризам, селски туризам, набљудување на природата.

**Забелешка:** До Кукуље нема соодветни патокази, ниту добра патека, иако самото место е релативно солидно уредено. На целиот простор недостига солиден угостителски објект.

**(17) Манговица** е ниска, питома и расчленета планина што се протега помеѓу Кумановската Котлина на север, Овче Поле на запад, долината на Брегалница на југ и долината на Злетовска река со реката Белошница на исток. Во рамките на ИПР, оваа планина зафаќа површина од 38,8km$^2$ (без Црни Врв). Главното било има правец на протегање ССЗ-ЈЈИ во должина од околу 15 km. Тоа е со височина од 600 – 700 m, додека само на крајниот северозападен дел преминува 800 m. Највисок врв е Асаница (875 m), потоа Арнаутски Рид (864 m), Добра Глава (820 m) и др. Оваа планина е составена главно од вулкански карпи (наслаги од туфови, бречи, а на некои места андезити), кои очигледно се во врска со некогашните блиски вулкани. Планината има релативно едноставен и едноличен релјеф, освен на неколку места каде има појави на интересни ерозивни форми. Инаку, целата е расчленета со повремени водотеци и суводолици, некои речиси вертикално всечени во вид на мали кањончиња. Изворите се слаби, ретки и најчесто периодични. Ниските, проретчени и деградирани шуми се распространети само во долините, а другото е под пасишта и тревна вегетација. Сепак, биодиверзитетот е разновиден: од ретки, ендемични и лековити растенија, преку ситен до крупен дивеч и особено разни видови птици. Селата се од збиен тип, архаични, а пејсажот интересен. Низ планината има релативно добра мрежа на локални асфалтни патишта и еден локално-транзитен пат кој ги поврзува Пробиштип и Св. Николе.

**Туристички атрактивности:** пејсажно интересен, разновиден жив свет, архаични селски населби, мир и тишина.

**Потенцијални видови туризам:** трекинг, маунтбајкинг, лов, рурален туризам, џип-сафари, мото-крос.

**(18) Конечка Планина (Серта)** е ниска планина што се протега помеѓу Тиквешката Котлина од западната страна и долината на Крива Лакавица од источната страна. На север планината почнува преку ниски ограноци од долината на Брегалница, додека на југ завршува кај Демиркаписката Клисура. Во ИПР се протегаат северните делови на Серта со површина од 73,5 km$^2$. Главното планинско било, кое е во овој дел е долго 19km, има правец на протегање СЗ-ЈИ. Височината на планината постепено се зголемува од север кон југ, и тоа од 600 до 900 m. Билото е заоблено и претставува стара ерозивна зарамнина. Само наместа се издигаат возвишенија што ги претставуваат највисоките планински врвови: Волчјак (1159 m), Бел Камен (1151 m), и др. Во геолошки поглед, повисокиот дел од планината е изграден од палеозојски шкрилци и мермери, а во подножјето се неогени седименти. Повисокиот дел на планината е под дабова и букова шума, додека понискиот е оголен или покриен со сиромашна тревна вегетација.

**Туристички атракции:** ловишта на планината.

**Потенцијални типови туризам:** ловен туризам, едриличарство, трекинг, и др.

**(19) Кочанско Поле** е средишниот рамен дел на Кочанската Котлина со површина од 112 km². Се одликува со дебели напласти на песоци, глини и други седименти, специфична т.н. жупска клима и плодна почва. Поради природните погодности, полето е со густа населеност, а земјоделството е најразвиена стопанска гранка. Најзначајна земјоделска култура по која Кочанско Поле е далеку познато е оризот. Тој се одгледувал тука уште од 4 век п.н.е. во времето на Александар Македонски. Според една легенда, градот Кочани го добил името уште многу одамна по еден печалбар Кочо, кој враќајќи се од Кина го донел и оризот во својот роден крај. Тој успешно почнал да се одгледува, а местото го добило името во негова чест. Поради својата голема вредност за македонското стопанство, оризот е наречен и „кочанско бело злато“. Кочани од 1992 година организира и стопанско-културна манифестација „Денови на кочанскиот ориз“ со цел промовирање на оризот како симбол на градот. Кочанските оризови полиња му даваат посебен белег и култура на овој крај, а волшебниот несекојдневен пејзаж создава чувство на восхит и е голем предизвик за посета. Освен по оризот, Кочанското Поле е познато по богатство со термални води. Таа претставува најголем термален басен на води со високи температури на Балканот, кои досегаат и до 80°C.

**Туристички атрактивности:** уникатен пејсаж на рамно поле опколено со планини, оризови полиња.

**Потенцијални видови туризам:** транзитен, набљудување на природата, гастрономски.

**(20) Овче Поле** е брановидна зарамнина, чиј мал ЈИ дел припаѓа на ИПР. Се одликува со специфичен геолошки состав, топла, сува и ветровита клима, повеќе видови почви меѓу кои се и солените или халоморфни почви. Сообраќајно е доста значајно бидејќи тука се вкрстуваат повеќе важни патни правци. Од туристички аспект, овде има погодности за параглајдинг (од ридот Богословец), аеро-туризам и едриличарство, лов и др.

**Туристички атрактивности:** брановиден релјеф, ретка појава на солени почви.

**Потенцијални видови туризам:** транзитен, ловен, набљудување на природата, џип-сафари.

### Клисури

Поради разновидниот геолошки состав, честата смена на планини и котлини и големата ерозивна енергија на Брегалница и нејзините притоки, на подрачјето на ИПР реките формирале поголем број длабоки живописни клисури, некои со многу интересен изглед и со кањонски делови. Меѓу најинтересните клисури во областа се Истибањска Клисура (Истибањско – Очи – палска), Разловечка Клисура, клисура на Злетовска Река, Зрновска Клисура, клисура на Кочанска Река, клисура на Оризарска Река, клисура на Осојница, клисура на изворишниот дел на Брегалница и многу помали клисури на Плачковица и Осоговските Планини.

**(21) Очипалско – Истибањска Клисура** на реката Брегалница е всечена помеѓу Осоговските Планини од северната страна и ограноците на планината Голак од јужната страна. Целата клисура е долга 28 km по што е најдолга во ИПР и меѓу најголемите во Република Македонија. Тоа е оној карактеристичен дел каде реката Брегалница прави изразено лачно свртување од правец северозапад, кон југозапад, што, пак, веројатно е тектонски условено. Со мало ерозивно проширување кај Македонска Каменица, целата клисура е поделена на два дела: Очипалска Клисура помеѓу с. Очипале и вливот на Луковичка Река (18 km) и Истибањска Клисура помеѓу браната Калиманци и с. Истибања (10 km). Очипалската Клисура е длабока околу 100 – 120 m и всечена во гранитоидни карпи и шкрилци. Поголем дел од клисурата е исполнет со водите на Калиманско Езеро, што ѝ дава посебна убавина. Истибањската Клисура е пократка, меѓутоа подлабока (200 – 400 m) и на некои места речиси вертикална. Клисурата е интересна по бројните ерозивни форми изградени претежно во гнајсеви и во микашисти.

Поради јужната експозиција, карпите се изложени на силно распаѓање, а во релјефот заостануваат само поцврстите партии. На тој начин се создаваат остенци во вид на печурки, столбови, игла или, пак, форми што потсетуваат на животински и човечки фигури. И овој дел од клисурата е делумно заезерен со мала брана и акумулација на Брегалница над с. Истибања. Наведеното значи дека од вкупната должина од 28 km, речиси пола или 12 km се заезерени, што уште повеќе ја зголемува атрактивноста на просторот. Климата овде е специфична и на преод помеѓу потоплата во Кочанско и поладната во Каменичко. Тоа оставило печат врз вегетацијата и шумите, кои се значително деградирани во минатото. Низ клисурата минува добар асфалтен пат кој ги поврзува Кочани со Македонска Каменица и со Делчево, со што истата има одлична туристичка положба. Во клисурата се повеќе селски населби, меѓу кои особено атрактивни се Истибања, Калиманци, Дулица и Тодоровци.



Слика 10. Истибањска клисура на реката Брегалница со уникатни релјефни форми (оригинал).

**Туристички атрактивности:** впечатлива и голема клисура, денудациски релјеф, Калиманско Езеро, биодиверзитет, интересни населби.

**Потенцијални видови туризам:** транзитен, геотуризам, селски туризам, набљудување на природата, риболов, рибници.

**Забелешка:** Без оглед на големата атрактивност, Очипалско - Истибањска Клисура туристички не е искористена. На патот нема стандардно поставени и уредени паркинзи со угостителски или други комерцијални елементи, нема туристички табли или сигнализација, ниту мотел и ресторан (со исклучок на 2 рибни ресторани покрај Брегалница).

**(22) Разловечка Клисура** на реката Брегалница е всечена помеѓу планините Обозна на запад и Бејаз Тепе на исток, а воедно ги поврзува Беровската и Делчевската Котлина. Клисурата е долга 15 km, а длабочината просечно изнесува 200 – 300 m. Клисурските страни не се многу стрмни, освен на околу 2 km низводно од с. Митрашинци, како и пред самиот излез кај месноста Света Вода, каде Брегалница изградила неколку клисурски меандри. Клисурата името го добила по селото Разловци, кое е во нејзиниот средишен дел, на левата долинска страна на Брегалница. Во геолошки поглед, всечена е во цврсти гранитоидни карпи, кои на површината се распаднати и еродирани. Поради уништувањето на шумите во минатото за разни причини и цели, присојните страни на клисурата се доста оголени, деградирани и еродирани. Во

минатиот век е извршено пошумување на најкритичните делови, а некаде шумите природно се обновени, но, сепак, останале доста голини. Бидејќи поврзува две котлини со релативно различна клима (Беровска со ладна континентална и Делчевска со топла континентална), климата на Разловечка Клисура има елементи на двете влијанија. Извори се слабо застапени, освен во повисоките планински делови. Интересен и доста посетуван е изворот Света Вода, помеѓу с. Разловци и с. Тработивиште. Во близина е и појавата Кукуље. Сообраќајно, клисурата е достапна од страна на с.Тработивиште единствено до с. Разловци и тоа со не толку добар асфалтен пат. Патна врска до Беровскиот дел нема, што е голема пречка за нејзина поголема туристичка активација.

**Туристички атрактивности:** интересен релјеф, чиста природа, долината и коритото на Брегалница, изворот Света Вода.

**Потенцијални видови туризам:** трекинг, геотуризам, селски туризам, маунтбајкинг, риболов.

**Забелешка:** Голема пречка во развојот на туризмот во Разловечка клисура е непостоење на транзитен пат низ клисурата, така што сегашниот пат од с. Тработивиште завршува слепо во с. Разловци. Доколку се продолжи асфалтниот пат до с. Митрашинци, тогаш и туристичката атрактивност и посетеност на овој простор драстично ќе се зголеми. Непостоење на ваков пат воедно е една од причините за забрзана депопулација на с. Разловци.

**(23) Клисурата на Злетовска река** се наоѓа во западниот дел на осоговскиот планински масив. Просторно го зафаќа делот од долината на Злетовска река, помеѓу вливот на нејзините леви притоки: Емиричка река на север и Ештерец на југ, во должина од 10 km. Клисурата е значајна поради повеќе интересни релјефни појави: длабока речна долина на места со кањонски изглед на чии страни има сипари со големи димензии, карпести остенци и мали денудациони форми, потоа повеќе водопади, брзаци и слапови во коритото на Злетовска Река и нејзините притоки и др. Поради всекувањето низ отпорни магматски (дацито-андезитски) карпи, клисурата е доста длабока (400 – 500 m), со стрмни, на одредени места речиси вертикални карпести страни. Тоа е особено карактеристично спротиводно од влевот на Јамишка река, во должина од околу 6 km. На долинските страни се формирани бројни сипари, настанати со механичко распаѓање на вулканските карпи. Поради големиот наклон, сипарскиот материјал претставен со парчиња и блокови големи до 1 $m^3$, постепено се лизга кон долинското дно. Некои сипари се долги и до 250 m, а вкупниот волумен на распаднатиот сипарски материјал изнесува околу 5 милиони $m^3$. При распаѓањето, во релјефот заостануваат остенци од поцврсти карпи и други денудациони форми со најразличен облик. Во овој простор, доста интересно е самото корито на Злетовска река. Тоа е карпесто, со голем надолжен пад и со честа појава на брзаци и водопади, од кои најголемиот (кај вливот на Јамишка река) е висок 8 m. Тоа е најголемиот водопад на Злетовска Река, на чие дно има огромен џиновски лонец, длабок околу 3 m. Мали водопади високи до 6 m имаат и притоките на Злетовска река пред нивниот влев во главната река. Некои водопади се скалесто наредени во вид на слапови.

**Туристички атрактивности:** фасцинантен релјеф, чиста природа, длабока долина на Злетовска Река, повеќе водопади, огромни сипарски појаси, стрмни карпи.

**Потенцијални видови туризам:** набљудување на природата, сафари-туризам, трекинг, геотуризам, маунтбајкинг, риболов, велнес.

**Забелешка:** Патот низ клисурата е добар, но необезбеден. Има чести одрони и свлечишта. Недостигаат паркинзи, сообраќајни патокази и информации. Единствен угостителски објект е рибник, кој не е соодветно означен со патоказ, табла и др.



Слика 11. Најинтересниот, кањонест дел од клисурата на Злетовска Река (оригинал).

**(24) Клисура на Зрновска река** длабоко е всечена во северниот дел на Плачковица и ги одвојува Лисец на исток и Туртел на запад. Клисурата е доста стрмна, на некои места во вид на кањонска долина и густо пошумена. По тесното долинско дно е карпестото корито на Зрновска река, со бројни брзаци и мали водопади. Водопадите, иако се мали и ретко повисоки од 4 m, формирале длабоки т.н. џиновски лонци, базени или вирови. Најимпресивен вир е Девичин Вир, кој е со пречник од 8 – 10 m, длабочина до 4 m и формиран под Девичиниот водопад висок околу 5 m. Од Девичин Вир до селото Зрновци 5 km низводно, се поминува покрај неколку вакви „вирови“ (Колев Вир, Змијарнико, Суљов Вир), всечени во цврсти карпи. На некои места минувањето покрај нив е вистински адреналински предизвик. Горниот дел од долината на Зрновска Река со долината на Ломија поради пошуменоста и оддалеченоста од поголеми населби остава впечаток на недопрена природа. Заедно со чистиот воздух, бројните извори и потоци, разновидниот растителен и животински свет, овој простор е навистина прекрасна зелена „оаза“.

**Туристички атрактивности:** длабока долина со стрмни страни, карпесто речно корито, мали водопади и длабоки вирови, густи шумски комплекси.

**Потенцијални видови туризам:** трекинг, планинарење, геотуризам, вајлд туризам, спортски риболов.

**Забелешка:** Поради сè уште неистражениот, но богат и осетлив биодиверзитет, клисурата на Зрновска Река треба внимателно да се користи во туристички цели. Туристички треба да се уреди (патеки, патокази, информативни табли) делот од с. Зрновци до Девичин Вир.

**(25) Клисурата на Осојница** е всечена помеѓу Плачковица и Обозна во должина од околу 10 km. Поради стрмните страни и длабочината (височина) во најголем дел од денот сонцето не продира до најниските делови на клисурата, па од тука потекнува и нејзиното име. Самиот пејсаж е прекрасен со мирен тек на реката, а по клисурата води и регионалниот пат од Виница за Берово. Бидејќи се наоѓа на пола пат помеѓу двете места, а и поради прекрасната природа, во клисурата на Осојница веќе се изградени неколку туристички објекти. Клисура на

Злетовска река е една од најинтересните и најдиви во областа. Само мал дел од Злетовската Клисура припаѓа на ИПР и тоа во должина од околу 8,5 km. Од двете страни на клисурата има вулкански релјеф и цврсти карпи, а по страните има т.н. моришта од карпи, сипари и различни други распаднати блокови. Злетовска Река и другите водотеци во овој простор имаат брз тек, повеќе водопади и неколку слапови. Самата река е доста чиста, што овозможува застапеност на риболов, низ клисурата води добар асфалтен пат сè до новоизградената брана Кнежево. Поради фантастичната природа и добрата сообраќајна поврзаност и близината на Пробиштип и Злетово во клисурата на Злетовска Река веќе има изградено туристички објекти, меѓутоа постои уште поголем потенцијал во таа насока.

**Туристички атрактивности:** интересен релјеф, чиста природа, долината и коритото на Брегалница, изворот Света Вода.

**Потенцијални видови туризам:** транзитен, набљудување на природата.

**Забелешка:** Поради транзитната положба помеѓу Виница и Берово и чистата природа, овде веќе се изградени неколку угостителско-сместувачки објекти. Сепак, за нивна посоодветна искористеност потребна е понуда и презентација на дополнителни туристички активности (трекинг, планинарење, риболов, адреналински парк и сл.).

**(26) Кањонот Камник** всушност претставува мала и нетипична кањонеста долина на Кошевска река – притока на Радањска река. Кањончето е со должина од околу 1,5 km и длабочина од само неколку десетици метри.



Слика 12. Дел од кањончето Камник во близина на селото Радање (Штипско) (оригинал).

Всечено е долж типична раседна линија помеѓу доста распаднати, еродирани гнајсеви и цврсти амфиболити. Без оглед што е кратко и плитко всечено, минувањето низ кањончето, посебно низ тесните и вертикални карпи, претставува вистинска атракција. Инаку ,до него обично се стигнува од с. Радање преку долината на Радањска река, која и самата е атрактивна

поради огромните песочни ерозивни наноси. По кањонскиот дел, кај с. Кошево може да се излезе до интересното Тополничко Езеро или, пак, од с. Шашаварлија да се дојде до Штип. Целиот овој простор има богат биодиверзитет и сè уште сочувани традиционални македонски и јуручки села. Освен кањончето Камник, слични помали всечени сегменти има на соседните рекички во овој дел, посебно на Козјачка река.

**Туристички атрактивности:** кањонест релјеф, потоци, чиста природа, традиционални селски населби.

**Потенцијални видови туризам:** трекинг, алпинизам.

**Забелешка:** Овој простор е донекаде означен со патокази, табли и (недоволно) заштитни сајли во најризичните делови. Сепак, информираноста е слаба, а нема ниту организирани понуди за посета.

### Специфични релјефни појави

**(27) Мелови кај Пехчево** се многу интересни ерозивни форми со карактеристичен амфитеатрален изглед кој се стеснува кон подножјето, така што наликуваат на пресечена инка. Во стручната терминологија, меловите се означуваат како бедленд терени, односно терени значително уништени со површинска и длабинска ерозија. Највпечатливите мелови се јавуваат околу Пехчево, каде има 40-тина појави, и тоа кај селото Црник, потоа кај селото Смојмирово (Паркач) и на други места. Имаат различни димензии, така што височината на амфитеатралниот вертикален отсек може да достигне и до 80 m, а пречникот до 300 m. Тоа, на некои мелови им дава импресивен изглед, а движењето и набљудувањето покрај работ на отсекот во исто време е возбудливо, но и опасно. Уште повеќе, положбата на некои мелови е таква што тешко може да се претпостави дека во зарамнетиот ридско-планински крај има отсек длабок 50 и повеќе метри. Меловите обично се хоризонтално слоевити, изградени од неотпорни седиментни карпи (песоци, песочници, глини). Затоа и боите на страните од меловите варираат од сивкава, жолтеникава, црвеникава до кафеава. Страните се интересни и по длабоките бразди, долчиња, ендеци, па дури и земјени пирамиди како кај меловите во селото Нов Истевник (Кукуљето). Во однос на постанокот, најголем дел од меловите се формирале со постепено зголемување, проширување и составување бразди, ендеци и ерозивните долчиња во слабо отпорни, дебели седиментни слоеви. Кај некои мелови, иницијална причина за нивно изградување била појавата на свлечиште во подножјето, а потоа се развиле долчиња и ендеци. Човекот преку прекумерно уништување на шумите доста влијаел во создавањето и морфолошката еволуција на меловите, често и пресудно. Дури и пошумувањата изведени во втората половина на минатиот век не успеале многу да го сопрат развојот на меловите на овој простор. Без оглед што се последица на силното дејство на ерозијата, поголемите мелови во Пехчевско се доста атрактивни и го привлекуваат вниманието на посетителите. Во таа смисла, можат да се искористат за туристичка намена, секако, во комбинација со другите интересни локални содржини (архаични села, вкусна храна, чиста природа, студени извори и др.). Најголем дел од споменатите мелови се лесно пристапни, со асфалтни патишта до најблиските села и најмногу 10 – 20 минути пешачење до самите форми.



Слика 13. Мелови кај с. Црник - интересна релјефна појава (оригинал).

**Туристички атрактивности:** уникатна појава на огромни земјени отсеци, често со помали земјени пирамиди на нив, појави на слаби извори, прекрасен видик.

**Потенцијални видови туризам:** трекинг, геотуризам, селски туризам, џип-сафари.

**Забелешка:** Нема означени патеки, нема сигнализација, недоволно познат и промовиран локалитет т.е. појава.

**(28) Туртелски пештери** се наоѓаат непосредно под врвот Туртел на планината Плачковица. Настанале со карстна ерозија во мермерните карпи присутни во вид на тесен појас на овој простор. До сега се истражени пет пештери од кои најдолга е Големата пештера со должина од околу 600 m. Таа претставува вистински бисер со своите пештерски украси и предизвик за спелеолозите. Помали се пештерите Ќуп, Ајдучка, Туртел и Понор, но и тие се богати со пештерски украси. Речиси сите наведени пештери се лесно достапни за посетителите и до нив водат маркирани патеки. Инаку, најдобра пристапност до западниот дел со врвот Туртел, како и наведените пештери е преку асфалтниот пат кој води од с. Карбинци до одморалиштето Плачковица на околу 1350 m. Убаво место за преноќување овде е планинарскиот дом Вртешка, кај истоименото село на 1050 m надморска височина, сместен на карактеристична височинка и со одличен видик.

**Туристички атрактивности:** повеќе пештери на интересна локација, богатство со пештерски накит, чиста природа.

**Потенцијални видови туризам:** спелеотуризам, геотуризам, трекинг, авантуризам.

**Забелешка:** Пештерите се слабо познати и промовирани. Не се солидно уредени за прием на туристи. Нема водич. Пештерите се мали (тесни) и лесно подложни на загрозување.

**(29) Коњска Дупка** е пештера што се наоѓа кај с. Град, 6 km југоисточно од Делчево. Пештерата е создадена во тријаски варовници, а длабока е околу 50 m. Влезот се наоѓа во стрмните карпи на левата долинска страна на Градска Река и е средно пристапен. Патеката до пештерата е делумно обезбедена. Инаку, пештерата е сиромашна со пештерски накит, меѓутоа пронајдени се археолошки траги од некогашно човечко присуство. Покрај тоа, во неа има доста лилјаци. Од влезот се протега одличен панорамски видик кон долината на Градска Река, кон с. Град и остатоците од тврдината над селото. Најчести посетители се локалните жители од овој простор и од Пијанец.

**Туристички атрактивности:** интересна кратка пештера, карактеристична локација, археолошки остатоци.

**Потенцијални видови туризам:** спелеотуризам, геотуризам, трекинг, авантуризам.

**Забелешка:** потребни се информативни табли кај пештерата.

**(30) Киселичка пештера** се наоѓа кај с. Киселица, североисточно од Делчево. Формирана е во тријаски варовници. Според расположивите податоци, пештерата е долга околу 80 m, а на нејзиниот крај има мало езерце. Се одликува со бројни тесни канали и со повеќе влезови. Сиромашна е со пештерски накит, а од жив свет има голема колонија лилјаци во внатрешноста. Таа е најголема и најинтересна пештера во овој краен источен дел на Македонија. Пештерата е слабо позната и посетена.

**Туристички атрактивности:** интересна кратка пештера, карактеристична локација, археолошки остатоци.

**Потенцијални видови туризам:** спелеотуризам, геотуризам, трекинг, авантуризам.

**Забелешка:** до пештерата нема означен пат, ниту патокази или  каква било информација.

### 4.2.2. Климатски атрактивности

Климата отсекогаш била многу значаен елемент за туризмот и во зависност од својата особеност, во поголем или во помал степен, влијаела врз атрактивноста на некој простор. Во таа смисла, климата на ИПР е многу погодна како во зимскиот така и во летниот дел од годината. Тоа може да се увиди преку температурата на воздухот, осончувањето и врнежите.

Поради релјефната разновидност, и климата на ИПР е доста разнообразна. Така, по долината на реката Брегалница одејќи од штипското подрачје кон Беровската Котлина, климата се менува од изменета средоземноморска преку умерено-континентална до континентална и планинска во највисоките делови на Осогово. Температурата на воздухот е битен елемент во одредување на климатско-туристичките одлики на ИПР. Генерално, просечните годишни температури одејќи од запад кон исток постепено се намалуваат од 13°C во Штипско до 8,5°C во Беровско и само 5 – 6°C по највисоките делови на Осогово. Тоа воедно значи дека со височина, температурите опаѓаат, и тоа во просек околу 0,6°C на секои 100 метри.

Осончувањето е позитивна појава за туризмот бидејќи овозможува разни активности во природата и воопшто во просторот, го зголемува расположението и влијае благопријатно на здравјето. Подрачјето на ИПР се одликува со долготрајно сончево зрачење кое просечно годишно се движи од 2400 часови во западниот дел (Штип, Кочани) до 2200 часови во Берово. Максимумите се јавуваат во летните месеци, особено во јули, а минимумот е во зимските месеци - декември и јануари. Интересно е што на планините во областа нема некоја значајна промена на должината на осончувањето, туку повеќе во однос на експозицијата (свртеност на теренот во однос на присојна и осојна страна).

Врнежите имаат голема важност за туризмот од повеќе аспекти. Долготрајните, интензивни врнежи од дожд негативно влијаат на можноста туристите да го искористат своето планирано време. Силните врнежи можат да предизвикаат проблем и со комуникациите, да доведат до оштетувања и заматувања на водните објекти. Доколку, пак, станува збор за врнежи од снег на планинските терени, тие имаат позитивно влијание од аспект на можноста за зимски спортови. Обратно од температурите, просечните годишни врнежи во ИПР се зголемуваат од запад кон исток, и тоа: од 400 – 500 mm просечно годишно во штипското подрачје до 700 mm во Беровско и 800 mm во повисоките планински делови. Во однос на врнежите, во западниот дел на регионот тие се главно во вид на дожд, а во источниот повисок дел во зимските месеци се во вид на снег. Сепак, подолго траење на снегот е само во особено високите делови над 1500 m, и тоа и до 5 месеци во зимскиот дел од годината. Затоа, единствено погодни подрачја за изградба на зимско–спортски терени и центри може да се сметаат само оние на височина од 1500 – 2200 m (врв Мал Руен) каде како фактор треба да се земе и топографијата на теренот. Подрачјата со височина помеѓу 1000 – 1500 m се одликуваат со континентални температури, делумно планински карактер, свежи лета и студени зими. Она што е многу значајно за источните планински подрачја на ИПР е што атмосферата е доста чиста, застапеноста на кислородот е голема, а со тоа има одлична погодност за здравствено–рекреативно присуство на овие простори. Најчести ветрови кои дуваат во сливното подрачје на реката се Југот, а во долниот тек на река Брегалница дува и Вардарец. Поаѓајќи од искуствата на досегашните климатски класификации и адекватниот пристап за сливното подрачје на реката Брегалница се разликуваат следните хомогени климатски подрачја (Филиповски, 1996 година):

- Умерено-континентално-субмедитеранско подрачје (до 600 m);
- Континентално подрачје (600 – 1100 m);
- Континентално-планинско подрачје (1100 – 1650 m);
- Планинско подрачје (> 1650 m).

Умерено-континентално, субмедитеранско подрачје го карактеризира комбинирана континентална и субмедитеранска клима и ги опфаќа следните делови: западните подрачја на сливот на реката Брегалница и котлините покрај вливот на реките: Брегалница во Вардар, Светиниколска и Злетовска река во Брегалница (штипско, светиниколско и кочанско). Ова климатско подрачје го опфаќа подрачјето со надморска висина до 500 m. Просечната температура на воздухот во ова климатско подрачје се движи во границите од 12,6 до 13,5$^{o}$C и достигнува максимални вредности на температурата во ули (21,5$^{o}$C и 23,9$^{o}$C). Најниски вредности на температурата се јавуваат во јануари(1.1$^{o}$C – 2.1$^{o}$C). Просечните годишни врнежи во континенталното субмедитеранско климатско подрачје варираат: 452 mm во Свети Николе, 468 mm во Штип до 514 mm во Кочани.

Континенталното подрачјеги опфаќа ридестите области на надморска височина од 500 до околу 1000 m. Инаку, ова подрачје има преодни карактеристики на климата, помеѓу субмедитеранското и планинското подрачје, каде доминира топлата континентална клима со определена комбинација на медитеранското влијание во плувиометрискиот режим кај некои котлини во централниот дел на сливното подрачје на реката Брегалница. Климатските услови во ова подрачје се значително поразлични во споредба со термичките услови, како и во споредба со плувиометрискиот режим. Просечната годишна температура на воздухот е помеѓу 9.0$^{o}$C и 11$^{o}$C, средната јануарска температура на воздухот е од 0.2 до 0,5$^{o}$C, додека средната јулска е околу 20$^{o}$C. Климата е повлажна од претходната, со годишни врнежите од 575 до 623 mm (податоци од дождомерната станица Пробиштип). Годишниот максимум на врнежите на територијата на ова климатско подрачје се јавува во мај и ноември, што е карактеристика на континенталниот плувиометриски режим.

Континентално-планинско подрачје се јавува на надморска височина помеѓу 1000 до 1500 m. Во него е комбинирано влијанието на континенталната и маритимната клима. Средната годишна температура на воздухот е нешто пониска од претходното подрачје и изнесува околу 8.5°C. Просечната годишна сума на врнежите изнесува околу 700 mm. Највнежлив период во овој дел (во централните делови) на сливното подрачје на Брегалница е ноември, додека во северниот дел на сливното подрачје највнежлив период во годината е мај, што е карактеристика на континенталниот плувиометриски режим. Во ова подрачје се јавува подгорска букова шума, како карактеристика на климатските и педолошките услови, која е дел од поширокиот буков појас. Годишна сума на врнежите изнесува од 670 mm (Лесново), 698 mm (Блатец) до 725 mm (Козбунар) и претставува највлажен климатски појас во сливното подрачје. Во овој појас се лоцирани подрачја со најголеми количини на врнежите, кои се посебно застапени на планинските масиви.

Планинското подрачје е на надморска височина помеѓу 1500 и 2200 m. Средната годишна температура на воздухот изнесува од 5.0°C до 8,0°C, додека количеството на врнежите се зголемува со пораст на надморската висина и изнесува околу 900 m. Средногодишната температура е помала од 5.0°C, додека средната температура на најтоплиот месец е под 13.0°C. Најголеми количини на врнежите се јавуваат во мај со просечна сума која изнесува 65 mm. Најниската средномесечна температура забележана во ова климатско подрачје е 2.7°C. Средногодишната температурна амплитуда е значително помала и изнесува околу 16.0°C(за разлика од ниските делови на сливното подрачје, каде е повеќе од 22.0°C) и е карактеристична за планинската клима (Јовановски, 2007).

**Забелешка:** Иако за различни типови туризам погодуваат различни (соодветни) климатски одлики, сепак, за овој регион најатрактивна е континентално-планинската клима поврзана со висинскиот појас од 1000 – 2000 m надморска височина. Тоа посебно се однесува за просторите со густи шуми, каде дополнително се јавува микроклиматски модификациски ефект. Во однос на ниските делови на ИПР до 500 m, овде летата се посвежи за неколку степени, воздухот почист и побогат со кислород, а ветровите обично многу послаби. Во идниот период, со очекуваното зголемување на температурите како последица на глобалното затоплување, овие простори ќе бидат уште позначајни и туристички повеќе барани. Во таа смисла, климатски особено атрактивни делови на ИПР се:

- **Шумските планински подрачја** кај Беровско Езеро, Абланица, Равна река, како и во западниот дел на Малешевските Планини, каде летните максимални температури ретко надминуваат 30°C, а зимските минимални се малку повисоки од оние во Берово (во Берово е забележан апсолутен минимум за Македонија од дури -31°C). Самото Беровско Езеро има мал модификациски ефект врз температурите, при што при многу високи вредности ги снижува за околу 1°C, а при многу ниски за исто толку ги покачува;
- **Локалитетот Суви Лаки** со околниот простор, каде летните максимални дневни температури се околу 6°C пониски од Штип и Кочани (секако и од Струмица), а околу 2°C пониски од Берово. Слично е и со другите повисоки локалности на Огражден со потенцијал за рурален туризам;
- **Шумските делови на Осоговските Планини** од 1000 – 1700 m надморска височина или шумско-пасишните области од 1300 – 1800 m.
- **Северната страна на Плачковица** над 1000 m надморска височина (околу Туртел, Чатал, Лисец и др.);
- **Највисоките делови на Голак**, над 1000 m.

### 4.2.3. Хидрографски атрактивности

Подрачјето на ИПР е доста богато со извори. Тие обично се со слаба дарежливост (до 1 литар/сек.), но најчесто чисти, студени и пријатни за пиење. На сите планини во регионот, посебно во шумските делови има бројни постојани извори, од кои некои се уредени, додека за некои постои верување дека се лековити и „свети“. Овој простор е богат со минерални и термоминерални води. Познати извори кои се каптирани се Топлиќ кај Виница (минерална вода Евина), потоа с. Горна Цера (минерална вода Инаква) и зафатот на термални води кај Долни Подлог (минерална вода Аква Вита).

**(31) Смрдлива вода** (Рѓава чешма) е природен извор што се наоѓа во непосредна близина на Вртена Скала, на 4 km источно од Пехчево. Тоа е постојан извор со значителна дарежливост. Водата има жолтеникаво-црвенкава боја, а вкусот е кисело горчлив, најверојатно како резултат што поминува низ разни железни руди со кои обилува Буковик. Се користела, а и денес се користи за лекување стомачни заболувања.

**Туристички атрактивности:** чиста природа, убави пејсажи, специфична појава.

**Потенцијални видови туризам:** трекинг.

**(32) Света вода** се нарекуваат трите извори јужно од селото Тработивиште, на самиот излез на Разловечката Клисура, на надморска височина од околу 700 m. Изворите се во релативно стрмниот дел од долината на Брегалница, слабо пристапни (мора да се помине реката или, пак, да се тргне од с.Тработивиште преку северниот дел на Бејаз Тепе). Изворите, за кои се верува дека имаат исцелителна моќ, се со мала дарежливост.

**Туристички атрактивности:** чиста природа, убави пејсажи, специфична појава.

**Потенцијални видови туризам:** трекинг.

**(33) Изворите на Брегалница** се наоѓаат на Малешевските Планини, на надморска височина од околу 1500 – 1700 m. Станува збор за интересно и пространо извориште со десетина извори под врвот Ченгино Кале. Изворите иако се речиси под самиот планински врв, функционираат во текот на целата година, со значителна промена на дарежливоста. Овој терен е доста чист, со голема застапеност на кислород, одлични пејсажи и прекрасен видик.

**Туристички атрактивности:** чиста природа, убави пејсажи, специфична појава, панорамски видик.

**Потенцијални видови туризам:** трекинг, планинарење, релаксација.

#### Термоминерални извори и бањи

**(34) Кежовица или Штипска Бања** се наоѓа на десниот брег на реката Брегалница, на околу 2 km југозападно (низводно) од центарот на Штип кај населбата Ново Село. Двата главни термални извори, Кежовица и Л’џи, кои се користат за бањата, се покрај брегот на Брегалница, оддалечени 300 m. Термоминералните води избиваат од расед кој ги сече гранитните карпи под ридот Исарот. Изворот Л’џи има дарежливост која варира од 1 – 1,5 литри/сек., а температурата на водата варира од 50 – 62°C. Водата во изворот не е константна, туку со зголемувањето на нивото на Брегалница, покрај капацитетот на термоминералната вода на изворот Л’џи, се зголемува и температурата на оваа вода. Температурата на главниот извор на бањата Кежовица, е 57°C, а дарежливоста 7 литри/сек. Бањата Кежовица, според својата радиоактивност, спаѓа во ред на најрадиоактивните термоминерални води не само во Македонија туку и пошироко на Балканот. Кежовица како бања е позната уште од турско време, кога се користела

за здравствени цели и лична хигиена на жителите. Пишувани податоци за постанокот на бањата не постојат, но се претпоставува дека истата била изградена од страна на Турците на крајот на XVII век, и тоа како примитивна зграда со базен. На ова место постои нова бања, со уредени бањи и базени, како и центар за рехабилитација.

**Туристички атрактивности:** термоминерална вода со одлични својства, близина на градот Штип, археолошки локалитет.

**Потенцијални типови туризам:** бањски-спа, здравствено-рекреативен, селски-рурален, набљудување на природата.

**Забелешка:**Бањата е далеку под потребното ниво на квалитет и стандарди за ваков тип објекти. Затоа има само локална посетеност.

**(35) Бања во селото Бање** (Кочанска Бања) се наоѓа 7 km западно од Кочани, од северната страна на магистралниот пат Кочани – Штип. Сместена е во подножјето на Осоговските Планини на самиот контакт со Кочанско Поле, на надморската височина од 340 m. Самото село Бање името го добило по бањата и изворите на топла вода во селото. Изворите се карактеризираат со специфични хемиски, минеролошки и термички својства. Количеството вода во бањата во подолг период било назадоволително поради што во 1960-тите години се извршени дупчења и дарежливоста е зголемена на 65 литри вода во секунда. Температурата на водата е 64°C, што значи дека станува збор за мошне погодна вредност. По хемискиот состав бањата спаѓа во групата на слабоминерални хипертермички води. Во неа преовладуваат хидрокарбонатите, слабо е алкална и со низок степен на радиоактивност. Од катјоните најмногу содржи натриум, калиум, калциум и магнезиум, а од анјоните хлор, сулфати, хидрокарбонати, силициумоксид, алуминиумоксид, железооксид и други. Поседува и ретки минерали, како што литиумот, цезимуот, рубидиумот и слично. Ваквите физичко–хемиски својства на водата во Кочанската бања претставуваат основа врз која се базира нејзиното користење за лечење бројни болести. Главно се користи при лечењето на ревматски заболувања, жолчни патишта и жолчната кесичка, заболувања на мочните канали, гинеколошки заболувања, воспалувања на нервите, болести на желудниот и др. Освен тоа, ниската радиоактивност на водата благотворно делува на катаралните воспалувања и заболувањата на дишните ограни. Бањата за првпат ја изградиле и користеле уште Римјаните, а во периодот на осмалинското владеење била користена и од Турците. Во близина на Кочанската бања, кај село Долни Подлог од дупнатина длабока 318 m е откриена топла минерална вода со дарежливост од 95 l/sek и температура од 80 степени, што може да претставува основа за изградба на бањски здравствено рекреативни објекти. Инаку, оваа бања до 1990 година била во многу подобра состојба, со хотелски објект, 10-тина куќи кои се издавале за сместување и постојана посета од голем број туристи. За жал, една од најпосетените бањи во Македонија и пошироко последните 2 децении е запуштена и оставена на забот на времето, така што веќе никој не ја користи.

**Туристички атрактивности:** термоминерална вода со одлични својства, одличен видик кон Кочанско Поле и Плачковица, оризови полиња, археолошки остатоци.

**Потенцијални типови туризам:** бањски-спа, здравствено-рекреативен, селски-рурален, набљудување на природата.

**Забелешка:** Оваа бања има голем потенцијал кој во денешно време е целосно неискористен во туристички цели. Некогашните релативно солидни објекти се целосно руинирани и во најголем дел неупотребливи. Со земањето под концесија треба да се реновираат и изградат нови содр-жини во вид на модерен спа-центар.

**(36) Истибања** се одликува со големо богатство од геотермални води. Се смета дека овде во минатото постоеле и се користеле две бањи, од каде и името на селото. Од големото богатство со термоминерални води, денес се користи само мал дел. Имено, постои каптажа од 56 литри/сек., со температура на водата од 67°C, а водата се користи за загревање на оранжерии. Од страна на општина Виница, во постапка е изработка на проект за изградба на спа-центар, односно современ бањски центар на овој простор.

**Туристички атрактивности:** термоминерална вода со одлични својства.

**Потенцијални типови туризам:** бањски-спа, здравствено-рекреативен, селски-рурален, набљудување на природата.

**Забелешка:** Овој простор близу с. Истибања има одлична локација и многу добар потенцијал за бањски (велнес-спа) туризам. Тоа посебно ако се има предвид близината на Виница, Кочани, Делчево, Берово и транзитот кон Бугарија.

**Реки**

ИПР има доста развиена хидрографска мрежа. Вкупно на овој простор има околу 700 водотеци од кои 6 се подолги од 20 km, и тоа: Брегалница, Злетовска река, Кочанска река, Оризарска река, Зрновска река и Осојница.

**(37) Брегалница** по должина е најголема притока на Вардар. Извира под врвот Ченгино Кале на Малешевските Планини на надморска височина од 1700 m, а во Вардар се влива меѓу селата Ногаевци и Уланци, на надморска височина од 137 m. Средниот проток при утоката изнесува 28 $m^3/s$ (максимални протоци 640 $m^3/s$, а при минимални коритото е суво). Има вкупна должина од 225 km, сливна површина од 4.307 $km^2$ и релативен среден пад од 7‰. По спуштањето од Малешевските Планини каде Брегалница има мошне развиена извориштна челенка, таа најпрво тече низ Беровската Котлина, во која има широк тек, доста е мирна, но и акумулира значаен флувијален материјал. Кај с. Будинарци широчината на долината достигнува 500 – 600 m, а од с. Разловци веќе влегува во клисурестиот дел на Разловската Клисура долга 19,1 km. Во клисурата се јавуваат одредени ерозивни проширувања како она кај с. Митрашинци. По Разловската Клисура Брегалница тече низ Делчевско Поле во кое наталожува значајна количина чакал и песок со што на одредени потези текот се разбива во неколку ракави. Во Пијанец и Малеш е горниот тек на р. Брегалница. Таа тука тече од југ кон север и има меридијански правец на протегање. Од вливот на Очипалска Река па до с. Истибања, односно до влезот во Кочанската Котлина и понатаму до вливот во Вардар, Брегалница тече од исток кон запад и има напоредничи правец. Низ Истибањската Клисура Брегалница тече во должина од 39 km. Во неа денес е езерото Калиманци. Во Кочанската Котлина Брегалница навлегува кај с. Истибања и низ неа тече речиси по средината и ја напушта кај с. Крупиште каде на запад од него изградила кратка сатеска. Низ котлинското дно Брегалница има рамнински карактер со просечен пад од само 1,8‰. Затрупувано со наносите на притоките и пороите коритото е плитко и непостојано поради што често доаѓа до изливање на водата. Од штипската сатеска до вливот во Вардар Брегалница тече низ млади палеогени и неогени седименти и коритото има меандриски облик. Тоа е пределот Слан Дол. Во својот тек Брегалница прима 23 притоки подолги од 10 km. Од десната страна дотечуваат 10 притоки со вкупна должина од 241 km, а од левата страна 13 притоки со вкупна должина од 260 km.

**Туристички атрактивности:** речен релјеф, речен екосистем, клисури.

**Потенцијални видови туризам:** риболовен туризам, трекинг, излетнички туризам, кајак.

**(38) Водопадите во изворишниот дел на Брегалница**, нарекувани и Пехчевски Водопади, се наоѓаат на десетина км југоисточно од Пехчево, во рамките на истата општина. Реката Брегалница овде е длабоко всечена помеѓу планината Влаина на север и Малешевски Планини на југ. На некои места долинските страни се толку стрмни што наликуваат на мал кањон. Токму тука постојат 7 водопади во прекрасната, густата борова и букова шума. Само два од овие водопади всушност се на Брегалница, а преостанатите се наоѓаат на нејзините притоки Црн Дол, Ж'тачка река и Спиковски Андак. Водопадите се лоцирани во месноста Валавичка река, како што пехчевци ја викаат Брегалница во тој дел. Иако долго време не била позната нивната атрактивност, тие денес се достапни за вљубениците во природата и за туристите. До водопадите се изградени пешачки патеки кои ги сечат рекичките со малечки мовчиња, патокази, дрвени колиби и клупи за посетителите. Сите водопади изобилуваат со планинска убавина. Најбогат со вода и најголем е еден од двата водопади на Брегалница, а со височина од 14 метри, највисок е водопадот на брегалничката притока Ж'тачка река.

**Туристички атрактивности:** уникатна појава на огромни земјени отсеци, често со помали земјени пирамиди на нив, појави на слаби извори, прекрасен видик.

**Потенцијални видови туризам:** трекинг, геотуризам, селски туризам.

**Забелешка:** Водопадите се пристапни, означени со добра сигнализација и инфо-табли. Целиот простор е убаво уреден. Потребно е да се внимава во однос на загадување на околината. Кај Равна Река можни се дополнителни содржини како адреналински парк, зип-лајн и слично.

### Езера

На подрачјето на ИПР има 26 езера и тоа 3 – 4 мали природни езерца (Кундинско, езерцата кај Ченгино Кале), 4 поголеми акумулации (Калиманци, Беровско Езеро, Гратче, дел од Бучимско Ез.), 4 мали акумулации (Пишица, Лошана, Блатец, Истибањска) и 15 микроакумулации (Сандански, Трсинско, Стрмошко и др.). Сепак, не сите тие имаат туристичко значење. Само езерата Калиманци, Беровско ( Беровско) Езеро и езерото Гратче имаат поголем туристички потенцијал, додека другите помали езера имаат комплементарно-атрактивна функција. За жал, езерата како туристички атракции и мотиви во овој регион се многу слабо искористени. Најдобра искористеност има Беровското Езеро, помала езерото Гратче, а речиси воопшто не е искористено Калиманското Езеро.

**(39) Езерото Калиманци**е вештачка акумулација на реката Брегалница во Очипалско - Истибањската Клисура и претставува најголемо езеро во ИПР. Езерото е долго 14 km, широко 0.3 km, а максималната длабочина достигнува до 80 m. Зафаќа површина од 4.23 km$^2$ и акумулира 127 милиони m$^3$ вода. Езерото Калиманци е специфично по големата брегова разгранетост. Вкупната должина на бреговата линија му изнесува 40,5 km (при просечен водостој), или подолго од бреговата линија на Дојранското Езеро. Има неколку заливи и полуострови, еден остров - Калата (1,5 ha) и еден микро-остров кај с. Тодоровци (0,2 ha). Најголем залив е Каменичкиот, вовлечен дури 3 km кон градот Македонска Каменица, потоа Луковичкиот и Рибничкиот залив (0,8 km).Калиманското Езеро настанало со преградување на долината на Брегалница преку изградба на брана во 1969 година. Браната е камено-насипна со глинено јадро, висока 92 m (меѓу највисоките во нашата држава), а долга 240 m.Основната намена на езерото е наводнување на околу 28.000 ha, главно површини под ориз во Кочанската Котлина, но и на дел од обработливите површини во Овче Поле. Вишокот вода се користи за производство на електрична енергија преку изградената мала хидроцентрала со инсталирана моќ од 13,8 MW. Калиманско Езеро со својата положба, разгранетост и околната природа е многу атрактивно. Лоцирано на судирот на потоплата клима од запад и постудената од исток, езерото има поволна клима. Во текот на летото температурата на езерската вода се искачува над 20°C и е погодна за капење, посебно на места кои одговараат за плажи. Езерото е

богато и со риба: крап, клен, сом, скобуст, црвеноперка и др., што нуди одлични услови за спортски риболов. Долж брегот на езерото, па и во самото езеро има повеќе археолошки локалитети. Така, кај селото Дулица (месност Бегов Даб) е откриена голема базилика од V век со многу материјали (керамика, колони, капитоли). Исто така, во с. Илијово кај месноста Црквиште се откриени предмети и остатоци од античка градба, на која потоа била изградена и постоела еднобродна црква со гробови од крајот на XIV или почетокот на XV век.

Езерото Калиманци има одлична туристичка положба. Тоа е до градот Македонска Каменица, на 10 km од Делчево, 20 km од Кочани и Виница. Покрај езерото поминува живописен магистрален пат кој преку Делчево продолжува за Бугарија. Сепак, без оглед на одличните погодности, езерото Калиманци речиси воопшто не е туристички искористено. Покрај него нема ниту еден сместувачко-угостителски објект, а за другите содржини не станува збор. Според изведените анализи, езерото и неговата околина можат да привлечат значителен број туристи и да обезбедат солидни средства од туризмот.

**Туристички атрактивности:** разгрането езеро со бројни заливи, полуострови и остров, живописна природа, разновиден биодиверзитет, богатство со риба, археолошки локации, чиста природа.

**Потенцијални типови туризам:** капалишен, кајакарство и други спортови на вода, крстарење по езерото, езерски рути, риболовен, излетнички.

**Забелешка:**На езерото има барем 3 локации погодни за плажи, особено кај с. Тодоровци. Езерото има можност за пловна рута во должина од дури 25 km (Тодоровци – Луковица – Калата – Брана – Каменица). Проблем е голема осцилација на езерското ниво и силно загадување при високи води или излевање на реката Брегалница.

**(40) Калата** е остров во Калиманското Езеро, кој се наоѓа во западниот дел на езерото, на почетокот од заливот вовлечен кон Македонска Каменица. Тоа е единствен остров во источниот дел на Македонија, иако повремено на истото езеро кај с. Тодоровци се појавува сосема мало островче со површина од 0,2 хектари. Остров Калата е издолжен околу 300 m во правец североисток-југозапад, со најголема широчина од 75 m, а најголема височина 15 – 25 m (во зависност од нивото на водата). Површината на островот просечно изнесува 1,5 хектари, додека должината на бреговата линија му е околу 550 m. Островот Калата од копнениот брег е оддалечен околу 100 – 150 m и затоа до него наједноставно се доаѓа со чамец. Поради големите флуктуации на водата во езерото, во летниот (сушен) период Калата обично станува полуостров поврзан со копнениот дел на североисток. Во поглед на вегетацијата е покриен со дабова шума и бујна трева, а животинскиот свет е доста разновиден (водоземци, влечуги и птици). Инаку, Калата е кратенка од „градот на калајот“ бидејќи од ова место се црпело злато и калај. Загревани се карпи кои имаат златоносни жици и со помош на длета тие жици се вадени и потоа претопувани. Највисоката точка од некогашниот калајски град некогаш била на 200 m над вливот на Каменичка Река во Брегалница. Градот природно бил заштитен од три страни со стрмните долински страни на двете реки. До некогашното зарамнето плато на врвот, односно денешниот остров, пристап постоел само од северната страна. Таа страна е пресечена со одбранбен ров издлабен во карпа. Околу него се распознаваат контури на три градски порти и остатоци од бројни градби.

**Атрактивности:** островски пејсаж, прекрасен видик кон Калиманско Езеро и клисурата, археолошки наоди, дива „недопрена“ природа.

**Потенцијални типови туризам:** рибарење, набљудување на природата, кајакарство, застанување со чамец во рамки на езерска рута.



Слика 14. Калиманско Езеро со островот Калата (оригинал).

**Забелешка:** Островот е навистина атрактивен, меѓутоа е слабо познат локално, уште помалку пошироко, а нема ниту туристичко информативна табла или патоказ кон него. Исто така, нема можност за организирана посета, ниту, пак, можност за изнајмување чамец. Освен тоа, пристапноста до островот е ризична и може значително да се подобри со поставување мала дрвена платформа за чамци, поставување и уредување на патека кон внатрешноста и видиковец за одмор.

**(41) БеровскоЕзеро** се наоѓа на шест километри југоисточно од Берово. Бетонската брана со која е преградена долината на Ратевска Река и создадено езерото е изградена во 1971 година. Браната е висока 46 m, со должина на круната од 200 m. Самото езеро е долго 2,3 km иширoко 0,25 km. Вкупната должина на бреговата линија околу езерото изнесува 8,3 km, а површинатае 0,57 km$^2$. Најголемата длабочина на Беровско Езеро е околу 42m и се наоѓа на 200 – 300 m од браната. Поради релативно високата надморска височина, Беровското Езеро и неговата околина го карактеризираат свежи лета и студени зими. Температурите во лето се движат од 23°C до 25°C преку ден, а преку ноќ се спуштаат и до 12°C. Преку зима, температурите можат да се намалат до -20°C, па дури и пониско. Всушност, во самиот град Берово е забележана апсолутно најниската температура во Македонија од -31,5°C. Ваквата клима го прави овој крај одлично прибежиште, посебно во летниот период од годината. Заради високата концентрација на кислород, многу посетители доаѓаат не само „да наполнат батерии“ туку и за рехабилитација. Бреговите на езерото изобилуваат со бујна борова и букова шума. На зарамнините се протегаат терени со разнобојни цвеќиња, шумски плодови и разни чаеви. Поради поволната местоположба, во чистата и недопрена природа на надморска височина од 1000 метри, покрај езерото се изградени повеќе туристички капацитети. Езерото овозможува спортски риболов, а на крајбрежјето има ресторан, туристички бунгалови и детско одмаралиште. Долж езерото се протегаат голем број вили за изнајмување, прекрасни терени за излет, рекреација и спортови. Во последно време езерото организирано го посетуваат странски туристи. Во Беровско и Малешевијата се приготвуваат многу традиционални лекови

од природни состојки за разни болести како боровиот сируп или мед, кој се користи за болести на дишните органи.

**Атрактивности:** езерски пејсаж, густа мешана шума, чист воздух, пријатна клима, прекрасен видик кон долината на Ратевска Река, дива „недопрена“ природа, пешачки патеки, кајак на мирни води.

**Потенцијални типови туризам:** трекинг, прошетки околу езерото, риболов, здравствено-рекреативен, набљудување на природата, кајакарство, излетнички, конгресен.

**(42) Езерото Гратче** е создадено во 1959 година, по изградбата на армирано-бетонска брана висока 32 m, со која е преградена Кочанска Река. Езерото при максимално ниво (кота од 467 m н.в.) е долго 1.2 km, широко 0.2 km, а должината на бреговата линија изнесува околу 3.5 km. Површината на водното огледало, просечно изнесува 0.19 $km^2$, максималната длабочина е 29 m, а зафатнината на акумулираната вода од 2.4 милиони метри кубни. Водата од езерото се користи за водоснабдување на градот Кочани, а во помал дел и за наводнување на Кочанско Поле. Инаку, самото езеро исполнува дел од долината на Кочанска река на влевот на Мала во Голема река, простор кој е геоморфолошки многу интересен. На мостот на брана Гратче постои споменик-плоча во чест на изградбата на браната. Постојат и други интересни знаменитости, како изворот на Боро лимонаџијата, кој пред 30 години речиси секоја ноќ во летните денови одел до Царев врв за набавка на снег за ладење на лимонадата. Исто така, интересен е Големиот Водопад висок 20-тина метри, кој настанал со заполнување на мала заштитна брана над денешното езеро. Има многу места што можат да се видат во околината на езерото Гратче. Интересно е дека самото езеро може да се заобиколи по планинарските пешачки патеки, со оглед на тоа што брегот има должина од само 3,5 km. Повисоко на планината има видиковец, близу до езерото се наоѓаат водопади и патека до споменикот „Мактеон“. Од другата страна, може да се посети и црквата Св. Пантелејмон, додека на северната страна од езерото се наоѓа археолошкиот локалитет „Долно Градиште“. Со оглед на близината до градот, поврзаноста со асфалтен пат (кој, сепак, не е во соодветна состојба) и прекрасната природа, Гратче претставува одличен туристички локалитет.

**Туристички атрактивности:** езерски пејсаж, густа букова шума, чист воздух, пријатна клима, разновиден биодиверзитет, антропоген водопад.

**Потенцијални типови туризам:** трекинг, прошетки околу езерото, риболов, здравствено-рекреативен, набљудување на природата, кајакарство, излетнички, конгресен.

**Забелешка:** Езерото Гратче и просторот околу него веќе имаат одреден степен на уреденост (патеки, сигнализација, паркинг и др.). Сепак, искористеноста не е на соодветното ниво и има големи можности за подобрувања на понудата.

**(43) Езеро Пишица** се наоѓа над истоименото село во близина на Пробиштип (јужно од градот). Браната е камено-земјена и со неа е создадено езеро со околу 800 000 $m^3$ вода, наменета главно за наводнување на околните полиња. Самото езеро е долго околу 800 m, широко до 240 m и со најголема длабочина од 15 m. Должината на бреговата линија изнесува близу 2 km. Покрај за наводнување, ова езеро е богато со риба и е значајно рекреативно место за околу 200 риболовци. Со рибниот фонд стопанисува концесионер од Пробиштип. На 26 февруари 2013 година, поради обилните врнежи браната беше доста оштетена, а езерото речиси целосно испуштено поради опасност од поплавување на селото. Поради тоа, почнат е проект за зацврстување и реконструкција на браната.



Слика 15. Езерото Пишица над истоименото село, пред исушувањето во 2013 година.

**Туристички атрактивности:** езерски пејсаж, богатство од риба.

**Потенцијални типови туризам:** риболов, прошетки околу езерото, излетнички туризам, селски туризам.

**Забелешка:** Езерото Пишица има мал, но интересен локален туристички потенцијал.

**(44) Кундинско Езеро** е сосема мало природно езерце што се наоѓа 2,5 km северозападно од Пробиштип, во подножјето на вулканската планина Плавица (1297 m). Се наоѓа на дното на една природно издлабена елипсеста депресија во вулкански карпи, на надморска височина од 745 m. Всушност басенот на езерото настанал со ерозија на понеотпорните туфови, во однос на поотпорните андезити, кои ја сочинуваат рамката. Езерото има специфична положба и лачен изглед, со доминантен правец на протегање ИСИ-ЗЈЗ. При максимално ниво (за време на интензивни врнежи), должината на езерото достигнува 250 m, широчината 30 – 70 m, должината на бреговата линија 580 m, а површината 13.500 $m^2$. Тогаш, најголемата длабочина му изнесува до 3 m. Езерото вода добива речиси исклучиво од атмосферски врнежи од неговото сливно подрачје (0.34 $km^2$), а ја губи преку истекување од споменатиот канал, со испарување, понирање и др. Оваа уникатно езерце, по неразбирливо прокопување на одводен канал во 70-тите години од минатиот век е речиси целосно уништено. Денес тоа има повремен карактер и повеќе наликува на тресетиште, со бујна вегетација од трска и шамак. Сепак, поради интересниот изглед, живописната природа и особено богатиот биодиверзитет на мал простор, Кундинско Езеро е атрактивно и привлечно за посетителите вљубени во чистата природа.



Слика 16. Кундинско Езеро во лето, сликано од источна страна (оригинал).

**Туристички атрактивности:** специфичен изглед и положба, богат биодиверзитет.

**Потенцијални типови туризам:** трекинг, прошетки околу езерото, набљудување на природата.

**Забелешка:** Кундинско Езеро поради влијанието на човекот во блиското минато е претворено во тресетиште. Ако не се преземат некои заштитно-обновувачки мерки, секое помасовно присуство може понатаму да ја влоши состојбата.

**(45) Езерата на Ченгино Кале** се две мали периодични езерца-тресетишта, на надморска височина од 1670 до 1750 m, речиси на самата граница со Бугарија. Од нив поголемо е езерцето до врвот, долго 38 m, широко 10 m и со најголема длабочина од 0,8 m. Должината на бреговата линија на ова езерце изнесува 88 m, а езерската површина за време на максимално ниво достигнува 300 $m^2$. Помалото езерце е 1 km северно и има речиси кружна форма со пречник од 17 m. Должината на бреговата линија му изнесува 59 m, а најголемата длабочина е околу 0,5 m. Со вода се хранат исклучиво од атмосферски врнежи и од топење на снегот. Затоа како езера опстојуваат од април до септември. Од биолошки аспект, се сметаат за омбротрофни тресетишта, кои севкупната вода и нутриенти ги примаат од атмосферата. Како такви, претставуваат досега единствени познати во Република Македонија.



Слика 17. Помалото од двете езера кај Ченгино Кале (оригинал).

**Туристички атрактивности:** специфичен изглед и положба, богат биодиверзитет.

**Потенцијални типови туризам:** планинарење, набљудување на природата.

**Забелешка:** Ова се раритетни природни езерца и треба да се внимава да не дојде до нивно загрозување.

**(46) Езерото Сандански** е мало вештачко езерце кое се наоѓа 3 km јужно од Делчево, непосредно до реката Брегалница и до регионалниот пат за Берово. Има неправилна елипсеста форма со најголема должина од 205 m, широчина од 145 m и површина од 2 хектари. Бреговата линија му е многу разгранета и долга дури 1100 m, со 2 мали острови и полуострови, како и неколку заливи. Езерото се полни изворски, просечната длабочина му е околу 2 – 3 m, а максималната е 12 m. Езерото е порибено со крап, лињак, клен, амур, бојник, белвица и мрена. Поради тоа, најчесто доаѓаат делчевските риболовци, меѓутоа и риболовци и други посетители од разни делови на Македонија, па и соседната Бугарија. Околината на езерото е одлично уредена, така што можат да се видат десетината веќе припитомени срни кои слободно шетаат, потоа пауни, домашни и диви патки, коњи и други животни. До 2002 година оваа локација била агро-депонија настаната по експериментален коп на јаглен. Истата година фирмата "Оптима" од Делчево имотот го зела под концесија од Министерството за земјоделство и го претворила во прекрасно место кое сопственикот Иван Соколов и понатаму ќе го облагородува.

**Туристички атрактивности:** интересно мало езерце, богатство од риба, уредена околина.

**Потенцијални типови туризам:** риболов, излет, велнес.

### 4.2.4. Растителнот и животинскиот свет како фактори за развој на туризмот во ИПР

Од аспект на биолошка разновидност, Источниот плански регион покажува интересен контраст. Од една страна се Малешевските Планини, Влаина, Осоговските Планини и Плачко-

вица со планински екосистеми, шуми и присуство на континентални елементи, а од друга се низините долж долниот тек на реката Брегалница и нејзините притоки со медитерански елементи, како и специфичните појаси од халофилни биотопи во Овче Поле.

## Вегетација

Шумската вегетација се смета за најзначаен тип вегетација во регионот. Истата е претставена од височински појаси, како што е впрочем случајот во цела Македонија. Најниските делови се доминантно претставени со шуми од даб благун во различен степен на деградираност (претставено во заедницата на даб и габер Querco-Carpinetum orientalis). На поголеми надморски височини истата е заменета со шуми од даб плоскач и даб цер, која постепено преминува кон шуми на јасен и даб плоскач (претставени во заедницата Querco-Carpinetum orientalis), субпланински букови шуми (Festuco heterophyllae-Fagetum) и планински букови шуми (Calamintho grandiflorae-Fagetum). Специфично за шумската вегетација во појасот на буката е присуството на пространите заедници на боровите шуми, особено на Малешевските Планини. Состоините со бели и црни борови се доминантни во зимзелените шуми во регионот. Меѓутоа, може да се најдат состоини и со ела (*Abies borisii-regis*). Значајни да се споменат се состоините со смрека (*Picea abies*), кои овде, на планините од овој регион, ја имаат најјужната точка на сопственото распространување во Европа.

Покрај зоналната шумска вегетација, постојат неколку азонални шуми, кои најчесто се среќаваат долж реки: појаси и шуми од врби (*Salix alba, S. fragilis, S. elaeagnos*), црна евла (*Alnus glutinosa*) и тополи (*Populus alba*, *P. nigra*), заедници на тамарикс (*Tamarix* spp.) и неколку заедници на чинар (*Platanus orientalis*).

Исто така, покрај типичната шумска вегетација, во регионот карактеристични се и бројни суви пасишта и тревести заедници. Некои од нив се распространија дополнително по сеча на шумите и грмушките (особено оние со даб благун). Карактеристични се сувите пасишта со неколку различни растителни асоцијации. Солените почви со халофилна вегетација и халофити (растенија кои растат на солени подлоги) се специфични за деловите помеѓу Штип, Богословец и Сландол (во Македонија овие видови живеалишта најчесто се среќаваат во регионот на долината на река Вардар).

Влажните живеалишта се претставени со мали состоини долж реките (Брегалница, Крива Лакавица), како и со тресетиштата на Малешевски Планини и Влаина. Најпознато влажно живеалиште се Јудови Ливади (во близина на Пехчево) поради присуството на инсектојадното растение кружнолисна муволовка (*Drosera rotundifolia*).

## Флора

Флората на Источниот регион е многу разнообразна соодветно на разнообразието на вегетацијата и живеалиштата. Вкупниот број растителни видови во Источниот регион досега останува непроценет. Но, колку за илустрација, само на Осоговски Планини се идентификувани околу 1000 видови.

Разнообразието на растителни видови е најзабележително во низините на Источниот регион. Западно од Штип постојат познати локации каде се среќаваат ретки и ендемични видови растенија (*Hedysarum macedonicum, Onobrychis megalophylla, Ferulago macedonica, Salvia jurisicii*), халофити (*Artemisia maritima, Krasheninnikovia ceratoides, Camphorosma monspeliaca*) и степски видови растенија (*Astragalus parnassi, Morina persica, Convolvulus holosericeus*). Некои од овие видови може да се најдат на падините на Осоговските Планини.

Со исклучок на најзападниот дел на Источниот регион постојат неколку значајни растителни видови во планинските делови, и тоа се: *Drosera rotundifolia, Picea abies*, *Verbascum lesno-*

*voensis, Genista fukarekiana*, *Lycopodium clavatum, Dryopteris borreri, Festuca thracica* ssp. *violaceo-sordida* var. *osogovoense*, *Viola orbelica* итн.

**(47) Јудови Ливади** се наоѓа на околу 2,5 km источно од Пехчево, во изворишниот дел на потокот Ракавец, лева притока на Негревска Река, на надморска висина од околу 1200 m. Подрачјето припаѓа на континенталниот биогеографски регион. На тресетиштата и влажните ливади на локалитетот Јудови Ливади се развива инсектојадното растение *Drosera Rotundifolia*. Растението се исхранува со инсекти. Овој карниворен начин на исхрана претставува приспособување кон живеалишта богати со органска материја, каде што неорганските материи се недостапни, а pH на почвата е кисела. Инсектите се привлечени од црвената боја на растението и светлечките капки желатинозна материја што ја излачува. Понатаму, со помош на своите ензими ги разложува прилепените инсекти користејќи ги од нив нитратите и другите хранливи материи што му недостигаат.Овој локалитет е единствено наоѓалиште на овој растителен вид на територијата на Република Македонија. Присуство на неколку блатни растенија - *Cetunculus minimus, Juncus capitatus, Juncus tanageia, Blechnum spicant, Dianthus quadrangulus, Ranunculus fontanus* со многу ограничено распространување во другите делови од територијата на Република Македонија.

**Туристички атрактивности:** ендемично инсектојадно растение, чиста природа.

**Потенцијални типови туризам:** набљудување на природата, трекинг.

**Забелешка:** Треба да се избегнува помасовна посета и непосредно разгледување на растението. За сметка на тоа, може да се набљудува од пристојна оддалеченост или, пак, посетителите да се запознаат со појавата преку инфо-таблите околу локалитетот.

**(48) Дабот кај с. Бели** т.е. белскиот чинар се наоѓа на ритчесто возвишение (566 m) во манастирскиот комплекс Св. Илија, 1 km северно од с. Бели. Староста на овој даб се смета дека е околу 600 години, по што е еден од најстарите дрвја во овој регион, поради што е заштитен со закон како споменик на природата. Неговите димензии се импозантни: обемот на стеблото му изнесува околу 7 m, а височината околу 20 m. Во 2003 година е извршена конзервација на дабот, исчистен е од гнили слоеви и паразити, со што животниот век му е продолжен за уште околу 100 години. Меѓутоа, во јуни 2012 година, дабот бил погоден од гром, а стеблото опожарено, па се очекува негова повторна конзервација. Инаку, по асфалтирањето на патот во 2011 година и по делумно уредување со клупи и други содржини, дабот е доста посетуван.

**Туристички атрактивности:** вековен даб, убав видик, чиста природа, близина на манастир.

**Потенцијални типови туризам:** набљудување на природата, трекинг, маунтбајкинг, манастирски.

**(49) Дабоски Андак** е локалитет на Малешевските Планини во кој има мешан шумски насад од црн бор (*Pinus nigra*) и бука (*Fagus Sylvatica*). Насадот делумно е отворен со шумски патишта. До него се стигнува по шумски пат преку селото Ратево. Претставува мешан високостеблен насад од црн бор и бука на мезофилно месторестење, ass. *Pinetum silvestris nigrae macedonicum*. Црниот бор го сочинува горниот кат од шумскиот насад, а буката постојниот. Насадот е на источна изложеност. Теренот е умерено стрмен до 20°, на силикатна геолошка подлога. Почвата е дистричен камбисол, кафеава, шумска, со дебел слој од хумус и листинец.




Слика 18.Начин на користење на земјиштето во СИПР (оригинал).

**(50) Темниот Андак** е резерватот од црн бор (*Pinus nigra*) и се наоѓа во шумско стопанската единица "Губенек-Пауца", во западните делови на Малешевските Планини. Тоа е чисто црно борова состоина во која боровите стебла се со огромни димензии, и истите се во многу добра здравствена состојба. На неколку стебла од резерватот забележани се траги од некогашно смоларење.

**(51) Мурите** е локалитет што се состои од мешана состоина од ела (*Albies Alba*), бука (*Fagus Moesiaca*), бел бор (*Pinus silvestris*) и смрча (*Picea Excelsa*), која расте на подлога составена од дволискунски порфиробластични гнајсеви со прекамбриска старост. Насадот во којшто се застапени елата и смрчата, со помали примеси на бел бор и бука, зазема површина од околу 10 хектари. Состоината се наоѓа во Шумско-стопанската единица "Малешевски Планини". Главен вид овде е елата. Таа тука го достигнува најисточниот ареал на распространување во Македонија. Тоа е и единствено наоѓалиште со ела на Малешевските Планини. Со објектот управува ЈП Македонски шуми, Шумско стопанство "Малешево" од Берово.

**(52) Црната топола** (*Populos nigra*) се наоѓа на 1 km источно од селото Мачево, од десната страна на реката Брегалница. Оваа топола е најголемото стебло од овој вид во источниот дел од Републиката. Височината на стеблото изнесува 26 m, а обемот на деблото 8,30 m.

**Туристички атрактивности:** атрактивни шуми и дрвја.

**Потенцијални типови туризам:** прошетка, трекинг, релаксација во природа.

## Фауна

Фауната на рибите од река Брегалница се состои од повеќе од 25 видови, неколку од нив се со економско значење, а неколку од нив се ендемични видови за сливното подрачје на река Вардар или за Јужен Балкан (*Cobitis vardarensis, Alburnus macedonicus, Sabanejewia balcanica, Romanogobio elimeius, Chondrostoma vardarense, Squalius vardarensis, Salmo macedonicus, Oxynoemacheilus bureschi*, итн.).Водоземците се претставени со повеќе од 10 видови (*Lissotriton vulgaris* мрморец, *Salamandra salamandra* – дождовник, *Bombina variegate* – огнена жаба, *Rana temporaria* – поточна жаба, *Rana graeca* – горска жаба, *Pelophylax ridibundus* – езерска жаба, *Rana dalmatina* – шумска жаба, *Bufo bufo* – крастава жаба, *Pseudepidalea viridis* – зелена крастава жаба, *Hyla arborea* – лисна жаба, *Pelobates syriacus* – лукова жаба).

Во ИПР се среќаваат околу 25 видови влечуги. Високите планински подрачја се дом на неколку ретки видови како *Zootoca vivipara*живородната гуштерица и *Vipera berus*-шарката. Меѓутоа, најинтересните видови се наоѓаат во низинските делови: *Eurotestudo hermanni* – хермaниева желка, *Testudo graeca* – грчка желка, *Ablepharus kitaibelii* – ријачка, *Podarcis erhardii* – балканска гуштерица, *Lacerta trilineata* – голем зелен гуштер, *Typhlops vermicularis* – црвовидна змија, *Platyceps najadum* – џитка/стрелец, *Dolichophis caspius* – жолт смок, *Eryx jaculus* – песочна боа, *Vipera ammodytes* – поскоци Telescopus fallax – мачја змија. Фауната на птици исто така е разнообразна. Вкупниот број видови птици што се среќаваат во Источниот регион не е проценет. Најзначајни видови се *Neophron percnopterus* – египетски мршојадец, *Coracias garrulus* – модроврана, *Falco naumanni* – степска ветрушка, *Falco peregrinus* – сив сокол, *Accipiter brevipes* – краткопрст јастреб, *Buteo rufinus* – лисест глувчар, *Falco biarmicus* – планински сокол, *Circaetus gallicus* – орел змијар, *Aquila heliaca* – царски орел, *Aquila chrysaetos* – златен орел, *Bubo bubo* – був, *Ciconia nigra* – црн штрк и *Ficedula semitorquata* – шарено муварче, кои се клучни видови при дефинирање и воспоставување на Значајните подрачја за птици. Фауната на цицачите во Источниот регион, исто така, не е доволно документирана. Најинтересните ситни цицачи се: *Clethrionomys glareolus* – лисестата полјанка, *Microtus guentheri* – јужна полјанка, *Mus macedonicus* – македонски глушец и *Nannospalax leucodon* – слепо куче. Присуството на видрата (*Lutra lutra*) и куна златка (*Martes martes*) ја надополнува вредноста на фауната на цицачите. Источниот регион исто така е дом на некои од крупните ѕверови: постојан дом е на дивата мачка (*Felis silvestris)* и волкот (*Canis lupus)*, привремен дом е на кафеавата мечка (*Ursus arctos)* и, најверојатно, на Осоговските Планини се среќава и карпатскиот рис (*Lynx lynx carpathicus)*.

**(53) Ловиште "Полаки"** – **Кочани** се наоѓа на 150 km од Скопје, на дел од јужните падини на Осоговските Планини, на вкупна површина од 15 250 ha. Разнообразноста на релјефните форми и големата висинска разлика (500 – 2.084 m надморска височина), застапеноста на најразлични типови шуми и изобилство на проточна вода во текот на целата година овозможува зонално распространување и опстанок на повеќе видови крупен дивеч како обичен елен, елен лопатар, срна, муфлон и дива свиња. Во ловиштето има оградена површина од околу 1.000 ha каде интензивно се одгледува и се врши застрел на крупен дивеч. Пристапноста со патишта и опременоста со ловно-технички објекти овозможуваат брз и безбеден лов во оградениот дел од ловиштето преку цела година. Во ловиштето е сместен Ловниот дом "Пашаџиково" со корисна површина од 200 $m^2$ и капацитет за 10 лица. Освен ловниот дом, ловците може да бидат сместени и во објектите на зимско-туристичкиот центар „Пониква“, кој се наоѓа во непосредна близина на ловиштето.

**Туристички атрактивности:** прекрасна природа, чист воздух, богатство од дивеч.

**Потенцијални типови туризам:** ловен туризам, релаксација во природа, гастрономски туризам, трекинг.

**Забелешка:** Ловиштето Пониква, но и сите други, треба да имаат утврден и одговорен концесионер кој соодветно ќе се грижи за ловиштето.

**(54) Ловиште „Конечко“** е распослано на 4 375 хектари, од кои 1 200 се оградени. Ловиштето се наоѓа на дваесетина километри од Штип во правец кон Неготино и со ловиштето „Полаки“ се единствените оградени ловишта во источниот дел на Македонија. Главно доаѓаат мали групи елитни ловци, кои најмногу ловат муфлони, диви свињи и критски козорози. Гостите се презадоволни од условите што ги нуди ловиштето, сместувањето и од исхраната. Доаѓаат организирано на по три-четири дена, преку туроператори. На лов доаѓаат и домашни ловци, кои најчесто ловат диви свињи и елени. Отстрелот на диво прасе чини 50 евра и 20 евра за организација на ловот. Отстрел на млад елен чини 200 евра, со организацијата на ловот. Месото си го земаат ловците. Од 2002 година, кога ова ловиште за крупен дивеч беше дадено под концесија, фондот на дивечот е збогатен со 33 муфлони, 143 елени-лопатари, 23 критски козорози, кои во Македонија ги нема на друго место. Изграден е објект со четири современо уредени соби со 10 кревети. Всушност, ловиштето Конечко се смета за едно од најубавите и најпрофитабилни ловишта во Република Македонија, а воедно претставува одличен пример за успешно менаџирање и развој на ловниот туризам.

**Туристички атрактивности:** богатство од разновиден дивеч, убаво средени објекти.

**Потенцијални типови туризам:** ловен туризам, релаксација во природа, гастрономски туризам, трекинг.

**(55) Ловиште „Голак“** главно го зафаќа просторот јужно од Делчево и се смета за едно од најдобрите во овој дел на Македонија. Се протега на површина од 14 000 хектари и претставува типично ридско-планинско ловиште. Реката Брегалница протекува низ самото средиште и ловиштето го дели на западен дел - кон падините на Голак и Обозна и источен дел што ги зафаќа падините на Бејаз Тепе. Повисоките делови од ловиштето се богати со срна и дива свиња. Во пониските делови има многу зајаци, чиј лов е дозволен, потоа полската еребица и др. Поради релативно развиената патна мрежа, ловиштето е доста пристапно, а бидејќи зафаќа дел од пограничното подрачје со Бугарија, често има премин на дивеч од една на друга страна. Воедно, присуството на граничната полиција влијае криволовот да е сведен на минимум.

**Туристички атрактивности:** богатство од разновиден дивеч, интересна природа.

**Потенцијални типови туризам:** ловен туризам, релаксација во природа, гастрономски туризам, трекинг.

**Забелешка:** Ловиштето нема соодветни туристички објекти како добар ловечки дом или друг угостителски и сместувачки објект.

**(56) Ловиште „Соколарци“** се наоѓа во крајното југозападно подножје на Осоговските Планини помеѓу с. Соколарци и с. Чешиново. Вкупната површина што ја зафаќа ловиштето изнесува 8 350 ha од кои под ловна површина 8 110 ha, ловнопродуктивна површина 7 270, ловно непродуктивна површина 840 ha и неловна површина 240 ha. Намена на ловиштето е за одгледување, заштита и ловење на ситен дивеч. Во границите на ловиштето се среќаваат следните видови дивеч без заштита, и тоа: лисица, ласица, кунабелка, твор, јастреб кокошкар, страчка, волк и др. Што се однесува на бројноста на дивечот без заштита, не е забележана пренамноженост на некој од нив со исклучок на лисицата. Дивеч под заштита во ловиштето Соколарци се див зајак, полска еребица и еребица камењарка.

**Туристички атрактивности:** богатство од разновиден дивеч, интересни пејсажи во Кочанско Поле.

**Потенцијални типови туризам:** ловен туризам, релаксација во природа, гастрономски туризам, трекинг.

**Забелешка:** Ловиштето нема соодветни туристички објекти како добар ловечки дом или друг угостителски и сместувачки објект.

**(57) Ловиште „Џами Тепе“** се наоѓа во административно-територијалните граници на општина Берово протегајќи се со целата своја површина западно од Берово. На север по преслапот Обозна се движи по патот за Берово до Будинарска река, на исток минувајќи низ селата Русиново и Владимирово и по стариот пат за Струмица доаѓа до „Џами Тепе“ и а.т.г. со општина Василево („Палазлија“). На јужната страна од Палазлија врти кон запад и по а.т.г. со општина Василево доаѓа до Готен. Од тука продолжува по билото и се спушта на месноста Караѓузлија, Грамадиче и продолжува по патот, односно по коњски рид до преслапот на Обозна. Вкупната површина на ловиштето изнесува 22 800 ha. Тука постојат два патни правци од повисока категорија, и тоа Берово – Виница, а другиот Берово – Струмица. Ловиштето располага со многубројни колски и дотурни патишта што го чинат по пристапно речиси во најголем дел од неговите локалитети кои се од интерес за ловството. Во ловиштето се среќава срна 118 примероци и дива свиња 46 примероци. Присутни се следните видови дивеч без заштита: волк, лисица, куна белка, јазовец, твор, јастреб кокошкар и др. Бројноста на овие видови не е стабилна, но нема појава на пренамноженост.

**Забелешка:** Покрај ловиштето Џами Тепе, во општина Берово се уште и ловиштата Палазлија, Ратевска Река и Мачево. Тие се помали по површина и со помал број дивеч.

## 4.2.5. Валоризација на природните вредности

По инвентаризација на туристичките ресурси, извршена е проценка на вредностите на туристичкиот потенцијал, односно утврдување на нивната употребна и „пазарна“ вредност. Валоризацијата е заснована на методологијата на Светската туристичка организација (СТО; WTO) при Обединетите нации, со одредени модификации и дополнувања релевантни за подрачјето на ИПР. Инаку, според СТО, постојат две главни групи фактори значајни за туристичка валоризација, и тоа интерни и екстерни. Интерните фактори се однесуваат на самиот ресурс, неговите вредности, постоечки и можен степен на искористување. Овде се опфатени туристичката положба, туристичката и инфраструктурна опременост. Екстерните фактори на туристичка валоризација се однесуваат на достапноста на ресурсот во смисла на сообраќајна пристапност, специфичност, содржајност и сл. Сите параметри се претставени во табела и оценети со бројна вредност од 1 (најниска) до 3 (највисока).

- Туристичка положба означува близина на емитивни центри, близина до важни патишта и до други блиски и значајни локалитети и може да биде: лоша (1), средна (2) и добра (3).
- Туристичка опременост укажува дали во самиот локалитет или во близина има објекти за сместување, ресторани, туристички патеки, летниковци и слични содржини и може да биде: слаба (1), средна (2) и добра (3).
- Инфраструктурна опременост на самиот ресурс, локалитет или блискиот простор со струја, вода, здравствени станици и сл. и може да биде: слаба (1), средна (2) и добра (3).
- Сообраќајна поврзаност до туристичкиот ресурс во смисла на тип и квалитет на патишта(железница) и може да биде: лоша (1), средна (2) и добра (3).
- Пристапност до самиот ресурс: отвореност – ако е музеј, достапност, сигурност – ако е карпа и сл. и може да биде: лоша (1), средна (2) и добра (3).

- Специфичност во смисла на уникатност, атрактивност на ресурсот во регионални рамки која може да биде: мала (1), средна (2) и голема (3).
- Содржајност се однесува на тоа колку атрактивни елементи има ресурсот и непосредната околина и може да биде: слаба (1), средна (2) и добра (3)
- Значење се однесува на важноста (истакнатоста, препознатливоста) на ресурсот споредено со исти такви ресурси во Република Македонија и може да биде: локално (1), регионално (2) и национално (3).
- Степен на посетеност е приближна проценка за тоа колку посетители привлекува ресурсот во текот на годината и може да биде: низок (1), среден (2) и висок (3).
- Сезоналноста или временските можности за посета се во рамките на една сезона (1), две сезони (2) или цела година (3).

Збирот на вредностите за сите фактори укажува на вредноста на туристичкиот ресурс. Секако, при валоризацијата како референтна просторна целина е земен ИПР, а не одделните општини или локалности. За регионално значајни туристички ресурси се сметаат оние со збирна вредност на факторите над 20, додека локално значајни се оние со пониска збирна вредност.

Табела 4. Редоследен приказ на природните туристички ресурси во ИПР.

| Реден број | Атрактивност | тур. Положба | тур. Опрем. | инфрастр | сообрак.поврз | пристапн | специфичност | содржајност | значење | посетеност | сезоналност | Вкупно | координати | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | X | Y |
| 1 | Лесновски кратер | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 25 | 22.2324 | 42.0167 |
| 2 | Стамер | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 3 | 2 | 3 | 1 | 2 | 19 | 22.8030 | 41.9600 |
| 3 | Осоговски Планини | 3 | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 28 | 22.4773 | 42.0818 |
| 4 | Царев Врв-Руен | 3 | 1 | 1 | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 3 | 24 | 22.4552 | 42.1242 |
| 5 | Пониква | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 3 | 2 | 3 | 3 | 27 | 22.3524 | 42.0340 |
| 6 | Раткова Скала | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 3 | 3 | 2 | 1 | 2 | 17 | 22.3195 | 42.0057 |
| 7 | Плачковица | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 | 22 | 22.5561 | 41.7841 |
| 8 | Влаина | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | 2 | 15 | 22.9357 | 41.7986 |
| 9 | Вртена Скала | 1 | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 1 | 2 | 2 | 16 | 22.9341 | 41.7704 |
| 10 | Илин Камен | 3 | 2 | 2 | 3 | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 20 | 22.8184 | 41.9787 |
| 11 | Малешевски Пл. | 1 | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 21 | 22.9167 | 41.6212 |
| 12 | Огражден | 1 | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 2 | 16 | 22.8975 | 41.5406 |
| 13 | Суви Лаки | 1 | 2 | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 22 | 22.8258 | 41.5600 |
| 14 | Голак со Обозна | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 20 | 22.7227 | 41.8810 |
| 15 | Бејаз Тепе | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 1 | 2 | 1 | 1 | 2 | 14 | 22.8119 | 41.8190 |
| 16 | Кукуље –Истевник | 1 | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 23 | 22.8220 | 41.8411 |
| 17 | Манговица | 1 | 1 | 1 | 3 | 2 | 1 | 2 | 1 | 1 | 2 | 15 | 22.1205 | 41.9096 |
| 18 | Серта | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 2 | 16 | 22.2015 | 41.6060 |
| 19 | Кочанско Поле | 3 | 2 | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 | 3 | 2 | 2 | 24 | 22.3596 | 41.8793 |
| 20 | Овче Поле | 3 | 1 | 2 | 3 | 3 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 21 | 22.0937 | 41.8077 |
| 21 | Истибањска Кл. | 3 | 1 | 2 | 3 | 3 | 3 | 2 | 3 | 2 | 2 | 24 | 22.5428 | 41.9576 |
| 22 | Разловечка Кл. | 1 | 1 | 1 | 2 | 3 | 2 | 2 | 2 | 1 | 2 | 17 | 22.7639 | 41.8276 |
| 23 | Злетовска Клис. | 2 | 1 | 2 | 3 | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | 22 | 22.2554 | 42.0076 |
| 24 | Зрновска Клис. | 2 | 2 | 1 | 1 | 2 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 21 | 22.4569 | 41.8301 |
| 25 | Осојница | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 22 | 22.6416 | 41.8114 |
| 26 | Камник | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 | 17 | 22.3190 | 41.7430 |
| 27 | Меловите | 2 | 1 | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 1 | 2 | 22 | 22.8935 | 41.8086 |
| 28 | Туртелски Пешт | 1 | 2 | 1 | 2 | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | 20 | 22.4251 | 41.7947 |
| 29 | Коњска Дупка | 2 | 1 | 2 | 3 | 2 | 2 | 2 | 1 | 2 | 2 | 19 | 22.8546 | 41.9337 |
| 30 | Киселичка Пештера | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 3 | 2 | 2 | 1 | 2 | 16 | 22.7441 | 42.0299 |
| 31 | Смрдлива Вода | 1 | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | 14 | 22.9402 | 41.7717 |
| 32 | Света Вода | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | 2 | 15 | 22.8066 | 41.8690 |
| 33 | Извори Брегалница | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | 20 | 23.0200 | 41.7111 |
| 34 | Кежовица | 3 | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 3 | 2 | 3 | 27 | 22.1777 | 41.7333 |
| 35 | Кочанска Б. | 2 | 1 | 2 | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 | 1 | 3 | 21 | 22.3347 | 41.9097 |
| 36 | Истибања | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 21 | 22.5070 | 41.9270 |
| 37 | Брегалница | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | 1 | 20 | 22.4870 | 41.9170 |
| 38 | Водопади Брегалн | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | 21 | 22.9784 | 41.7314 |
| 39 | Калиманско Ез | 3 | 1 | 2 | 3 | 3 | 3 | 2 | 3 | 2 | 3 | 25 | 22.5939 | 41.9915 |
| 40 | Калата | 3 | 1 | 1 | 2 | 1 | 3 | 3 | 3 | 1 | 2 | 20 | 22.5906 | 41.9849 |
| 41 | Беровско Ез | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 26 | 22.9020 | 41.6692 |
| 42 | Гратче Ез | 2 | 3 | 2 | 3 | 2 | 2 | 2 | 1 | 2 | 3 | 22 | 22.4068 | 41.9645 |
| 43 | Пишичко Езеро | 2 | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 17 | 22.2020 | 41.8760 |
| 44 | Кундинско Ез | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 2 | 2 | 1 | 1 | 2 | 15 | 22.1558 | 42.0233 |
| 45 | Ченгино Ез | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 3 | 3 | 2 | 1 | 3 | 18 | 23.0307 | 41.7217 |
| 46 | Сандански Ез | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 2 | 1 | 2 | 2 | 3 | 21 | 22.7841 | 41.9554 |
| 47 | Јудови Ливади | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 3 | 2 | 3 | 1 | 2 | 18 | 22.9151 | 41.7665 |
| 48 | Даб во с.Бели | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 2 | 3 | 2 | 2 | 3 | 23 | 22.3713 | 41.9411 |
| 49 | Дабоски Андак | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 2 | 16 | 22.7940 | 41.6530 |
| 50 | Темниот Андак | 2 | 1 | 1 | 2 | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 19 | 22.8350 | 41.6620 |
| 51 | Мурите | 2 | 1 | 1 | 2 | 3 | 2 | 3 | 2 | 2 | 3 | 21 | 22.9630 | 41.6770 |
| 52 | Црна Топола | 2 | 1 | 1 | 2 | 3 | 2 | 2 | 2 | 1 | 2 | 18 | 22.7930 | 41.7510 |
| 53 | Ловиште Полаки | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 | 23 | 22.3338 | 42.0022 |
| 54 | Ловиште Конче | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 2 | 2 | 3 | 2 | 2 | 22 | 22.2588 | 41.5645 |
| 55 | Ловиште Голак | 3 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 20 | 22.8120 | 41.9190 |
| 56 | Ловиште Соколарци | 3 | 1 | 1 | 2 | 3 | 2 | 2 | 3 | 2 | 3 | 22 | 22.4552 | 42.1242 |
| 57 | Ловиште Џами Тепе | 2 | 2 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 19 | 22.9550 | 41.6020 |

Табела 5. Редоследен приказ на природните туристички ресурси, валоризирани според збирната вредност.

| Реден број | Атрактивност | тур. Положба | тур. Опрем. | инфрастр | сообрај.поврз | пристапн | специфичност | содржајност | значење | посетеност | сезоналност | Вкупно | координати | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | X | Y |
| 3 | Осоговски Планини | 3 | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 28 | 22.48 | 42.08 |
| 5 | Поникваа | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 3 | 2 | 3 | 3 | 27 | 22.35 | 42.03 |
| 34 | Кежовица | 3 | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 3 | 2 | 3 | 27 | 22.18 | 41.73 |
| 41 | Беровско Ез | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 26 | 22.90 | 41.67 |
| 1 | Лесновски кратер | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 25 | 22.23 | 42.02 |
| 39 | Калиманско Ез | 3 | 1 | 2 | 3 | 3 | 3 | 2 | 3 | 2 | 3 | 25 | 22.59 | 41.99 |
| 4 | Царев Врв – Руен | 3 | 1 | 1 | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 3 | 24 | 22.46 | 42.12 |
| 19 | Кочанско Поле | 3 | 2 | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 | 3 | 2 | 2 | 24 | 22.36 | 41.88 |
| 21 | Истибањска Кл. | 3 | 1 | 2 | 3 | 3 | 3 | 2 | 3 | 2 | 2 | 24 | 22.54 | 41.96 |
| 16 | Кукуље – Иственик | 1 | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 23 | 22.82 | 41.84 |
| 48 | Даб во с.Бели | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 2 | 3 | 2 | 2 | 3 | 23 | 22.37 | 41.94 |
| 53 | Ловиште Полаки | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 | 23 | 22.33 | 42.00 |
| 7 | Плачковица | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 | 22 | 22.56 | 41.78 |
| 13 | Суви Лаки | 1 | 2 | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 22 | 22.83 | 41.56 |
| 23 | Злетовска Клис. | 2 | 1 | 2 | 3 | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | 22 | 22.26 | 42.01 |
| 25 | Осојница | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 22 | 22.64 | 41.81 |
| 27 | Меловите | 2 | 1 | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 1 | 2 | 22 | 22.89 | 41.81 |
| 42 | Гратче Ез | 2 | 3 | 2 | 3 | 2 | 2 | 2 | 1 | 2 | 3 | 22 | 22.41 | 41.96 |
| 54 | Ловиште Конче | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 2 | 2 | 3 | 2 | 2 | 22 | 22.26 | 41.56 |
| 56 | Ловиште Соколарци | 3 | 1 | 1 | 2 | 3 | 2 | 2 | 3 | 2 | 3 | 22 | 22.46 | 42.12 |
| 11 | Малешевски Пл. | 1 | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 21 | 22.92 | 41.62 |
| 20 | Овче Поле | 3 | 1 | 2 | 3 | 3 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 21 | 22.09 | 41.81 |
| 24 | Зрновска Клис. | 2 | 2 | 1 | 1 | 2 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 21 | 22.46 | 41.83 |
| 35 | Кочанска Б. | 2 | 1 | 2 | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 | 1 | 3 | 21 | 22.33 | 41.91 |
| 36 | Истибања | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 21 | 22.51 | 41.93 |
| 38 | Водопади Брегалн | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | 21 | 22.98 | 41.73 |
| 46 | Сандански Ез | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 2 | 1 | 2 | 2 | 3 | 21 | 22.78 | 41.96 |
| 51 | Мурите | 2 | 1 | 1 | 2 | 3 | 2 | 3 | 2 | 2 | 3 | 21 | 22.96 | 41.68 |
| 10 | Илин Камен | 3 | 2 | 2 | 3 | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 20 | 22.82 | 41.98 |
| 14 | Голак со Обозна | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 20 | 22.72 | 41.88 |
| 28 | Туртелски Пешт | 1 | 2 | 1 | 2 | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | 20 | 22.43 | 41.79 |
| 33 | Извори Брегалница | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | 20 | 23.02 | 41.71 |
| 37 | Брегалница | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | 1 | 20 | 22.49 | 41.92 |
| 40 | Калата | 3 | 1 | 1 | 2 | 1 | 3 | 3 | 3 | 1 | 2 | 20 | 22.59 | 41.98 |
| 55 | Ловиште Голак | 3 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 20 | 22.81 | 41.92 |
| 2 | Стамер | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 3 | 2 | 3 | 1 | 2 | 19 | 22.80 | 41.96 |
| 29 | Коњска Дупка | 2 | 1 | 2 | 3 | 2 | 2 | 2 | 1 | 2 | 2 | 19 | 22.85 | 41.93 |
| 50 | Темниот Андак | 2 | 1 | 1 | 2 | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 19 | 22.84 | 41.66 |
| 45 | Ченгино Ез | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 3 | 3 | 2 | 1 | 3 | 18 | 23.03 | 41.72 |
| 47 | Јудови Ливади | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 3 | 2 | 3 | 1 | 2 | 18 | 22.92 | 41.77 |
| 52 | Црна Топола | 2 | 1 | 1 | 2 | 3 | 2 | 2 | 2 | 1 | 2 | 18 | 22.79 | 41.75 |
| 6 | Раткова Скала | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 3 | 3 | 2 | 1 | 2 | 17 | 22.32 | 42.01 |
| 22 | Разловечка Кл. | 1 | 1 | 1 | 2 | 3 | 2 | 2 | 2 | 1 | 2 | 17 | 22.76 | 41.83 |
| 26 | Камник | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 | 17 | 22.32 | 41.74 |
| 43 | Пишичко Езеро | 2 | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 17 | 22.20 | 41.88 |
| 9 | Вртена Скала | 1 | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 1 | 2 | 2 | 16 | 22.93 | 41.77 |
| 12 | Огражден | 1 | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 2 | 16 | 22.90 | 41.54 |
| 18 | Серта | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 2 | 16 | 22.20 | 41.61 |
| 30 | Киселичка Пештера | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 3 | 2 | 2 | 1 | 2 | 16 | 22.74 | 42.03 |
| 49 | Дабоски Андак | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 2 | 16 | 22.79 | 41.65 |
| 8 | Влаина | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | 2 | 15 | 22.94 | 41.80 |
| 17 | Манговица | 1 | 1 | 1 | 3 | 2 | 1 | 2 | 1 | 1 | 2 | 15 | 22.12 | 41.91 |
| 32 | Света Вода | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | 2 | 15 | 22.81 | 41.87 |
| 44 | Кундинско Ез | 1 | 1 | 1 | 1 | 3 | 2 | 2 | 1 | 1 | 2 | 15 | 22.16 | 42.02 |
| 15 | Бејаз Тепе | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 1 | 2 | 1 | 1 | 2 | 14 | 22.81 | 41.82 |
| 31 | Смрдлива Вода | 1 | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | 14 | 22.94 | 41.77 |




Слика 19. Графички приказ на природните атрактивности според вредноста добиена со процесот на валоризација (големината на кругот соодветствува со значењето на атрактивноста; бројот до кругот го означува редниот број на атрактивноста) (оригинал).

Дадениот преглед според изведената валоризација јасно покажува каква е туристичката вредност на природните ресурси – локалитети во ИПР. Сепак, треба да се има предвид дека се земени само позначајните и досега познати – проучени локалитети и појави. Исто така, вредностите за планините како целини, посебно во случајот на Осоговските Планини, треба да се земат со резерва поради огромното пространство во рамките на регионот и големиот број помали локалитети на неа бидејќи секој локалитет е случај за себе. Од друга страна, јасно е дека токму Осоговските Планини со сета своја разновидност, пространост, височина, јужнаприсојна експонираност имаат огромен, но неискористен туристички потенцијал (освен делумно во делот на Пониква). Покрај наведените, одредена привлечна вредност имаат бројните ненаведени извори, мали езерца, клисури и сл. Истите може да добијат и поголемо туристичко значење доколку се изградат соодветни патишта или се постави неопходната инфраструктура. Така, само доколку се изгради асфалтен пат од с. Разловци кон с. Митрашинци т.е. кон Берово, Разловечката Клисура, Бејаз Тепе и Обозна ќе добијат многу поголема туристичка вредност. Во таа смисла, може да бидат и идните истражувања на геодиверзитетот, биодиверзитетот, хидролошките појави и др., кои може да донесат нови и интересни атрактивности.

Воедно, треба да се напомене дека валоризацијата не ги зема предвид идните потреби, очекувани и неочекувани барања на туристите кои имаат променливост и динамичност. Сепак, се очекува современите застапени трендови во туризмот (селски, трекинг, еко) да се одржат за периодот за кој се изготвува студијата, односно да бидат меродавни за ИПР.

## 4.3. Демографски и социоекономски фактори

Регионот од аспект на демографија има слични демографските трендови како и целата Република Македонија. Во последните 5 години евидентирана е депопулација и намалување на бројот на населението.

Табела 6. Вкупно население во Република Македонија и во ИПР по години.

| Население по години | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|
| Република Македонија | 2.052.722 | 2.057.284 | 2.059.794 | 2.062.294 | 2.065.769 |
| Источен плански регион | 179.846 | 179.695 | 179.080 | 178.551 | 177.988 |

Табела 7.Индексот на бројот на население во 2013 година.

| Индекс на населението | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|
| Република Македонија | 100 | 100.22 | 100.34 | 100.47 | 100.64 |
| Источен плански регион | 100 | 99.92 | 99.57 | 99.28 | 98.97 |

Учеството на населението од Источниот плански регион во вкупното население на Република Македонија во последните 5 година се намалува. Учеството на Источниот регион во вкупниот број на жители во Република Македонија е прикажано во следната табела.

Табела 8. Учество на регионот во вкупното население на државата.

| Учество | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|
| Република Македонија | 100 | 100 | 100 | 100 | 100 |
| Источен плански регион | 8.76% | 8.73% | 8.69% | 8.66% | 8.62% |

Густината на населението во Источниот плански регион изнесува **50,4 жители** на квадратен километар. Согласно густината на населението, регионот има услови за развој на сите сфери на живеењето, односно густината на населеност дава можност за нормално опстојување на поголем број жители. Меѓутоа, загрижувачко е што ИПР има висока стапка на **морталитет** (помеѓу 10,1 и 10,8 промили). Највисока вредност на стапката на морталитет, која изнесува преку 10 промили, е забележена во општините Зрновци, Карбинци, Берово, Пехчево и Чешиново – Облешево што е последица на старосната структура.

Од друга страна, **наталитетот** е понизок од просекот во Република Македонија. Варијацијата на општинската стапка на раѓање е значително нагласена. Највисока стапка од 16,1 промили (2012 година) се забележува во општина Карбинци, а најмала во општина Пехчево 5,1 промили. Во Источниот плански регион стапката на фертилитет е под ниво што е неопходно за просто обновување на населението. Слична состојба во регионот е присутна преку две децении. Во последните години, тоталната стапка на фертилитет (просечен број на живородени деца кои би ги родила една просечна жена во својот фертилен период) опаѓа од 1,43 во 2002 година на 1,30 во 2012 година. Тенденција на **негативен природен прираст,** која започна во 2005 година, сè уште трае, а ќе продолжи и во наредниот период. Така, во целата

2013 година имало само 1540 новороденчиња, што дава стапка на наталитет од 8.6 промили. Во истиот период бројот на умрени лица бил 1.851, што дава негативен природен прираст од -311 лица или стапката на природен прираст од -1.74 промили.

Претходното упатува на заклучокот дека Источниот плански регион е со неповолни демографски карактеристики, за што говори и **проекцијата до 2030 година** (Јаќимовски и др., 2015), претставена во долниот графикон. Според нашите сознанија и анализи, со оглед на засиленото темпо на емиграција, најверојатна е варијанта 1, според која во 2024 година бројот на население ќе изнесува само 154 639 жители. Сепак, со засилување на напорите за поголем економски развој, преку разни мерки и начини, вклучувајќи го и туризмот, можно е да се достигне пооптимистичката варијанта 2, според која во 2024 година, вкупниот број на население во ИПР би изнесувал 164 514 жители (Јаќимовски и др., 2015).




Слика 20. Графикон на проекција на населението во ИПР до 2030 година според 3 варијанти (Извор: Јаќимовски и др., 2015).

Регионот е соочен и со интензивни процеси на **миграција,** и тоа во рамките на самиот регион, државата и кон странство. Последиците од миграциите се значајни бидејќи истите предизвикуваат празнење на помалите населени места и зголемување на концентрацијата на населението во поголемите градски центри. Иако и денес присутни, најзначајните реперкусии во Источниот плански регион предизвикани од нив се почувствуваа во текот на шеесеттите и седумдесеттите години од минатиот век, со лоцирањето и изградбата на текстилната индустрија токму во градовите во овој регион. Преку мигрирањето на селското население во градовите, кое било и најрепродуктивно, учеството на градското население во вкупното население во Источниот плански регион се зголемило од 26.7% во 1953 година на 66.3% во 2002 година. Во истиот период, урбаното население бележи брз пораст. Процесот на урбанизација претставува еден од најзначајните фактори на просторната редистрибуција на населението во Источниот плански регион. Тоа резултира со константен прилив на населението во градските населби (почнувајќи од седумдесеттите години во минатиот век), кој се одразува и на секундарниот демографски биланс. Додека населението во градските населби е во постојан пораст, во руралните е во опаѓање. Причината за порастот на урбаното и опаѓањето на руралното население не е само во миграциите туку и во процесот на стареење, што како краен ефект има пад на природниот прираст во селските средини. Токму затоа, во наведениот период 16 села биле раселени, а неколку десетици села се наоѓаат пред иселување бидејќи во нив живеат само по неколку, обично стари лица. Се разбира, кога се во прашање селата кои немаат услови за економски опстанок, не би требало да се жали за нивно исчезнување. Меѓутоа, од селата кои се наоѓаат пред раселување и изумирање има и такви кои со извесна

помош од државата и локалната самоуправа, не само што имаат услови за опстанок туку имаат услови и за економски развој (Јаќимовски и др., 2014).

Податоците за миграционите движења покажуваат постојана тенденција кон намалување на населението што живее во селските населби, а зголемување на она во градските. Ова е најизразено кај работоспособното население, а според анкетите 62.6% од испитаниците кои се работоспособни живеат во градските населби, додека 37.4% во селските населби (Јаќимовски и др., 2015).

Во следната табела е прикажан бројот на населението во општините во Источниот плански регион според извршената проценка на населението на 31.12.2013 година според пол (територијална поделба од 2004 година):

Табела 9. Проценка на половата структура на населението во ИПР по општини.

| Општини во ИПР | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| **Р Македонија** | 2.065.769 | 1.034.841 | 1.030.928 |
| **Берово** | 13.094 | 6.620 | 6.474 |
| **Виница** | 19.486 | 9.958 | 9.528 |
| **Делчево** | 16.515 | 8.394 | 8.121 |
| **Зрновци** | 3.093 | 1.604 | 1.489 |
| **Карбинци** | 4.034 | 2.056 | 1.978 |
| **Кочани** | 37.950 | 18.995 | 18.955 |
| **Македонска Каменица** | 7.690 | 4.016 | 3.674 |
| **Пехчево** | 5.034 | 2.556 | 2.478 |
| **Пробиштип** | 15.406 | 7.853 | 7.553 |
| **Чешиново – Облешево** | 7.084 | 3.670 | 3.414 |
| **Штип** | 48.602 | 24.274 | 24.328 |
| **Вкупно во ИПР** | **177.988** | **89.996** | **87.992** |

*Извор: Публикација – Процени на населението на 30.06.2013 и 31.12.2013 споредполот и возраста, по општини и по статистички региони, Државен завод за статистика на Р.Македонија, јули 2014, Скопје*




Слика 21. Проекција на старосната пирамида за ИПР, според Јаќимовски и др., 2015.

Бројот на население по пол и петгодишна возраст е изразен во табела 10. Од наведените податоци може да се види дека во Источниот плански регион најбројно е населението од младата популација и работноспособното население, односно најбројно е населението од 15 – 64 годишна возраст.Сепак, во минатите неколку децении се забележува намалување на застапеност на населението во помладите старосни групи, а зголемување на населението во постарите старосни групи особено постаро од 45 години. Промените во староста на населението покажуваат дека процесот на длабоката демографска старост е многу раширен.

Во однос на образованието, податоците покажуваат постојано намалување на процентот на лица без образование, како и на оние кои имаат незавршено основно и основно училиште, а се зголемува процентот на оние што имаат завршено средно и високо образование. Овој тренд се забележува и на ниво на секоја поединечна општина и на ниво на целиот регион. Стапката на писменост на населението е релативно висока (96.1%).

Табела 10. Старосна и полова структура на Источен плански регион (НТЕС 3-2007 година), 31.12.2013

| Возраст | Вкупно | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **177.988** | **89.996** | **87.992** |
| **0** | 1.528 | 804 | 724 |
| **1 – 4** | 6.743 | 3.473 | 3.270 |
| **5 – 9** | 8.275 | 4.287 | 3.988 |
| **10 – 14** | 9.339 | 4.733 | 4.606 |
| **15 - 19** | 10.365 | 5.320 | 5.045 |
| **20 – 24** | 12.572 | 6.332 | 6.240 |
| **25 – 29** | 13.647 | 7.158 | 6.489 |
| **30 – 34** | 13.617 | 7.080 | 6.537 |
| **35 – 39** | 12.814 | 6.771 | 6.043 |
| **40 –44** | 12.268 | 6.384 | 5.884 |
| **45 – 49** | 13.114 | 6.848 | 6.266 |
| **50 – 54** | 13.710 | 7.008 | 6.702 |
| **55 – 59** | 13.537 | 6.984 | 6.553 |
| **60 – 64** | 11.898 | 5.943 | 5.955 |
| **65 – 69** | 8.923 | 4.210 | 4.713 |
| **70 – 74** | 6.617 | 2.911 | 3.706 |
| **75 – 79** | 5.121 | 2.208 | 2.913 |
| **80 – 84** | 2.821 | 1.127 | 1.694 |
| **85+** | 1.073 | 412 | 661 |
| **Непозната возраст** | 6 | 3 | 3 |

*Извор: Публикација – Процени на населението на 30.06.2013 и 31.12.2013 споредполот и возраста, по општини и по статистички региони, Државен завод за статистика на Р.Македонија, јули 2014, Скопје*

Според изјаснувањето за националната припадност во Источниот плански регион според податоците од последниот попис на населението во Македонија во 2002 година состојбата е следна:

Табела 11. Национална структура на населението во ИПР.

| Општини во ИПР | Вкупно | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Останато |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно во РМ** | **2.022.547** | **1.297.981** | **509.083** | **77.959** | **53.879** | **9.695** | **35.939** | **17.018** | **20.993** |
| **Берово** | 13.941 | 13.335 | / | 91 | 459 | 6 | 20 | 3 | 27 |
| **Виница** | 19.938 | 18.261 | / | 27 | 1.230 | 121 | 32 | / | 22 |
| **Делчево** | 17.505 | 16.637 | 7 | 122 | 651 | 4 | 35 | / | 49 |
| **Зрновци** | 3.264 | 3.247 | / | / | / | 13 | 2 | / | 2 |
| **Карбинци** | 4.012 | 3.200 | / | 728 | 2 | 54 | 12 | / | 16 |
| **Кочани** | 38.092 | 35.472 | 1 | 315 | 1.951 | 194 | 675 | 2 | 90 |
| **Македонска Каменица** | 8.110 | 8.055 | / | / | 14 | / | 24 | 8 | 9 |
| **Пехчево** | 5.517 | 4.737 | / | 357 | 390 | 2 | 12 | / | 19 |
| **Пробиштип** | 16.193 | 15.977 | / | 6 | 37 | 37 | 89 | 1 | 46 |
| **Чешиново – Облешево** | 7.490 | 7.455 | / | / | / | 30 | 4 | / | 1 |
| **Штип** | 47.796 | 41.670 | 12 | 1.272 | 2.195 | 2.074 | 297 | 11 | 265 |
| **Вкупно во ИПР** | **181.912** | **168.046** | **20** | **2.918** | **6.929** | **2.535** | **594** | **25** | **546** |

*Извор:Публикација - Попис на населението, домаќинствата и становите во Р Македонија-2002, Државен завод за статистика на Р Македонија, мај 2005,Скопје*

Според наведените податоци, најбројно е населението од македонска припадност со 92,37% од вкупното население во Источниот плански регион, 3,80% е од ромската национална припадност, 1,60% е население од турската национална припадност и 0,32% од населението е од српска национална припадност.

Табела 12. Бројна состојба на населението во ИПР според писменост.

| **Општини во ИПР** | **Вкупно** | | **Мажи** | | **Жени** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **писмени** | **неписмени** | **писмени** | **неписмени** | **писмени** | **неписмени** |
| **ВК.во РМ** | **1.693.044** | **63.562** | **863.289** | **14.993** | **829.755** | **48.569** |
| **Берово** | 12.306 | 147 | 6.209 | 44 | 6.097 | 103 |
| **Виница** | 16.644 | 840 | 8.729 | 211 | 7.915 | 629 |
| **Делчево** | 15.173 | 483 | 7.900 | 103 | 7.273 | 380 |
| **Зрновци** | 2.728 | 155 | 1.467 | 29 | 1.261 | 126 |
| **Карбинци** | 2.993 | 472 | 1.619 | 152 | 1.374 | 320 |
| **Кочани** | 32.143 | 1.468 | 16.465 | 434 | 15.678 | 1.034 |
| **Македонска Каменица** | 6.766 | 356 | 3.674 | 90 | 3.092 | 266 |
| **Пехчево** | 4.830 | 90 | 2.465 | 18 | 2.365 | 72 |
| **Пробиштип** | 13.971 | 609 | 7.322 | 113 | 6.649 | 496 |
| **Чешиново – Облешево** | 6.321 | 406 | 3.405 | 79 | 2.916 | 327 |
| **Штип** | 41.362 | 1.331 | 20.943 | 385 | 20.419 | 946 |

*Извор:Публикација - Попис на населението, домаќинствата и становите во Р.Македонија-2002, Државен завод за статистика на Р Македонија, мај 2005,Скопје*

Источниот плански регион е економски релативно добро развиен гледано во однос со другите плански региони со исклучок на Скопскиот плански регион. Неговото учество во Бруто домашниот производ на Република Македонија е на ниво на 8.1%, што е помалку од учеството на регионот во вкупната територија (околу 14%) и е на ниво на учеството на населението од регионот во вкупниот број население за државата.

Табела 13. БДП на Источниот плански регион, 2009 – 2011 година.

| | 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **Република Македонија** | | | |
| Бруто домашен производ (мил. денари) | 410.734 | 434.112 | 459.789 |
| Учество | 100.0% | 100.0% | 100.0% |
| **Источен регион** | | | |
| Бруто домашен производ (мил. денари) | 30.683 | 37.171 | 37.092 |
| Учество | 7.5% | 8.6% | 8.1% |

*Извор: Државен завод за статистика на Р.Македонија*

Мерено по жител, Источниот плански регион во 2012 година имал бруто домашен производ по жител од 204.748 денари.

Табела 14. БДП по жител за 2009 - 2012 година.

| БДП по жител (денари) | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|
| Република Македонија | 200.293 | 211.246 | 223.357 | 222.519 |
| Источен плански регион | 170.486 | 206.770 | 206.773 | 204.748 |

*Извор: Државен завод за статистика на Р.Македонија*

Всушност за целиот претходен период карактеристичен е забрзан тренд на економската активност во регионот и постепеното приближување на бруто домашниот производ во регионот до просекот на Република Македонија, што е поволен резултат и укажува на ревитализација и модернизација на стопанството.

Табела 15. Соодносот на БДП во Источниот плански регион, во однос на Република Македонија.

| БДП по жител (денари) | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|---|
| Република Македонија | 100.00% | 100.00% | 100.00% | 100.00% |
| Источен плански регион | 85.12% | 97.88% | 92.58% | 92.01% |

*Извор: Државен завод за статистика на Р Македонија*

Бруто додадената вредност во Источниот регион во 2012 година изнесувал 395,335 милиони денари.

Табела 16. Бруто додадената вредност во Источниот регион.

| Бруто додадена вредност (милиони ден) | 2010 | 2011 | 2012 |
|---|---|---|---|
| Република Македонија | 381,148 | 402,392 | 395,335 |
| Источен регион | 32,363 | 32,462 | 31,560 |
| Учество на регионот | 8.49% | 8.07% | 7.98% |
| Индекс (2010=100) | 100 | 100.31 | 9.75 |

*Извор: Државен завод за статистика на Р Македонија*

Структурата на бруто додадената вредност според дејности е прикажана на следната табела. Во однос на структурата на бруто додадената вредност според дејности учеството на земјоделието е на ниво на државата, а учеството на индустријата е речиси двојно поголемо од просекот на државата.

Табела 17. Структура на БДП по дејности во Источниот плански регион.

| Бруто додадена вредност | Република Македонија | Источен плански регион |
|---|---|---|
| **Вкупно** | **395,335** | **31,560** |
| Земјоделство | 40,705 | 3,663 |
| | 10.30% | 11.61% |
| Индустрија | 70,198 | 9,675 |
| | 17.76% | 30.66% |
| Градежништво | 31,166 | 2,999 |
| | 7.88% | 9.50% |
| Трговија | 85,261 | 4,297 |
| | 21.57% | 13.62% |
| Останати дејности | 168,005 | 10,926 |
| | 42.50% | 34.62% |

*Извор: Државен завод за статистика на Р Македонија*

Источниот плански регион во 2013 година имал 5.796 активни деловни субјекти. Еве како се движела динамиката на бројот на активни претпријатија во претходниот период, по години:

Табела 18. Активни деловни субјекти во ИПР.

| Активни деловни субјекти | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|
| Република Македонија | 70.710 | 75.497 | 73.118 | 74.424 | 71.290 |
| Источен плански регион | 5.788 | 6.069 | 5.845 | 5.913 | 5.796 |

*Извор: Државен завод за статистика на РМакедонија*

Иако бројот на деловни субјекти не мора да биде добар показател за нивото на активност, сепак, индикативно е дека најголем број претпријатија регионот имал во 2010 и дека бројот варира..

Гледано според големината на деловните субјекти излегува дека најголем дел од нив (84%) се практично микро претпријатија со ниска акумулациона сила и формирани главно со мисија да обезбедат економска егзистенција на основачот и малкуте вработени во нив, а не и за посериозни и по волумен големи деловни потфати. Целиот регион имал само 175 фирми од средна големина и 18 големи претпријатија. Оттаму, односот мали и средни – вкупни претпријатија е 97% наспроти 3%. Табела 19.Претпријатија во ИПР според број на вработени.

| Број на вработени | Број на претпријатија |
|---|---|
| 0 | 254 |
| 1 – 9 | 4,894 |
| 10 – 19 | 281 |
| 20 – 49 | 174 |
| **Вкупно мали** | **5,603** |

| | |
|---|---|
| 50 – 249 | 175 |
| **Вкупно средни** | **175** |
| 250 + | 18 |
| **Вкупно големи** | **18** |
| **Вкупно** | **5,796** |

*Извор: Државен завод за статистика на Р Македонија*

Како најзначајни сектори на стопанската активност се земјоделието и индустријата (прехранбена, месна индустрија и метална индустрија, текстил и чевли). И обемот на инвестиции во основни средства во регионот не е поголем од релативната големина на регионот, а посебно треба да загрижува дека регионот не успева да држи чекор со другите региони кои многу повеќе вложуваат во фиксни фондови.

Податоците за стапката на активното население, вработеноста и невработеноста се поповолни од националниот просек, но регионот и покрај овие резултати не успева да држи чекор со поразвиените региони. Ова, веројатно, се должи на тоа дека стопанската активност во Источниот плански регион е со помала новододадена вредност и повеќе е трудоинтензивна, од на пример, онаа во развиениот Скопски регион.

Табела 20. Структура на населението во ИПР по активност и вработеност.

| Работноспособно население | Република Македонија | Источен плански регион |
|---|---|---|
| Активно население | 1.672.460 | 150.184 |
| Стапка на активност | 57.2 | 61.0 |
| Стапка на вработеност | 40.6 | 49.1 |
| Стапка на невработеност | 29.0 | 19.5 |

*Извор: Државен завод за статистика на Р Македонија*

Структурата на невработените во регионот, споредено со просекот на државата и вкупно и според полот и местото на живеење укажува дека невработеноста и во урбаниот и во руралниот дел на регионот е под просекот на државата, посебно кај жените што се должи на големото учество на текстилот во структурата на индустријата.

Табела 21. Структура на невработени во ИПР.

| Структура на невработени по пол и место на живеење | Република Македонија | Источен |
|---|---|---|
| **Вкупно** | **29.0** | **19.5** |
| Мажи | 29.0 | 22.0 |
| Жени | 29.0 | 16.6 |
| **Урбан дел** | **30.6** | **22.4** |
| Мажи | 30.8 | 26.3 |
| Жени | 30.4 | 17.9 |
| **Рурален дел** | **26.7** | **14.0** |
| Мажи | 26.7 | 14.1 |
| Жени | 26.6 | 13.8 |

*Извор: Државен завод за статистика на Р Македонија*

Според анкетата извршена од Јаќимовски и др. (2015), стапката на вработеност е највисока кај анкетираните со високо образование и анкетираните со завршено средно

образование. Анкетата покажа голем структурен демографски проблем – висока стапка на невработеност од 33%. Особено загрижувачка е високата стапка на невработеност кај анкетираните домаќинства во Карбинци, Виница, Берово и Кочани. Од друга страна, пак, анкетата покажа пониска стапка на невработеност во општините Зрновци, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Чешиново – Облешево и Штип. Недоволните приходи (43.7%) и непостоењето услови за вработување (38.1%) најмногу го погодува домаќинството во Источно планскиот регион. Недоволните приходи најмногу го погодува домаќинството во општините: Пехчево (63.2%), Карбинци (61.5%) и Делчево (60.2%). Домаќинствата во општина Берово (51.1%) и Виница (45.6%) сметаат дека најголем проблем претставува непостоењето на условите за вработување.

Само 17% од вкупниот број на анкетираните домаќинства се изјасниле дека финансиската положба во однос на 1990 година им се подобрила. Натпросечно изјаснување дека финансиската положба се влошила се забележува во општините Берово (60,2%), Делчево (55,9%) и Пехчево (52,6%). За 85.9% од испитаниците економската и социјалната положба влијае врз одлуката на младите за стапување во брак.

Доколку имаат можност да бираат место на живеење, 42.7% би избрале живот надвор од Македонија, додека 42.4% би останале во сегашното место на живеење. Од учениците и студентите, 60.7% би избрале живот надвор од Македонија, додека 62.5% од испитаниците со степен "доктор на науки" и "магистер на науки" би живееле надвор од државата. За разлика од нив, само 36.8% од испитаниците без образование и 37.0% со незавршено основно образование би заминале надвор од државата.

## 4.4. НАСЕЛБИТЕ ВО ИПР И НИВНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ

### 4.4.1. Видови селски населби и нивните функции во туризмот

Во Источниот плански регион има вкупно 217 населби. Поради миграцијата од селата кон градовите, посебно во 60-тите и 70-тите години на минатиот век, во многу населени места бројот на населението е намален. Тоа, пак, придонесе бројот на селата каде што живеат до 99 жители од 1953 до 2002 година да се зголеми за 4.9 пати. Поради стихијната миграција, извесен број селски населби кои егзистираа во 1960-тите години се сосема иселени. Според проценките до 2015 година, се раселени над 20 населби, а според пописот од 2002 година, дури 16, и тоа во општините Штип (9), Карбинци (4) и Кочани (3). Посебен проблем претставуваат селата со помалку од 50 жители, а такви во регионот има 60 или 27.6% од вкупниот број села во Источниот плански регион. Од оваа подгрупа (до 50 жители) може да се очекува некои села, а особено оние до 10 жители, во блиска иднина сосема да се иселат. Такви села се 23 на број, и тоа 10 во општина Штип, 7 во општина Карбинци и по 3 во општина Кочани и Пробиштип (состојба 2002 година). Најсилни емиграциони јадра претставуваат селските населби во штипската и карбинската општина, кои се зафатени уште при иселувањето на Турците. Во изминатите години особено се изразени промените во структурата на населението по местото на живеење. Тие се нагласени во полза на зголемување на градското население. Додека во 1953 година населението во градот изнесува 26.73% или 36 975 лица од вкупниот број на населението во регионот и во селските средини 101 350 или 73.23%, во 2002 година овој сооднос значително се променил кога две третини од населението живее во град (66.29%), а една третина во селските средини (33.71%). Учеството на градското во вкупното население на ниво на општина се движи од 50.22% во Берово до 91.32% во Штип. Со повисоки вредности на овој показател се издвојува и општина Кочани (74.37%). Во меѓупописниот период 1953 – 2002 година, градското население бележи забележителен пораст во општините со рударска дејност, Македонска Каменица и Пробиштип. Просторно-демографската поларизација се одрази и врз

промени во редистрибуцијата на населението во градските населени места според големината. Во 2002 година во Источниот регион има 6 мали градови (од 3 000 до 12 000 жители) и 2 средни (20 000 до 50 000 жители). Од аспект на просторната разместеност на градското население, интересна е неговата концентрација во градовите според нивната големина. Така, учеството на населението од малите градови во вкупното градско население изнесува 40.29%, додека во средните градови (Штип и Кочани) – 59.71%. Согласно територијалната организација од 2004 година, Источниот плански регион има три рурални општини (Зрновци, Карбинци и Чешиново – Облешево) со вкупно 14 293 жители или 7.99% од вкупното население во регионот (Јаќимовски и др., 2014).

Од гледиште на туристичката понуда селските населби можеме да ги поделиме на:

- Самостојни туристички села со комплетна туристичка понуда (сместување, исхрана, рекреација, културни содржини и сл.);
- туристички села со парцијална туристичка понуда придружена со други сегменти на туристичка побарувачка (села во близина на езера, бањи, планински центри и сл.);
- села со манифестациска туристичка културна понуда(панаѓури, саеми, фестивали, селски слави, ликовни колонии и сл.);
- транзитни туристички села (села покрај сообраќајници);
- излетнички туристички села (села во близина на градските центри);
- села кои можат да се занимаваат со давање разни услуги (лов, риболов, спорт, верски содржини, училиште во природа и сл.).

Селските населби, покрај својата основна резиденцијална функција, сè повеќе добиваат и рекреативна-туристичка функција.Под рекреативна туристичка функција се подразбира привремен престој на градското население во рурален простор кој се наоѓа во близина на градот. Туристичката функција претставува привремен престој во руралниот простор од страна на посетители кои доаѓаат од оддалечени места (Чомиќ 2001).

Во Република Македонија, која по своите географски и демографски карактеристики е главно рурална, примената на интегрален приод кон поимот рурален туризам овозможува развој на регионален пристап и промоција на хот-спот дестинации за рурален туризам.

Република Македонија располага со богат фонд автентични, културни, природни и традиционални ресурси и производи кои согласно глобалниот тренд во последните децении во руралниот туризам нудат сериозни можности за развој на оваа гранка. Истовремено уникатноста на приодот кон традиционалните производи кај населението е добра основа за креирање специфичен и унифициран модел и концепт за развој на руралниот туризам во Македонија.

Националната стратегија за земјоделство и рурален развој за периодот 2009 – 2013 год. ги апострофира туризмот и земјоделието како приоритетни сектори за развој на земјата и врши анализа на состојбите и на низа одговорности на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Национална стратегија за рурален туризам 2012 – 2017 ги дефинира приоритетните цели за развој на руралниот туризам, а програмата ИПАРД преку мерката 302 овозможува пристап до финансиски средства за развој на руралниот туризам.

## 4.4.2. Занаетчиство

Занает претставува рачна изработка на предмети преку конкретна вештина. Со појавата на индустриското производство, а посебно со многу евтината стока од Турција и Кина, занаетите речиси се замрени.Се наоѓаме во ера кога индустрискиот подем на масовното производство полека прави простор и отстапува местото на занаетчиството. Прастарите занаети се враќаат со целата убавина на својата индивидуалност, уникатност. Рачните изработки, оригиналните

производи допрени со човечка рака сè повеќе се ценат бидејќи ја носат спецификата на додадена вредност во производството.

Занаетчиството е добро препознаено во светските трендови и политики. Во него се инвестира многу и се откриваат можностите што ги нуди како работодавач, регулатор на невработеноста, како опција за мал семеен бизнис и егзистенција. Занаетчиството нуди економски потенцијал, каде занаетчијата е двигател на сопствената надградба и создавач на економска основа за идните генерации занаетчии. Поставеноста на занаетчиството денеска и можностите кои неговиот развој ги нуди, ја поттикна потребата од сеопфатен и организиран приод за натамошен развој со цел да се одговори на потребите на занаетчиите. Во насока на Европската стратегија 2020, која се однесува на развојот на економијата во Европската унија за следниот период, Европската стратегија за вработување, Стратегијата на занаетчиската Комора на Република Македонија се стреми кон зголемување на вработувањето, кон структуирана едукација на постоечките и потенцијални вршители на занаетчиска дејност, кон обезбедување нови можности пред сè за младите луѓе.

Според собраните податоци, занаетчиството е многу малку застапено и со него се занимаваат претежно возрасни лица. Организирана продажба и изложување може единствено да се најде при одржување на одредени манифестации. Не постојат организирани продажни места ниту едукација на локалното население за придобивките и можностите од занаетчиството. Во неколку општини постојат здруженија што работат на ова поле, но е неопходна институционална поддршка, едукација и вмрежување. Врз основа на извршените анкети и обработените прашалници во сите 11 општини од Источен плански регион, добиени се следните резултати:

**1. Општина Штип**

Занаети:

- копаничарство
- ковачки занает
- везење, плетење
- производство на вино и ракија на традиционален начин

Постои здружение на занаетчии активно на Источниот плански регион со постојна канцеларија и извршен секретар во општинската зграда, претседател Крстев Венцо 077/761413.

**2. Општина Пробиштип**

- воденичарство
- копаничарство
- грнчарство

Не постои посебно општинско здружение на занаетчии



Слика 20. Стара воденица по течението на Злетовска Река (извор: Општина Пробиштип).

**3. Општина Кочани**

- Воденица на Кочанска Река во месноста Балчалук, на патот кон брана Гратче, како и воденица на Оризарска Река во село Оризари ,
- Валавници кај село Костин Дол и село Речани, на Бела Река, која е составен дел на Оризарска Река,
- Ковачи
- Изработувачи на каци и бочви
- Изработување јажиња и самари
- Ткаење на разбој во село Оризари и во приватни куќи
- Везење и плетење
- Производство на вино и ракија во казани на традиционален начин
- Бербери
- Лимари
- Саатчија
- Златар
- Чевлари
- Шивачи

Не постои посебно општинско здружение на занаетчии

**4. Општина Пехчево**

- ткаење на разбој
- везење, плетење
- лимарство
- Производство на вино и ракија во казани на традиционален начин

Не постои посебно општинско здружение на занаетчии

**5. Општина Виница**

- ковачки занает Блатец , Липец, Истибања
- копаничарство Блатец
- изработување јажиња, седла и сл.
- Ткаење на разбој ( ткаени килимчиња од волна, ткаени памучни килимчиња)
- производи од филц (сувенири и производи за продажба): капи, шалови, влечки, куклички, столараци и др.
- плетење волнении памучни производи
- плетење колани, белезгии, ќостеци и танци од монистра
- везење на разни техники

Ткајачка работилница во с. Истибања ТП Стоименова Олга регистрирана во ЦРМ и активно работи од 2004 – 2014 за дизајн, производство и маркетинг на автентични македонски ракотоворби, од која работилница и егзистира.

**6. Општина Берово**

- копаничарство
- папукчиство
- иконографија
- фрескопис
- кујунџиство
- ткаење и предење
- изработки од филц
- плетење и везење

Во општината постојат две активни здруженија, "Серафим"– Берово и "Ракотворби" с. Русиново.

**7. Општина Делчево**

- изработка на текстил,
- вез, плетење,
- сувенири од рециклиран материјал, бижутерија, волнени производи (брошеви, чанти, колани), слики од суви и пресирани цвеќиња, часовници,
- икони на стакло, мермер и дрво,
- резба и пирографија.

Неколку локални НВО се занимаваат со занаетчиство

**8. Општина Зрновци**

- Налбатство (потковување коњи)
- Производство на вино и ракија во казани на традиционален начин

Не постои посебно општинско здружение на занаетчии

**9. Општина Карбинци**

- воденичарство
- ткаење на разбој
- везење, плетење

Не постои посебно општинско здружение на занаетчии

**10. Општина Македонска Каменица**

- изработка на бочви,
- ткаење на разбој,
- везење, плетење,
- производство на ракија на традиционален начин

Не постои посебно општинско здружение на занаетчии

**11. Општина Чешиново – Облешево**

- копаничарство
- производство на вино и ракија на традиционален начин

Не постои посебно општинско здружение на занаетчии

**Листа на занаети:**

**Градежништво**
Бичкаџиски, бунарџиски, варџиски, дрводелски (столарски/дограмаџиски), зографски, ѕидарски, каменорежачки, керамитчиски, керестеџиски, копаничарски, молерски, туларски.

**Исхрана**
Брашнарски, воденичарски, лебарски/фурнаџиски, леблебиџиски занает, месарски/касапски млекарски занает, решетарски/ситарски, симитџиски и бурекџиски, слаткарски, шарлаганџиски.

**Облека и накит**
Абаџиски, волновлачарски, вретенарски, гајтанџиски и свиларски, гребенарски, дрндарски/алаџиски, златарски, кондураџиски, кујунџиски, наланџиски, опинчарски, папучарски, платнарски (чојаџиски/шајачки), предачки, срмаџиски, ткајачки.

**Покуќнина**
Бочварски/качарски, брдарски, валавичарски, гребенарски, грнчарски, јажарски, јорганџиски казанџиски, калајџиски, клобучарски/шапкарски, ковачки, кожарски/табачки, кожуварско-ќурчкиски, леарски/дукмеџиски, лимарски/тенекеџиски, мутафчиски, ножарски, пагурџиски рогозарски, седларски, ткајачки, четкарски, шивачки/терзиски

**Превоз**
Арабаџиски, кираџиски, коларски, пајтонџиски, самарџиски

**Трговски**
Бесчиски, ипекчиски, јагленарски, кафтанџиски, џамбаски

**Други**
Барутчиски, берберски, железарски/демирџиски, ѕвончарски, кантарџиски, клинчарски, кошничарски/крошнарски, метларски, налбатски, оружарски (туфекчиски), печатарски, пушкарски, сапунџиски/мумџиски, сарачки, свеќарски, точкарски, фотографски, саатчиски, чешларски
Оваа листа не е конечна.
*** Извадок од Стратегијата за развој на занаетчиството на РМ 2012 – 2016

## 4.5. Културно-историско и археолошко наследство

### 4.5.1. Археолошки локалитети

Според Археолошката карта на Република Македонија, Источниот плански регион изобилува со локалитети, односно забележани се приближно 600 археолошки локалитети. Групирањето на овие локалитети е направено според старата територијална распределба на општините, но, сепак, може да се каже дека истите се групирани во зависност од нивната близина до

поголемите градови. Така во близина на Штип има 135 археолошки локалитети, во близина на Кочани 111, Пробиштип 42, Берово 94, Виница 97 и Делчево 112.

Во Штип – Аргулица 2, Балталија 1, Батања 1, Брест 4, Врсаково 1, Голем Габер 2, Горачино 2, Горни Балван 4, Горни Козјак 2, Горно Трогерци 2, Доброшани 1, Долани 8, Долни Балван 3, Долни Козјак 5, Долно Трогерци 1, Драгоево 3, Калаузлија 1, Карбинци 1, Криви Дол 4, Крупиште 4, Лесковица 7, Ново село 3, Ново село – Штип 5, Пенуш 1, Пиперово 3, Пошивало 5, Пухче 5, Радање 1, Руљак 4, Сарчиево 1, Селче 2, Скандалци 1, Софилари 2, Стар Караорман 6, Степанци 1, Суво Грло 3, Судиќ 3, Таринци 3, Топлик 1, Три Чешми 1, Хаџи Хамзали 1, Црвулево 4, Црешка 4, Чардаклија 2, Шашаварлија 1, Шопур 6, 10,

Во Кочани – Бања 5, Безиково 3, Бели 4, Бурличево 6, Видовиште 4, Вранинци 4, Врбица 1, Главовица 1, Горно гратче 1,Доло гратче 2, Жиганци 2, Зрновци 2, Јастребник 2, Кочани 14, Кучучино 2, Лепопелци 1, Лешки 2, Мородвис 3, Небојани 1, Нивичани 5, Новоселани 1, Оризари 12, Пантелеј 1, Полаки 2, Пресека 3, Припор 1, Рајчани 1, Соколарци 5, Спанчево 7, Теранци 2, Тркање 6, Цеар 2, Чифлик 1

Во Берово – Будинарци 8, Берово 14, Владимирово 12, Двориште 5, Мачево 11, Митрашинци 6, Негрево 3, Панчарево 5, Ратево 6, Робово 2, Русиново 11, Смојмирово 2, Умлена 2, Црник 1, Чифлик 6.

Во Пробиштип 42 – Гајранци 1, Горно Барбарево 1, Горни Стубол 1, Гризилевци 4, Гујновци 1, Добрево 2, Дренок 3, Древено 1, Зеленград 3, Злетово 4, Јамиште 2, Куково 2, Лезово 3, Лесново 1, Петришино 1, Пишица 1, Плешанци 1, Ратавица 1, Стрмош, Трипатанци 1, Трооло 2, Шталковица 3.

Виница ( 97) – Блатец 10, Виница 5, Виничка кршла 9, Градец 5, Грљани 3, Драгобрашта 7, Истибања 8, Јакимово 5, Калиманци 10, Крушево 1, Лаки 10, Лески 3, Липец 6, Пекљани 7, Троино 1, Трсино 5, Црн камен 2

Пехчево 6.

Делчево ( 112 ) – Бигла 6, Вирче 6, Вратиславци 1, Габрово 3, Град 3, Делчево 8, Драмче 7, Дулица 7, Ѕвегор 5, Илиево 2, Каменица 5, Киселица 5, Косово Дабје 3, Костин дол 3, Косевица 3, Луковица 2, Моштица 7, Нов Иственик 1, Очипале 5, Разловци 5, Саса 9, Селник 1, Стамер 1, Стар Иственик 3, Тодоровци 1, Тработивиште 5, Турија 1, Црквенец 3, Чифлик 1.

Важно е да се има предвид дека бројката на локалитети секојдневно се зголемува и најголем дел од овие локалитети не се презентирани и достапни за посетители. Следуваат оние археолошки локалитети кои се презентирани, кои имаат потенцијал за развој.

**(1) Исар – Штип** се наоѓа во југозападниот дел на Штип на 150 метри над нивото од реката Брегалница. Опкружен со стрмни падини, на западната страна со коритото на Брегалница, а на јужната со коритото на Отиња, овој рид има исклучително поволна стратешка положба што му овозможува прегледност и контрола на влезот и излезот од градот. Токму на ова место и за оваа намена била изградена истоимената средновековна тврдина, која денес е еден од заштитните знаци на градот Штип. Постои интересна легенда во однос на Тврдината Исар и градот Штип и нивното заземање од страна на Османлиите за време на владеењето на Султан Мурат I во 1383 г.. За овој настан пишувал и познатиот патеписец Евлија Челеблија, кој го посетил Штип во 17 век. Според Челеблија, градот бил опседнат од многубројна турска војска, но опсадата и обидите за освојување на тврдината биле неуспешни. Војниците кои логорувале покрај Брегалница забележале дека бранителите користат тунел преку кој ја снабдувале тврдината со вода и преку истиот тој тунел Османлиите со препад ја освоиле тврдината. Со археолошките истражувања во 2009 год. откриен е 30-метарски тунел кој води

одреката до врвот на Исарот, со што е и потврдена најраскажуваната штипска легенда. Тврдината се состоела од два дела, опкружени со одделни ѕидни појаси. Замокот бил поставен на највисокиот дел на ридот, а стопанскиот дел се простирал на падините северно-источно и јужно од дворецот. Со појавата на огненото оружје тврдината ја губи својата функција и истата е напуштена.

**Туристички атрактивности:** археолошки локалитет во самиот град Штип, обичај Четрсе, панорамски поглед кон градот.

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство.

**Забелешка:** Позитивна страна на овој локалитет е тоа што тој е лоциран во самиот град Штип и може да се вклопи во целокупната туристичка понуда. Голем плус и е обичајот „Четрсе", кој е тесно поврзан со овој локалитет и е првото добро од Македонија внесено на репрезентативната листа на светското нематеријално културно наследство на УНЕСКО.

**(2) Грнчарица** - Археолошки локалитет во близина на селото Крупиште е рано неолитска населба и воедно најстар локалитет во Југоисточна Европа. На ова место е пронајден неолитски скелет што археолозите го нарекоа „Славе Македонски", и кој според радиокарбонската анализа направена на Археолошкиот институт во Глазгов, Шкотска, е стар приближно 6700 години, што воедно го прави и најстар археолошки експонат во Југоисточна Европа. Скелетот бил пронајден во положба типична за погребувањата во периодот на неолитот, т.е. погребаниот бил легнат настрана, со главата блиску до нозете.

**Туристички атрактивности:** археолошки локалитет, неолитски скелет - Славе Македонски.

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство.

**Забелешка:** Локалитетот не е презентиран и не е погоден за посета на туристи. Неолитскиот скелет е изложен во музејот во Штип. Со презентација на овој локалитет истиот би можел да ја збогати туристичката понуда во овој регион, а доколку тоа не е можно, се препорачува поставување на сигналитика со помош на која локалитетот би се обележал и би се назначила неговата важност.

**(3) Археолошки локалитет Пилаво** кај Бурилчево – Чешиново Облешево изобилува со керамика во најразновидни форми и начини на украсување.

**Туристички атрактивности:** археолошки локалитет.

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство.

**Забелешка:** Локалитетот не е презентиран и не е погоден за посета на туристи. Со презентација на овој локалитет истиот би можел да ја збогати туристичката понуда во овој регион, а доколку тоа не е можно, се препорачува поставување на сигналитика со помош на која локалитетот би се обележал и би се назначила неговата важност.

**(4) Археолошки локалитет Баргала** - Карбинци е утврдена населба од доцноантичко време и еден од позначајните доцноантички градови во Македонија. Градот израснал од римско воено утврдување, за што сведочи натписот на камената плоча од 371 год., случајно пронајдена во с. Карбинци во текот на Втората светска војна. Од оваа плоча дознаваме каде се наоѓал античкиот град Баргала, како и за проблемите на границата на Македонија кон Тракија и Дакија. Името на градот е со тракиско потекло. Старата античка населба со градски карактер со името Баргала се наоѓала кај Долни Козјак. Овој град при крајот на IV век служел како воен камп на римските легии во нивните походи кон исток. Подоцна бил разурнат, а жителите подигнале нов град крај Козјачка Река кај Горни Козјак, што е потврдено со археолошки наоди. Со губењето на стратешкото значење, Баргала почнала да добива изглед на цивилна населба. Во периодот од IV – VI век градот прераснува во моќен епископски центар на Средна Брегалница, а особено во времето на Јустинијан I (527 – 565) градот го достигнал својот врв. Кон крајот на VI век градот во

неколку наврати настрадал од аваро-словенските напади, за потоа повторно да биде населен. Во средниот век се формирала нова населба покрај јужниот бедем и југоисточната кула, надвор од границите на овој локалитет, каде се наоѓа и црквата Свети Ѓорги, изградена кон крајот на втората половина на IX век. Во Баргала се откриени монети ковани во времето на Анастасиј I, Јустин I, Јустинијан I, Јустин II, Тибериј и Маврикиј. Археолошкиот локалитет Баргала е лоциран на 12 km североисточно од Штип, во месноста Горен Козјак крај Козјачка Река, во подножјето на планината Плачковица.



Слика 21. Археолошки локалитет Баргала (оригинал).

**Туристички атрактивности:** археолошки локалитет, црква Свети Ѓорги.

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство, верски туризам.

**Забелешка:** Со оглед на тоа дека археолошкиот локалитет се наоѓа приближно 12 km северо-источно од Штип и покрај него не поминува некоја поважна сообраќајница, потребна е поголема промоција на локалитетот и комбинирање со други видови туризам.

**(5) Археолошки локалитет Црквиште** – с. Мородвис се наоѓа во источниот дел на Македонија, на 10 km јужно од Кочани, сместено во Кочанската Котлина, во подножјето на Плачковица. Археолошкиот локалитет се наоѓа во центарот на ова село и претставува составен дел на стариот римски град Моробиздон, кој и во пишаните документи од XI и XII век се споменува како голем град и епископско седиште во брегалничкиот регион. Во Моробиздон се пронајдени остатоци од четри цркви. Најстарата е од периодот меѓу V и VI век и две цркви се од XI и XIII век. Помалата црква, која во XIII век е изградена врз базиликата од V век, е најдобро сведоштво за континуитетот на цивилизацијата на ова место.



Слика 22. Археолошки локалитет Црквиште во с.供Мородвис (оригинал).

**Туристички атрактивности:** археолошки локалитет.

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство, верски туризам.

**Забелешка:** Локалитетот е во самото село и во непосредна близина е до новоизградената етно куќа и манастирот “Свети Симеон Столпник” со што дополнително се збогатува туристичката понуда. Со оглед на тоа дека локалитетот се наоѓа надвор од поголемите градски центри и позначајните сообраќајници, се препорачува негова комбинација со други видови туризам.

**(6) Археолошки локалитет Локубија – Кочани** неодамна преку сондажни истражувања на локалитетот Локубија кај Кочани откриена е некропола од Римскиот царски период, односно II – III век. Покрај поголемиот број пронајдени предмети, откриени се и остатоци од бедем што упатува на постоење на тврдина или заштитен бедем на некој град или, пак, населено место.

**Туристички атрактивности:** археолошки локалитет.

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство.

**Забелешка:** Локалитетот не е презентиран и не е погоден за посета на туристи. Со презентација на овој локалитет истиот би можел да ја збогати туристичката понуда во овој регион, а доколку тоа не е можно, се препорачува поставување  сигналитика со помош на која локалитетот би се обележал и би се назначила неговата важност.

**(7) Археолошки локалитет Виничко Кале** – Виница се наоѓа југозападно од Виница и е надалеку познат по таму пронајдените теракотни икони. На локалитетот можат да се видат остатоци од неколку објекти, како и остаток од стара црква од првата половина на IV век, лоцирана во југозападниот дел од локалитетот. Како археолошки локалитет Виничкото Кале првпат е забележано во 1954 год. од страна на Миодраг Грбиќ, под името „Градиште“. Првите посериозни истражувања на овај локалитет започнале во 1985 год. и со нив се утврдило дека

во оваа населба постоел живот од неолитско време до средниот век. Населбата била лоцирана на исклучително погодна местоположба на патот од Стоби за Пауталија и Сердика. Теракотните икони, по кои е и познато Виничкото Кале, се пронајдени во шутот помеѓу ѕидовите во резиденцијалниот дел на локалитетот и истите се со непроценлива уметничка, теолошка и археолошка вредност. Истите датираат од V – VI век и содржат иконографски претстави со христијанска тематика, како и латински натписи со литургиска содржина.



Слика 23. Археолошки локалитет Виничко Кале - Виница.

**Туристички атрактивности:** археолошки локалитет, теракотни икони, панорамски поглед на градот.

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство, верски туризам.

**Забелешка:** Виничко Кале и околината на Виница се особено интересни за археолошки истражувања и според досега сработеното и најавите на надлежните лица се очекува овој тренд да продолжи.

**(8) Археолошки локалитет Градиште**, с. Град – Делчево; повеќе археолошки наоди зборуваат дека во селото Град се наоѓала значајна градска населба уште од римско време.

**Туристички атрактивности:** археолошки локалитет

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство

**Забелешка:** Локалитетот не е доволно истражен, не е презентиран и не е погоден за посета на туристи. Се препорачува поставување сигналитика со помош на која би се означило дека на ова место во римско време постоела значајна градска населба.

**(9) Археолошки локалитет Св. Петка** – Пехчево се наоѓа на 4 km оддалеченост од Пехчево во месноста позната кај народот како Манастир. На ова место можат да се видат

остатоците на манастирски комплекс кој бил со поголеми димензии и вклучувал неколку придружни објекти.

**Туристички атрактивности:** археолошки локалитет, остатоци од манастир.

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство, верски туризам.

**Забелешка:** Потребни се подетални испитувања на овој локалитет за истиот да биде ставен во функција на туризмот.

**(10) Средновековен град Равен** – Пехчево. Според одредени историски извори, на ова место на 5 km од Пехчево можно е некогаш да бил лоциран градот Равен – лулката на словенската азбука. Равен е местото каде што Методиј ја напишал словенската азбука.

**Туристички атрактивности:** археолошки локалитет

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство

**Забелешка:** Потребни се подетални испитувања на овој локалитет за да се потврди или, пак, негира тврдењето дека се работи за градот Равен – лулката на словенската азбука.

**(11) Археолошки локалитет Калата**, Калиманци. Калата е полуостров во лето, а остров во зима на акумулацијата Калиманци. Лоциран на 4 km од Македонска Каменица, на ова исклучително плодно земјиште некогаш постоел доцноантички град, чии остатоци денес се покриени со вода. Калата е кратеница од „Градот на калајот“ бидејќи на ова место во минатото се црпело злато и калај.

**Туристички атрактивности:** археолошки локалитет

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство

**Забелешка:** Локалитетот не е доволно истражен и не е презентиран. Потребни се дополнителни истражувања и се препорачува поставување сигналитика со помош на која локалитетот би се обележал и би се назначила неговата важност.

**(12) Село Таринци** во Општина Карбинци. Според археолошките истражувања во близина на ова село, потврдено е дека истото има долга историја. На локалитетот "Вршник", во атарот на селото откриена е населба од неолитот, додека, пак, на локалитетот "Кнежевска Могила" пронајдени се археолошки експонати од античкиот период.

**Туристички атрактивности:** археолошки локалитет.

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство.

**Забелешка:** Локалитетите околу селото не се доволно истражени и не се презентирани. Потребни се дополнителни истражувања и се препорачува поставување сигналитика со помош на која истите би се обележале и би се назначила нивната важност.

**(13) Археолошки локалитет Св Атанас с. Спанчево.** Во близина на црквата св. Атанасиј во село Спанчево, Општина Чешиново – Облешево се наоѓа археолошкиот локалитет Градиште. На ова место во римско време постоела населба од која остатоци можат да се видат и денес.

**Туристички атрактивности:** археолошки локалитет.

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство.

**(14) Беш тепе – Карбинци.** Беш тепе е карактеристична некропола од римско време (I - II век) кај која закопувањето се вршело под могили. Лоцирана на околу 1500 до 2.000 m југоисточно од селото Карбинци од левата старна на патот за Радање. Во нејзина непосредна близина е и римската населба Анче, па се претпоставува дека оваа некропола била во функција на погребување на видните војсководци и свештеници луѓе.

**Туристички атрактивности:** археолошки локалитет.

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство.

**Забелешка:** Постојат 5 вакви могили од кои едната е откопана и конзервирана и можна е посета од страна на туристи.

**(15) Кале – Крупиште.** Кале во село Крупиште е населба од доцноантичко и средновековно време. Постои мислење дека градот бил утврден, но ѕидовите од одбранбените ѕидови биле урнати со ширењето на населбата и со израмнување на теренот за оризови ниви. Најголем дел од уривањето било изведено по Првата и особено по Втората светска војна со изградбата и обновата на селото, а најмногу со трасирањето на улиците

Со археолошките истражувања, изведени со мали прекини од 1975 до 1990 година, утврдено е дека животот на овој простор се одвивал од бронзено време, потоа во антиката и истиот продолжил сé до денес. Покрај движниот археолошки материјал (керамички фрагменти и садови, архитектонска камена пластика), со археолошкото истражување откриени се два објекта: Црвена црква и петоаспидалната базиликална градба (катедралниот храм).

Црвена црква има правоаголна форма со издадена апсида, која однатре е полукружна, а однадвор полигонална. Впишаниот крст во правоаголникот го формираат четири еднакви крака на крстот. На западната страна црквата има нартекс. Во црквата се откриени два влеза, едниот широк на запад, кој воедно е и главен влез, и спореден мал влез во северниот периметрален ѕид.

Петоапсидална базилика претставува репрезентативна црковна градба со откриени пет масивно градени апсиди. Ширината на објектот изнесува 28,90 m.

**Туристички атрактивности:** археолошки локалитет.

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство.

**Забелешка:** Локалитетот не е презентиран

**(16) Неолитска населба Вршник - Таринци.** Неолитската населба Вршник се наоѓа на 1 km североисточно од селото Таринци, а 3 km јужно од Карбинци. Населбата е повеќеслојна со четири хоризонти на живеење, потврдени со делови од објекти за живеење и голем број предмети од материјалната култура. Врз основа на типолошките карактеристики, особено кај садовата керамика и култната пластика, утврдено е дека животот во населбата се одвивал континуирано од раниот до доцниот неолит.

Сè до истражувањата на локалитетот Барутница село Анзабегово била издвоена како посебна културна група, а подоцна по истражувањето во Анзабегово, преминува во Анзабегово – Вршник културна група, во која влегуваат неолитските населби од источна Македонија со исклучок на новооткриената населба Грнчарица кај селото Крупиште. Предмети од археолошките истражувања во 1970 – 71 година експонирани се во постојаната поставка на НУ Завод за заштита на споменицитe на културата и Музеј Штип.

**Туристички атрактивности:** археолошки локалитет.

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство.

**Забелешка:** Локалитетот не е презентиран

## 4.5.2. Градска и селска архитектура во ИПР

### 4.5.2.1. Селска архитектура

Во оформувањето на селата покрај природните, голема улога имале и географските услови. Водата за пиење и наводнување, погодната почва за обработување или, пак, напасување на стоката, отсекогаш биле примарен фактор во однос на местоположбата на селата и градовите. Важен фактор притоа е и опкружувањето со други населени места и блискоста до некои од поважните патишта за комуникација и размена на стоки. Не смеат да се заборават и промените во општествено-политичкото уредување. Така на пример, за време на турската окупација на Балканскиот Полуостров, христијанското население било принудено да ги напушти своите домови и да формира нови селски населби во посигурни, но помалку пријатни за живот планински области. Турската власт во Македонија и новосоздадениот чифлигарски систем креирале специфичен тип населби т.н. „чифлигарски“ сконцентрирани околу имотот на бегот, кои се одржале како такви до крајот на XIX век. Со реформите кои се спровеле во Отоманската империја и поголемата слобода која ја добила христијанското население, од почетокот на XIX век, полека почнува да се менува традиционалниот облик на селата. Голем број од нив добиваат структура и архитектура која како таква е зачувана и денес и истата претставува одлична можност за развој на ваквиот тип туризам. Во основа селата во Македонија можат да се групираат во два типа: села од збиен и раштркан тип. Селата од збиен тип настанале како резултат на потребата од рационално искористување на земјиштето, заедничка одбрана и обработка на земјата. Ваквиот тип села претежно се сретнуваат во планинските и ридските населби. Раштрканиот тип села се составени од повеќе помали групации (маала) кои гравитираат кон еден центар.Секое село има свој центар „сред село“, место во кое обично е лоцирана поголема црква или џамија и чешма, а во поново време продавница или, пак, кафеана. Сепак, не смее да се заборави фактот дека по Втората светска војна, во Македонија беше евидентен трендот на иселување на селата, па така оставени на забот на времето, голем број репрезентативни примери од традиционалната македонска архитектура се неповратно загубени. Денес на многу места во ИПР можат да се сретнат голем број одлични примери на традиционалната македонска селска архитектура, но, за жал, мал е бројот кои се и соодветно зачувани. Евидентен е трендот на употреба на нови „модерни“ градежни материјали со што трајно се нарушува изгледот на овие објекти. Исто така, со напуштањето на традиционалниот начин на живот и обработка на земјата, полека во неповрат одат и големиот број придружни објекти и предмети, дел од богатата историја на овој крај. Позитивен чекор е реконструкцијата на неколку етно куќи преку кои се доловува традиционалниот живот во овој крај, но, сепак, треба да се посвети особено внимание на  конзервацијата на оригиналната традиционална архитектура и нејзината презентација.

**Туристички атрактивности:** селска архитектура, автентични градби, придружни објекти што се користеле во минатото

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство, рурален туризам

**Забелешка:** Поради големинатана ИПР, големите разлики во условите за живеење, конфигурацијата на теренот и сл., не е можно во кратки црти да се опишат карактеристиките на селската архитектура. Во прилог кон овој документ е и списокот на куќи кои се заштитени како културно наследство. Важно е да се има предвид дека овој список не е конечен, односно вредноста на секој од објектите се менува со времето. Така на пример, со употребата на новите градежни

материјали и незаконските интервенции врз објектите, голем број уникатни примери на традиционалната селска архитектура, неповратно ја изгубија својата вредност.Со цел на ставање во функција на туризмот, потребно е соодветно обележување на порепрезентативните примероци и нивна соодветна презентација на туристите.

## 4.5.2.2. Градска архитектура

Од најдамнешни времиња територијата на Македонија обезбедувала особено добри услови за живот и развој на цивилизациите кои живееле на нејзината територија. Дел од денешните градови во Македонија се наоѓаат на истото место на кое постоеле и во антиката, а дел од нив се изградени на изместени локации во близина на античките населби. Така со населувањето на Словените на овие простори тие се сретнале со повисока култура и на одредени места животот продолжил во старата урбана населба, додека, пак, на многу места биле креирани нови населби во близина на старите. Со текот на времето старите со новите населби постепено станале едно, па така поинтензивно архитектонско творештво може да се почувствува пред крајот на IX и почетокот на X век со зајакнувањето на црковната организација и моќта на феудалците. Во овој период најистакнато место во градските населби има живеалиштето на феудалецот, кое е и најдобро заштитено, а околу него се наоѓаат живеалиштата на населението. Исто така, во овој период истакнати позиции имаат и црквите, кои посебно се истакнуваат со своите димензии и архитектонски изведби.

Значителна промена на архитектурата во градовите настапува со паѓањето на Македонија под османлиска власт, кога со новите општествени промени, настанале и значителни промени врз структурата на градовите. Со населувањето на освојувачите постепено се менува и физиономијата на градовите, кои добиваат ориентални урбани белези како џамии, медреси, текиња, амами, безистени и сл. Голем дел од христијанското население ги напушта градовите и својот спас го бара во планинските предели, со што значително се менува и етничката структура на градовите. Со промените кои настанаа во Отоманската империја и поголемите слободи кои ги доби христијанското население во средината на XIX век дојде до поинтензивен развој на занаетчиството и трговијата. Ова резултираше со зголемена економска моќ кај христијанското население и создавање поповолни услови за религиозна, културна и просветна активност. Ваквата ситуација доведе до зголемување на населението во градовите и се создале услови за нивен побрз развој и воедно развој на архитектонското творештво. Со населувањето на македонското население во градовите тоа го зафаќа претежно периферниот и ридестиот дел од градовите, каде полека никнувале збиени формации на куќи, кои биле рационално градени во повеќе катови. Куќите на пашите и беговите биле поставени во пространи дворови и претежно биле лоцирани во центарот на градот. Важен елемент во градовите било здружувањето во маала, кои биле еден вид посебни урбани целини со свои маалски центри, проширувања, чешми и по некој објект со услужна функција. Во центарот на градовите е и чаршијата, како стопански центар во кој обично има и објекти од општествен карактер. Речиси во сите градови во Македонија чаршиите имале сличен карактер, односно во тесните улички напоредно биле изградени тесни објекти кои во зависност од локацијата биле групирани по занаети. Особен дострел во архитектурата во овој период претставуваат новоизградените цркви, кои според својата големина јасно ги искажуваат потребите и можностите на економски зајакнатото христијанско население. Овие објекти во кое може да се забележа и влијанието од Запад, ги градат локални мајстори, меѓу кои не може а да не се спомене Андреја Дамјанов, еден од најпознатите градители од тој период. Црквата Света Богородица во Ново Село, Штип е едно од делата на градителската велешка фамилија Дамјанови, кои овој монументален храм го завршиле во 1850 год.

**Туристички атрактивности:** градска архитектура, автентични градби,

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство, урбан туризам.

**Забелешка:** Факт е дека ИПР е релативно голем регион во којшто можат да се набројат голем број репрезентативни примери на градска архитектура. Сепак, евидентен е фактот дека голем број од овие објекти не се соодветно обележани и врз нив не се извршени заштитно конзерваторски активности, со што би се зачувале овие одлични примери. Во прилог кон овој документ е и списокот на куќи што се заштитни како културно наследство. Важно е да се има предвид дека овој список не е конечен, односно вредноста на секој од објектите се менува со времето. Така на пример, со употребата на новите градежни материјали и незаконските интервенции врз објектите, голем број уникатни примери на традиционалната градска архитектура, неповратно ја изгубија својата вредност. Со цел ставање во функција на туризмот, потребно е соодветно обележување на порепрезентативните примероци и нивна соодветна презентација на туристите.

### 4.5.3. Музеи и спомен куќи

**(1) Градски музеј – Штип**. Завод и Музеј Штип е формиран во 1950 год. како градска институција, а во 1955 год. прераснал во Музеј на штипскиот крај. Музејот поседува повеќе збирки и фондови од областа на археологијата, етнологијата, историјата, историјата на уметноста и современата македонска уметност. Тука може да се посетат историски поставки на вредни експонати од керамика, бронза, сребро, монети и слично, пронајдени во изминатиот период. Во музејскиот комплекс Аневи – Гочеви е поставена археолошка поставка со над 1200 експонати. Можат да се видат археолошки предмети од време на неолитот па сè до XVIII век. Од неолитот (6200 – 3500 г.п.н.е) можат да се видат материјали од неолитските населби: Барутница (Амзабегово), Руг Баир (с. Горабинци), Вршник (Таринци) и други. Од енеолитот (3500 – 2000 г.п.н.е) застапени се археолошки материјали од Пилово (Бурилчево). Забележливи се и важни експонати од праисторијата од локалитетите Баби, Фортуна, Криви Дол и Караорман, додека римскиот период (II до IV век п.н.е.) е застапен со Кнежевска Могила од село Таринци и гробницата кај село Црвулево. Археолошката поставка изобилува и со предмети од средновековниот период (VII до XIV век), а за љубителите на нумизматиката презентирана е богата серија монети кои датираат од периодот помеѓу IV век п.н.е. па сè до XX век. Во комплексот може да се види и неодамнешното откритие - најстариот скелет на човек во овој дел Европа, наречен „Славе Македонски“.

**Туристички атрактивности:** најрепрезентативен и најголем музеј во ИПР, богата археолошка поставка, богата нумизматска колекција, „Славе Македонски“

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство

**Забелешка:** Музејот во Штип е една од клучните алки во развојот на туризмот во овој град и ИПР.

**(2) Етно–куќа во с. Мородвис** – Зрновци е неодамна отворена и во неа се изложени предмети што со векови биле користени од страна на локалното население. Со овој објект дополнително е збогатена туристичката понуда на овој крај во насока на развој на етно–културниот туризам. Етно куќата е изградена со средства од Бирото за рамномерен регионален развој и Општина Зрновци и е лоцирана во непосредна близина на археолошкиот локалитет Црквиште, местото на некогашниот римски град Моробиздон.

**Туристички атрактивности:** богата етно збирка која постојано се дополнува.

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство, рурален туризам.

**Забелешка:** Во близина на етно куќата е археолошкиот локалитет Црквиште и манастирот “Свети Симеон Столпник” со што дополнително се збогатува туристичката понуда.

**(3) Етно куќа и градски музеј** во Кочани е проект кофинансиран од Европската унија преку ИПА програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Бугарија. Лоциран на улица „Раде Кратовче“, самиот објект е во стилот на градбите што се карактеристични за овој крај. Во внатрешноста на куќата преку изложба на фотографии и традиционални автентични предмети се прикажува секојдневниот живот на населението од овој крај.

**Туристички атрактивности:** Етно куќа

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство

**Забелешка:** Потребна е поголема промоција на објектот и поголема застапеност на интернет.

**(4) Музеј на Виница** е лоциран во центарот на градот, во состав на зградата на Општинското собрание. Во музејот е сместена најголемата колекција на теракотни икони во Македонија, кои биле изработени во керамичка работилница во склоп на археолошкиот локалитет Виничко Кале. Креирани во средниот век, Теракотните икони се сведок на високото уметничко достигнување на христијанската уметност во Македонија. Музејот во Виница работи од понеделник до петок, а по претходна најава за поголеми групи можни се посети и за викенд.

**Туристички атрактивности:** колекција на теракотни икони

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство

**Забелешка:** Потребна е поголема промоција на објектот и поголема застапеност на интернет.



Слика 24. Музеј на град Виница (извор: Општина Виница).

**(5) Спомен костурница во село Цера**, Општина Македонска Каменица. За време на Втората балканска војна во близина на Македонска Каменица, во месноста „Говедар“ се водела една од најстрашните битки во која покрај големиот број загинати војници, многу претрпело и локалното население. Остатоците од убиените војници биле собрани во спомен костурница која била изградена од српските власти во 1933 година на 20-годишницата од Втората балканска војна. Спомен костурницата е лоцирана во подрумот на училишната зграда.

**Туристички атрактивности:** Спомен костурница.

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство, меморијален туризам.

**Забелешка:** Во овој случај поголем акцент би требало да се стави на самата битка, нејзината важност и последиците од неа врз локалното население и резултатот на војната. Притоа се препорачува соодветно да се обележи местото каде што се одвивала самата битка и на ова место преку соодветна сигналитика да се пренесат информациите.

**(6) Музејот на град Делчево** е сместен во Спомен домот на АСНОМ во центарот на Делчево. Археолошко-етнолошката збирка е отворена на 19.11.2001 година како тематска изложба “Пијанец од праисторијата па до денес”.

**Туристички атрактивности:** археолошко-етнолошка збирка

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство

**Забелешка:** Потребна е поголема промоција на објектот и поголема застапеност на интернет.

**(7) Спомен-дом на Разловечкото востание** во Разловци – Делчево. Во 1876 год. во село Разловци избувнало Разловечкото востание, во кое населението од овој крај се дигнало против османлиската војска. И покрај неуспехот на востанието, истото имало огромно значење врз будењето на националната свест на македонскиот народ. По тој повод, во 1976 година во ова село бил изграден спомен дом, во кој се сместени библиотека, постојана историска поставка и изложба на уметнички дела. Село Разловци е лоцирано на 20 km од Делчево.

**Туристички атрактивности:** библиотека, постојана историска поставка, изложба на уметнички дела.

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство

**Забелешка:** Потребна е поголема промоција на објектот и поголема застапеност на интернет. По можност препорачливо е поставување соодветна сигналитика на повеќе места со историска вредност, кои се поврзани со некој настан од самото востание.




Слика 25. Спомен-дом на Разловечкото востание во с. Разловци (оригинал).

**(8) Музејот на град Берово** е сместен во центарот на градот, во објект реконструиран во духот на оригиналната архитектура од крајот на XIX век. Овој објект е еден од порепрезентативните во градот, во него било отворено првото народно училиште и бил формиран и првиот НОО за Берово. Музејската поставка е поделена на два дела – историска и етнолошка. Во историската поставка сместени се документи и предмети поврзани за историјата на Малешевијата, од времето на Дедо Иљо Малешевски, Никола Петров Русински, Димитар Поп Георгиев Беровски, Разловечкото востание, двете светски војни и потоа. Воедно тука можат да се видат и антички и средновековни монети, како еден вид сведок за постоење на римска цивилизација на ова поднебје. Во етнолошкиот дел особено интересна е реконструкцијата на малешевска соба и одличните примери на малешевска носија, накит, музички инструменти, грнчарија и реконструкцијата на малешевска ковачница.

**Туристички атрактивности:** објект реконструиран во духот на оригиналната архитектура кој исто така има и историска вредност за градот, историска и етнолошка музејска поставка

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство

**Забелешка:** Потребна е поголема промоција на објектот и поголема застапеност на интернет.

**(9) Музеј на дејците на ВМРО од Штип и Штипско, Ново Село, Штип**. Во овој музеј се сместени восочни фигури на истакнати историски дејци од илинденскиот и постилинденскиот период, а кои потекнуваат од Штип и околината. На овој начин се оддава почит кон делото на овие македонски револуционери и се овозможува културна интеракција помеѓу минатото и сегашноста, помеѓу историјата и современото живеење. Музејот е сместен во реконструираната куќа на фамилијата Андонови, која беше откупена од Министерството за култура со цел да се сочува овој вреден споменик на културата и да се обезбеди неговото одржливо користење. Музејот поседува изложбен простор од 160 $m^2$, седум засебни простории во кои се поместени впечатливи и вредни експонати, фотографии автентични

документи лични предмети, воена опрема и оружја поврзани со најзначајните личности од овој регион кои биле вклучени во активностите на македонската револуционерна организација од нејзиното основање до Солун 1893 сè до случувањата во Марсеј 1934 година.

**Туристички атрактивности:** објект реконструиран во духот на оригиналната архитектура во кој е сместен музеј на восочни фигури

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство

**Забелешка:** Потребна е поголема промоција на објектот и поголема застапеност на интернет.

### 4.5.4. Културно историски знаменитости

**(1) Споменик на депортираните Евреи – Штип**. На 11 март 1943 година 160 еврејски семејства рано во утрото беа одведени од своите домови до нивната крајна дестинација, концентрациониот логор Треблинка, во кој беа убиени повеќе од 7200 Евреи од цела Македонија, од кои 551 се од Штип. Евреите во Штип со векови живееле во хармонија со другите заедници и биле познати трговци, занаетчии, чесни и учени луѓе, професори. Преку нив се одвивала главната трговија во градот и биле одржувани трговските врските со Солун. Во нивни спомен во 1985 година е подигнат споменик, кој е дело на уметникот Методи Андонов, и го симболизира животниот пат на Евреите, во кој линијата на животот е прекината на 11 март 1943 година. Неодамна споменикот е обновен и санацијата на оштетените делови ја направи младиот штипски уметник Никола Смилков. Споменикот е лоциран во близина на зградата на Заводот и Музеј – Штип.

**Туристички атрактивности:** спомен обележје на депортираните Евреи од Штип

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство

**Забелешка:** Покрај Битола и Скопје, Штип е третиот град во Македонија во кој имало голема еврејска заедница, која со векови егзистирала таму. Преку изработка на соодветни промотивни материјали преку кои би се дале повеќе информации за животот на Евреите, постои можност за привлекување еврејски туристи од целиот свет. Нормално, за ова потребно е обележување и на други објекти како што се еврејските гробишта, куќи во кои живееле Евреи итн. Со отворањето на Музејот на холокаустот во Скопје забележан е пораст на туристи од еврејско потекло, дел од кои можат да се привлечат и во Штип.

**(2) Споменик на загинатите борци во НОВ Штип** – Штип. Повеќе од 2000 штипјани биле вклучени во Народно ослободителната војна од кои 814 ги загубиле животите, а 88 во директен судир со непријателот.Во чест на овие жртви во 1974 година бил подигнат Меморијален споменик според идејното решение на архитектот Богдан Богдановиќ. Меморијален споменик на паднатите борци во НОБ се наоѓа на источната страна на Исарот.

**Туристички атрактивности:** Меморијален споменик на паднатите борци во НОБ

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство

**(3) Ново Село – Штип** е составен дел на Штип и се наоѓа на патниот правец кон Радовиш, во клисурата на Брегалница, зад Исарот. Според една легенда, по заземањето на Штип од страна на Турците, поголем дел од видните христијански фамилии се преселиле на ова место и го нарекле Ново Село. Голем број значајни личности кои биле и се дел од македонската историја и сегашност, потекнуваат токму од ова место.Ова место е познато и по престојот на македонскиот револуционер Гоце Делчев, кој бил учител во училиштето во Ново

Село, во кое денес е сместено седиштето на Ректоратот на Штипскиот универзитет „Гоце Делчев“.

**Туристички атрактивности:** богата архитектура, поврзаност со голем број личности од македонската историја

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство

**Забелешка:** Ново Село е особено интересно за туристи од другите градови на Македонија со оглед на тоа дека ова место е поврзано со голем број личности од македонската историја.

**(4) Споменикот на Даме Груев** е лоциран на околу 5 km од Берово во центарот на село Русиново. На 23 декември 1906 година на врвот Петлец во близина на село Русиново го загуби животот овој македонски револуционер, основач и еден од најистакнатите членови на македонската револуционерна организација.



Слика 26. Споменикот на Даме Груев во с. Русиново.

**Туристички атрактивности:** историска знаменитост.

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство

**Забелешка:** Треба да се направат напори за поголема промоција на ова место преку интегрирана понуда со други видови туристички понуди.

**(5) Дом на АСНОМ во центарот на Делчево** е грандиозен објект во центарот на Делчево, изграден во втората половина на XX век и бил еден од најголемите домови на културата во тогашна Југославија.

**Туристички атрактивности:** грандиозен објект во центарот на Делчево

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство

**Забелешка:** Чисто како градба објектот не е особено привлечен за туристите, па така се препорачува нагласување на неговата важност во времето на неговата изградба, збогатено со презентација на дел од настаните што се случиле во овој објект низ историјата.

**(6) Кулата – средновековен локалитет – Делчево**. Во регионот на Пијанец постоеле многу важни транзитни рути, кои биле користени во XIII и XIV век. Овие рути биле контролирани со помош на кули, кои денес веќе не постојат и единствено кулата во близина на село Чифлик останала како сведок на славното минато на овој крај. Село Чифлик е лоцирано на 4 km од центарот на Делчево.

**Туристички атрактивности:** средновековна кула од XIII и XIV век.

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство.

**Забелешка:** Кулата се наоѓа надвор од Делчево и потребна е нејзина комбинација со други видови туристички понуди за да биде интересна за посета од страна на туристите.

**(7) Дом на култура – Пробиштип** има постојана поставка поврзана со рударството во овој крај, а поставена е и етно колекција составена од традиционални народни костими и предмети што биле користени во минатото.

**Туристички атрактивности:** поставка поврзана со рударство, етно колекција.

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство.

**Забелешка:** Потребна е поголема промоција на објектот и поголема застапеност на интернет.

**(8) Споменик на народниот херој Вера Јоциќ - Македонска Каменица**. Бронзениот споменик на народниот херој Вера Јоциќ е дело на познатиот македонски скулптор Томе Серафимовски и од 1982 година е поставен во градскиот парк во Македонска Каменица. Оливера (Вера) Јоциќ е родена на 21 август 1923 год. во скопското село Сингелиќ, од самиот почеток била учесник во НОВ, при крајот на војната била ранета во село Саса, по што починала на 22 мај 1944 год.

**Туристички атрактивности:** Споменик на народниот херој Вера Јоциќ.

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство.

**(9) Спомен биста на народниот херој Вера Јоциќ - во село Саса.** На 22 мај 1944 год. во село Саса згаснал животот на народниот херој Вера Јоциќ. Токму на овој ден, пред нејзината биста во село Саса, голем број жители ѝ оддаваат почит на оваа хероина која го дала својот млад живот за слободата на Македонија. Според легендата, нејзините соборци три дена ја носеле ранетата Вера на своите раце, по што таа им подлегнала на повредите. Оваа легенда е пренесена во познатата поема „Очи“ од познатиот македонски писател Ацо Шопов.

**Туристички атрактивности:** спомен биста на народниот херој Вера Јоциќ.

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство.

**(10) Споменик на Миле Јаневски – Џингар** – **Македонска Каменица**. На 28 април 2001 година осум припадници на македонските безбедносни сили беа масакрирани во близина на селото Вејце, Тетово. Меѓу нив беше и Миле Јаневски – Џингар од Македонска Каменица, во чија чест денес е поставена биста пред училиштето кое го носи неговото име.

**Туристички атрактивности:** споменик на Миле Јаневски – Џингар

**(11) Спомен обележје на Никола Карев – Чешиново – Облешево**. Во близина на селото Рајчани во месноста Свиланово, на 27 април 1905 загина Никола Карев, учесник во македонското револуционерно движење, член и раководител на Македонската револуционерна организација и претседател на Крушевската Република. На ова место постои спомен обележје кое секоја година го посетуваат голем број посетители, кои му оддаваат почит на првиот претседател на првата република на Балканот.

**Туристички атрактивности:** спомен обележје на Никола Карев.

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство.

**Забелешка:** Треба да се направат напори за поголема промоција на ова место и комбинација со други видови туристички понуди.

**(12) Последната воденица на Кочанска Река**. Каракашка или Белска Воденица е едно од ретките места во Македонија каде сè уште може да се види активна воденица. Уште одамнина жителите од село Бели на ова место го мелеле своето жито. Воденицата е сместена во месноста Бавчалук, на патот кон браната Гратче и истата е изградена при крајот на XIX век.

**Туристички атрактивности:** еден од ретките примери на активна воденица во Македонија

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство

**Забелешка:** Посетата на активна воденица, т.е место каде што би можело да се види како на времето се мелело житото, е туристичка атракција што е подеднакво интересна и за домашни и за странски туристи. Потребна е поголема промоција на објектот и поголема застапеност на интернет.

**(13) Споменикот на слободата во Кочани** е лоциран на ридот Локубија на северозападната страна на градот. Уметничко-архитектонско решение е дело на Глигор Чемерски и Радован Раѓеновиќ и преку големиот мозаичен приказ е овековечена вековната борба за слобода на македонскиот народ. Покрај историската и уметничката вредност на овој споменик на културата, тој има исто така и функционална улога, односно амфитеатралната сцена се користи за различни настани и манифестации. Споменикот бил предаден во употреба на 28 ноември 1981 г.

**Туристички атрактивности:** спомен обележје

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство

**Забелешка:** Споменикот на слободата е една од порепрезентативните локации интересни за домашните и странските туристи кои се во посета на Кочани.

**(14) Средновековни кули Кочани**. На многу места во Македонија можат да се забележат утврдени кули со масовни ѕидови од камен, кои биле градени од побогатите жители и служеле за лична заштита. Такви се и кулите во Кочани, од кои две се лоцирани во самиот град, а третата во Долни Подлог. Тоа биле беговски кули во кои можело и да се живее подолг период додека поминела заканата. Една од овие кули подоцна била прилагодена во саат кула. Кулите потекнуваат од крајот на XVII и почетокот на XVIII век и се евидентирани како феудални одбранбени кули, а од 1957 година се прогласени за споменици на културата и се ставени под заштита на државата;

**Туристички атрактивности:** средновековни кули

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство

**Забелешка:** Со цел ставање во функција на туризмот, потребно е средновековните кули соодветно да се обележат и да се нагласи нивната вредност и намена од времето кога биле изградени.

## 4.5.5. Настани

**(1) Фестивал „Радоста на градот"– Пробиштип** е детски фестивал кој се одржува во Пробиштип секоја година на 8 март.

**Туристички атрактивности:** детски фестивал.

**Потенцијални типови туризам:** манифестациски туризам.

**Забелешка:** Фестивалот „Радоста на градот" е особено интересен за жителите на Пробиштип и треба да се направат напори за негова понатамошна промоција и привлекување на повеќе учесници од регионот и надвор од државата.

**(2) Обичајот „Четрсе" во Штип** е првото добро од Македонија внесено на репрезентативната листа на светското нематеријално културно наследство на УНЕСКО, прогласено на конференцијата во Баку 2 – 7 декември 2013. Овој уникатен и вековен обичај се практикува на верскиот празник Св. 40 маченици (22 март) кога луѓе од сите генерации се искачуваат на Исар и попат се поздравуваат со најмалку 40 луѓе. Младите попат собираат 40 камчиња од кои 39 ги фрлаат во Брегалница, а едно оставаат за под перница, и според верувањето таа вечер ќе го сонуваат својот животен сопатник.



Слика 27. Обичајот „Четрсе" во Штип, со искачување на Исарот.

**Датум на одржување:** 22 март.

**Туристички атрактивности:** првото добро од Македонија внесено на репрезентативната листа на светското нематеријално културно наследство на УНЕСКО.

**Потенцијални типови туризам:** Манифестациски туризам, туризам на културно-историското наследство, верски туризам.

**(3) Профест** е фестивал со долга традиција на кој настапуваат музичари аматери од цела Македонија. Се одржува секоја пролет во Пробиштип.

Датум на одржување: пролет

**Туристички атрактивности:** аматерски музички фестивал

**Потенцијални типови туризам:** манифестациски туризам

**(4) Велигденско јајце – Берово**. Прославата на големиот христијански празник Велигден во Општина Берово е особено интересна манифестација. Покрај другите верски активности, во центарот на Берово се организира и богата културно-забавна манифестација, а особено интересни се и натпреварите за избор на најцврсто јајце (Велигденски качор) и најубаво украсено јајце.

**Датум на одржување:** Велигден.

**Туристички атрактивности:** Велигденски качор и најубаво украсено јајце.

**Потенцијални типови туризам:** манифестациски туризам, туризам на културно-историското наследство, верски туризам

**Забелешка:** Иако манифестацијата има локален карактер, истата би била особено интересна за странските туристи и треба да се направат напори за нејзина позасилена промоција.

**(5) Светски ден на Ромите– Кочани**. Секоја година на 8 април, по повод светскиот ден на Ромите во Кочани се одржуваат ред манифестации со кои се слави ромската култура и се подигнува свеста за проблемите со кои се соочуваат Ромите.

**Датум на одржување:** 8 април.

**Туристички атрактивности:** светски ден на Ромите.

**Потенцијални типови туризам:** манифестациски туризам.

**(6) Драмски аматерски фестивал – Кочани** е театарска манифестација која во 1961 год. за првпат се одржува во Скопје, од каде подоцна се проширува и во други градови како Битола, Штип и Струмица. Во 1977 год. фестивалот за првпат се одржал во Кочани, традиција која продолжува секоја година во јуни и трае 5 фестивалски денови. Фестивалот има натпреварувачки карактер и во последните неколку години добива и меѓународен карактер со големиот број гостувања од други земји.

**Датум на одржување:** мај.

**Туристички атрактивности:** Драмски аматерски фестивал.

**Потенцијални типови туризам:** манифестациски туризам.

**Забелешка:** Со оглед на релативно долгата историја на фестивалот и неговото времетраење од 5 дена, може да се заклучи дека тој е особено интересен од аспект на туризмот. Треба да се направат напори за негова поголема популаризација и зголемување на бројот на учесници.

**(7) Уметничка колонија Лесново – Пробиштип**. Уметничката колонија Лесново е една од попознатите колонии во Македонија, која веќе има меѓународен карактер со голем број учесници од целиот свет. Колонијата се одржува во јуни и трае една недела.

**Датум на одржување:** јуни.

**Туристички атрактивности:** уметничка колонија со долгогодишна традиција и меѓународен карактер.

**Потенцијални типови туризам:** манифестациски туризам, манастирски (духовен) туризам.

**Забелешка:** Иако е спомнато дека колонијата се одржува секоја година во Лесновскиот манастир, во последниот период тоа не е така. Потребни се дополнителни информации во однос на местото на одржување на колонијата и воедно поголема популаризација на истата.

**(8) Пехчевски Павловден** – Традиционален Етно Саем – Пехчево. Традиционалниот етно саем Пехчевски Павловден се одржува секоја година на 13 јули по повод верскиот празник Павловден. На овој саем учествуваат поголем број ракотворци и занаетчии, а посетителите можат и да ги вкусат традиционално подготвените локални специјалитети.

**Датум на одржување:** 13 јули.

**Туристички атрактивности:** етно саем, традиционално подготвени локални специјалитети.

**Потенцијални типови туризам:** манифестациски туризам, верски туризам, гастрономски туризам.

**Забелешка:** Потребна е поголема промоција и популаризација на фестивалот со цел на зголемување на бројот на учесници.

**(9) Фестивал на дувачки оркестри – Пехчево**. Секоја година во чест на празникот Павловден, општина Пехчево организира Фестивал на дувачки оркестри. Преку овој настан Општина Пехчево има за цел да ја промовира традиционалната музика и на дувачките оркестри да им овозможи поголема афирмација.Христијанскиот празник Павловден воедно е и празник на градот.




Слика 28. Фестивалот на дувачки оркестри во Пехчево.

**Датум на одржување:** 10 -13 јули.

**Туристички атрактивности:** Фестивал на дувачки оркестри.

**Потенцијални типови туризам:** Манифестациски туризам.

**Забелешка:** Фестивалот на дувачки оркестри е особено интересна манифестација во склоп на Павловденските прослави во Пехчево.

**(10) Влашки средби на Петровден – Кочани**. Неколку години по ред на терените на Пониква се одржува средба на Власите од Македонија насловена „На Петровден сите на планина“.

**Датум на одржување:** 12 јули (Петровден)

**Туристички атрактивности:** Влашки средби

**Потенцијални типови туризам:** Манифестациски туризам

**(11) Меѓународна ликовна колонија „Св. Пантелејмон“ – Кочани**. Секоја година при крајот на август, на прекрасните предели на Осоговските планини се одржува меѓународната ликовна колонија „Св. Пантелејмон“. Покрај ликовната колонија, овој неколку дневен настан вообичаено се збогатува и со други придружни културно-уметнички активности.

**Датум на одржување:** август.

**Туристички атрактивности:** Меѓународна ликовна колонија.

**Потенцијални типови туризам:** манифестациски туризам, верски туризам.

**Забелешка:** Потребна е поголема промоција и популаризација на колонијата и поголема застапеност на интернет.

**(12) Распеано Малешевче – фестивал на детски песни – Пехчево**. Распеано Малешевче е фестивал на детски песни кој се одржува од 1994 година и на кој со свои песни учествуваат деца од 7 до 14 години.

**Туристички атрактивности:** детски фестивал

**Потенцијални типови туризам:** манифестациски туризам,

**Забелешка:** Веќе традиционален фестивал кој е особено интересен за жителите на Пехчево и регионот.

**(13) Штипско културно лето – Штип** е престижна манифестација од областа на културата која се одржува секоја година во Штип. Во текот на летните месеци, на неколку локации во Штип се одржуваат различни типови манифестации со признати уметници од целиот свет.

**Датум на одржување:** јуни-август.

**Туристички атрактивности:** летен фестивал.

**Потенцијални типови туризам:** манифестациски туризам.

**Забелешка:** Летниот период е време кога покрај странските туристи, во Македонија се присутни и голем број повратници од другите земји, односно т.н. наши туристи коишто во никој случај не смее да се занемарат. Исто така, раздвиженоста на локалното население во летниот период е далеку поголема, па така настаните од типот на Штипското културно лето, веќе се докажани како одлично решение од аспект на туризмот и треба да се прават напори за понатамошно развивање на истите.

**(14) Павловден – Виница.** Свети апостол Павле е заштитник и партон на Виница и по тој повод секоја година на 13 јули по повод христијанскиот празник Павловден, се одржуваат голем број  настани и културно уметнички манифестации.

**Датум на одржување:** 13 јули.

**Туристички атрактивности:** настани и културно уметнички манифестации.

**Потенцијални типови туризам:** манифестациски туризам, верски туризам.

**Забелешка:** Прославата на Павловден има локален карактер и е особено интересна за населението од Виница и околината.

**(15) Голачки фолклорни средби на планината Голак** – Делчево се одржуваат секоја година на летната сцена во непосредна близина на манастирот Св. Пантелејмон под врвот Чавка на планината Голак. Формиран пред 20-тина година, на овој меѓународен настан со изворни игри и песни настапуваат солисти, фолклорни групи, културно уметнички друштва и оркестри од Македонија и пошироко.

**Датум на одржување:** 8 август.

**Туристички атрактивности:** меѓународен настан, изворни игри и песни, фолклорни групи, културно-уметнички друштва и оркестри.

**Потенцијални типови туризам:** манифестациски туризам, верски туризам.

**Забелешка:** Со оглед на тоа дека настанот е веќе традиционален и на него учествуваат поголем број учесници, потребно е да се направат напори за негова понатамошна поддршка и промоција.

**(16) Етно фестивал Берово.** Секоја година на 27 и 28 август, под покровителство на Општина Берово се организира Етно фестивал, преку кој на посетителите од целиот свет им се презентираат богатите туристички потенцијали на Берово и Малешевијата. Во овие два дена Берово живее како вистински етно град, кој преку креативноста и трудот на беровци низ низа интегрирани промотивни настани ја третира богатата традиција од овој регион.Традиционални производи, музички работилници, фолклор, културно наследство, здрава храна, локални специјалитети, ракотворби, сувенири се само мал дел од содржините на овој надалеку познат фестивал кој веќе има меѓународен карактер.

**Датум на одржување:** 27 и 28 август.

**Туристички атрактивности:** Етно фестивал.

**Потенцијални типови туризам:** манифестациски туризам, шопинг туризам, урбан туризам.

**(17) Пијанечко** – **малешевска свадба – Делчево** е настан кој секоја година традиционално се одржува во Делчево. Во овој настан преку традиционални обреди и обичаи својата љубов ја крунисуваат брачни парови, кои се избираат преку конкурс во кој е предвидено најмалку едниот од двајцата да е од Малеш или Пијанец. Организатор на Пијанечко – Малешевската свадба е КУД „Гоце Делчев“ од Делчево.

**Датум на одржување**: Лето.

**Туристички атрактивности:** Пијанечко – малешевската свадба.

**Потенцијални типови туризам:** манифестациски туризам.

**Забелешка:** Примерот со Галичката свадба е одличен показател за тоа кои се придобивките од ваков настан. Во таа насока се препорачува понатамошна промоција и популаризација на Пијанечко – малешевската свадба.

**(18) Истибањско здравоживо – Виница** е меѓународниот фолклорен фестивал на народни игри кој се одржува секоја година во септември. Фестивалот е во организација на ансамблот „Китка“ од село Истибања, а покровител е Општина Виница.




Слика 29. Фолклорен фестивал „Истибањско здравоживо“ (извор: Општина Виница).

**Датум на одржување:** септември.

**Туристички атрактивности:** меѓународен фолклорен фестивал.

**Потенцијални типови туризам:** манифестациски туризам.

**Забелешка:** Потребна е поголема промоција и популаризација на настанот.

**(19) Зажнејување на оризот – Чешиново – Облешево**. На 21 септември (Мала Богородица), кога е и општински празник на општина Чешиново – Облешево, се организира манифестацијата „Зажнејување на оризот“. Преку оваа манифестација се слави оризот – симболот на овој крај. Најимпресивен е моментот на зажнејување на првиот сноп, што следи по претходното благословување на родот и претстојната жетва.

**Датум на одржување:** 21 септември (Мала Богородица).

**Туристички атрактивности:** традиционална манифестација.

**Потенцијални типови туризам:** манифестациски туризам, верски туризам.

**(20) Кочански денови на оризот – Кочани** се одржува секоја година на оризовите ниви во село Долни Полог, Кочанско. Преку оваа манифестација се слави оризот – симболот на кочанскиот крај. Оваа манифестација е спој на традицијата и современиот уметнички израз, преку кои се прикажува патот на оризовата култура од нивата до трпезата. Особено интересен настан е „зажнејувањето“ каде на автентичен начин се прикажува рачното собирање на родот од нивите со срп, придружено со сите други обичаи. Особено популарен е и настанот „ Избор на жетварска убавица“ со кој обично и почнува манифестацијата. Во склоп на празнувањата се одржуваат и ред други настани како промоции на книги, ликовни изложби, саеми на ракотворби и традиционални јадења, гостувања на ансамбли од други градови и држави итн.

**Датум на одржување:** септември.

**Туристички атрактивности:** меѓународна манифестација.

**Потенцијални типови туризам:** манифестациски туризам, шопинг туризам, урбан туризам.

**Забелешка:** Кочанските денови на оризот е манифестација која веќе има меѓународен карактер и претставува одличен пример за тоа како треба да се работи во насока на туристичка промоција на регионот.

**(21) Тодорови трки во Виница**. По повод верскиот празник Св.Тодор, секоја година во Виница се одржуваат надалеку познатите Тодорови трки, кои се неразделен дел од минатото и традицијата на овој крај со векови наназад. Целта на овој настан е негување на спортските обичаи кои пред стотина и повеќе години се практикувале на ова место. На овој начин се продолжува традицијата и се зајакнува регионалната соработка и комуникацијата помеѓу луѓето од различни возрасти и култури.

**Датум на одржување:** верски празник Св.Тодор.

**Туристички атрактивности:** автентични спортски обичаи.

**Потенцијални типови туризам:** манифестациски туризам, верски туризам, шопинг туризам, урбан туризам.

**(22) Макфест – Штип** е фестивал на забавна музика кој секоја година се одржува во Штип. Овој фестивал има продуцирано над 1000 композиции, од кои најголемиот број се хитови, а сега евергрини. Во рамките на поранешна Југославија, Макфест беше интернационален фестивал, со многу гостувања на познати странски музички имиња. Член е на Меѓународната федерација на фестивалски организации (ФИ-ДОФ) со седиште во Лос Анџелес, и поради добрите резултати, двапати има добивано признание од оваа организација. Фестивалот обично се одржува секој втор викенд во октомври.

**Датум на одржување:** октомври.

**Туристички атрактивности:** фестивал на забавна музика.

**Потенцијални типови туризам:** манифестациски туризам, шопинг туризам, урбан туризам.

**(23) Пастрмајлијада – Штип**. Пастрмалијата е македонски специјален вид пита направен од тесто и месо. Традиционалната пастрмалија има долгнавеста форма со сечкано месо врз неа. Името потекнува од зборот пастрма, што значи солено и сушено месо од овца или јагне. Секоја година во Штип се организира еден од најпосетените настани во овој регион – Штипската пастрмајлијада, и во период од неколку дена посетителите имаат можност да се забавуваат со голем број естрадни уметници и да го пробаат овој надалеку познат специјалитет.

**Дату на одржување:** септември-октомври.

**Туристички атрактивности:** традиционален специјалитет.

**Потенцијални типови туризам:** манифестациски туризам, гастрономски туризам, шопинг туризам, урбан туризам.

**Забелешка:** Пастрмајлијадата е одличен пример затоа како треба да се промовира и штипскиот регион и традиционалната македонска храна.

**(24) Ин Виница Веритас** е фестивал за хумор и сатира кој традиционално се одржува секоја година во Домот на културата во Виница. Единствен од вакв вид во Македонија, фестива-

лот постои од 1993 година, а од неодамна доби и интернационален карактер со учесници и надвор од Македонија. Фестивалот обично се одржува кон крајот на октомври, трае пет дена и се доделуваат награди во неколку категории.

**Датум на одржување:** октомври.

**Туристички атрактивности:** фестивал за хумор и сатира.

**Потенцијални типови туризам:** манифестациски туризам, шопинг туризам, урбан туризам.

**Забелешка:** Фестивалот е особено интересен за жителите на Виница и околниот регион. Значаен фактор е тоа што фестивалот трае пет дена и веќе има меѓународен карактер.

**(25) Денови на модата во Штип** е неодамна формирана манифестација во организација на Општина Штип, има цел да го промовира Штип како град на модата. Штип е град во кој успешно функционираат голем број конфекции и фабрики за чевли, па така ваков тип манифестација претставува одлична можност за промоција на новите колекции. Од формирањето во 2013 година, планирано е оваа манифестација да се одржува двапати годишно.

**Датум на одржување:** двапати годишно.

**Туристички атрактивности:** модни настани.

**Потенцијални типови туризам:** манифестациски туризам, шопинг туризам, урбан туризам

**Забелешка:** Одлични настани за промоција на богатата текстилна индустрија во Штип и околината.

**(26) Каменичко културно лето** е една од поголемите културни манифестации во Источна Македонија, која се одржува секоја година на крајот на август во Македонска Каменица. Централниот настан на оваа манифестација е прославата на 28 август, кога воедно е Ден на општината и Ден на рударите. Манифестацијата Каменичко културно лето е од музичко-сценски карактер и на истата досега гостувале најголемите македонски и балкански ѕвезди.

**Датум на одржување:** крај на август

**Туристички атрактивности:** традиционална манифестација.

**Потенцијални типови туризам:** манифестациски туризам, шопинг туризам, урбан туризам.

**(27) Бабина Баница** е манифестација која традиционално се одржува во јуни, на манастирско-туристичкиот комплекс „Еленец“ во село Цера, Македонска Каменица. Оваа манифестацијата е во организација на Здружението на пензионери од Македонска Каменица, со поддршка на општина Македонска Каменица и КИЦ „Романса“ Македонска Каменица. Оваа манифестација на едно место собира повеќе илјади пензионери од цела Македонија, кои покрај богатата културно-уметничка програма, се натпреваруваат во подготовка на баница под вршник.

**Датум на одржување:** јуни

**Туристички атрактивности:** традиционална манифестација.

**Потенцијални типови туризам:** манифестациски туризам



Слика 30. „Бабина Баница“ во с. Цера, Македонска Каменица (извор: www.plusinfo.mk).

**(28) Музичкиот фестивал Тру саунд оф Каменица (True Sound of Kamenica)** е фестивал од урбан карактер, на кој гостуваат најпопуларните македонски и балкански диџеи, изведувачи и бендови. Фестивалот се одржува секое лето во Македонска Каменица и истиот го посетуваат поголем број млади луѓе, претежно од Источна Македонија.

**Датум на одржување:** лето

**Туристички атрактивности:** фестивал од урбан карактер

**Потенцијални типови туризам:** манифестациски туризам, шопинг туризам, урбан туризам

**(29) Гоцеви Денови** е најзначајна културно-научна манифестација која традиционално се одржува секоја година, во почетокот на јуни во Делчево. За првпат манифестацијата е одржана во 1966 година и истата до денес веќе има интернационален карактер.

Програмата на оваа манифестација почнува со полагање свежо цвеќе пред споменикот на патронот на Делчево - Гоце Делчев, чие име го носи оваа манифестација. По ова следуваат голем број културно-уметнички и научни настани на кои учествуваат голем број учесници од целиот свет.

**Датум на одржување:** почеток на јуни

**Туристички атрактивности:** фестивал од интернационален карактер

**Потенцијални типови туризам:** манифестациски туризам, шопинг туризам

**(30) Пијанечки денови на сливата.** Манифестацијата „Пијанечки денови на сливата“ се одржува секоја година при крајот на септември во Делчево, а почнува со симболичен почеток на берба на првите сливи. Пијанечкиот крај има одлични услови и долга традиција во одгледување сливи, производ од кој денес својата егзистенција ја обезбедуваат голем број луѓе од овој крај.

Во склоп на оваа манифестација се одржуваат повеќе натпревари во подготовка на најразлични производи од слива како: печење сливова ракија, слатко од слива, мармалад, компот и др. Исто така, секоја година манифестацијата е проследена со богата културно-уметничка и забавна програма.

**Датум на одржување:** крај на септември

**Туристички атрактивности:** традиционална манифестација.

**Потенцијални типови туризам:** манифестациски туризам, шопинг туризам

**(31) Свети Спас во село Карбинци.** Свети Спас (40 дена по Велигден) со години е заштитник на селото Карбинци, а со формирање на општина Карбинци и официјално се слави како ден на општината. Така е секој четврток, 40 дена по Велигден. Датумот се менува, но денот четврток останува ист. Иако е работен ден, за многумина тој е вистински празник зашто токму на Свети Спас сите се забавуваат и празнуваат. На овој ден локалната самоуправа организира културно–уметничка манифестација на која населението се забавува со најпознатите естрадни уметници.

**Датум на одржување:** Свети Спас (40 дена по Велигден)

**Туристички атрактивности:** традиционална верска манифестација.

**Потенцијални типови туризам:** манифестациски туризам, верски туризам

## 4.5.6. Цркви и манастири

**(1) Црква Света Богородица (Ново Село) – Штип**. Градењето на овој монументален храм посветен на празникот Успение на Богородица почнало во четириесеттите години на XIX век. Градителската велешка фамилија Дамјанови го завршува овој обемен зафат во 1850 год. под водство на мајсторот Андреа Дамјанов. Според кажувањата на локалното население, црквата била градена долго време, што се должи веројатно на тоа дека Дамјанови истовремено ја граделе и црквата Свети Никола во Куманово, па оттука е и сличноста на овие две градби. Црквата има базиликална форма со трокорабна диспозиција, слична на типот од монументалните соборни цркви, какви што се градат во истиот период во градовите: Битола, Прилеп, Велес, Стар Дојран и други места во Македонија. Слично како и другите цркви градени во тој период во Македонија, внатрешноста е пространа, а ѕидовите се украсени со релјефни, пластични претстави, декорирани медаљони со вегетабилни и животински фигури. Црквата има голем резбан иконостас, дело на Никола Дамјанов, на кој се поставени икони, дела на најпознатите зографи од втората половина на XIX век кои активно работат во овој регион: Станислав Доспевски, Димитар Андонов Папрадишки, Костадин Вангелов. Во црквата има скришни места и тунели во кои востаниците, меѓу кои и Гоце Делчев, се криеле и бегале од Турците.

**Туристички атрактивности:** монументален храм дело на Андреа Дамјанов, голем резбан иконостас, скришни места и тунели користени од страна на востаниците.

**Потенцијални типови туризам:** верски туризам,туризам на културно-историското наследство.

**Забелешка:** Храмот Света Богородица во Ново Село, Штип, е една од локациите што не смеат да се пропуштат при посетата на овој град. Сепак, потребна е позасилена интернет промоција на овој храм.

**(2) Св. Никола – На пола пат Штип – Кочани**. На североисточниот излез од селото Крупиште, на средината од патот Штип — Кочани се наоѓа старата средновековна црква Свети Никола. Според натписот над западниот влез црквата е изградена во времето на епископот Макарие во 1625 година, а е живописана во 1627 година. Од надворешната страна на западниот влез зачуван е и натписот во кој е забележан зографот Исаија Дебрели, за кој се претпоставува дека во 1880 година врши интервенции врз живописот од наосот и во исто време го слика просторот од припратата. Црквата е еднокорабна, засведена со полукружен и со полукружна апсида однадвор. Влезот е на западната страна, а на јужната страна се наоѓа еден прозорец и една линета. Црквата е градена од кршен камен со нееднаква големина и вградени делови од ранохристијанска пластика на која се испишани знаци и букви. Целата црква е живописана, а остатоците од стариот живопис или се уништени или пресликани.

**Туристички атрактивности:** стар храм од 1625 год.

**Потенцијални типови туризам:** верски туризам,туризам на културно-историското наследство.

**Забелешка:** Доколку се земе предвид поволната географска положба, со засилена промоција, овој храм има потенцијал за привлекување поголем број домашни и странски туристи. Во близина на црквата се наоѓа и археолошкиот локалитет Грнчарица, односно местото каде е пронајден неолитскиот скелет т.н. – „Славе Македонски". Со изработка на соодветна сигнализација село Крупиште може да биде уште една станица за патниците кои се обраќаат на релацијата Штип — Кочани.

**(3) Црква Св. Никола – Штип** е еден од најрепрезентативните свети објекти во овој дел на Македонија и истата е соборен храм на Брегалничката епархија. Изградена е врз темели на постара црква која датирала од 1341 год. Градењето било под раководство на градителот Ѓорѓи Новаков Џонга, по примерот на градбите на Андреја Дамјанов, во време на митрополитот ќустендилски и штипски Игнатиј, од кого е и осветена на 10 мај 1867 година. Црквата е трокорабна базилика, опкружена со тремови од западната, северната и јужната страна. На катот има галерија икони од поголем број цркви на манастири, како и стари црковни книги. Внатрешноста на црквата е украсена со живопис на сводовите, како и неколку фрески на ѕидовите. Поголем дел од иконите на иконостасот се изработени од македонскиот зограф Димитар Андонов Папрадишки во 1869 година, но има и од други зографи како: Захарие Самоковлија, Атанасие Хризу, Хаџи Костадин од Велес, Јован Прилепчанин, Јован Атанасов, Коста Крстев. Фрескоживописот, како и копаничарските дела: богато украсениот балдахин во олтарниот дел и владичкиот трон во наосот на црквата се дело на Костадин Иванов Вангелов од Штип.

**Туристички атрактивности:** еден од најрепрезентативните свети објекти во овој дел на Македонија, соборен храм на Брегалничката епархија

**Потенцијални типови туризам:** верски туризам,туризам на културно-историското наследство

**(4) Црква Св. Спас — Штип**. На левиот брег од реката Отиња, на израмнето карпесто плато е лоцирана малата еднокорабна црква Св. Спас. Се смета дека ја подигнал извесен војвода Димитар во XIV век а обновена е во 1601 год., кога било изведено второто живописување. Црквата е градена од кршен и делкан камен, додека, пак, за изведување на лаковите употребени се тули. Сликарство од постар период и е делумно зачувано и преовладуваат фреските од 1601 год., кои според потписот во ктиторскиот натпис се дело на зографот Јован. При крајот на 2014 год. стручните екипи на Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј Штип извршија препокривање на црквата како превенција од влага и е исчистен живописот и се очекува во 2015 год. целосно да биде завршен процесот на санација на овој храм од исклучително значење за штипскиот регион.

**Туристички атрактивности:** еднокорабна црква од XIV век.

**Потенцијални типови туризам:** верски туризам,туризам на културно-историското наследство.

**Забелешка:** Исклучително вреден храм врз кој во моментот се вршат работи за конзервација на фрескоживописот од страна на стручните екипи на Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј Штип.

**(5) Црква Св. Архангел Михаил** – Штип е еднокуполна црква со основа во форма на крст подигната во првата половина на XIV век од протосевастот Хреља. Фасадата на црквата е декорирана со блокови од обработен камен, додека, пак, лаковите на нишите се од тула. Особено интересна е западната фасада од каде е и влезот во црквата.Со оглед на тоа да денес нема никакви остатоци од фрески, интересно е како и покрај нејзината старост таа останала да не биде живописана. Црквата е лоцирана на патот кој води до тврдината Исар на источната страна на ридот.

**Туристички атрактивности:** храм од XIV век.

**Потенцијални типови туризам:** верски туризам,туризам на културно-историското наследство.

**(6) Црква Св.Јован Крстител – Штип** се наоѓа на јужната страна на Исарот. Црквата е изградена во 1350 год. со поддршка на Јован Пробиштиповиќ во време кога сопственик на земјиштето бил деспотот Оливер. Црквата Св. Јован е мала еднокорабна и бескуполна градба, лоцирана на исклучително лоша местоположба и постојано подложена на штетните атмосфер-ските влијанија. Поради тоа малку е останато и од живописот и единствено на јужниот ѕид едвај можат да се забележат ликовите на цар Константин и царица Елена.

**Туристички атрактивности:** храм изграден во 1350 год.

**Потенцијални типови туризам:** верски туризам,туризам на културно-историското наследство.

**Забелешка:** Храмот се наоѓа на лоша местоположба.

**(7) Црква Св. Архангел Михаил – Берово**. Беровскиот манастир е еден од ретките манастири во Македонија со непрекината монашка традиција од повеќе од два века. Првата манастирска црква е изградена во периодот од 1815 до 1818 год. и на нејзиното осветување присуствувал македонскиот просветител Јоаким Крчовски. Според една легенда, градењето на црквата се одвивало во исклучително тешки услови, но, сепак, беровци дотрајале во својата намера и под водство на локалниот свештеник Пецо успеале да ја завршат за четириесет дена согласно условите на турските власти.Темелите на првиот женски манастир во Берово биле подигнати дваесет години подоцна. Првите калуѓерки во манастирот биле снаата и ќерката на поп Ристо, зет на поп Пецо. Својот најголем подем манастирот го имал во првата половина од XX век, кога броел и до шеесет монахињи, имал развиена богата економија, богословско училиште, ткајачница. Црквата е со голем трем, изградена во архитектурен опус од XIX век, доминира во манастирскиот двор. Од првобитниот иконостас сочувана е само една икона со претставата на светиот пророк Ное, дело на иконописецот Георги Вељанов од Струмица, изработена во 1818 година. Денес сестринството во овој манастир изработува икони во византиски стил и истиот е отворен за духовните потреби на секој добронамерен посетител. Она што исто така е уникатно кај овој манастир е неговата местоположба, односно за разлика од другите манастири во Македонија, кои се лоцирани во ненаселени места, Беровскиот манастир е сместен на самиот излез од Берово, на патот што води кон браната и езерото.

**Туристички атрактивности:** манастирска црква од 1815 год., непрекината монашка традиција од повеќе од два века, изработка на икони во византиски стил, активен женски манастир.

**Потенцијални типови туризам:** верски туризам,туризам на културно-историското наследство, манастирски туризам.

**(8) Манастир Успение на Пресвета Богородица – Берово** е машки манастир лоциран на периферијата на Берово. Храмот Пресвета Богородица е изграден во 1972 год., во стилот на византиско-македонските цркви од среден век. Манастирот го слави празникот Голема Богородица на 28 август и од 2002 година во него има активен монашки живот.

**Туристички атрактивности:** активен машки манастир.

**Потенцијални типови туризам:** верски туризам,туризам на културно-историското наследство, манастирски туризам.

**Забелешка:** Манастирот има погодна положба за развој на манастирски туризам.

**(9) Црквата Рождество на Пресвета Богородица** е еднокорабен храм од поголеми размери, еден од препознатливите белези на Берово. Изградена во 1912 година, црквата е осветена во 1922 год., а во 1930 година била изградена камбанаријата.

**Туристички атрактивности:** еднокорабен храм од поголеми размери.

**Потенцијални типови туризам:** верски туризам,туризам на културно-историското наследство.

**(10) Црквата Свети цар Константин и царица Елена** во село Разловци е изградена во средината на XIX век. И покрај противењето на турските власти, благодарение на досетливоста на селаните, црквата била изградена. Село Разловци е лоцирано на 20 km од Делчево.

**Туристички атрактивности:** храм изграден во средината на XIX век.

**Потенцијални типови туризам:** верски туризам,туризам на културно-историското наследство.

**(11) Манастирот „Св. Богородица - Балаклија" во Делчево** е неодамна реконструиран и е еден од порепрезентативните објекти во овој регион. Прекрасното опкружување, живописната природа, пешачките патеки, чистите извори се само мал дел на содржините кои го направија ова место едно од најпопуларните пикник локации во регионот. Манастирот „Св. Богородица-Балаклија" е лоциран на 3 km од центарот на Делчево.

**Туристички атрактивности:** манастир во близина на Делчево, позната пикник локација.

**Потенцијални типови туризам:** верски туризам,туризам на културно-историското наследство.

**Забелешка:** Манастирот Св. Богородица-Балаклија веќе е една од најпосетените пикник локации во Делчево и околината и е значаен фактор во развојот на туризмот во овој регион.

**(12) Црквата „Успение на Пресвета Богородица" во Делчево** е изградена во средината на XIX век од малубројното христијанско население на тогашното Царево Село. Црквата претрпела посериозни оштетувања во големиот земјотрес во 1904 година, за подоцна да биде поправена и повторно ставена во употреба. Денес оваа црква претставува главен храм во кој жителите на Делчево ги извршуваат своите верски потреби.

**Туристички атрактивности:** Главен црковен храм во Делчево.

**Потенцијални типови туризам:** верски туризам,туризам на културно-историското наследство.

**(13) Црквата „Св. Петка" во село Селник, Делчево,** потекнува од XVI век и е најстарата црква во овој крај. Црквата е еднокорабна и е градена од кршен камен и вар. Во црквата постојат неколку слоја на фрескоживопис, кој е во лоша состојба. Постои верување дека

најстарите фрески потекнуваат од XIII – XIV век, што ја враќа датацијата на оваа црква уште поназад. Слава на црквата е 27 октомври – Петковден кога во нејзиниот двор се организира голем народна прослава со голем број гости.

**Туристички атрактивности:** храм од XVI век.

**Потенцијални типови туризам:** верски туризам,туризам на културно-историското наследство.

**Забелешка:** Со оглед на тоа дека црквата се наоѓа во с. Селник и е оддалечена од поголемите градови и сообраќајници, со цел нејзино ставање во функција на туризмот, потребна е интеграција со други видови понуди, како на пример: рурален туризам, планински туризам итн.

**(14) Црква Св. Архангел Михаил село Драмче, Делчево**. Во народот позната и како Шарена црква поради прекрасниот живопис што го имала, оваа црква, која потекнува од крајот на XVII век, била неколкупати опожарена, па така денес постојат само мали знаци за тоа дека тука некогаш постоеле фрески. Во дворот на оваа црква било лоцирано и првото училиште во село Драмче, кое било основано во 1869 година. Слава на манастирот е празникот Св. Архангел Михаил (21 ноември) кога во дворот на црквата се организира голема народна прослава и традиционално се изведува орото Копачка.

**Туристички атрактивности:** црква која потекнува од крајот на XVII век, оро Копачка.

**Потенцијални типови туризам:** верски туризам,туризам на културно-историското наследство.

**Забелешка:** Со оглед на тоа дека орото Копачка е впишано на репрезентативната листа на нематеријални наследства на УНЕСКО и истото традиционално се изведува на ова место, храмот има потенцијал да се стави во функција на туризмот.

**(15) Црквата Свети Јоаким Осоговски** е лоцирана во село Јакимово во близина на Виница и е најрепрезентативен верски објект во овој крај. Започната со градба во 1993 година, црквата е осветена на 6 мај 2002 год.Иконите и фрескоживописот се дело на зографот Венко Цветков од Скопје.

**Туристички атрактивности:** релативно нов храм, еден од порепрезентативните во овој крај

**Потенцијални типови туризам:** верски туризам,туризам на културно-историското наследство

**(16) Лесновски манастир, Лесново**. Манастирот Св. Гаврил Лесновски се наоѓа во селото Лесново, во близина на Кратово и Злетово. Манастирската црква е посветена на св. Архангел Михаил и „пустиножителот" Гаврило и датира од 1341 год. од времето на деспотот Јован Оливер. Црквата била подигната на местото на темелите на постара, која постоела уште во времето на Гаврил Лесновски, чии мошти биле закопани тука, а подоцна биле пренесени во Бугарија, во трновската црква Св. Апостоли. Освен архитектурата и живописот, особено вреден во овој манастир е и иконостасот, работен во ажурна резба, дело на познатиот мајстор Петре Филиповски од село Гари, кој го работел од 1811 — 1814 година. Лесновскиот манастир е значаен и за историјата на словенската писменост и литература. Огромен број ракописни и печатени книги од овој познат скрипториум се однесени уште во XIX век надвор од Македонија и денес се чуваат во библиотеките на други земји. Од 1950 година манастирот е прогласен за споменик на културата и е заштитен со закон. Лесновскиот манастир е машки манастир со активен монашки живот.



Слика 31. Манастирската црква во Лесновскиот манастир(оригинал).

**Туристички атрактивности:** манастирската црква од 1341, иконостас дело на Петре Филиповски, манастир со активен монашки живот.

**Потенцијални типови туризам:** верски туризам,туризам на културно-историското наследство, манастирски туризам.

**Забелешка:** Одличен пример за манастирски туризам во Република Македонија и пошироко.

**(17) Црква Успение на Пресвета Богородица** – Пирог. На 10 километри североисточно од Злетово се наоѓа манастирот Пирог со црквата Успение на Пресвета Богородица. Се претпоставува дека црквата е подигната во XIV век и е еднокорабна градба засведена со полуобличест свод. Остатоците од живописот се симнати од ѕидните површини и се презентирани во музејот во Штип.

**Туристички атрактивности:** храм од XIV век.

**Потенцијални типови туризам:** верски туризам,туризам на културно-историското наследство.

**Забелешка:** Храмот Успение на Пресвета Богородица е сместен во опкружување особено погодно за развој на верски туризам.

**(18) Женскиот манастир Св. Спиридон Чудотворец– Пробиштип** е метох на Лесновскиот манастир и од неговата изградба во XIII век функционирал како машки манастир. Срушен за време на турската империја и оставен на забот на времето. Манастирот е обновен во 2006/2007 година и од тогаш функционира како женски манастир. Храмот во манастирот е живописан од страна на Драган Ристески од Охрид и Лазар Лечиќ од Војводина. Манастирот се наоѓа на седум километри североисточно од Злетово на патот за новата брана Кнежино покрај Злетовска Река, во близина на селото Зеленград.

**Туристички атрактивности:** активен женски манастир.

**Потенцијални типови туризам:** верски туризам,туризам на културно-историското наследство, Манастирски туризам.

**Забелешка:** Женскиот манастир Св. Спиридон Чудотворец е сместен во опкружување особено погодно за развој на верски туризам.

**(19) Старата црква Св. Апостоли Петар и Павле– Пехчево**, која постоела на ова место, била изградена во 1856 година со залагање на месното население. До црквата била изградена и импозантна камбанарија, а во склоп на црквата егзистирало и црковно училиште. За жал, сето ова било уништено во катастрофалниот земјотрес кој во 1904 год. го погодил овој крај. Во 1978 год. била урната старата црква и на нејзино место била изградена денешната, со големо централно кубе и три апсиди. Црквата е осветена на 9 октомври 1988 година.

**Туристички атрактивности:** црковен храм во Пехчево

**Потенцијални типови туризам:** верски туризам,туризам на културно-историското наследство, манастирски туризам.

**Забелешка:** Црквата Св. Апостоли Петар и Павле во Пехчево е првенствено интересна за локалното население и истата може да се стави во функција на туристичката понуда на градот.

**(20) Црквата Св. Димитриј** е единствената црква во Зрновци е и главна парохиска црква на Зрновската парохија. Црквата е изградена во почетокот на XVIII век врз темелите на постара црква која датирала од XII век. Фреските се од почетокот на XX век и не се знае кој е фрескописецот. Црквата го слави големиот христијански празник Митровден, кој воедно е и општински празник. Св. Димитриј бил прогласен за патрон на селото Зрновци во 2010 год, а на 8 ноември 2014 година на плоштадот во селото е поставен и споменик на овој светец, направен од бронза изработен во средното уметничко училиште "Лазар Личеноски" од страна на уметникот Дацо Николовски.

**Туристички атрактивности:** единствена црква во Зрновци, главна парохиска црква на Зрновската парохија.

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство, верски туризам.

**(21) Манастирот "Свети Симеон Столпник"– Мородвис** е изграден и осветен е во 1968 година, а обновен во 2002 год. Иконите и фрескоживописот се изработени од Валентин Ѓуровиќ и Ангел од Кочани.

**Туристички атрактивности:** манастир изграден во 1968 година.

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство, верски туризам, манастирски туризам.

**Забелешка:** Во самото село е и локалитетот Црквиште и новоизградената етно куќа, со што дополнително се збогатува туристичката понуда.

**(22) Манастирот "Света Петка" во с.Видовиште - Зрновци** е изграден во 1988 година и осветен на 2. 10. 1988 година од митрополитот брегалнички Стефан.

**Туристички атрактивности:** манастир изграден во 1988.

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство, верски туризам, манастирски туризам.

**(23) Храмот Св Архангел Михаил во село Спанчево** е изграден во 1874 год. и во него е зачувано дел од сликарството. Во близина на храмот во 2007 година случајно при вршење на земјоделски активности пронајдени се повеќе женски фигурини кои потекнуваат од енеолитот,

што поттикнало дополнителни сондажни истражувања, со што се потврдило присуството на живот во овој крај уште од четвртиот милениум пред нашата ера.

**Туристички атрактивности:** храм изграден во 1874.

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство, верски туризам.

**Забелешка:** Со оглед на тоа дека во близина на манастирот се пронајдени женски фигурини кои потекнуваат од енеолитот, препорачливо е изработка на соодветна сигналитика со која би се нагласила важноста на ова место во минатото.

**(24) Црквата Успение на Пресвета Богородица во Македонска Каменица** е новоизграден храм лоциран во центарот на Македонска Каменица. Храмот е неодамна живописан.

**Туристички атрактивности:** новоизграден храм во центарот на Македонска Каменица.

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство, верски туризам.

**(25) Манастир Св.Пантелејмон – с.Пантелеј**. Манастирскиот комплекс Св.Пантелејмон е лоциран во близина на селото Пантелеј на 12 km од Кочани. Постои интересна приказна за тоа како настанал овој манастир, изграден при крајот на XIX век. Според преданието, на некоја млада слепа девојка Нејтана на сон ѝ се сонило да појде на местото каде постоеле урнатини од постара црква, и дека доколку копа на тоа место ќе пронајде вода со која ќе се излекува. Најтана уште утредента отишла на местото и почнала да копа. Копала подолго време и иако селаните ја убедувале да престане, таа продолжувала и не кажувала никому зошто копа. Уморена од долгото копање, паднала болна и по извесен период умрела. На смртната постела им раскажала на селаните за сонот и ги задолжила селаните да продолжат да копаат. Кратко по нејзината смрт, селаните навистина пронашле вода на тоа место, која подоцна станала надалеку позната по својата лековитост. Местото станало собиралиште на многу луѓе кои тука го барале својот спас, па подоцна е подигнат и манастирот. Изворот во овој манастир и ден денес е место што го посетуваат голем број луѓе барајќи спас за разни болести. Манастирот неодамна е обновен, до него води асфалтен пат, и збогатено со живописната природа, ова место е едно од попознатите викенд локации во овој регион.

**Туристички атрактивности:** манастир изграден при крајот на XIX век, извор со вода за која народот верува дека има лековити својства. Фрескоживописот и дел од иконите во храмот се работени од познатиот сликар Димитрија Папрадишки, од кои 44 икони се ставени под заштита на државата.

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство, верски туризам, манастирски туризам

**(26) Манастир Св. Илија село Бели– Кочани**. Темелите на манастирот Св. Илија во село Бели се поставени во 1964 година и се верува дека на тоа место постоел манастир уште од поодамна, кој бил стар како и надалеку познатиот даб кој се наоѓа на ова место. Седум века стариот даб, т.е. „Дабот од село Бели“, се наоѓа во склоп на овој манастир и истиот претставува споменик на природата заштитен со закон и воедно симбол на ова село. Под дабот се наоѓаат две огромни грамади, кои жителите ги викаат „камен на плачот“. Интересна е приказната за смокот долг околу два метра кој живеел во самиот даб, и кој честопати излегувал и пред посетителите на манастирот и кој во народот бил познат како „светијата“, па затоа никој не се обидувал да го убие или, пак, да го избрка. Во 2004 година биле извршени работи за санација на дабот, при што смокот излегол од дупката и истата била затворена. Од тогаш никој повеќе го нема видено „светијата“, но, сепак, многу од локалните жители сметаат дека тој нашол друг

отвор и дека сè уште живее во дабот. Во 2012 година дабот бил погоден од гром, при што истиот се запалил и претрпел сериозни оштетувања.

**Туристички атрактивности:** манастир изграден во 1964 год., седум века стар даб.

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство, верски туризам, рурален туризам, планински туризам

**(27) Црквата Св. Ѓорѓи" во Кочани** е изградена во 1917 година, според претпоставките, врз темелите на постар храм. Старите икони во црквата се од XIX век од зограф Венјамин и непознат автор, а во 2003 и 2004 година за иконостасот се изработени нови икони и во истиот период црквата е фрескоживописана. Иконите и фреските се дело на зографот Венко Цветков од Скопје.

**Туристички атрактивности:** храм изграден во 1917 год.

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство, верски туризам,

**(28) Манастирот „Св. Спас", Полаки – Кочани** е сместен во срцето на Осоговските Планини, на надморска височина од околу 1000 m, опкружен со дабова и букова шума. Изграден во периодот од 1930-35 година врз темелите на постар храм, поради неквалитетните материјали употребени при неговата изградба истиот почнал да се распаѓа, па така во 2001 година започнале работите на негова комплетна реконструкција. Денес манастирот го посетуваат голем број верници, туристи и планинари, кои покрај живописната природа, тука можат да ја доловат и една од најубавите панорами во овој крај. Токму поради големата заинтересираност за оваа локација веќе се започнати активности за изградба на манастирски конаци.

**Туристички атрактивности:** манастир сместен во срцето на Осоговските Планини

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство, верски туризам, манастирски туризам, планински туризам, зимски туризам

**Забелешка:** Манастирот има особено погодна местоположба и е привлечна дестинација за домашни и странски туристи.

**(29) Манастир Св. Василиј Велики - Пониква**. Во склоп на туристичкиот комплекс „Пониква" на Осоговските Планини, на надморска височина од 1.640 метри неодамна е изграден манастирот Св. Василиј Велики. Во близина на манастирот веќе се работи и на изградбата на конак, во кој може да се опслужат поголем број посетители со ручек, а планирано е да има и дел за ноќевање.

**Туристички атрактивности:** манастир восклоп на туристичкиот комплекс „Пониква".

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство, верски туризам, манастирски туризам.

**Забелешка:** Со изградбата на конаците, а поради неговата особено погодна местоположба, овој манастир има потенцијал да биде привлечна дестинација за домашни и странски туристи.

**(30) Црквата Св. Ѓорѓи, с.Горни Козјак - Карбинци** е лоцирана на десетина километри североисточно од Штип, во месноста Горни Козјак и е една од најстарите цркви во Македонија. Според начинот на ѕидање црквата се датира од XI — XII век, а постојат и мислења дека таа е и уште постара, односно ја врзуваат со царувањето на бугарските владетели Борис и Симеон (IX — X век).Се претпоставува дека црквата е обновена во XIV век. Црквата е живописана во неколку фази и од неколку мајстори и денес голем дел од тој живопис е уништен.



Слика 32. Црквата Св.Ѓорѓи кај с.Горни Козјак е меѓу најстарите во Македонија (оригинал).

**Туристички атрактивности:** една од најстарите цркви во Македонија

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство, верски туризам,

**(31) Манастир Св. Петка во близина на село Калаузија – Карбинци**. Манастирот е лоциран на патот до археолошкиот локалитет Баргала и во негова близина има неколку извори на вода за коишто локалното население верува дека имаат лековити својства. Слава на манастирот е Св. Петка (8 август) и на овој ден него го посетуваат голем број посетители. Во манастирот има конаци во кои може да се ноќева.

**Туристички атрактивности:** извори на вода за кои локалното население верува дека е лековита, манастир во кој може да се преноќи.

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство, верски туризам, манастирски туризам.

**(32) Црквата Вознесение Христово – Карбинци** е изградена и осветена во 1876 год. Иконите се од XIX век и од почетокот на XX и се од непознат автор.

**Туристички атрактивности:** храм изграден во 1876 год.

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство, верски туризам.

**(33) Манастирот Еленец - Покров на Пресвета Богородица** е манастирски комплекс сместен длабоко во Осоговските Планини, на илјада метри надморска височина и на 12 километри од Македонска Каменица во живописното село Цера. На ова место постоел манастир уште од римско време, а денешниот манастирски комплекс потекнува од 1880

година во кој е сместена голема централна манастирска црква,  посветена на Покровот на Пресвета Богородица.  Дел од  манастирско-туристичкиот комплекс „Еленец“ е реновиран во 2014 година, со средства од ИПА Програмата за прекугранична соработка, и изграден е и нов асфалтен пат до манастирот.

**Туристички атрактивности:** реновиран манастир сместен во живописните предели на Осоговските Планини

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство, верски туризам.



Слика 33. Манастирот Еленец - Покров на Пресвета Богородица во с. Цера (оригинал).

**(34) Пештерска црква Св. Богородица, Лесново.** Најпривлечните локации кои сè уште претставуваат енигма и мистерија се наоѓаат во близина на Лесново. Посебно се привлечни културните знаменитости, најголемиот дел сместени во клисурестиот дел на Лесновска Река. За љубителите на вакво богатство оваа е вистинска новост и откритие, култниот објект пештерска испосница св. Богородица се наоѓа на стрмната падина на клисурата. Самата пештерската црква св. Богородица плени со својата мистичност и крие повеќе легенди и преданија кои до денешен ден месното население ги прераскажува на посетителите.

**Туристички атрактивности:** пештерска црква

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство, верски туризам.

**(35) Пештерска црква Св. Илија Лесново.** На врвот Илински крст се наоѓа култниот објект пештерска испосница св. Илија, која плени со својата светост и убавина и претставува посебно место за месното население и монашкото братство од манастирот за празнување на празникот Свети Илија.

**Туристички атрактивности:** пештерска црква

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство, верски туризам.

**(36) Успение на Пресвета Богородица** е главна селска црква во Злетово за која се верува дека е градена во три фази (1848 до 1853 год.), врз постара црква од 18 век. Злетово како стара населба, покрај другото, била позната и како седиште на Злетовската епископија, поради тоа што во неговата околина имало голем број цркви и манастири. Црквата Успение на Пресвета Богородица е еден од ретките репрезентативни објекти, кои можат да се видат денес во Злетово.

**Туристички атрактивности:** христијански објект од средината на 19 век

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство, верски туризам.

## 4.5.7. Исламска архитектура

**(1) Мостот на султанот Емир Ќучук – Штип**. Мостот именуван по султанот Емир Ќучук е изграден во 1672 година и претставува редок пример на турска архитектура. Во минатото мостот играл исклучителна важна комуникациска улога, но со намалувањето на нивото во реката Брегалница, денес тој има повеќе културно историско значење. За време на првата Балканска војна преку овој мост поминувала демаркационата линија, која го делела градот на српски и бугарски дел. Мостот е лоциран на влезот во Штип на преминот преку реката Брегалница.

**Туристички атрактивности:** стара архитектура, редок пример на турска архитектура.

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство, урбан туризам**.**

**(2) Саат кула – Штип**, позната и како Бегова кула. За овој споменик на културата од XVII век врзани се две интересни приказни кои и ден денес се раскажуваат во Штип. Според првата приказна, кулата ја изградил извесен бег кој живеел во Штип и имала намена да го заштити него и неговото семејство во кризни времиња, па поради тоа на објектот имало пушкарници и балкон. Втората легенда кажува за некој турски бег кој се заљубил во убавата штипјанка Анка. Бегот сакал да ја потурчи Анка и бил доста упорен во тоа. Сакајќи да се ослободи од бегот, Анка побарала од него да му остави на градот убав спомен, т.е. една кула која би била и градски саат. Упорен во љубовта кон Анка, бегот ја изградил кулата и ја одвел со себе младата штипјанка. Механизмот на часовникот во кулата бил поставен еден век по нејзината градба, а дел од кулата бил срушен во 1934 година.

**Туристички атрактивности:** стара архитектура.

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство, урбан туризам.

**(3) Хусамедин Паша џамијата во Штип** е лоцирана на еден рид од левата страна на река Отиња. Во народот е позната и како црква св.Илија бидејќи се верува дека е изградена врз темелите на истоимената црква која постоела на ова место. Џамијата постоела во XVI век, а неа ја споменува и патеписецот Евлија Челеби, кој во 1662 година, престојувал во Штип, и покрај другото за Хусамедин Паша џамијата вели дека уметнички била изградена, со камено минаре и оловен покрив. Хусамедин Паша џамијата има квадратен облик во основата, со шестостран тамбур кој лежи директно врз четирите странични ѕидови и полуоблическа купола. Припаѓа на еднопросторниот селџучки тип џамии. Посебна карактеристика на оваа џамија, по што се издвојува од другите од овој тип објекти во Македонија, е седмоаголниот, плиток засведен дел кој “излегува” на јужната фасада и во кој е сместена михрапската ниша. Оваа форма на апсида на михработ, којашто можеме да ја следиме од 14 век, е резултат на интензивните меѓусебни влијанија на рано-османлиската и доцно-византиската архитектура. Јужно од џамијата се наоѓа турбе во кое е погребан шејхот Мухјудин Руми Баба, кого го споменува и Евлија Челеби.

Џамијата била обновена во 1950 година и во неа до 1956 година била сместена музејската поставка на градот Штип. Денес објектот не е во функција.

**Туристички атрактивности:** стара архитектура.

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство, верски туризам, урбан туризам.

**(4) Кадин Ана џамија – Штип** е главен религиозен објект на муслиманското население во Штип. Во овој објект изграден во 19 век членовите на исламската религија ги извршуваат своите муслимански верски традиции.

**Туристички атрактивности:** стара архитектура,

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство, верски туризам, урбан туризам.

**Забелешка:** Како активен верски објект би можел да се стави во функција на туризмот преку негово соодветно обележување и промоција како место за извршување на верските потреби.

**(5) Безистен – Штип.** Еден од порепрезентативните примери на османлиската архитектура во Штип е Безистенот, кој е лоциран во центарот на градот, на десната страна од реката Отиња.



Слика 34. Безистенот во Штип.

Не е познато кога е изграден, но според начинот на градба се претпоставува дека потекнува од XVI/XVII век. Во турско време служел како главна чаршија во која се продавале разни видови платна и друга скапоцена стока. Со исчезнувањето на ориенталниот начин на тргување, неговата намена е изменета и при крајот на XVIII и почетокот на XIX век бил користен како затвор. За време на Австро-турската војна, Безистенот е запален. Безистенот е изграден од полн камен. Има правоаголна основа и три издвојувања во висина, од кои последната е куполата. Во внатрешноста има три простории и впечатлив свод, односно купола. Секој од ѕидовите има мали прозорци за да може во внатрешноста да влегува светлина. Денес Безистенот е адаптиран и функционира како изложбен простор.

**Туристички атрактивности:** стара архитектура, изложбен простор.

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство, манифестациски туризам, урбан туризам.

**(6) Џамијата Султан Фатих Мехмед во Делчево** е изградена во 1448 година и е најстар објект во Делчево. Сместена во центарот на Делчево истата се споменува во патеписите на Евлија Челеби од 1670 година. Оваа и џамијата во Тработивиште се едни од ретките џамии во светот каде минарето е поставено на левата страна од влезот во џамијата.

**Туристички атрактивности:** најстар објект во Делчево, една од ретките џамии во светот каде минарето е поставено на левата страна од влезот.

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство, верски туризам.

**(7) Мухамед Ага џамија.** Мухамед Ага џамијата е изградена во 1668 година како завештание на царскиот намесник Махмуд Ага. Џамијата се наоѓа во јужниот дел на селото Радање, оддалечено е 6 km од Карбинци. Џамијата со своите стилски особености и архитектонски карактеристики претставува значаен споменик на османлискиот период. Употребата на добро обработениот камен, употребуван при градбата на некои џамии и цркви во кумановскиот и штипскиот регион дава информации дека џамијата била градена од домашни мајстори. Прецизната изработка на декоративните боени елементи видливи во внатрешноста на џамијата зборуваат за значењето на овој верски објект. Објектот е во фаза на конзервација и реконструкција и наскоро истиот ќе биде спремен за презентација пред пошироката културна јавност, а воедно ќе започнат и религиозните обреди.

**Туристички атрактивности:** стара архитектура

**Потенцијални типови туризам:** туризам на културно-историското наследство, верски туризам.

### 4.5.8. Македонски народни ора во ИПР

На територијата на етничка Македонија постојат пет играорни подрачја, издвоени според одредените стилски карактеристики што постојат во соодветните региони. Тоа се источно, западно, северно, југозападно и јужно играорно подрачје. Источниот плански регион во голема мера се совпаѓа со источното играорно подрачје, односно под источни ора се подразбираат македонските народни ора што потекнуваат од: Куманово, Крива Паланка, Делчево, Пехчево, Кочани, Берово, Штип, Радовиш и Пиринска Македонија.

**(1) Копачка** е македонско народно оро кое потекнува од с. Драмче, Пијанечко. Инспирирано е од тешкиот и макотрпен живот на македонскиот народ и од неговата желба и борба за слобода. Орото го играат мажи кои се држат за појасите, левата рака пред десната. По карактер орото е полетно и темпераментно, со брзи мали чекори на полустапалата и обилува со потскоци, доскоци, бочни движења и ножици. Со оглед на тоа дека ова оро од памтивек се играло на овие простори, а за разлика од многу други ора и ден денес се игра, истото од ноември 2014 год. е впишано на репрезентативната листа на нематеријални наследства на УНЕСКО. Апликацијата е поднесена од Димитар Узунски и Здружението „Фолклорна група Копачка“ од село Драмче, Делчевско, со поддршка од Министерство за култура на Република Македонија. Копачка е народно оро кое и ден денес може да се сретне во голем број народни веселби и воедно претставува одличен пример за тоа како негувањето на народните ора и традиција можат да придонесат и за развој на туризмот.

**(2) Потрчулка** е умерено брзо народно оро со одмерени движења, мали чекори и потскоци на полустапалата. Изворно се игра во кочанскиот крај и составот на играчите е жени кои се држат за појас.

**(3) Беровка** е македонско народно оро кое изворно се игра во Малешевијата. Играчкиот состав го сочинуваат жени кои се држат за раце кои се слободно спуштени долу. Орото е полетно, со брзи и ситни чекори на полустапалата и изобилува со потскоци и доскоци.

**(4) Помниш ли либе Тодоро** е женско оро што изворно се игра во Штип и околината. По карактер е полетно женско оро со ситни чекори и потскоци, во кое играорките се држат за раце кои се слободно спуштени долу.

**(5) Осоговка** е машко народно оро кое изворно се игра во Кочани и околината. Познато во народот и како Арнаутско оро. Осоговка е типично машко темпераментно оро со изразити баланси, потскоци, доскоци и остри движења со двете нозе во кое играорците се држат за рамо.

**(6) Жетварки** е народно оро кое изворно се игра во Кочани и околината. Составот на играорците е мешан – мажи и жени кои се држат за рамо или за раце кои се спуштени слободно долу. Жетварки е темпераментно оро со подрипливи чекори.

**(7) Ратевка** е народно оро со мешан играчки состав (мажи и жени) кое изворно се игра во Малешевијата. Играорците се држат за раце кои се слободно спуштени долу. По карактер орото е полетно со потскоци и доскоци и мали чекори на полустапалата.

## 4.5.10. Туристичка валоризација на културните вредности во ИПР

Туристичката валоризација на културното наследство е извршена на ист начин како и за природното, со одредени модификации имајќи ги предвид големите различности помеѓу одделни категории: објекти, обичаи, манифестации и сл.

***Сезоналност*** – кај речиси сите атракции сезоналноста е оценета со највисока оценка поради тоа што се работи за недвижно културно наследство, освен за настаните коишто најчесто се случуваат еднаш во текот на годината.

***Археолошките локалитети*** имаат висока оценка за значење, добра сообраќајна поврзаност и најголем дел од нив имаат добра туристичка положба, средна пристапност, а само мал број од нив се туристички опремени. Сезоналноста не претставува проблем кај археолошките локалитети. За посетеноста на археолошките локалитети нема прецизни податоци. Мал број од нив се презентирани, односно само неколку се презентирани за посетители и подготвени да примат туристи.

***Музеите, спомен куќите*** се наоѓаат во градовите и урбаните средини, каде што е забележлива одлична туристичка положба, пристап и сообраќајна поврзаност и висока оценка кај сезоналноста. Значењето, содржајноста и специфичноста на истите е оценета со добри оценки.

***Културно историските знаменитости, споменициte и спомен обележјата*** имаат пристап, сообраќајна поврзаност и добра туристичка положба бидејќи најголем дел од нив се наоѓаат во урбани места. Поради тоа и сезоналноста им е добра. Туристичката опременост е послаба, како и нивната специфичност. Значењето и содржајноста е оценета со средна оценка, како и специфичноста на овие атракции.

***Настани, фестивали и манифестации*** се случуваат во градови и села кои имаат добра сообраќајна поврзаност, пристапни се и имаат добра туристичка положба. Повеќето од нив имаат големо значење и се оценети со добра или средна оценка. Ретко кои од  настаните и манифестациите имаат највисока оценка за содржајност и специфичност, односно се движат во средна оценка. Сезоналноста е со логично пониска оценка бидејќи се случуваат еднаш во текот на годината, меѓутоа таа не е пресудна за нивната атрактивност.

Атракциите од ***исламска архитектура*** имаат добра туристичка положба, сообраќајна поврзаност и пристапност. Но, објектите од исламска архитектура имаат слаба туристичка опременост и средна специфичност и содржајност.

***Црквите и манастирите во Источен плански регион*** имаат релативно поволна туристичка положба и речиси сите се пристапни, со мали исклучоци. Оценките за  содржајност, специфичност се средни, а неколку од нив имаат најголемо значење во ИПР. Само црквите во градовите или поголемите, познати манастири имаат релативно добра туристичка инфраструктура, додека кај другите е слаба.

***За посетеност за сите атракции*** – Не се добиени информации за посетеноста на валоризираните атракции од областа на културното наследство, но тоа ќе биде предмет на истражување во наредната фаза.

Табела 22. Редоследен приказ на археолошките локалитети, валоризирани според збирната вредност.

| Ред. Бр. Во списокот | Атракција | тур. Положба | тур. Опрем. | инфрастр | сообраќ.поврз | пристапн | специфичност | содржајност | значење | посетеност | сезоналност | Вкупно | координати | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | X | Y |
| 7 | Виничко Кале | 3 | 3 | 2 | 3 | 2 | 3 | 3 | 3 | / | 3 | 25 | 22.502521 | 41.877069 |
| 1 | Исар – Штип | 3 | 3 | 2 | 3 | 2 | 3 | 2 | 3 | / | 3 | 24 | 22.186279 | 41.737714 |
| 5 | Црквиште - Мородвис | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | 2 | 3 | / | 3 | 23 | 22.418391 | 41.848491 |
| 4 | Баргала – Карбинци | 2 | 2 | 2 | 3 | 2 | 3 | 3 | 3 | / | 3 | 23 | 22.290665 | 41.798814 |
| 6 | Локубија – Кочани | 3 | 1 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | / | 3 | 22 | 22.413977 | 41.914900 |
| 2 | Грнчарица, Крупиште | 3 | 1 | 1 | 2 | 1 | 3 | 1 | 3 | / | 3 | 18 | 22.250278 | 41.842222 |
| 14 | Беш тепе – Карбинци | 2 | 1 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 3 | / | 3 | 16 | 22.234354 | 41.815905 |
| 8 | Градиште – с. Град | 3 | 1 | 1 | 2 | 2 | 1 | 1 | 2 | / | 3 | 16 | 22.843922 | 41.940021 |
| 11 | Калата - Калиманци | 2 | 1 | 1 | 2 | 1 | 2 | 2 | 2 | / | 3 | 16 | 22.590329 | 41.984998 |
| 3 | Пилаво, Бурилчево | 2 | 1 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | / | 3 | 15 | 22.292070 | 41.847652 |
| 16 | Вршник – Таринци | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 | 2 | 2 | 2 | / | 3 | 15 | 22.230094 | 41.798918 |
| 15 | Кале – Крупиште | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 | 2 | 2 | 2 | / | 3 | 15 | 22.249940 | 41.842149 |
| 9 | Св. Петка – Пехчево | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | / | 3 | 14 | 22.891142 | 41.766787 |
| 12 | Таринци – Карбинци | 1 | 1 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 1 | / | 3 | 13 | 22.230278 | 41.798889 |
| 10 | Равен – Пехчево | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | / | / | / | / | 3 | 11 | 22.883164 | 41.761575 |
| 13 | Св. Атанас – Спанчево | 2 | 1 | 1 | 1 | 2 | / | / | / | / | 2 | 9 | 22.307932 | 41.905846 |

Табела 23. Редоследен приказ на музеите и спомен куќите, валоризирани според збирната вредност.

| Ред. Бр. Во списокот | Атракција | тур. Положба | тур. Опрем. | инфрастр | сообраќ.поврз | пристапн | специфичност | содржајност | значење | посетеност | сезоналност | Вкупно | координати | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | x | y |
| 15 | Музеј Штип | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | / | 3 | 27 | 22.189673 | 41.736520 |
| 18 | Музеј Виница | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | / | 3 | 27 | 22.504868 | 41.884197 |
| 16 | Етно – куќа во Мородвис | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 3 | 2 | / | 3 | 24 | 22.417472 | 41.848647 |
| 17 | Музеј Кочани | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | / | 3 | 24 | 22.411541 | 41.923280 |
| 20 | Музеј Делчево | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | / | 3 | 24 | 22.773341 | 41.966630 |
| 22 | Музеј Берово | 3 | 2 | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | / | 3 | 22 | 22.856511 | 41.707742 |
| 21 | Сп. дом – Разловци | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 2 | 3 | / | 3 | 21 | 22.767922 | 41.843624 |
| 19 | Сп. Кост. – Цера | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | / | 3 | 14 | 22.508826 | 42.059228 |

Табела 24. Редоследен приказ на валоризиранитекултурно историски знаменитости.

| Ред. Бр. | Атракција | тур. Положба | тур. Опрем. | инфрастр | сообраќ.поврз | пристапн | специфичност | содржајност | значење | посетеност | сезоналност | Вкупно | Координати | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | x | Y |
| 24 | Сп. Евреи – Штип | 3 | 2 | / | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | / | 3 | 20 | 22.190488 | 41.736429 |
| 25 | Сп. НОВ Штип | 3 | 3 | 2 | 2 | 3 | 2 | 2 | 2 | / | 3 | 22 | 22.187720 | 41.738471 |
| 27 | Ново Село – Штип | 3 | 1 | 2 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | / | 3 | 22 | 22.182540 | 41.734855 |
| 29 | Дом на АСНОМ - Делчево | 3 | 2 | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | / | 3 | 22 | 22.773341 | 41.966630 |
| 23 | Дом на кул. – Пробиштип | 3 | 2 | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | / | 3 | 22 | 22.176683 | 42.000065 |
| 36 | Сред. кули Кочани | 3 | 1 | 1 | 3 | 3 | 2 | 2 | 1 | / | 3 | 19 | 22.412095 | 41.923357 |
| 36 | Сред. кули Кочани | 3 | 1 | 1 | 3 | 3 | 2 | 2 | 1 | / | 3 | 19 | 22.409026 | 41.921519 |
| 35 | Сп. на слоб. – Кочани | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | / | 1 | 18 | 22.406987 | 41.918876 |
| 26 | Сп. Даме Груев – Русиново | 2 | 1 | 2 | 2 | 2 | 3 | 1 | 3 | / | 1 | 17 | 22.805177 | 41.690493 |
| 30 | Сп. Вера Јоциќ – М. Каменица | 3 | 2 | 2 | 3 | 3 | 1 | 1 | 1 | / | 1 | 17 | 22.588126 | 42.021115 |
| 31 | Сп. биста Вера Јоциќ - М. Каменица | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 1 | 1 | 1 | / | 1 | 16 | 22.544711 | 42.077589 |
| 32 | Сп. Миле Јаневски – М. Каменица | 3 | 2 | 1 | 3 | 3 | 1 | 1 | 1 | / | 1 | 16 | 22.589373 | 42.022896 |
| 33 | Сп. Никола Карев – Чеш. Обл. | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | / | 1 | 16 | 22.293121 | 41.945667 |
| 34 | Посл. воденица – Кочани | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | / | 3 | 16 | 22.409177 | 41.934715 |
| 28 | Кулата – Делчево | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 1 | 1 | 2 | / | 3 | 15 | 22.780512 | 41.943409 |
| 24 | Кукуљe – Нов Иственик | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | / | 3 | 14 | 22.825666 | 41.849811 |

Табела 25. Редоследен приказ на настани, валоризирани според збирната вредност.

| Ред. Бр. | Атракција | тур. Положба | тур. Опрем. | инфрастр | сообр.повр | пристапн | Специфичн. | содржајност | значење | посетеност | сезоналност | Вкупно | Координати | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | x | Y |
| 2 | „Четрсе“ – Штип | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | / | 1 | 25 | 22.187179 | 41.738193 |
| 22 | Макфест – Штип | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 3 | 3 | / | 2 | 25 | 22.193281 | 41.737499 |
| 23 | Пастрмајлијада – Штип | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | / | 2 | 25 | 22.194737 | 41.738309 |
| 17 | Пијанечко – Мал. Свадба | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | / | 1 | 24 | 22.767115 | 41.976534 |
| 25 | Денови на модата во Штип | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 3 | 2 | / | 2 | 24 | 22.198786 | 41.738205 |
| 6 | Драмски ам. Фест. – Кочани | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | / | 2 | 23 | 22.412007 | 41.920964 |
| 7 | Ум. Кол. Лесново | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | / | 2 | 23 | 22.227359 | 42.013292 |
| 13 | Штипско кул.лето | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | / | 2 | 23 | 22.195111 | 41.737827 |
| 28 | True Sound of Kamenica | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | / | 1 | 23 | 22.587901 | 42.020991 |
| 16 | Етно фест. Берово | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 3 | 2 | / | 1 | 23 | 22.856767 | 41.706885 |
| 18 | Истибањско здравоживо | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | / | 2 | 23 | 22.499863 | 41.929502 |
| 30 | Пијан. ден. на сливата – Делчево | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | / | 2 | 23 | 22.778145 | 41.966123 |
| 19 | Зажнејување на оризот | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | / | 1 | 23 | 22.311536 | 41.871297 |
| 29 | Гоцеви Денови – Делчево | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 3 | 2 | / | 1 | 23 | 22.778145 | 41.966123 |
| 20 | Коч. денови на оризот | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | / | 1 | 23 | 22.410934 | 41.921422 |
| 3 | Профест – Пробиштип | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | / | 1 | 22 | 22.177891 | 41.999882 |
| 26 | Каменичко културно лето | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | 3 | / | 1 | 22 | 22.587901 | 42.020991 |
| 4 | Велигденско јајце – Берово | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | / | 1 | 22 | 22.849962 | 41.710015 |
| 8 | Пехчевски Павловден | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | / | 1 | 22 | 22.887094 | 41.762084 |
| 31 | Свети Спас – Карбинци | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | / | 1 | 22 | 22.235288 | 41.816489 |
| 27 | Бабина баница | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | / | 1 | 22 | 22.511383 | 42.059134 |
| 9 | Фест. Дув. Орк. – Пехчево | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | / | 1 | 22 | 22.888424 | 41.762308 |
| 14 | Павловден – Виница | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 1 | / | 1 | 21 | 22.505045 | 41.884588 |
| 24 | Ин Виница Веритас | 3 | 3 | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 | 1 | / | 2 | 21 | 22.508001 | 41.883460 |
| 5 | Св. ден на Ромите – Кочани | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 1 | 2 | 1 | / | 1 | 20 | 22.412786 | 41.920783 |
| 12 | Распеано Малешевче | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 1 | 2 | 1 | / | 1 | 20 | 22.887125 | 41.762618 |
| 10 | Вл. средби – Кочани | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | / | 1 | 19 | 22.411675 | 41.921475 |
| 11 | Меѓ. Лик. Кол. „Св. Пант.“ – Кочани | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | / | 2 | 18 | 22.310017 | 41.968374 |
| 15 | Голачки фолк. средби | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 2 | 2 | / | 1 | 18 | 22.730918 | 41.901588 |
| 21 | Тодорови трки | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 | 1 | / | 1 | 18 | 22.507577 | 41.886150 |
| 1 | „Радоста на градот“ – Пробиштип | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | 1 | 1 | 1 | / | 1 | 17 | 22.181260 | 42.002226 |

Табела 26. Редоследен приказ на цркви и манастири, валоризирани според збирната вредност.

| Ред. Бр. | Атракција | тур. Положба | тур. Опрем. | инфрастр | сообраќ.површ | пристапн | специфичност | содржајност | значење | посетеност | сезоналност | Вкупно | Координати | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | x | Y |
| 1 | Св. Богородица - Ново Село | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | / | 3 | 25 | 22.182074 | 41.736070 |
| 3 | Св. Никола – Штип | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | / | 3 | 24 | 22.188852 | 41.736649 |
| 16 | Лесновски манастир | 2 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 3 | / | 3 | 24 | 22.228426 | 42.013238 |
| 7 | Св. Архангел Михаил – Берово | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 3 | / | 3 | 23 | 22.858777 | 41.701093 |
| 9 | Рож. на Пр. Богородица – Берово | 3 | 2 | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | / | 3 | 22 | 22.856931 | 41.706112 |
| 30 | Св. Ѓорѓи – Горни Козјак | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | / | 3 | 22 | 22.290735 | 41.797299 |
| 11 | Св. Бог. – Балаклија во Делчево | 3 | 2 | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | / | 3 | 22 | 22.758706 | 41.965575 |
| 29 | Св. Василиј Велики – Поникова | 3 | 2 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 1 | / | 3 | 22 | 22.352132 | 42.040448 |
| 2 | Св. Никола – Штип – Кочани | 2 | 2 | 2 | 3 | 2 | 2 | 2 | 3 | / | 3 | 21 | 22.255696 | 41.841106 |
| 8 | Усп. на Пр. Богородица – Берово | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | / | 3 | 20 | 22.861948 | 41.696607 |
| 14 | Св. Арх. Михаил – Драмче | 2 | 1 | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | / | 3 | 20 | 22.712306 | 42.009932 |
| 12 | Усп. на Прес. Богородица Делчево | 3 | 1 | 1 | 3 | 3 | 2 | 2 | 1 | / | 3 | 19 | 22.767167 | 41.976112 |
| 34 | Пешт. црква Св. Богородица Лесново | 3 | 1 | 1 | 3 | 3 | 2 | 2 | 1 | / | 3 | 19 | 22.227921 | 42.013650 |
| 13 | Св. Петка – Селник | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 3 | 2 | 3 | / | 3 | 19 | 22.731926 | 42.040475 |
| 18 | Св. Спиридон Чудотворец – Пробиштип | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | / | 3 | 19 | 22.269284 | 42.033100 |
| 19 | Св. Ап. Петар и Павле – Пехчево | 2 | 1 | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 | 1 | / | 3 | 19 | 22.886360 | 41.762671 |
| 35 | Пешт. црква Св. Илија Лесново | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 3 | 2 | 3 | / | 3 | 19 | 22.227921 | 42.013650 |
| 27 | Св. Ѓорѓи – Кочани | 3 | 1 | 1 | 3 | 3 | 2 | 2 | 1 | / | 3 | 19 | 22.408948 | 41.917232 |
| 4 | Св. Спас — Штип | 2 | 2 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | / | 3 | 18 | 22.184813 | 41.734801 |
| 33 | Манастир Еленец – Цера | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 3 | 2 | 3 | / | 3 | 19 | 22.507650 | 42.060425 |
| 6 | Св.Јован Крстител – Штип | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 2 | 2 | 2 | / | 3 | 18 | 22.185133 | 41.736081 |
| 15 | Св. Јоаким Ос. во Јакимово | 2 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | / | 3 | 18 | 22.512915 | 41.901311 |
| 24 | Усп. Пр. Богородица – М. Каменица | 3 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | / | 3 | 18 | 22.588291 | 42.021835 |
| 26 | Св. Илија – Бели | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 3 | 2 | 2 | / | 3 | 18 | 22.372924 | 41.937280 |
| 5 | Св. Архангел Михаил – Штип | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | / | 3 | 17 | 22.188102 | 41.738984 |
| 17 | Усп. на Пр. Богородица – Пирог | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | / | 3 | 17 | 22.259614 | 42.014096 |
| 20 | Св. Димитриј – Зрновци | 2 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | / | 3 | 17 | 22.447468 | 41.852872 |
| 21 | Св. Сим. Столпник – Мородвис | 2 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | / | 3 | 17 | 22.415836 | 41.847753 |
| 22 | Св. Петка – Видовиште | 2 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | / | 3 | 17 | 22.396694 | 41.846699 |
| 25 | Св.Пантелејмон – Кочани | 2 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | / | 3 | 17 | 22.310017 | 41.968374 |
| 31 | Св. Петка – Калаузија | 2 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | / | 3 | 17 | 22.327871 | 41.788491 |
| 10 | Св. Кон. и Елена во Разловци | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | / | 3 | 16 | 22.768148 | 41.843454 |
| 36 | Усп. Пр. Богородица – Злетово | 2 | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | / | 3 | 16 | 22.235002 | 41.987685 |
| 23 | Св Ар. Михаил Спанчево | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | / | 3 | 16 | 22.309927 | 41.903000 |
| 32 | Возн. Христово – Карбинци | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | / | 3 | 16 | 22.232633 | 41.816432 |
| 28 | Св. Спас – Полаки | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | / | 3 | 15 | 22.417152 | 42.050062 |

## 4.6. Гастрономија

Гастрономија (од старогрч. гастрос „стомак“ и номос „знаење“ или „закон“) е наука за соодносот помеѓу културата и храната. Честопати поимот гастрономија погрешно со поврзува исклучиво само со готвењето, но тоа е само мал дел од оваа дисциплина: не секој готвач е и гастроном. Гастрономијата изучува различни културни компоненти со храната како точка на фокус. Така, таа е сродна на убавите уметности и општествените науки, па дури и на природните науки во контекст на варењето на храната во човековото тело. Главните активности на гастрономот се откривање, испробување, искусување храна, вршење истражувања за храна, утвр-

дување на наученото и пишување за истата. Затоа гастрономијата е интердисциплинарна активност. Проникливото набљудување нè доведува до заклучокот дека околу храната постојат и танц, драматургија, сликарство, вајарство, книжевност, архитектура и музика; со други зборови, убави уметности. Но, таа подразбира и физика, математика, хемија, биологија, геологија, агрономија, како и антропологија, историја, филозофија, психологија и социологија. Примената на научните знаења врз готвењето и гастрономијата се нарекува молекуларна гастрономија. Прв формален третман на гастрономијата наоѓаме во книгата Психологија на вкусот од францускиот гастроном Жан Антелм Брија-Саварен (ран XIX век). Наспроти традиционалните готварски книги, ова дело го изучува соодносот помеѓу сетилата и храната, третирајќи го уживањето на трпезата како наука. Во последно време забележуваме посебна посветеност на принципите на гастрономијата со основањето на движењето Бавна храна (Slow Food) во 1986 година, кое во 1989 година прераснува во организација, денес присутна во 160 земји со 1300 локални ограноци, наречени конвивиуми. Организацијата во 2004 година отвора Универзитетот за гастрономски науки во Бра, Италија.

Гастрономијата како наука во Македонија речиси воопшто не е развиена и постојат многу мал број пишани материјали од оваа област. Постојат поединечни дела од Универзитетски професори и магистерски трудови, но сето тоа не е доволно за да се каже дека гастрономијата во РМ го има добиено своето заслужено место. Гастрономијата и туризмот се неодвоиво поврзани.Секој турист сака да истражува вкусови кои се различни од вкусовите кои може да ги вкуси во својата средина. Автентичната и органски произведена храна, како и пијалаци претставуваат значаен сегмент на секој туристички производ кои влијаат за развојот на туристичката дестинација. За жал, тие во Македонија не се доволно валоризирани и затоа автентичната храна и пијалаци не се користат како компаративна предност. Гастрономскиот туризам претставува дел од културниот туризам каде преку храната се истражува и открива културата и историјата на одредена средина. Покрај културниот туризам кој својата основа ја има во старите традиционални јадења, гастрономскиот туризам се заснова и на одредени традиционални пијалаци, како што е винскиот туризам. Значењето на автентичните, специфичните и органски производи е големо и може да придонесе на развој како на туризмот така и на земјоделието, индустријата на храна и многу други гранки, со еден збор да придонесе за економски развој. Гастрономскиот туризам се разликува од агро-туризмот бидејќи претставува подгрупа на културниот туризам, а агро-туризмот е подзбир на селскиот, но и на гастрономскиот туризам. Во секој случај, гастрономскиот и агротуризмот се нераскинливо поврзани. Македонија, а и Источниот плански регион располагаат со низа специфични и автентични јадења за чија подготовка се користат автентични или органски одгледани билки и животни. Предноста на гастрономијата во однос на услугите е во тоа што храната претставува материјален производ кој може да се складира, чува и да се понесе со себе,за разлика од услугите кои се нематеријални и неопипливи. Гастрономскиот туризам директно или индиректно го поттикнува развојот на земјоделието и на економијата. Посебно интересна земјоделска култура за Источниот плански регион е оризот. Развојот на културниот-гастрономски туризам преку патеките на оризот претставува конкурентна предност на Источниот плански регион. Виното, храната и туризмот се нераскинливо поврзани, но дури од неодамна улогата што тие ја играат во привлекување на туристите во одредена дестинација е експлицитно признаена и како таква стана призната како:

- Дел од локалната култура што ја трошат туристите;
- Дел од туристичката промоција;
- Потенцијална компонента на локален земјоделски и економски развој;
- Регионален фактор на кој влијаат желбите и барањата на туристите.

Korиста од гастрономскиот туризам за ИПР вклучува:

- Зголемена побарувачка за земјоделските производи и гастрономски специјалитети;
- Градење бренд;
- Маркетиншки информации за производителите и добавувачите (непосреден увид во вкусовите на потрошувачите);
- Едукативни можности за посетителите, но и за локалното население;
- Регионална и локална дистрибуција и потрошувачка;
- Заштита на интелектуалната сопственост.

Источниот плански регион, покрај оризот има и други автентични полновредни и здравствено безбедни гастрономски производи кои успешно можат да се пласираат на туристичкиот пазар. Постоечките потенцијали воопшто не се искористени во насока за развој на туризмот. Во креирањето, обликувањето, развојот и организација на гастрономските потенцијали на ИПР мораат да учествуваат како институциите така и сите туристички субјекти. Неопходно е да се направи мапирање на производите, нивна заштита и промоција. Исто така, неопходна е едукација во насока на развој на гастрономскиот туризам.

## 4.7. Општ преглед на валоризираните атрактивности во ИПР

Со нанесување на сите природни и културни атрактивности земени предвид во заедничка ГИС основа во форма на картограм се добива интересен картографски приказ. Истиот покажува релативна дисперзираност на атрактивните содржини низ регионот. Воедно, нема некој изразит „центар“ или жариште на туристичките атрактивности, односно нема некоја атрактивност од големо национално или уште повеќе од меѓународно значење.




Слика 35. Картографско-графички приказ на природните (кафеава боја) и културните (црвена боја) атракции во ИПР според валоризираната вредност (големина на кругот). Прикажани се оние атракции кои може да се претставаат точкесто (оригинал).

Наведеното значи дека за подрачјето на ИПР најсоодветен е т.н. динамичен туризам и вклучување (посета) на повеќе атрактивности (локалитети) во една туристичка понуда. Тоа нај-многу зависи од типот на туризмот, интересот на туристите и сл., што е подетално разработено во Стратегијата.

# 5. ВИДОВИ ТУРИЗАМ СПОРЕД ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ НА ИПР

## 5.1. Рурален туризам

Анализата на поединечните карактеристики и самото поимно толкување на селскиот туризам, еко-туризмот, винскиот туризам, гастрономијата како туристички производ, ловниот туризам, риболовниот туризам, туризам на фарма, туризам на земјоделска фарма, културен туризам и религиозен туризам, укажуваат на една заедничка компонента, а тоа е одвивање на активностите во рурална околина. Руралниот туризам претставува нов вид туризам со двојна корист и за туризмот, и за руралниот простор. Дефинирањето на руралниот туризам се разликува во различните земји во Европа. Исто така, не постои единствена дефиниција за рурален туризам. Главно под рурален туризам се подразбираат сите услуги и активности што се нудат во руралниот простор. Заеднички клучни елементи на руралниот туризам се:

- руралниот простор;
- зачувана природа;
- сместување во традиционални селски домаќинства;
- ноќевање со појадок со можност за самостојна подготовка на храна;
- традиционална рурална гастрономија;
- комуникација со домаќините;
- запознавање и/или учество во земјоделски активности, традицијата и начинот на живеење на локалното население.

Преку развој на овој вид туризам, може да се регенерираат руралните подрачја, а од друга страна да се постигне економски напредок и зачувување на природата. Согласно анализите на WTO (World Tourism Organization) и ETC (European Travel Commision), Европа како број 1 туристичка дестинација во светот покажува тенденција на зголемување на бројот на туристи кои користат продолжени викенди како начин на одмор од избегнување на стресното живеење во урбаните средини. При изборот на дестинации за користење на продолжени викенди, 3 – 4 дена, туристите одбираат блиски дестинации достапни со автомобилски и автобуски транспорт или транспорт организиран со нискобуџетни авиокомпании. При избор на дестинации за краток престој предност имаат дестинациите што нудат разни форми на селски, планински туризам и спа-туризам. Примарни фактори што влијаат при изборот на дестинацијата се:

- промоција на дестинацијата на интернет, коментари од посетители на дестинацијата и од нив препорачаните искуства;
- автентичноста на дестинацијата;
- цена на пакет услугата (транспорт, сместување, угостителски услуги, билети и други трошоци);
- квалитет на услуга како вкупна перцепција од сите точки на контакт со локалното население, култура и начин на живеење.

Основните карактеристики на Источниот плански регион покажуваат дека регионот располага со значителни природни ресурси и интересно културно-историско наследство. Врз основа на овие ресурси се отвора можноста за развивање на руралниот туризам, а од особено значење се оризовите култури, како конкурентна предност на ИПР. Исто така, во ИПР значајни се и повеќето минерални извори, како и термалните води во Виничко (Истибања) и Штипско (Кежовица), тука се и природни резервати: Готен, Линак, Малеш, Зрновска Река, Река Ломија; потоа споменици на природата: Звегор, Пештера Коњска Дупка,供Мородвис, Мачево, Црна Топола и голем број села. Во Источниот регион познати археолошки локалитети се: „Виничко Кале" и „Баргала". Сето ова води кон заклучок дека во ИПР е можен развојот на дестинација за рурален туризам.

Состојбата на патната инфраструктура што ги поврзува селата со градските населби е релативно во лоша состојба. Секаде постои асфалтен пат, но неопходни се интервенции за

подобрување на патиштата како еден од основните услови за развој на туризмот. Само до мал број села во ИПР има редовни автобуски линии, а некаде и приватни минибуси. Инаку, до нив се стигнува со такси превоз или со приватни возила.

Во најголемиот дел од селата во ИПР не постои туристичка инфраструктура. Сместувањето на туристи во руралните простори претежно во моментот во ИПР се одвива во куќи на пријатели, роднини или во викендички кои се сопственост на жителите на градовите. Наспроти тоа, комерцијалните сместувачки објекти (пансиони, бунгалови) во руралното подрачје се слабо развиени. Во дел од селата постојат мали сместувачки капацитети, како и манастирски конаци. Исто така, постојат села во кои сѐ уште е зачувана традиционалната селска архитектура типична за овој крај, а која може да биде адаптирана во сместувачки капацитети. Во Берово постојат веќе неколку комерцијални сместувачки објекти. Квалитетот на гостопримството што може да го пружи селското население, чистиот воздух, убавата природа и дополнителните активности можат во голема мерка да придонесат за развој на руралниот туризам во ИПР, а со тоа и да обезбеди дополнителен приход на локалното население и да се спречи депопулацијата на селата.

**Валоризација на селата во ИПР по општини врз основа на добиените и обработени прашалници**

Инхерентните фактори добија најголем број бодови, заедно со антропогените фактори. Недопрената природа, еколошкото производство, ловиштата, флората и фауната на ИПР можат да обезбедат конкурентни предности пред другите региони.

Антропогените фактори исто така добија висок број бодови, што укажува дека ова се силните страни на руралниот туризам во ИПР кои треба да бидат искористени во насока за развој на селата и враќањето или задржувањето на локалното население во нив.

Вкупен број на предложени села од страна на Општините во ИПР изнесува 42. Најдобри резултати се добиени во инхерентните/антропогените фактори. Извршената валоризација укажува на следното:

- Во табелите се означени селата кои Општините од ИПР ги сметаат за потенцијал за развој на агро и воопшто рурален туризам;
- Гледајќи ја збирно целата понуда на регионот во поглед на руралниот туризам неопходно е инвестирање во инфраструктурата и туристичките содржини за да може постоечките ресурси во целост да се валоризираат;
- Пристапноста до наведените села е релативно добра;
- Евидентен е недостигот на човечки ресурси;
- Инхерентните карактеристики на регионот се позитивни и вредни (атрактивен планински простор со бројни разновидности флора, фауна, хидрографија, пејсажи и културно-историски вредности) кои мора да се сочуваат;
- специфичноста на туристичките ресурси е исто така голема.

**Туристички активности што можат да се одвиваат во руралните средини во ИПР:**

- Тури (низ патот на оризот, пешачки, јавање, велосипедизам, мото тури, фитнес тренинг, здравствени тури);
- Активности на вода (риболов, пливање, кану и рафтинг, едрење и сл.);
- Активности во воздух (спортски авиони, параглајдинг и сл);
- Спортски активности (тенис, голф, качување по карпи);
- Активности за откривање на занимливости (локално производство, стари занаети, земјоделие и сл.);
- Културни активности (археологија, курсеви за рачна работа, уметнички-креативни работилници, фолклорни групи, културни настани, верски настани, гастрономија и сл.);
- Активности од здравствен карактер.

Табела 27. Туристички вредности на селата во ИПР според извршената валоризација.

| Ред. Бр. | СЕЛО | ОПШТИНА | тур. Положба | тур. Опрем. | инфрастр | сообраќ.пов рз | пристапност | содржајност | значење | посетеност | Антропогени фактори | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Зрновци** | Зрновци | 2 | 3 | 2 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 3 | **23** |
| 2 | **Лесново** | Пробиштип | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | 2 | 3 | **22** |
| 3 | **Злетово** | Пробиштип | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 2 | 3 | 2 | 3 | **22** |
| 4 | **Истибања** | Виница | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 3 | **22** |
| 5 | **Русиново** | Берово | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 3 | **22** |
| 6 | **Владимирово** | Берово | 2 | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 3 | **22** |
| 7 | **Ратево** | Берово | 3 | 1 | 2 | 3 | 3 | 3 | 2 | 2 | 3 | **21** |
| 8 | **Пантелеј** | Кочани | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 2 | 2 | 2 | **21** |
| 9 | **Шталковица** | Пробиштип | 2 | 2 | 1 | 2 | 2 | 3 | 3 | 2 | 3 | **20** |
| 10 | **Цера** | Македонска Каменица | 2 | 2 | 1 | 2 | 2 | 3 | 2 | 2 | 3 | **19** |
| 11 | **Саса** | Македонска Каменица | 2 | 2 | 1 | 2 | 2 | 3 | 2 | 2 | 3 | **19** |
| 12 | **Облешево** | Чешиново – Облешево | 2 | 1 | 2 | 3 | 3 | 2 | 1 | 1 | 3 | **18** |
| 13 | **Разловци** | Делчево | 1 | 1 | 2 | 2 | 3 | 3 | 2 | 1 | 3 | **18** |
| 14 | **Габрово** | Делчево | 1 | 1 | 2 | 2 | 3 | 3 | 2 | 1 | 3 | **18** |
| 15 | **Караорман** | Штип | 2 | 1 | 1 | 2 | 3 | 2 | 2 | 1 | 3 | **17** |
| 16 | **Бања** | Чешиново – Облешево | 2 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 3 | **17** |
| 17 | **Чешиново** | Чешиново – Облешево | 1 | 2 | 2 | 3 | 3 | 1 | 1 | 1 | 3 | **17** |
| 18 | **Ѕвегор** | Делчево | 1 | 1 | 2 | 2 | 3 | 3 | 1 | 1 | 3 | **17** |
| 19 | **Град** | Делчево | 1 | 1 | 2 | 2 | 3 | 3 | 1 | 1 | 3 | **17** |
| 20 | **Лесковица** | Штип | 2 | 1 | 1 | 2 | 3 | 2 | 1 | 1 | 3 | **16** |
| 21 | **Пиперово** | Штип | 2 | 1 | 1 | 2 | 3 | 2 | 1 | 1 | 3 | **16** |
| 22 | **Пухче** | Штип | 2 | 1 | 1 | 2 | 3 | 2 | 1 | 1 | 3 | **16** |
| 23 | **Драгоево** | Штип | 2 | 1 | 1 | 2 | 3 | 2 | 1 | 1 | 3 | **16** |
| 24 | **Судик** | Штип | 2 | 1 | 1 | 2 | 3 | 2 | 1 | 1 | 3 | **16** |
| 25 | **Брест** | Штип | 2 | 1 | 1 | 2 | 3 | 2 | 1 | 1 | 3 | **16** |
| 26 | **Топлик** | Штип | 2 | 1 | 1 | 2 | 3 | 2 | 1 | 1 | 3 | **16** |
| 27 | **Едеклерци** | Штип | 2 | 1 | 1 | 2 | 3 | 2 | 1 | 1 | 3 | **16** |
| 28 | **Јамуларци** | Штип | 2 | 1 | 1 | 2 | 3 | 2 | 1 | 1 | 3 | **16** |
| 29 | **Долани** | Штип | 2 | 1 | 1 | 2 | 3 | 2 | 1 | 1 | 3 | **16** |
| 30 | **Вирче** | Делчево | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 3 | 1 | 1 | 3 | **16** |
| 31 | **Жиганци** | Чешиново – Облешево | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 3 | **15** |
| 32 | **Бурилчево** | Чешиново – Облешево | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 2 | 1 | 3 | **15** |
| 33 | **Негрево** | Пехчево | 1 | 1 | 1 | 2 | 3 | 2 | 1 | 1 | 3 | **15** |
| 34 | **Панчарево** | Пехчево | 1 | 1 | 1 | 2 | 3 | 2 | 1 | 1 | 3 | **15** |
| 35 | **Бели** | Кочани | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | 2 | **15** |
| 36 | **Црвулево** | Карбинци | 2 | 1 | 1 | 2 | 3 | 2 | 1 | 1 | 3 | **14** |
| 37 | **Јастребник** | Кочани | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | 2 | **14** |
| 38 | **Соколарци** | Чешиново – Облешево | 1 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 | 3 | **13** |
| 39 | **Теранци** | Чешиново – Облешево | 1 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 | 3 | **13** |
| 40 | **Уларци** | Чешиново – Облешево | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | 2 | **13** |
| 41 | **Чифлик** | Чешиново – Облешево | 1 | 1 | 2 | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | 2 | **13** |
| 42 | **Спанчево** | Чешиново – Облешево | 1 | 1 | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | **12** |
| 43 | **Кучичино** | Чешиново – Облешево | 1 | 1 | 2 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | **12** |
| 44 | **Лепопелци** | Чешиново – Облешево | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 2 | **10** |
| 45 | **Врбица** | Чешиново – Облешево | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | **9** |
| 46 | **Новоселани** | Чешиново – Облешево | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | **9** |

**Потенцијални видови туризам:** културни итинирери, ловен, риболов, археолошки, селски туризам, верски (религиски) туризам.

**Забелешка:** Најголеми проблеми претставуваат: депопулизација на селата (најголемиот дел од нив се со старечко население), лошата патна инфраструктура, лоша пристапност, непостоење на сместувачки капацитети и слаби човечки ресурси. Развојот на руралниот туризам во ИПР подразбира поставување на краткорочни и среднорочни цели кои треба да се базираат на следните главни цели: Креирање на забавно-рекреативни активности во туристичките зони на руралните подрачја. Туристичкото уредување на руралниот простор мора да се базира на создавање амбиент кој ќе овозможи задоволување на физичките и духовните потреби на современиот човек. Опремата за забава и рекреација во ИПР треба да биде концентрирана околу следните теми:

- Вода (водени површини – реки за капење, кајак, риболов, водени паркови);
- Шума (обележени и уредени патеки, прошетки, посматрање птици, собирање билки и сл.);
- Планини (пешачење, јавање, бициклизам, планинарење и сл.);
- Земјоделство (учество на туристите во поледелските работи на селските домаќинства, посебно околу обработка на оризот);
- Ловен туризам;
- Културни активности (часови по гастрономија, посебно специјалитети од ориз) на традиционални занаети, фестивали, фолклор, селски слави, споменици и сл).

Туризмот мора да се развива во соработка и корелација со локалната заедница. Исто така, неопходно е да се воведе ГИС систем. Мора да се воспостават туристички кластери или барем да се поддржат силни локални здруженија кои ќе работат заедно со локалната власт на развој на туризмот. Мора да се дефинираат конкретните активности, нивното влијание на животната средина и границите на прифатливи промени. Итно е потребно да се почне со едукација на локалното население, но и на вработените во институциите со цел развој на руралниот и другите видови туризам.

## 5.2. Планински туризам

Планински туризам подразбира широк спектар на туристички активности кои се одвиваат на планина. Ако се има предвид дека 56% од површината на ИПР припаѓа на планински простор и дека има дури 9 планини од кои една повисока од 2000 m, јасно е колкаво значење има планинскиот туризам за овој регион. Планините, освен што се различни по височина – од ниски до 1500 m (3), преку средно високи 1500 до 2000 m (5) и Осоговски Планини со над 2000 m, имаат големи разлики во однос на вредностите, климата, водите, пошуменоста и другата биоразновидност. Освен тоа, некои планински делови се многу слабо населени, далеку од градските центри, меѓутоа со сочувани природни вредности (Огражден, ЈИ дел на Плачковица, западен дел на Малешевски Планини). Всушност, од главните видови туризам (езерски, низински, урбан и сл.), во ИПР најголема перспектива има токму планинскиот. Речиси сите 6 планини повисоки од 1500 m имаат можности за развој на различни планински туристички активности, кои подетално се претставени натаму во текстот.

## 5.3. Трекинг

Трекингот како вид динамичен и спортско-рекреативен туризам е во особен подем во светот. Особено одговара за подрачја во почетен туристички развој, без луксузни ресорти и со одлична природа. Претставува пешачење по обележани средно напорни до напорни патеки во „дива природа“ со често набљудување и уживање во природата, посебно од места со добар видик. Трекингот не бара многу високи вложувања, но и финансискиот ефект од него не е голем. Подрачјето на ИПР има одлични услови за развој на трекинг-туризам. Има најразлични природни содржини: планини, клисури, кањонски делови, водопади, густи шумски области,

видиковци и сл. Според мерењата и анализите, на подрачјето на ИПР има маркирано или можат да се маркираат патеки за трекинг во вкупна должина од преку 600 km. Овие патеки главно се планински, тесни шумски патчиња, потоа тесни т.н. козји патеки, а на некои места има и пошироки и јасно поставени земјени или макадамски патчиња. За добар трекинг туризам неопходно е маркирање на патеките, поставување сигнализација, инфо-табли, презентација и промоција на патеките и условите на нив (вид на терен, денивелација, присуство на извори т.е. вода за пиење, опасност од диви животни) и слично. Добро е да има интернет страница со карта и информации за трекинг-патеките, како и соодветни брошури, карти и водичи. Посебно корисно е ако трекинг-патеките и нивните содржини се достапни во електронски формат за ГПС уреди, за многу полесно следење.

Во рамките на Студијата се презентирани маркираните патеки доставени од општините Берово, Делчево и Пехчево и истите се наведени во текстот.



Слика 36. Трекинг низ кањонот Камник, кај с.Голем Габер (оригинал).

На територијата на Општина **Берово** има маркирано пет пешачки патеки. Дел од пешачките патеки може да се искористат и за планински велосипедизам.

Патека бр.1: Трансверзална патека што ги поврзува најјужниот и најсеверниот дел на Малешевијата со вкупна должина од 45 km и искачување на висинска разлика од 730 m. Време на минување 12 часа. Поради должината и траснсверзалниот карактер на патеката, препорачливо е користење локални водачи. Места за одмор во с. Двориште, бачило во близина на Караула Дивна, мотелот кај симнувањето на Клепалска Река, во близина на симнувањето кај Равна Река.

Патека бр.2: Се протега од Беровско Езеро, преку Бабин Чукар и с. Ратево до крајната дестинација Берово, со вкупна должина од 21,5 km и време на минување 6 – 7 часа. Патеката минува преку повеќе бачила и препорачлива е придружба од локални водачи. Места за одмор

– Беровско Езеро, бачило во близина на Бабин Чукар, с. Ратево и Берово. Најголема висинска разлика на качување е 400 m со незначителни осцилации и постепено искачување.

Патека бр.3: Започнува од туристичка населба Беровско Езеро со првично качување до врвот Шабан и минува преку висорамнински живописни шумски предели од бел бор кој постепено преминува во букова шума. Преку Бабин Чукар се враќа назад, преку пространи пасишта и ретка борова шума низ с. Ратево до Берово. Вкупната должина на патеката е 25,6 km, а време на минување е 7 часа. Патеката минува преку повеќе бачила и препорачлива е придружба од локални водачи. Места за одмор - Беровско Езеро, бачилото на Бреза, Равна Река, Берово. Патеката минува преку букова и борова шума.

Патека бр.4: Пешачката патека од Берово (Јуовец) преку туристичката населба Абланица до Беровското Езеро е реализирана во рамки на проектот "По патеките на дедо". Вкупната должина на патеката изнесува 6 km. Патеката поминува низ рамнински и шумски предели преку реката Брегалница под крошните на многубројните дабови, букови и борови дрвја. По текот на патеката ќе уживате во богатството од лековити билки и шумски плодови. Патеката е обезбедена со две места за одмор каде можете да земете здив на свежиот воздух и е адаптирана за возење велосипеди.

Патека бр.5: Патеката/врвицата на илинденците е местото на кое во 1906 година загинал големиот револуционер Дамјан Груев. Патеката е долга 15 km. Се минува за 5 часа. Патеката тргнува од с.Русиново преку Петлец и се враќа назад во с. Русиново. Во последно време се интензивираат градежните активности околу изградбата на пешачка и велосипедска патека околу Беровското Езеро. Пешачката патека е поделена на три целини со вкупна должина од 1620 m и истата е надополнување на туристичките содржини на Берово, преку која ќе се изгради туристичката инфраструктура наменета за пешаците и велосипедистите кои ќе можат да уживаат во убавините на природните предели од флора и фауна околу Беровското Езеро.

На територијата на Општина **Пехчево** има маркирано четири пешачки патеки, кои овозможуваат опсервација на природата и околината на Пехчево.

Патека бр.1: Планинарската патека Равна Река има должина од 4.1 km и ги поврзува двете исклучително значајни туристички населби: Абланица (Берово) и Равна Река. Оваа патека минува низ долината на реката Брегалница, во густо шумско подрачје.

Патека бр.2: Трек патека што се протега од Берово преку Јувец (838 m) продолжува североисточно преку Кутенец (965 m) до Паркач (1095 m), па кон североисток кон Конар (1098 m), потоа на север кон Шипково и Скалите (1334 m), на исток до Гуштерица (1568 m), на север преку Кадан Бунар (1793 m) до највисоката точка во Малешевијата, Кадиица (1932 m). Оваа патека е со должина од 15 km.

Патека бр.3: Оваа патека почнува од највисокиот врв во Малешевијата, Кадиица (1932 m) и продолжува на југ кон Кадан Бунар (1793 m), потоа на исток кон Влашки колиби (1683 m) и продолжува во ист правец со мало искачување до1703 m (Ајдучко брдо), преку најисточната точка во Република Македонија, Ченгино Кале (1690 m). Потоа се спушта југоисточно кон Голем Требомир (1620 m) и одржува јужен правец преку Бреза (1443 m) до Крива Река.

Патека бр.4: Патеката Ајдучки Кладенец ги поврзува Рамно Борје, Скалите, Гуштерица и Ајдучки рид. Ајдучки кладенец е името на граничниот премин меѓу Република Македонија и Република Бугарија, но не е во функција.

На територијата на Општина **Делчево** познати се неколку туристички патеки кои нудат можности за развој на алтернативниот туризам.

Патека бр.1: Патеката „Свети води" на 3 – 4 km од село Тработивиште, оддалечена од градот Делчево 15 km, е пејсажно богата со колоритни и фантастични погледи кон околното природно опкружување. Се верува дека три природни извори на вода, посветени на три светци имаат исцелителна моќ за различни болести.

Патека бр.2: На Голак се лоцирани две трим патеки за пешачење, трчање и други спортски активности кои се соодветни за подготовки за спортисти во природен и живописен амбиент.

Патека бр.3: Патеки до локалитетот Кукуље на 4 km од село Нов Иственик и локалитетот Кукуље на 3 km од село Тработивиште, кои претставуваат геоморфолошки форми-земјени пирамиди настанати со ерозија, поврзани со различни легенди, локални приказни и верувања, опкружени со фасцинантни природни убавини. Долж патеката што води до локалитетите може да се видат традиционални сточарски фарми и бачила во природно богато развиена шумска околина.

Патека бр.4: Патеката од Делчево до езерото Сандански претставува планинарска патека со должина од 12 km. Попатно, може да се посетат манастирот Св. Ѓорѓи, средновековната тврдина Маркова Кула и изворите на лековита вода. Други две патеки кои се со туристичко значење се патеката до Маркова кула (Марково седло), во близина на село Град и патеката на билките.

Според претходното, должината на сите наведени патеки во општините Берово, Пехчево и Делчево изнесува околу 180 km. Секако, во регионот има голем број други мошне интересни маркирани и немаркирани патеки, како во планинските така и во котлинските делови. Главен проблем за трекинг-туризам во ИПР е недостиг на соодветни сместувачки објекти во планините, особено во однос на планинарски домови, мали мотелчиња, домови и слично. Од тие причини, најчесто повеќедневен трекинг или е невозможен или, пак, може да се изведе со пренокување во шатор, што ја отежнува предвидената или замислената траса. Ако се има предвид дека оптимално дневно трекинг-пешачење по средно напорен терен е околу 20 – 30 km, значи дека за да се поминат поинтересни трекинг тури треба барем 1 – 2 ноќевања, односно објекти за ноќевање. На Плачковица одлична можност за ноќевање при трекинг тури е планинарскиот дом Вртешка (кој треба да се реновира), но недостига уште еден таков објект помеѓу Лисец (1754 m) и Бел Камен (1707 m) или Чупино (1725 m), на територијата на општина Виница. Уште понеповолна е состојбата со Осогово, каде без оглед на огромната површина на планината, нема објект за сместување ниту по долината на Злетовска Река, ниту помеѓу Кочанска, Оризарска и Каменичка Река. Иста е состојбата на другите планини.

Значи главен проблем за трекинг во ИПР (како и за многу други видови туризам) е недостигот на планинарски домови или какви било објекти за сместување на туристи по пат на својата рута, со што губат не само туристите туку и општините и целиот регион. Доколку наместо еднодневни досегашни рути, се воспостави мрежа од објекти за ноќевање кои ќе овозможат дводневни до тродневни тури, трекинг туризмот во ИПР неколкукратно ќе се зголеми. Како објекти за ноќевање, во почетокот можат да бидат дури и викендички, солидно опремени селски куќи и домаќинства спремни за прифат на туристи.

Следниот проблем е недостиг на информативни табли, маркации и патокази, кои би требало да бидат барем на македонски и англиски јазик. Исто така, за рутите нема соодветни описи, карти и информации на интернет, а за посовремени содржини (координати, ГПС линии и сл.) воопшто и да не зборуваме. Сето наведено условува мала посетеност и искористеност на трекингот како многу добра форма на туризам во ИПР.

Според проценките за оптимален капацитет на трекинг-туризмот во ИПР од околу 5 – 20 учесници во тура и просечно околу 10 – 20 трекинг рути во регионот дневно, се добива дека годишно, трекинг туризмот може да практикуваат 30 000 до 50 000 туристи, од кои повеќе од половината обично е заинтересирана за дводневна тура. Тоа би резултирало со околу 60 000 до 80 000 ноќевања во претходно обезбедени/изградени објекти или финансиски ефект од околу 1,0 – 1,5 милиони евра годишно.

***Трекинг:*** во сите планински подрачја на ИПР со означени патеки.

## 5.4. Планинарење

Со оглед на карактеристиките на теренот, планинарењето претставува важна туристичка активност во ИПР. За разлика од трекингот, кај планинарењето една од главните цели е

искачување на некој изразит или висок врв, и тоа обично за што пократко време. При тоа, најдобри можности за планинарење има искачувањето на Осоговските Планини, Плачковица, Влаина, Малешевски Планинии др.

За Осоговските Планини, секако, најзначајна планинарска рута опфаќа искачување, односно освојување на највисокиот врв Руен (2252 m) или нешто понискиот Царев Врв (2085 m). Обично тоа се изведува од правец на с. Саса преку изворишниот дел на Каменичка Река, преку планинарска патека долга околу 9 km (4 – 5 часа). Втора можност е од правец на с. Горна Цера, преку Царев Врв до Руен во должина од 15 km (7 – 8 часа). Значително подалечен пристап е од Поникова со растојание од 20 km, при што повратната тура треба да биде дводневна (освен ако не се пристапи со џип преку Лопенско Било). Голем недостаток за планинарење на Осогово е непостоење на соодветен планинарски дом во близина на највисоките врвови, ниту, пак, соодветна сигнализација долж патеките или на врвовите. Исто така, не постои можност за сместување на споменатите почетни точки кај с. Саса, с. Горна Цера, а современ сместувачки објект нема ниту во Македонска Каменица.

За Плачковица, најатрактивно е искачување на врвот Лисец (1754 m). За искачувањето на овој врв има две варијанти од кои една потешка, а другата полесна. Првата варијанта, која е подолга и потешка, е со старт и цел од планинарскиот дом Вртешка. Времетраењето на турата е околу 10 часа, а должина на патеката изнесува 24 km, а висинската разлика е 3000 m. Потребни за турата се 2 – 3 оброка и 2 литра вода по човек. Втора тура е со старт во с. Зрновци или с. Градец и искачување преку билото до врвот Лисец, а симнување во ист правец или преку долината на Зрновска Река. Должината на оваа траса е помала (15 – 20 km) и трае околу 8 – 10 часа. Од врвот има одличен видик кон овој дел на Македонија, а во јужен правец дури до Солунски Залив.

Планината Влаина со височината на највисокиот врв Кадиица од 1932 m е исто така атрактивна за планинарење. Најдобра траса за искачување на Влаина е од правец на Пехчево, преку врвот Буковик(1723 m) до врвот Кадиица, во должина од 15 km (7 часа) во двата правци со умерено темпо. При искачувањето може да се помине покрај локалитетот Јудови Ливади со единственото инсектојадно растение во Македонија. Од Кадиица има одличен панорамски видик кон македонската, а посебно кон бугарската страна, планините Пирин и Рила, Благоевград и др.

Ченгино Кале на Малешевските Планини, иако не е највисок врв, се смета за најинтересен бидејќи има одличен видик, претставува најисточна точка во Република Македонија, во близина е извориштето на Брегалница и има езерце до самиот врв. Искачувањето е од правец на Равна Река – пехчевско или од Беровско Езеро. Должината изнесува околу 20 – 25 km, а времетраењето околу 8 – 10 часа.

***Планинарење:*** Руен (2252 m), Царев Врв (2085 m), Лисец (1754 m), Кадиица (1932 m), Ченгино Кале (1745 m).

## 5.5. Зимски (зимско-спортски) туризам

Од аспект на зимско-спортскиот туризам, најповолни услови за развој во рамките на ИПР има високопланинскиот дел на Осогово над 1800 m надморска височина, помеѓу Царев Врв (со Калин Камен и Китка) и Руен. Површината на овој високопланински предел изнесува 15,5 $km^2$, а над 1900 m лежат 5,2 $km^2$. Поради височината, температурите овде се ниски (просечната годишна е околу 4 – 5°C), врнежите пообилни (700 – 900 mm годишно) и во зимскиот дел од годината во вид на снег. Снегот често се задржува од декември до април, особено на североисточната страна (кон изворишниот дел на Каменичка Река и Крива Река). Одлични и пространи високопланински терени има Царев Врв и околните била, каде може да се поставаат повеќе скијачки патеки и други содржини (Трпевски и др., 2010). Затоа е потребно заедно со СИПР т.е. општината Крива Паланка (на која припаѓа северниот дел од Царев Врв) да

се изработи добра физибилити студија, со посебен акцент на влијанието на животната средина. Од технички аспект, прво треба да се изгради соодветна инфраструктура, пристап, локации и др. Потоа неопходно е да се оформат и подготват скијачки патеки, патеки за сноуборд, санкање и други зимско-спортски активности. Според деталните анализи, овде можат да се постават десетина скијачки патеки со вкупна должина од околу 24 km и просечна денивелација од 300 – 500 m. Во делот кој припаѓа на ИПР препорачливо е да се обезбедат сместувачки капацитети над с. Горна Цера или над с. Саса, со што туристите би се привлекле и задржале повеќе од еден ден. Од с. Саса (750 m) може да се обезбеди лесен пристап до билото Китка (1850 m) и до скијачките патеки јужно од Царев Врв со жичарница (гондола) долга 6 km. Со тоа би се скратил патот до Македонска Каменица, и тоа од 27 km преку с. Горна Церана само 15 km со гондолата. Во однос на комплементарното сместување, со информирање и поттикнување на локалното население, во функција треба да се стават соодветно опремените викендички и куќи во с. Цера и с. Саса, како и становите (куќите) во Македонска Каменица. Едновремено треба да се преземат активности за привлекување инвеститори за изградба на модерен планинарски дом, а по можност и на хотелско-угостителски објекти на соодветни погодни локации над с. Горна Цера и на Китка. Понатаму, неопходно е изготвување туристички карти, патокази и водичи до наведените и другите интересни локалитети во областа. Треба да се обезбедат водичи за просторот од соодветно оспособени луѓе. Долгорочна цел е локалноста Калин Камен – Царев Врв – Горна Цера да прерасне во зимско-спортски центар од национално значење, со скијачки патеки, патеки за санкање, жичарници, хотелско-сместувачки капацитети, придружни содржини и слично.

На другите локалности на Осоговските Планини и на другите планини во ИПР, можностите за типичен зимско-спортски туризам и активности на снег се многу помали, посебно ако се земат предвид веќе јасните ефекти од глобалното затоплување. Тоа од едноставна причина што височините на Пониква, Голак, Беровско Езеро, Плачковица се дури 300 – 500 m пониски, температурите се повисоки, а снегот се задржува 1 – 1,5 месеци пократко и е со послаб квалитет. Во таа смисла, Беровско Езеро, Голак, Плачковица, па донекаде и Пониква, немаат можности да се развијат во големи зимско спортски скијалишни центри бидејќи едноставно природните услови не го дозволуваат тоа. Вештачкото одржување на снегот надвор од природната сезона, која овде трае околу 2 – 3 месеци, е скапо, нерационално и неефективно, а должината на постоечките и нови скијачки, сноуборд и други патеки, како и нивната денивелација се мали. Во таа смисла, наместо типичен скијалишен туризам, наведените локалности треба да имаат нагласена рекреативна, велнес, па дури и спа функција, како и да претставуваат „all year“ ресорти со содржини за сите годишни времиња.

***Зимско-спортски, високопланински, скијалишен туризам:*** Царев Врв – Калин Камен – Китка
***Планинско-рекреативен и велнес туризам:*** Пониква, Беровско Езеро, Голак, Туртел, Чупино

## 5.6. Туризам на културно-историско наследство (културен туризам)

Изобилството со културно наследство во Источниот плански регион дава јасни сигнали дека културниот туризам има голем потенцијал. ИПР може да ги промовира и понуди на туристите своите добро сочувани приказни и тајни преку своето материјално и духовно наследство. Според дефиницијата на Американската асоцијација за планирање и менаџмент на културните ресурси, културниот туризам претставува „посета на луѓето надвор од домашната заедница која е целосно или делумно мотивирана од интересот за историските, уметничките, научните или другите понуди поврзани со животниот стил – културното наследство, кое го нуди заедницата, регионот, групата или институцијата”. Според друга дефиниција, на Светската туристичка организација, културниот туризам е патување на некое лице исклучиво заради задоволување

на културните потреби, почнувајќи од посета на фестивали, концерти и други настани, посета на споменици на култура, фолклор или религиски патувања.

Во рамките на Стратегијата се очекува да се истражи категоријата на турист кој е потенцијален во Источен плански регион. Во литературата се познати големи истражувања на оваа тема. Мек Керчер и Крос наведуваат пет категории туристи на културата:

- Целни културни туристи;
- Разгледувачки (излетнички) културни туристи;
- Неочекувани културни туристи;
- Случајни културни туристи;
- Незаинтересирани културни туристи.

Културниот туризам може да биде од полза бидејќи може да ја зајакне локалната економија, да ја унапреди заштитата на културното наследство, да ја зголеми потрошувачката на посетителите, да обезбеди вработувања, да ја зголеми гордоста и свеста на локалното население за наследството што го поседува и сл. Културниот туризам може и да предизвика штета од зголемена посета, прекумерна употреба, несоодветна употреба на заштитеното културно наследство без да се води сметка за вредноста, што може да доведе до трајно оштетување.

Во интернационалната повелба за културен туризам на ICOMOS, 1999 се истакнува дека четири генерални цели, и тоа: културното наследство да биде достапно за јавноста, локалното население и посетителите, да се развијат и вршат туристички активности со почитување на културното наследство, локалните култури и начин на живеење, да се создаде дијалог и рамнотежа помеѓу конзерваторските интереси и туристичката индустрија за важноста на културното наследство, вклучувајќи ја потребата од постигнување одржлива иднина за нив и да се придонесе за долгорочна и внимателна употреба на културното наследство преку донесување стратегии и заштита и конзервација.

Во рамките на оваа Студија валоризирани се вкупно 100 атракции, односно археолошки локалитети, музеи, цркви, манастири, џамии, фестивали, споменици и спомен обележја и сл. И тоа: **Археолошките локалитети** – Исар, Грнчарица – археолошки локалитет во близина на селото Крупиште, археолошки локалитет Пилаво кај Бурилчево - Чешиново Облешево, Баргала, археолошки локалитет Црквиште – Мородвис, археолошки локалитет Локубија – Кочани ( со доопремување) археолошки локалитет Виничко Кале – Виница, Археолошки локалитет Стамер – Делчево, археолошки локалитет Градиште, с. Град – Делчево, археолошки локалитет Св. Петка – Пехчево, Средновековен град Равен – Пехчево, археолошки локалитет Калата, Калиманци, Село Таринци во Општина Карбинци, Кај сите локалитети е потребна туристичка сигнализација, **музеи** – Градски музеј – Штип, Етно куќа во Мородвис – Зрновци, Етно куќа и градски музеј во Кочани, Музеј на Виница, Спомен костурница во село Цера, Општина Македонска Каменица, Музеј на Делчево, Спомен дом на Разловечкото востание во Разловци – Делчево, Музеј на град Берово, **Османлиска архитектура,** Мостот на султанот Емир Ќучук – Штип, Саат кула – Штип, Хусамедин Паша џамија – Штип, Кадин Ана џамија – Штип, Безистен – Штип, Џамија Султан Фатих Мехмед во Делчево, **Културно-историски знаменитости, споменици и спомен обележја ,** Споменик на депортираните Евреи – Штип, Споменик на загинатите борци во НОВ Штип – Штип, Ново Село – Штип, Споменик на Даме Груев во село Русиново, Дом на АСНОМ во центарот на Делчево, Кукуље – Нов Иственик – Делчево, Кулата – средновековен локалитет – Делчево, Дом на култура – Пробиштип, Споменик на народниот херој Вера Јоциќ – Македонска Каменица, Спомен биста на народниот херој Вера Јоциќ – Македонска Каменица, Спомен обележје на Никола Карев – Чешиново Облешево, Последната воденица на Кочанска Река, Споменик на слободата Кочани, Средновековни кули Кочани.

## 5.7. Манастирски и верски туризам

Источниот плански регион изобилува со манастири и цркви што претставуваат значајно културно наследство од различни периоди. Поголемиот дел од нив чуваат ремек дела на живопис, иконопис, архитектура и иконостаси и др. Во последните години е забележливо зголемување на монашките машки и женски заедници.

Развојот на манастирскиот туризам во Источниот плански регионот зависи од интересот на туристите за посета на манастирите, но во голема мера и од согласноста на монасите од истите. Во манастирите се добредојдени туристи кои доаѓаат од верски мотиви или туристи љубители на културното наследство. Но, притоа животот и редот на монасите во ниеден момент не смее да биде засметан. Во моментов има релативно малку манастири каде има активен монашки живот како што се: Лесновски манастир – Св Архангел Гаврил – машки манастир., Св.Спиридон – женски манастир и Св. Архангел Михаил во Берово – машки манастир. Во другите вредни или познати манастири најчесто се одбележуваат верските празници каде се организираат заеднички ручеци со верниците.

Организирано сместување на туристи во рамките на манастирите не е забележано.

Овој вид туризам е можен како комбинација со некој друг вид туризам, односно организирана посета на други споменици на култура. Во околината на Источен плански регион има доста познати и атрактивни манастири што се наоѓаат на територија на други региони, па во таа смисла е добро да се размислува на креирање рута со вклучени повеќе манастири од различни региони.

Во рамките на работилниците организирани во текот на изработката на Студијат, голем број од учесниците, претставници од општините на Источен плански регион, се изјаснија дека манастирскиот туризам има многу голем потенцијал за развој во овој регион. Но, тоа, секако, не зависи само од атрактивноста на манастирот или црквите туку и од голем број други фактори, кои беа елаборирани во рамките на валоризацијата направена и презентирана во табелите со поединечни оценки и рангирање на следните цркви и манастири: Св.Ѓорги до Баргала, Црква Света Богородица (Ново Село) – Штип, Св. Никола – на полна пат Штип – Кочани, Црква Св. Никола – Штип, Црква Св. Спас — Штип, Црква Св. Архангел Михаил – Штип, Црква Св.Јован Крстител – Штип, Црква Св. Архангел Михаил – Берово, Црква Рождество на Пресвета Богородица – Берово, Црква Свети цар Константин и царица Елена во село Разловци – Делчево, Манастир „Св. Богородица – Балаклија“ во Делчево, Црква „Успение на Пресвета Богородица“ Делчево, Црква „Св. Петка“ с. Селник, Делчево, Црква „Св. Архангел Михаил“ село Драмче, Делчево, „Свети Јоаким Осоговски“ во Јакимово, Лесновски манастир, Лесново, „Успение на Пресвета Богородица“ – Пирог, Женски манастир „Св. Спиридон Чудотворец“ – Пробиштип, Црква „Св. Апостоли Петар и Павле“ – Пехчево, Црква „Св. Димитриј“ – Зрновци, Манастир „Свети Симеон Столпник“ – Мородвис, Манастир „Света Петка“ – Видовиште – Зрновци, „Св Архангел Михаил“ село Спанчево, Црква „Успение на Пресвета Богородица“ во Македонска Каменица, Манастир „Св. Пантелејмон“ – с. Пантелеј, Манастир Св. Илија село Бели – Кочани, Црква „Св. Ѓорѓи“ во Кочани, Манастир „Св. Спас“– Полаки – Кочани, Манастир „Св. Василиј Велики“– Пониква, Црква Св. Ѓорѓи, Горни Козјак – Карбинци, Манастир „Св. Петка“ во близина на село Калаузија – Карбинци, Црква „Вознесение Христово“ – Карбинци и др.

## 5.8. Манифестациски туризам

Во Источен плански регион се забележуваат голем број еднодноднeвни и повеќедневни традиционални манифестации, настани и фестивали. И покрај тоа што повеќето од нив имаат локално значење, неколку имаат потенцијал да станат атрактивни за туристите од земјата и пошироко од меѓународни размери. Во рамките на Студијата валоризирани се следните: Обичај „Четрсе“ – Штип, Фестивал „Радоста на градот“ – Пробиштип, Фестивал „Профест“ – Пробиштип, „Велигденско јајце“ – Берово, „Светски ден на Ромите“ – Кочани, „Драмски

аматерски фестивал“ – Кочани, „Уметничка колонија Лесново“ – Пробиштип, „Пехчевски Павловден - Традиционален Етно саем“ – Пехчево, „Фестивал на дувачки оркестри“ – Пехчево, „Влашки средби на Петровден“ – Кочани, Меѓународна ликовна колонија „Св. Пантелејмон“ – Кочани, „Распеано Малешевче“ – фестивал на детски песни – Пехчево, „Штипско културно лето“ – Штип, „Павловден“ – Виница, „Голачки фолклорни средби на планината Голак“ – Делчево, „Етно фестивал“ - Берово, „Пијанечко – малешевска свадба“ – Делчево, „Истибањско здравоживо“ – Виница, „Зажнејување на оризот“ – Чешиново – Облешево, „Кочански денови на оризот“ – Кочани, „Тодорови трки“ - Виница, „Макфест“ – Штип, „Пастрмајлијада“ – Штип, „Ин Виница Веритас“ – фестивал на хумор и сатира – Виница, „Денови на модата“ - Штип.



Аква парк фест во Пробиштип (извор: Општина Пробиштип).

Врз основа на извршените анкети преку прашалниците доставени до сите општини од Источен плански регион, како и преку разговорите со локалното население евидентни се следните резултати:

- Организатори на манифестациите во ИПР претежно се локалните самоуправи, здруженија на граѓани, црковни одбори, играорни групи и сл.
- Најголемиот дел од овие манифестации имаат верски карактер, односно се организираат за време на селска слава или црковни празници и целта на овие манифестации е промовирање на традиционалниот верски обичаи, негување, одржување на културното духовно наследство и запознавање на младата популација, како и другите посетители со народните обичаи. Верските манифестации се со долгогодишна традиција и посетителите на овие манифестации најчесто ги сочинуваат локалните жители, иселениците од тој крај и поретко луѓе од другите делови на државата.
- Дел од манифестациите се организираат со цел промоција и продажба на одредени производи како што е Штипската пастрмајлијада, денови на оризот село Бања, Зрновце и др.(вообичаено се одржуваат во деновите на прослава на општините, кога се дегустираат разни јадења од ориз), а во некои делови (Чешиново – Облешево) се врши зажнејување на оризот со свештено лице, проследено со прослава. Исто така, има и ден на медот, како и на други традиционални производи. Најчести посетители се локалните жители, а во последните години на Штипската пастрмајлијада има посетители и од други региони од

Република Македонија затоа што во организацијата на оваа манифестација се вложени повеќе средства и е направен поголем маркетинг.

- Во Виница се одржува Меѓународен фолклорен фестивал „Истибањско здравоживо“ со фолклорни мотиви, организирана од играорно друштво во соработка со општината и сл. На овој фестивал има учесници од повеќе земји, играорни групи, каде што најголем акцент е ставен на народните носии. Сепак, на Фестивалот му недостига маркетинг и промоција, односно вложување поголеми финансиски средства за да стане препознатлив во рамките на државата, но и надвор од неа, со што би се привлекол поголем број посетители.
- Финансирањето на самите манифестации најчесто е од буџетот на општините, црковните одбори и спонзори.
- Многу мал дел од манифестациите имаат комерцијален карактер, односно генерирање приходи за понатамошен развој на истите и нивно усовршување и проширување.
- Воопшто не се ангажираат професионалци за организација на овие манифестации или ивент агенции, туку ги организираат самите општини, невладини организации и црковни одбори.
- Дел од манифестациите имаат потенцијал да станат генератори на поголем број посетители, но со вложување поголеми средства и ангажирање професионалци во нивната организација, како и вложување во маркетинг и промоција, односно брендирање на истите како туристички производ.
- Поддршката на јавниот сектор е неопходна во одржувањето и организирањето на овие манифестации.

## 5.9. Бањски - велнес спа туризам

Низ вековите подрачјето на ИПР било познато по геотермалните води. Овде лежи најголемиот термален потенцијал на Балканот со неколку поголеми геотермални басени: Подлог, Бања, Истибања и Кежовица. Геотермалното лежиште Подлог – Бања лежи на најголемиот геотермален басен на Балканскиот Полуостров со вкупно билансирани статички резерви од 150 милиони $m^3$, со средна температура од 75°C. Во хемиски поглед, геотермалната вода е натриум бикарбонатна, со pH вредност од 7, неагресивна во затворени системи. Термалните води во с. Бања во општината Чешиново – Облешево уште одамна се користеле за бањски цели, посебно во 1970-тите и 1980-тите години. За бањата е обезбедено доволна количина термоминерална вода, која е со висока температура од 63˚C. Лековитите својства на водата делуваат благотворно при лекувањето на следните болести: заболувања на жолчните патишта и жолчната кесичка, гинеколошки заболувања, воспаление на нервите, ревматски заболувања и други болести. Најголем ефект со оваа вода како лековита е постигнат при лекувањето на чир на желудникот и на дванаесетпалачното црево. Оваа вода може да се применува и за инхалации, поради што може да има силно благотворно дејство на катаралните воспалувања на дишните патишта. Хидрогеотермалниот систем Истибања е сместен во непосредна близина на селото Истибања во Виница. Овој систем е сроден со системот Подлог – Бања и се карактеризира со капацитет од 56 l/sec и температура од 67°C. Како градска бања, Кежовица постои осум децении. Инаку, Кежовица како бања е позната уште од турско време, кога таа се користела за здравствени цели и лична хигиена на жителите. Термоминералните води од изворите кои се наоѓаат во непосредна близина на Бањата Кежовица, според својата радиоактивност, ја ставаат на листата на најрадиоактивните термоминерални води, не само во Македонија туку и пошироко на Балканот. Бањата Кежовица денес користи вода од два плитки бунари со количини од 4,5 l/sec со температура од 63°C.

Без оглед на големите можности што ги има регионот, бањскиот туризам е многу слабо развиен. Бања Кежовица е далеку од опременоста и уреденоста што треба да ја има за прием на странски па и домашни туристи, и тоа од квалитетот на сместувачките капацитети, до разновидноста и нивото на услугите. Пред какви било активности за привлекување и прием на

странски туристи, објектите на бањата треба да се осовременат, да се изградат дополнителни содржини во вид на бањски-спа комплекс (отворени и затворени базени, детски базен, џакузи, сауни, турска бања, салони за масажа) кој ќе биде привлечен не само за луѓето со одредени заболувања туку и за оние што сакаат да уживаат и да се релаксираат во благодетите на термалната вода. Тоа посебно ако се има предвид близината на градот Штип и бројните содржини што истиот може да ги понуди. Според положбата, подрачјето од с. Истибања до Виница исто така има одлични можности за изградба на модерен спа-центар. Всушност, веќе има иницијативи од општина Виница за спа центар на овој простор. Неговата реализација во идниот период може да биде одлична основа за значителен пораст на туристичката посета на овој простор. Слична е состојбата и со бањата во с. Бања (Кочанска Бања), каде руинираниот бањски комплекс треба да се замени со нови градби и содржини. Бањскиот туризам на подрачјето на ИПР (во трите споменати центри), со оглед на постоечката состојба ќе бара значителни инвестиции во следниот 10-годишен период. Сепак, повратниот ефект ќе биде голем, а со успешно менаџирање за релативно краток период ќе го врати вложеното. Тоа е јасно ако се земе предвид дека геотермално-минералната вода е „дар од природата“, кој моментално е речиси воопшто неискористен.

Во однос на спа-велнес туризмот, постоечките и идните хотелско-сместувачки објекти во ИПР треба да се трудат да обезбедат современа содржина во кои спаѓа и велнес-спа. Тоа во смисла на изградба на помал или поголем базен, џакузи, сауна, парна бања, сала за масажа, фитнес или, пак, само некои од наведените. Трендовите покажуваат дека каква било велнес-спа содржина со задоволителен квалитет, значително го зголемува интересот за посета на објектот во однос на другите без такви содржини (дури и за сметка на разумно повисока цена). Всушност, веќе постоечките примери во ИПР ја потврдуваат констатацијата. Во таа смисла, во предност се објектите во Кочанско Поле кои можат да ја користат геотермалната вода.

***Бањски-спа туризам:*** *Истибања-Виница, Кежовица, с. Бања.*

## 5.10. Џип сафари, сафари, оф-роуд, мото туризам

Ако се има предвид големината и разновидноста на пејсажите во ИПР и желбата на туристите да видат што повеќе за ограничено време кое им стои на располагање, едно од неизоставните активности треба да биде џип-сафари туризам. Турите со џип можат да бидат полудневни, еднодневни, а поретко и дводневни. Препорачливо е дневно најголемо растојание да изнесува до 100 km, максималната брзина на асфалтните патишта да не е поголема од 50 – 60 km/h, а на макадамските од 20 – 30 km/h (заради сигурност, но и набљудување на пејсажите). Исто така, на секој пола час возење потребна е пауза на убаво избрано или означено место. Џиповите треба да се соодветно исправни, средени, а преку лето по можност полуотворени. Џип сафари може да се изведува како главна активност претходно договорена преку туристички агенции или, пак, комплементарно и факултативно, како дел од севкупна понуда. Џип сафарито се препорачува да биде преку постојните асфалтни локални патишта со делумен оф-роуд по подобри макадамски патишта. Во вториот случај, треба да се води сметка за еко-компонентата, односно да се избегнува поминување преку недопрени, заштитени и вредни природни предели и повисоки планински подрачја. Пример за полудневно џип-сафари може да биде од Штип преку с. Шашаварлија, с. Прналија, Радањска Река – Штипили од Кочани преку Пониква, клисура на Злетовска Река, с. Злетово, с. Лесново, с. Турско Рудари, с. Пантелеј, Кочани (истата тура може да се изведе и од Пробиштип). Од локалитетот Беровско Езеро или од Берово, добра тура е до Пехчевски Водопади преку Паркач, потоа меловите кај с. Црник и Кукуњето кај с. Нов Истевник. Оф роуд џип сафари може да се изведе по планината Манговица, по планината Серта, пониските јужни делови на Осогово, Влаина и др. Нема потреба од навлегување преку густите шумски подрачја од порано споменатите еко-причини и можните нарушувања на природата (во тој случај може да се размисли за посебна

еко-такса или, пак, посебни возила со одредени еко-стандарди или електро-возила). Џип-сафари туризмот може да донесе значителни финансиски ефекти и да биде одлична основа за промоција на ресурсите во ИПР. За да профункционира, треба да се преземат добри организациски мерки преку локални туристички организации кои би дале и промовирале таква атрактивна и флексибилна понуда, самостојно или преку хотели и други туристички субјекти. Регионот има можност дневно да „поднесе“ околу 100 – 200 џип возила во разни делови, или околу 500 до 1000 туристи дневно или годишен финансиски ефект од неколку милиони евра.




Слика 37. Џип-сафари Плачковица, 2009.

Во овој дел може да се смести и мото-сафарито, односно поминување и разгледување на пејсажите со мотор или четирицикл (мотор со 4 тркала), што може да биде преку свое возило или по принцип на изнајмување. За мото-сафарито важат речиси истите принципи како за џип-сафари, односно избегнување вредни и еколошки сочувани планински простори.

За остварување на претходното неопходно е мапирање на сите патишта и патеки соодветни за џип и мото сафари, како и нивно означување т.е. сигнализација. Посебно треба да се отвори можноста за изнајмување џип, моторцикл, четирицикл, скутер и сл., преку локални агенции, што се практикува речиси насекаде во развиениот туристички свет.

***Џип-сафари туризам:*** Речиси сите делови од ИПР, посебно околу штипско, Манговица, Серта, од Пробиштип до Кочани, од Кочани до Македонска Каменица преку ниските делови на Осогово, од Берово до с. Разловци, Кукуље, Меловите, Равна Река и др.

## 5.11. Планински велосипедизам (маунтенбајк)

Планински велосипедизам или маунтенбајк е современ тренд на динамичен спортско-рекреативен туризам кој има одлични можности за развој на подрачјето на ИПР. За овој тип туризам можат да се користат најголем дел од обележаните патеки за трекинг и планинарење, освен недостапните места и премини. Во таа смисла, должината на потенцијални маунтбајк патеки во ИПР може да изнесува помеѓу 500 и 700 km, при што треба да се категоризираат патеките според тежината и условите. За лесни патеки, може да се користат оние по планинските била, а како потешки – до ниво на даунхил (спуст), патеките од билата кон

речните долини или долински дна. Најдобри услови за маунтбајк има на Осоговски Планини, потоа на Плачковица, Малешевски Планини и Огражден. Главен проблем е ист како и со трекингот - непостоење места заноќевање, сè уште неуредени патеки, немање промоција, информација, неможност за изнајмување на маунтбајк велосипеди и др.




Слика 38. Потенцијални патеки и патишта за маунтбајкинг, трекинг, планинарење и џип-сафари во ИПР (оригинал).

***Маунтбајкинг:*** во сите типично планински делови на ИПР каде има услови за трекинг.

## 5.12. Геотуризам

Геотуризмот претставува посета, разгледување, фотографирање и уживање во ретки и интересни геоатракции. Тој најчесто е во склоп на активности како трекинг, маунтбајкинг, џип-сафари и други видови на разгледување на природата. Во таа смисла, геотуризмот има можност за добар развој во Пехчевско, преку интересните, маркантни и раритетни ерозивни форми – мелови, особено неколкуте огромни мела кај с. Црник. Речиси подеднакво интересни се и меловите кај с. Смојмирово, односно кај месноста Паркач. Посебно восхитувачка е посетата и разгледувањето на камените кукли и појавата Кукуље кај с. Нов Истевник. За посета на сите овие појави, појдовна точка може да биде Пехчево, Берово или Делчево, бидејќи се на мало меѓусебно растојание (8 – 10km). Така, во рамките на еднодневна рута може релаксирано да се посетат сите наведени атракции. Во овој простор (Пијанец) се уште камените кукли (Кукуљето) на 3 km ЈЗ од с. Тработивиште, потоа карпите и пештерата Коњска Дупка кај с. Град близу Делчево, пештерата Киселица кај истоимeното село и, секако, местата каде се

пронајдени (и се пронаоѓаат) фосили кај с. Стамер. Сите наведени места имаат свои вредности и значајност, а пештерите даваат и авантуристички предизвик бидејќи се долги 40 – 80 m. Кон север, од аспект на геотуризмот, интересна е целата долина на Каменичка Река со бројните и големи плавини, огромни слоеви наносен материјал, свлечиштата и други појави во областа. Појдовна точка може да биде Македонска Каменица, во чија близина има и бројни други атрактивности. Така, на запад е импознатната Истибањска Клисура со високи карпи, стрмни страни и бројни отсеци со различни форми. На целиот потег од с. Саса до с. Истибања, во карпите повремено се јавуваат црни слоеви од шкрилци богати со рудни наслаги. Посебна геотуристичка вредност има околината на Пробиштип. Во самиот град е уникатната минералошка збирка која наскоро ќе добие нов и репрезентативен простор. Во околината на градот има десетина вулкански купи, а на само 3 km е Лесновскиот кратер, еден од најсочуваните и најинтересните на Балканот. Преку него, може да се согледа бурната геолошка историја на овој простор во последните 30 милиони години. На 5 km јужно од Пробиштип, покрај патот кон с. Злетово има појави на вулкански топки или вулкански бомби, некои од нив совршено заоблени, а слични појави има и кај с. Добрево. Кај с. Злетово се навлегува кон можеби најубавата клисура во ИПР, Злетовската Клисура, чиј најстрмен и најфасцинантен дел (до с. Којково) е долг 10 km. Овде туристите движејќи се дури и само по добриот асфалтен пат, може да уживаат во дивата природа, длабоките речиси кањонски страни, повеќе водопади, прекрасни видици кон остатоците од некогашните вулкани и многу друго. На исток од с. Злетово е уште еден одличен геолокалитет, Раткова Скала, која има изглед на огромни, застрашувачки карпи, составени од кварцити. Во близина на Штип, најинтересни геотуристички локалитети се Исарот и малата сатеска на Брегалница, потоа долината на Радањска Река, која има речиси вонземски изглед, малиот, но интересен кањон Камник, кој се надоврзува на споменатата долина, како и пештерите под врвот Туртел.

***Геотуризам:*** Лесновски кратер, клисура на Злетовска Река, Истибањска Клисура, Мелови – с. Црник, Кукуље – с. Истевник, Радањска Река и кањонот Камник, долина на Каменичка Река.
***Спелеотуризам:*** Туртелски пештери, Киселичка Пештера, Коњска Дупка, пештера кај с. Град.

## 5.13. Езерски туризам

Во ИПР, услови за типичен езерски туризам има Калиманско Езеро. Ова езеро е долго 14 km, широко 200 – 500 m, а површината му изнесува 4,2 km$^2$. Длабочината просечно му изнесува од неколку метри до над 80 m во близина на браната. Според должината на бреговата линија од 40 km и разгранетоста, Калиманци е меѓу најинтересните и најголеми вештачки езера во Македонија. На него постојат добри услови за тури со туристички чамци и сплавови, а должина на кружна пловна рута изнесува одлични 22 km. Покрај тоа, можни се пловни рути од Македонска Каменица до с. Тодоровци или/и обратно (8,5 km), или од с. Луковица до Македонска Каменица (7,5 km). На трите наведени места може да се постават платформи за чамци и сплавови, кои би биле почетни или крајни пловни места. Интересна рута би била и посетата на островот Калата, единствениот на езерото и еден од само трите езерски острови во Македонија. Во таа смисла, одлична погодност би било уредување на островот (кој никогаш не се плави) со пешачка патека, видиковец и платформа за пристанување мали пловни објекти. Освен уживањето во самото езеро, при пловењето можат да се видат различни содржини покрај или на брегот, археолошки остатоци, селски и традиционални објекти и сл. За сите нив, потребни се информативни табли и сигнализација. На Калиманци има погодност и за кајакарење на мирни води, потоа педалинки и други рекреативни пловни активности. Исто така, како што беше спомнато има солидни услови за летен капалишен туризам и поставување-уредување на неколку плажи. Иако езерото ги привлекува транзитните туристи и патници, покрај брегот нема ниту еден угостителски или сместувачки објект од кој може да се ужива во восхитувачката глетка. Всушност, покрај желбата барем накратко да се застане, моментално

има само 3 – 4 диви и неуредени паркинзи на кои може да се застане и тоа само доколку се оди во насока кон Делчево (во спротивен правец е многу опасно). Затоа е потребно да се овозможи и стимулира туристичката изградба и уредувањето на крајбрежната атрактивна зона. Според изведените проценки, во летниот период, на ез. Калиманци може да престојуваат дневно околу 500 – 1000 туристи, односно во текот на годината околу 30 000, што би претставувало финансиски ефект од околу 1 – 3 милиони евра.

Покрај Калиманско Езеро, одреден степен на развој на езерски туризам веќе има на Беровско Езеро и на езерото Гратче. Беровското Езеро има одличен пејсаж и мало годишно колебање на нивото. Тоа овозможува рекреација и спортови на вода како кајакарење, тури со чамец околу езерото (во должина од 5 km), педалинки, потоа риболов и други активности. Овде веќе се организира натпревар во кајакарство. Добро би било да се најде начин за туристичко разгледување на езерото со електричен чамец за група од 10 – 20 туристи, излет со чамец до некој локалитет на спротивниот брег, потоа изнајмување гумени или дрвени чамци и др. Езерото Гратче, иако е значително помало, ги има истите можности како претходните езера. Всушност, овде веќе развојот на езерскиот туризам е во тек, со означени патеки и објекти околу езерото, реновиран хотел, плажа на самото езеро (која треба да се доуреди), неколку пловни објекти (потребна е пристанишна платформа) и др.



Слика 39. Натпревар во кајак на мирни води на Беровско Езеро.

***Езерски туризам:*** Калиманско Езеро, Беровско Езеро, Ез. Гратче.

## 5.14. Летен капалишен туризам и активности на вода

Летниот капалишен туризам има добри услови за развој во подрачјето на ИПР. Посебно добри погодности има Калиманско Езеро. На самото езеро има барем 3 потега кои одговараат за уредување на плажи, особено кај с. Тодоровци и с. Луковица. Во летниот период, температурата на водата во езерото е обично 20 – 25°C, што значи пријатна за капење. Исто така, задоволува и нејзиниот квалитет, кој се движи во рамките на II класа (освен во заливот кон Каменица). Единствен проблем е осцилацијата на нивото на водата поради празнењето на езерото во летниот период. Овој проблем во идниот период може да се реши единствено преку изградба на уште една помала акумулација на Брегалница спротиводно од Калиманци до с. Очипале или, пак, повеќе мали акумулации на притоките на Брегалница над Калиманци.

Покрај Калиманци, добри услови за капалишен туризам и активности на вода има на езерото Гратче, посебно со оглед на близината на градот Кочани. На Беровско Езеро, поради пониската температура на водата, наместо капалишен туризам, можни се активности на вода: кајакарство, сплаварење, педалинки и др. На реките, поради малиот и многу променлив протек, незадоволителен квалитет на водата и други причини, нема можности за типичен капалишен туризам. Затоа, пак, постојат можности за изградба/реновирање/доградба на базени во речиси сите градови освен Пробиштип во кој веќе е изграден атрактивен аква-парк. Неколкугодишното искуство со овој аква-рекреативен објект покажува колку голем број туристи може да се привлечат за кратко време. Ако се земе предвид демографско-гравитациската состојба во ИПР, аква-парк содржини (базени, рекреација на и во вода) се потребни во Штип, Кочани и Делчево. При тоа треба да се внимава на изборот на локација, типот на објекти, понудените содржини, цената и др.




Слика 40.Аква паркот во Пробиштип - макета (извор: Општина Пробиштип).

***Летен капалишен туризам:*** Калиманско Езеро, Езеро Гратче, базени и аквапаркови во Штип, Кочани, Делчево и Пробиштип
***Активности на вода:***Калиманско Езеро, Езеро Гратче, Беровско Езеро.

## 5.15. Ловен туризам

На подрачјето на ИПР има одлични услови за развој на ловниот туризам, како за домашните, така и за странските туристи. Сепак, од 40-тина ловишта во регионот само неколку се средени и подготвени за туристичка функција. Такви се двете оградени ловишта „Полаки“ и „Конче“, потоа ловиштето „Голак“ и др. Всушност, речиси сите ловишта можат да развиваат туристичка дејност, особено планинските со крупен дивеч, кој е доста баран и за кој многу се плаќа. Според расположивите податоци, на подрачјето на ИПР за ловен туризам годишно доаѓаат околу 1000 – 1200 странски ловџии. За да можат да дојдат, ловните друштва испраќаат нотарски заверена покана до регионалниот центар за гранични работи при МВР. Дневната

карта за лов која треба да ја платат обично изнесува 50 евра, а кога се лови заштитен дивеч плаќаат дневна карта од 20 евра и 20 – 30 евра за бројка застрелан дивеч. Кога одат на лов се придружувани од ловни водичи на друштвото, кои се грижат за отстреланиот дивеч, да не се лови на истите места за да не се исплаши птицата и др. Странците најчесто доаѓаат со сопствена опрема, терENSки возила и ловно оружје. Често се случува со себе да ги носат и своите ловечки кучиња кои ги тренираат при ловот. Од неколкудневниот престој на ловџиите и нивното учество во спортски туризам бенефит има целата заедница. Тие ги користат објектите за престој и ги посетуваат угостителските објекти во градот. Најголемиот дел од овие спортски туристи се враќаат и следната година. Инаку, најдобри подрачја и постојни ловишта за развој на ловен туризам се на Осоговски Планини (ловиште „Плаки“), на Конечка Планина (ловиште „Конче“), кај Делчево (ловиште „Голак“), на Манговица (уредување на некое постоечко ловиште) и сл. За да оствари ловиштето добри резултати, неопходно е негово туристичко оформување, изградба - обезбедување мотел или ловечки дом, ловечки манифестации, натпревари, дополнителни понуди и активности и др.

***Ловен туризам:*** ловиште „Пониква“, ловиште „Конче“, ловиште „Голак“.

## 5.16. Риболовен туризам

Со оглед на бројните планински водотеци и богатството од риба, како и постоењето на голем број вештачки езера, ИПР има сосема солидни услови за развој на риболовен туризам. Најдобри можности за тоа има Калиманско Езеро, езеро Гратче, Беровско Езеро, езерото Сандански (чија намена е токму тоа), Езеро Лошана кај с. Тработивиште, Пишичко Езеро, потоа Брегалница од Калиманци до влезот во Кочанско Поле, Злетовска Река до с.Злетово, река Осојница низ клисурата и сл. Според риболовната основа за сливот на Брегалница (2011), подрачјето на ИПР е поделено на 5 риболовни ревири од извориштето („Брегалница 1“) до вливот на Светиниколска Река („Брегалница 5“). Во горните текови на постојаните реки е присутна речната пастрмка, а пониско се јавува скобуст, кленот, кркушката, крап, мрена и др. Во езерото Калиманци присутен е и сомот. За развојот на риболовниот туризам на потребното ниво, во следниот период неопходно е уредување на рибните ревири и погодните места за рибарење, вклучување на овој тип туризам во понудата на риболовните друштва, агенциите и другите засегнати институции, поедноставување на постапката за издавање на повеќедневна дозвола за риболов, можности за купување или изнајмување рибарска опрема, поставување риболовни платформи, посебно на езерата, оформување на комплетни риболовно-туристички аранжмани, промоција и презентација на овој вид туризам и др. Во таа смисла, сместувачките капацитети и локалните туристички агенции/бироа треба да имаат соработка со риболовните друштва и повеќе информации преку брошури, контакти и сл. И овде еден од главните проблеми е немањето сместувачко-угостителски капацитети во близина на поголемите водни објекти како Калиманско Езеро, Пишица, Лошана и други.

***Риболовен туризам:*** На сите вештачки акумулации и на поголемите реки во регионот, посебно на „чистите“ сектори.

## 5.17. Гастрономски туризам

Кога се зборува за гастрономски или кулинарски туризам се мисли на патување каде мотив претставува искуството, доживувањето, во одредена земја, регион, област, поврзано со карактеристичната храна/пијалаци кои ги подготвува локалното население. Храната на една дестинација на туристите им е исто толку важна колку и климата, сместувањето, разгледувањето. Многу експерти го сметаат гастрономскиот туризам за дел од културниот туризам бидејќи храната, сепак, претставува култура на еден народ. Туристите се во потрага на нешто уникатно,

автентично, нешто за паметење. Доколку е овозможено гледање на техниките на подготовка па дури и вклучување на туристите во подготовката е полн погодок. Исто така, и овој тип туризам најчесто е комбиниран со некој друг мотив за патување во одредената дестинација.




Слика 41. Традиционални јадења во Кочанско Поле - извор: Општина Чешиново - Облешево.

Со оглед на тоа што на секој турист му се потребни по три оброци на ден, гастрономскиот туризам и тоа како може да биде генератор на приходи за одредена дестинација. Целта не е само задоволување на желбата за храна како физичка потреба туку збогатување на искуството. Мотив за патувањето може да биде фестивал на храна и пијалак. Во Источниот плански регион има повеќе фестивали на храна кои можат да претставуваат мотив за патување.

Неоспорно, како најголем производител на ориз во Македонија, ИПР мора да го искористи оризот за развој на гастрономскиот и рурален туризам. Специфични специјалитети од ориз во овој регион се сутлијаш, лапа, оризник, ориз со пилешко, пилав. Други специјалитети се:

- Зелникот печен под вршник е традиционално јадење, и секоја година се организира манифестацијата „Зелникот на баба“;
- Лесновското јагне е со векови далеку прочуено по условите во кои се одгледува, чист планински воздух, чиста вода, пасишта;
- Другите јадење се подготвуваат по традиционален локален начин на подготовка (злетовска пастрмајлија, качамак со месо, месо со праз, селска тава и др.);
- Зелник, баница сукано, полнета пиперка, мусака, сарма, овчо, козјо, кравјо сирење, прасешко печење, штипска боранија (јадење со кисела зелка, праз и грав), ќофтиња во кромид и други.

**Типични производи:** беровско сирење, малешевско сирење, малешевски компир, штипска пастрмајлија, лесновско јагне, компирот, житата, сината слива и вишната во Берово.

**Зрновци:** ендемската речна пастрмка и речниот рак, лутиот пипер познат по името „Зрновски лут" и индустрискиот пипер од сортите „Амфора“ и „Куртовска капија“, мошне вкусниот

зрновски праз, зрновскиот розов патлиџан познат по крупноста и благоста, грашокот, модрата слива, праската, црешата, крушата и обичната слива (џанка).
**Карбинци:** пченица, ʾрж, јачмен, пченка, сончоглед, афионско семе, компир, кромид, лук, грав, грашок – зрно, леќа, зелка и кељ, домати, пипер, бостан, цреши, вишни, кајсии, дуњи, јаболки, круши, сливи, праски, ореви, бадеми, како и лозови насади.
**Пехчевскиот** кашкавал, сирење, компир.

Сите горенаведени производи, а сигурно има и други неспомнати специјалитети, како и пијалаци, претставуваат огромен потенцијал за развој на целиот регион.

Неопходно е да се преземат активности околу промоција и брендирање на гастрономските специјалитети со што покрај развојот на туризмот ќе се развие целокупната економија во ИПР. Прехранбената индустрија е исто така една од позначајните во општина Штип. Поважни капацитети се фабриката за бонбони и гуми за џвакање „Европа“, фабриката за масло со висок квалитет „Брилијант“, како и неколкуте винарски визби: „Езимит“, „Имако“.

**Забелешка:** Во изработка на стратегијата за развој на туризмот во ИПР ќе бидат посебно обработени активностите и предлог проектите за развој на гастрономскиот туризам, со посебен акцент на Патот на оризот.

## 5.18. Шопинг туризам

Шопинг туризмот има голема улога во патувањето на туристот без оглед дали шопингот е основен мотив или како активност што се одвива паралелно, односно во рамките на некој друг вид патување. Голем број приходи забележуваат големите туристички дестинации кои во своите предградија имаат шопинг центри кои се посетени од туристите.

Во Источен плански регион шопинг туризам има потенцијал на пример во Штип, каде производителите на облека и обувки во кругот на своите капацитети имаат свои големи продавници и аутлети. Исто така, “Деновите на модата” претставуваат можност за купување, како и манифестациите со етно карактер (на пример Берово ) каде туристите можат да купуваат сувенири од локалните мајстори. Постоењето на сувенирници во градовите на Источен плански регион или во близина на атракциите им овозможува на туристите купување промотивни материјали и карактеристични сувенири и производи. Различни типови туристи имаат различни навики и барања, а секако треба да се има предвид различната старост на туристите. Клучно во шопинг туризмот би било разбирањето на однесувањето на туристот, неговите потреби и барања и очекувања. Квалитетните стоки со прифатливи цени имаат предиспозиции да бидат атрактивни за туристите кои доаѓаат во регионот, но за тоа е потребна промоција. Од неодамна забележливи се организирани тури за шопинг туризам.

***Шопинг туризам:*** Штип.

## 5.19. Параглајдинг

Во ИПР на повеќе места има одлични услови за параглајдинг. Тоа се: Туртел и неговата околина кон Кочанско Поле; с. Лешки кон Кочани; Лесново кон с. Злетово; Голак кон Делчевско и други. Туртел нуди најдобри услови од причина што речиси до самиот врв има асфалтен пат, просторот околу врвот е широк, а северната падина доста стрмна, додека Кочанско Поле е зарамнето и пространо. Исто така, висинската разлика е многу голема и на 5 km хоризонтално растојание изнесува дури 1000 m (до с. Зрновци, с. Мородвис и с. Видовиште). Над с. Видовиште и с. Зрновци има исто така убави терени за спуст со параглајдинг од помала височина (300 – 400 m висинска разлика на 1,5 km хоризонтално растојание), до кои води

добар макадамски пат. На овој простор има и погодни ветрови кои дуваат по падините на Плачковица од југ кон север.




Слика 42. Одличен параглајдинг профил од врвот Туртел (лево) до с. Зрновци (десно) (оригинал).

На Осогово, кај с.Лешки (980 m) над Кочани, на патот кон Поникva има добар и отворен терен за параглајдинг. Должината на линијата изнесува 6 – 7 km, а денивелацијата е околу 500m. Околу Пробиштип, добри терени за параглајдинг има од Лесновската купа и од Црни Врв (1115 m). На ЈЗ раб на Лесновскиот кратер, кај месноста „Бело Место“ има зарамнина со пречник од 50 m и на височина од 890 m. Од тука, можен е 2 – 3km долг лет во правец на с. Злетово, с. Древено или Пробиштип, при денивелацијата од 300 – 350 m. Теренот од с. Злетово до с. Древено и Пробиштип е со мал наклон, отворен, питом и погоден за слетување. Слични услови има и од Црни Врв, но овде временските услови знаат да бидат нагло променливи. На планината Голак, на неколку места по патот за рекреативниот комплекс кај врвот Чавка има добри места за параглајдинг, посебно над Видковец (830 m). Овде, на растојание од 2,5 km кон североисток (кон Делчево) денивелацијата изнесува околу 250 m. За сите наведени локации е значајно што освен добри природни услови, веќе имаат некаква инфраструктура, а блиску се и до локалните градови (Кочани, Пробиштип, Делчево).

***Параглајдинг:*** Туртел и зарамнините над с. Зрновци и с. Видовиште (Плачковица), Голак (особено страната кон Делчево, односно источните падини), стрмниот дел западно од Лесново (на Лесновската купа), падините на Осогово над Кочани.

## 5.20. Адреналински паркови

Адреналинските паркови се изградени и уредени спортско-рекреативни содржини на релативно мал простор (обично неколку стотици $m^2$ до неколку хектари) и на одредена височина над тлото (обично неколку метри до неколку десетици метри). Се состојат од разни премини преку јажиња, јаженивисечки мостови, сајли, високи платформи и сл., при што се јавува силна возбуда, понекогаш страв, но и задоволство кога ќе се заврши патеката. Адреналинските паркови не бараат големи инвестиции, а се особено барани кај туристите желни за адреналинско и авантуристичко доживување. Секако, за нивно поставување има строги сигурносни и други стандарди што мора да се почитуваат. Во рамките на ИПР, речиси секој рекреативен туристички локалитет со сместувачко-угостителски капацитет може да постави адреналински парк за возрасни или деца. Сепак, обично тоа се практикува во локалитети лоцирани во шумски подрачја, на чист воздух и подалеку од градските средини. Со

адреналинските паркови, при мали вложувања (неколку десетици до стотина илјади евра), ќе се збогати понудата на одреден туристички центар, како и интересот за негова посета.



Слика 43. Изглед на помал адреналински парк во Цриквеница-Хрватска
(извор: www.adrenalinpark.eu).

***Адреналински паркови:*** околу Беровско Езеро, околу ез. Градче, на Голак, кај Равна Река, на Пониква, кај с. Зрновци, на Суви Лаки и др.

## 5.21. Зип-линии (zip-line)

Зиплајн е туристичка атракција, која слично на адреналинските паркови, во последните десетина години станува сѐ побарана и позастапена во светот, во Европа, па и на Балканскиот Полуостров. Се очекува наскоро оваа атрактивност да се рашири и во Република Македонија. Тоа е цврста, челична сајла (понекогаш 2 сајли заради подобра сигурност) која поврзува две блиски места на различна височина, така што овозможува спуштање од повисокото кон пониското место и претставува вистинско адреналинско доживување. Ваква содржина, која не бара особено големи финансиски средства, ќе ја зголеми атрактивноста на некои места и дополнително ќе привлече значителен број туристи. Поставување зип-линии се смета дека не влијае неповолно врз животната средина, а ќе овозможи фантастична глетка на пејсажите. За поставување на зип-линии важно е истите да не бидат премногу долги (не повеќе од 500 – 600m), да има доволен (но не преголем) наклон и сл. Во ИПР има многу погодни локации за зип линии, но најрационално е истите да бидат поставени до или близу постоечките, односно потенцијалните атрактивни туристички локалитети, и тоа на помала надморска височина (места со повисоки температури во годината и со слаб ветер). Така, погодни траси за почеток би биле од возвишенијата и ридовите кај Штип, околу с. Злетово, во близина на Кочани и на Делчево, кај Лесново, во клисурата на Зрновска Река, кај меловите и кукуљето, над Кочани, кај с. Град и сл. Зип-линии можат да бидат и во склоп на адреналински паркови.



Слика 44. Пример на едноставен, но атрактивен зип-лајн над кањонот на Цетина во Хрватска (извор: www.zipline-croatia.com).

***Зип линии:*** на повеќе локалности во близина или во склоп на туристичките локалитети.

## 5.22. Аеротуризам и едриличарство

На подрачјето на ИПР има мошне погодни услови за летање и разгледување со лесни спортско-туристички авиони и едрилици. Овде е и еден од подобрите аеро-клубови од Штип, оформен уште во далечната 1924 година. За своите потреби овој аеро-клуб го користи спортско-туристичкиот аеродром во Штип. Во рамките на аеро-клубот постои и воздухопловна школа која врши обука на пилоти на авиони, пилоти на едрилица, моделари, падобранци и параглајдеристи. Десетина години по ред клубот е организатор на светскиот куп во ракетно моделарство, а учествува и на европските и светските првенства каде бележи значајни успеси. Аеро-клубот располага со авиони од типот Цесна (четворосед), Утва (двосед) и едрилици (двоседи и едноседи). Едрилиците двоседи се користат за туристи кои немаат дозвола за летање и нив ги вози пилот. Летот може да трае неколку часа, може да се прелетаат и поголеми дистанци, а летот чини триесетина евра и претставува вистинско доживување. Од 2000 година па наваму се забележува зголемен интерес за летање од страна на туристите и нивниот број постојано расте. Услугите ги користат околу триесетина туристи годишно од кои поголемиот дел се домашни. Бидејќи летањето е поврзано со временските услови, како најдобра сезона за летање се препорачуваат пролетните и летните месеци, иако не е исклучок да се лета и есен и зима. Најчесто се лета за време на викенди. Современите светски трендови ја наметнуваат потребата за нови активности. Се планира идниот развој на аеро-клубот да биде насочен кон формирање такси-авијација, поради сѐ поголемиот интерес од страна на бизнис секторот за патување до познатите европски дестинации (Ташков и Методијевски, 2009). За поголема застапеност на овој вид туризам неопходно е зголемување на бројот и квалитетот на авиони (по можност набавка на 2 помали цивилни хеликоптери), потоа поголема промоција и информирање, изготвување понуди, веб-презентација и др. Исто така, интересна можност би

била кружно разгледување на ИПР или слетување на друг спортски аеродром во регионот (дури и уредување на нов спортски аеродром во Беровско) со кратка посета на тој дел.

***Авиотуризам и едриличарство:*** аеро клуб Штип.

## 5.23. Алпинизам

На подрачјето на ИПР типичен алпинизам може да се практикува кај локалитетот Раткова Скала. Овде станува збор за цврсти карпи-кварцити, со отсеци високи повеќе од 150 m. Најголемата висинска разлика од подножјето на карпата до врвот изнесува 350 m, преку 3 вертикали. Можни се неколку алпинистички насоки со различен степен на тежина. Самиот локалитет до кој сега се доаѓа преку земјен пат од с. Шталковица ќе биде многу подостапен со изградбата на патот Пробиштип-Пониква. Сепак, алпинизмот и зголеменото антропогено влијание може да имаат негативен импакт врз уникатниот биодиверзитет и некои загрозени видови птици како египетскиот мршојадец, златниот орел и др. Ваквите влијанија и закани треба да ги процени одделна студија. Во поширокиот простор, особено низ клисурата на Злетовска Река има уште неколку места со вертикални отсеци помеѓу 30 и 80 m, меѓутоа нивната атрактивност во алпинистички поглед е помала.

***Алпинизам:*** Раткова Скала.

## 5.24. Други туристички активности

Освен наведените видови туризам, во разгледуваниот период 2015 – 2024 година треба да се посвети внимание на развој на туризмот поврзан со јавање коњи, потоа прошетка со магариња, летање со балон, скајдајвинг (летење со крило), бејз-џампинг (скок со падобран од вертикална карпа), картинг, 7Д виртуелна прошетка низ регионот, прошетка со туристички вагон - воз од Велес до Кочани и др.

Со оглед на бројната застапеност на рудниците на подрачјето на ИПР, како и на старите напуштени рударски окна и јами, а согласно интересот на туристите за посета на вакви објекти, може да се посетат рудниците во Саса или Добрево, односно Пробиштип. Покрај другото, на овие простори рударството е многу старо, со одредени археолошки траги на рударење уште од античко време. Сепак, при организација на ваква туристичка понуда мора да се внимава на безбедноста на туристите, потоа на добрата информираност за рударењето, богатствата од разни минерали и слично.




Слика 45. Карта на типови туризам во ИПР поврзани со природните атрактивности (оригинал).

# 6. ПОСТОЈНИ ТУРИСТИЧКИ ЛОКАЛИТЕТИ И ПРОСТОРИ

Според моменталната состојба, речиси сите претходно анализирани природни и културни туристички ресурси во ИПР претставуваат помали или поголеми туристички простори и локалитети. Сепак, како типични туристички локалитети со значителен промет и посетеност, може да се сметаат:

- Беровско Езеро со градот Берово, Абланица и Равна Река (о. Пехчево);
- Пониква со градот Кочани, езерото Гратче и манастирот Св. Пантелеј;
- Градот Штип со Ново Село и бањата Кежовица;
- Градот Виница со Виничко Кале и потегот до с.Истибања, дел од клисурата на Осојница;
- Суви Лаки, туристичката населба на планината Огражден;
- Градот Делчево со планината Голак и околните селски населби (Звегор, Град, Стамер);
- Градот Пробиштип со аквапаркот, околните вулкански појави, Лесново и Злетовска Река.

Ако се погледнат статистичките податоци по општини, убедливо најпосетени во регионот во целиот период се општините Штип, Кочани и Берово, поточно наведените локалитети во нив.

Пониква е туристички центар и викенд населба на 20 km северно од Кочани, во југозападниот дел на Осоговските Планини. Се наоѓа на надморска височина од 1560 m во предел со густа букова шума и разновидна вегетација. Зацртан како еден од 34-те зимски туристички центри во просторниот план на Република Македонија, Пониква зазема особено важно место во развојот на туризмот и општиот развој на ИПР. До Пониква се пристигнува од Кочани по асфалтен пат со две ленти, кој и во зима е беспрекорно исчистен и соодветно попрскан со сол и песок. На самиот влез на туристичкиот центар Пониква се наоѓа мал спортски аеродром кој некогаш се користел за воени цели. По одминување на аеродромот, се доаѓа до асфалтиран паркинг-простор кој бесплатно им стои на располагање на сите туристи. Околу паркинг-просторот има неколку угостителски објекти и два активни ски-лифта, каде љубителите на скијањето можат да уживаат во благодетите на снегот. На само 400 m од паркинг-просторот се наоѓа и новоизградената црква Св. Василиј. Природните убавини, еколошки чистиот амбиент и поволната клима се одлични предуслови за бујна вегетација, па посетителите ќе можат да уживаат во недопрените убавини на Осоговските Планини. Околината изобилува со пешачки патеки, а на само 18 km се наоѓа Царев Врв (2085 m), до кој може да се стигне со теренско возило или пеш. Како посебна туристичка атракција за љубителите на ловот, во непосредна близина се наоѓа и ловиштето „Полаки“, кое им нуди на посетителите можност за лов на елени, елени-лопатари, муфлони, диви свињи и др. Урбаниот простор на Пониква опфаќа 2 ски-лифта, викенд куќи (единечни и двојни), автокампови, бунгалови, објекти за дневно снабдување, повеќенаменски простори, терени за спорт и рекреација, хотели, одморалишта, угостителски објекти, сервис и услуги за скијачка опрема. На Пониква, покрај викенд населбата, неколкуте мотели, се наоѓа и одморалиште.

Туристичкиот локалитет Беровско Езеро се наоѓа на 6 km од Берово, по патот за граничниот премин Клепало. Тој е на надморска височина од околу 1000 m. Долж езерото се протегаат голем број вили, коишто можат да се изнајмуваат, прекрасни терени за излет, рекреација и спортови. Со урбанистичкиот план за развој на овој локалитет предвидени се места за изградба на викендички, хотелски комплекси и други рекреативни содржини, при тоа водејќи сметка да не се наруши природната рамнотежа. Во непосредна близина на туристичката населба Беровско Езеро е втората по големина туристичка населба Абланица.Таа е лоцирана на двете страни на р. Брегалница, 2 km источно од градот Берово. Тоа е место со најмногу и најатрактивни археолошки локалитети во општина Берово. Може да се посети

новоизградената црква Св. Петка со фрескопис и иконостас изработен од локални уметници. Во моментот во туристичката населба Абланица се наоѓаат околу 130 викенд куќи, а дел од нив се приватни сместувачки капацитети во општината.

Туристичкиот локалитет и населба Равна Река е сместена во раскошна природа на Малешевските Планини, на десетина километри од Пехчево кон граничната линија со Бугарија, обележана по Балканските војни во 1913 година, кога Малешевијата, како и цела Македонија, била поделена. Во неа се изворите на втората по должина река во Македонија – Брегалница, десетината водопади на неа и на нејзините мали притоки таму, од кои највисокиот е 14 m, а целиот комплекс е покриен со висока букова и борова шума. Во непосредна близина се двата најатрактивни туристички локалитета во беровскиот дел на Малеш – Абланица и Беровско Езеро. Како Равна Река го добила името, не се знае, но можеби е според стариот град Равен, чија локација уште не е утврдена, а се смета дека е некаде на овие простори. Во градот Равен престојувале основоположниците на словенската писменост и култура Кирил и Методиј за време на нивната позната Брегалничка мисија, крунисана со создавањето на глаголицата. Ископини од стара населба има на неколку километри од туристичката населба, но од што точно се тие, уште не се знае. Од Равна Река до границата со Бугарија има уште десетина километри со недопрената природа. Населено место во близина нема ни од двете страни на границата. По тешко проодниот земјен пат прво се стигнува до сега напуштената некогашна караула на ЈНА, која пехчевската локална самоуправа планира да ја реновира во сместувачки капацитет, главно за ловен туризам. Исто така, со најновиот урбанистички план, овде се предвидуваат локации за изградба на 4 хотели и на околу 300 викендички.

Суви Лаки е туристичка населба која се наоѓа на 25 km од Берово, по патот за Струмица на падините на планината Огражден. Населбата е комплетно урбанизирана во 1978 година. Во моментот таму се наоѓаат 450 викенд куќи, 2 детски одморалишта и предвидена е можност за градба на уште стотина викенд и комерцијални објекти. Поради големата популарност на населбата, за потребите на туристите била изградена црквата Св. Кирил и Методиј.

Наведените локалитети, поради своите вредности, традиција, посетеност, положба и сл., може да се сметаат и за локалитети од **национален ранг**, односно со можност да привлечат туристи надвор од регионот.

# 7. АНАЛИЗА НА ПОСТОЈНАТА СОСТОЈБА НА ТУРИЗМОТ ВО ИПР И ДОСЕГАШНИОТ РАЗВОЈ

Развојот на туризмот на подрачјето на ИПР е согледан преку трите изразито различни општествени периоди, и тоа до 1945 година (во составот на Кралството Југославија), потоа од 1945 до 1991 година (во составот на Југославија како СР Македонија) и од 1991 година до денес.

## 7.1. Развој на туризмот на подрачјето на ИПР до 1945 година

Одредени форми на рекреација на подрачјето на ИПР се појавуваат уште во античко време. Имено, според расположивите археолошки остатоци, богатството од термоминерални извори условиле подигање и посетеност на повеќе терми, особено во Баргала, Мородвис и бројни други места. Таа традиција продолжила подоцна и во османлискиот период, така што доста биле користени и посетувани бањите Кежовица, Истибања, Кочанска Бања (односно изворите кај с. Бања) и други. Овој простор бил познат и по важните патишта по кои минувале караваните кон Блискиот Исток. Сепак, за туризам во вистинска смисла не може да се зборува до почетокот на минатиот век. Веќе помеѓу двете светски војни, на подрачјето на ИПР се изградуваат неколку туристички објекти. Освен бањите кои биле значајни за одмор и лекување во тогашното кралство СХС (подоцна Југославија), се подигаат и првите објекти на Пониква. Во почетокот, истите биле наменети за одмор на војската, а подоцна добиваат и цивилна употреба. Во 1925 година завршува изградбата на железничката линија Велес – Штип – Кочани, што дава дополнителен импулс на поврзување на овој простор со другите делови од тогашното Кралство. Во 1930-тите години, на подрачјето на ИПР се формираат првите туристички друштва, како што е туристичкото друштво „Брегалница“ од Штип.



Слика 46. Прославување на изградбата на железницата до Кочани во 1925 година.

## 7.2. Развој на туризмот на подрачјето на ИПР од 1945 до 1991 година

По Втората светска војна, почнува сеопшт забрзан развој на Македонија, а со тоа и на делот од ИПР. Со напредокот на индустријата, депопулацијата на селата и зголемувањето на градовите во речиси секој град се гради по еден хотел, чија намена била главно за престој на делегации, деловни соработници и други гости. Во истиот период, во 1960-тите години, поради поголемите потреби за водоснабдување и наводнување се градат повеќе брани и вештачки акумулации. Некои од нив, како Беровско Езеро и Гратче, стануваат атрактивни за релаксација

и краток престој, заради што покрај нив се подигаат помали одморалишта, хотели и мотели. Детски одморалишта, планинарски домови и слични објекти се градат и на атрактивни планински места, и тоа на Голак, на Плачковица, на Огражден (Суви Лаки) и други места. Всушност, 1980-тите години претставуваат „златно доба“ на туризмот, не само во ИПР туку и во цела Македонија. Речиси сите туристички објекти тогаш функционираат со полн капацитет и тоа: детските одморалишта на Пониква, Голак, Плачковица, Суви Лаки, Беровско Езеро, повеќе работнички одморалишта (Беровско Езеро, Суви Лаки), бањите (Кежовица, Кочанска), градските хотели во Штип, Кочани, Пробиштип, Македонска Каменица и др., ловиштата со ловните домови и слично. Според расположливите податоци, 1987 – 1988 година е забележан максимален број на домашни и странски туристи во сите делови на Македонија, па и на подрачјето на ИПР. Така, во Македонија во 1987 година се забележани вкупно 1 183 000 туристи со 3,9 милиони ноќевања. Од тоа, дури 2,4 милиони ноќевања биле од домашните гости, а останатите 1,5 милиони од странски туристи. Истата година, ако се собере бројот на туристи од тогашните општини на просторот на ИПР, излегува дека таа година имало 45 000 туристи со околу 115 000 ноќевања (како подрачје на ИПР се земени општините Штип, Пробиштип, Кочани, Виница, Делчево и Берово). Според статистичките податоци, во 2013 година, во Република Македонија се регистрирани 702 000 туристи со речиси 2,2 милиони ноќевања. Според тоа, бројот на туристите и ноќевањата е речиси двојно помал во однос на 1987 година.

## 7.3. Развој на туризмот по 1991 година (во независна Македонија)

Сепак, војните во 1990-тите години, промената на општествениот систем, проблемот со сопственоста на објектите и друго, предизвика нагло пропаѓање на постоечките објекти. Дел од нив речиси целосно беа руинирани и уништени и како такви оставени на забот на времето. Дури од неодамна повторно е ставен акцент на подзаборавените туристички потенцијали на овој простор. Во меѓувреме, барањата, навиките, потребите на туристите значително се сменија во смисла на поголема динамичност, разновидност, пробирливост и флексибилност на понудата. Токму во таа насока треба да биде идниот развој на туризмот во ИПР. Поради воениот конфликт, во Република Македонија и во ИПР, најмал број на туристи од 1970-тите години наваму е забележан во 2001 година. Истата година, во целата држава се регистрирани само 333 000 туристи (од кои само 98 000 странски) и 1,2 милиони ноќевања (од кои само 212 000 странски). На подрачјето на ИПР во 2001 година бројот на туристи е дури нешто повисок во однос на претходните и следните години, што можеби е резултат на сигурноста и оддалеченоста на овој регион од воениот конфликт.

Табела 28. Бројот на туристите на подрачјето на ИПР во периодот 2001 – 2010 година.

| Година | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | 12 762 | 14 517 | 8 602 | 9 865 | 9 377 | 12 069 | 10 813 | 13 739 | 12680 | 13054 |
| **Домашни** | 10 305 | 11 344 | 6 571 | 7 520 | 7 061 | 8 959 | 7 021 | 9 230 | 8135 | 8463 |
| **Странски** | 2 457 | 3 173 | 2 031 | 2 345 | 2 316 | 3 110 | 3 792 | 4 509 | 4545 | 4591 |
| **Ноќевања** | / | / | 22 171 | 26 406 | 19 909 | 28 989 | 21 694 | 28 449 | 15742 | 14504 |

*Извор: Државен Завод за статистика на РМ.*

Според прегледот, јасно е дека бројот на туристи во периодот 2001 – 2010 година е во стагнација, така што вкупниот број туристи се движи околу 12 000. Позитивно е што се забележува тренд на постојан пораст на бројот на странски туристи, кој продолжува до последната (2013) анализирана година.

## 7.4. Современата состојба со туризмот во ИПР

Источниот плански регион на ниво на држава претставува една помалку туристички развиена територијална целина. Во следната табела дадени се табеларните прегледи за основните податоци за туризмот во Источниот регион.

Табела 29. Обем, динамика, структура и процентуален однос на туристичката посетеност во Источниот плански регион.

| Година | Број на домашни туристи | Индекс база 2009 | Број на странски туристи | Индекс база 2009 | Вкупен број на туристи во регионот | Индекс база 2009 | Вкупен број на туристи во РМ | Учество во вк. број на туристи во РМ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2009 | 8135 | 100,00 | 4545 | 100,00 | 12680 | 100,00 | 587770 | 2,16 % |
| 2010 | 8463 | 104,03 | 4591 | 101,01 | 13054 | 102,95 | 586241 | 2,23 % |
| 2011 | 7948 | 97,7 | 5667 | 124,69 | 13615 | 107,37 | 647568 | 2,10 % |
| 2012 | 12275 | 150,89 | 6590 | 144,99 | 18865 | 148,77 | 663633 | 1,85 % |
| 2013 | 13582 | 166,96 | 7165 | 157,65 | 20747 | 163,61 | 701794 | 1,94 % |

*Извор: Државен завод за статистика*

Од претходната табела може да се забележи дека бројот на туристите бележи речиси континуиран пораст, како кај домашните така и кај странските туристи. Кај странските туристи овој тренд на пораст е речиси ист со исклучок на тоа дека не се бележи намалување во изминатиот период, а индексот на пораст изнесува 157,65 во 2013 година. Во поглед на процентуалниот однос на бројот на туристи кои го посетиле Источниот плански регион може да се забележи релативно ниско учество. Така, тој изнесува околу 2% со тенденција на намалување во изминатите 2 години под вредноста од 2%.

Табела 30. Обем, динамика, структура и процентуален однос на остварените ноќевања во Источниот плански регион.

| Година | Остварени ноќевања на домашни туристи | Индекс база 2009 | Остварени ноќевања на странски туристи | Индекс база 2009 | Вкупен број на остварени ноќевања во регионот | Индекс база 2009 | Вкупен број на остварени ноќевања во РМ | Процентуално учество на вкупниот број ноќевања во регионот во вкупниот број на ноќевања во РМ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2009 | 15742 | 100,00 | 11767 | 100,00 | 27509 | 100,00 | 2101606 | 1,31 % |
| 2010 | 14504 | 92,14 | 11183 | 95,04 | 25687 | 93,38 | 2020217 | 1,27 % |
| 2011 | 15614 | 99,19 | 13238 | 112,5 | 28852 | 104,88 | 2173034 | 1,33 % |
| 2012 | 20930 | 132,96 | 16428 | 139,61 | 37358 | 135,80 | 2151692 | 1,74 % |
| 2013 | 24987 | 158,73 | 17235 | 146,47 | 42222 | 153,48 | 2157175 | 1,96 % |

Извор: Државен завод за статистика

Остварените ноќевања на домашните туристи бележат како намалувања така и зголемувања во различен временски интервал. Во првиот 3-годишен период постојат вредности под нивото на 2009 година, додека, пак, во 2013 година, има пораст од дури над 58% (24.987 остварени ноќевања). Кај странските туристи остварените ноќевања речиси континуирано се зголемуваат со исклучок на 2010 година каде постои намалување од речиси 5% во однос на 2009 година. И тука може да се забележи зголемување на нивниот број од речиси 50% во 2013 година, што укажува на позитивни резултати остварени во овој поглед.

Слично како кај бројот на посетители, во Источниот плански регион ноќевањата во вкупниот број во Република Македонија пројавуваат многу ниски вредности. Така, просечното процентуално учество изнесува 1,52% со тенденција на зголемување во изминатиот 5-годишен период до 1,96% во 2013 година.

Може да се заклучи дека и покрај порастот како на бројот на домашните така и на странските туристи и остварените ноќевања, учеството на истите во вкупниот број во Република

Македонија е на многу ниско ниво. Поради тоа, во идниот период потребно е да се преземат активности и мерки за привлекување на поголем број домашна и странска клиентела.




Слика 47. Графикон на Процентуален однос на бројот на посетители во регионите на РМ за 2013 година.

Од презентираните податоци може да се забележи диспаритет во учеството на бројот на посетители во планските региони на Република Македонија. Најголем број посетители бележат Југозападниот и Скопскиот плански регион, кои заедно имаат над 60%, додека, пак, другиот дел е нерамномерно распределен помеѓу другите региони. Источниот плански регион во 2013 година пројавува учество од речиси 3% (2,96%) што покажува многу ниско ниво. Зад него по учеството се наоѓаат единствено Вардарскиот и Североисточниот плански регион. Врз таа основа може да се заклучи дека идните стратешки развојни планови и активности во доменот на туризмот, односно зголемувањето на посетеноста од страна на домашната и странската туристичка клиентела треба да се пренасочат на овие три региони.




Слика 48. Процентуален однос на ноќевањата на посетители во регионите на РМ за 2013 година.

Во графикот претставено е процентуалното учество на остварените ноќевања на планските региони во Република Македонија. И во овој поглед постојат сличности како кај бројот на посетителите, односно најголемо учество бележат Југозападниот плански регион (53,43%) и Скопскиот регион (17,22%). Овие два региони предничат во однос на другите, а најмалку остварени ноќевања за 2013 година може да се забележат во Североисточниот и

Вардарскиот плански регион. Потоа следи Источниот регион со учество од речиси 2% (1,96%), а пред него се наоѓаат Полошкиот и Пелагонискиот плански регион со исто така релативно ниско учество. И во овој поглед идните стратешки преземања во рамките на туристичкиот развој треба да бидат насочени кон овие регионални целини кои имаат ниско процентуално учество во вкупниот број на државно ниво.

Табела 31. Просечен престој на туристите во Источниот плански регион во денови.

| Година | Просечен престој на домашни туристи | Просечен престој на странски туристи | Просечен престој на вкупниот број |
|---|---|---|---|
| 2009 | 1,94 | 2,59 | 2,17 |
| 2010 | 1,71 | 2,44 | 1,97 |
| 2011 | 1,96 | 2,33 | 2,12 |
| 2012 | 1,71 | 2,49 | 1,98 |
| 2013 | 1,84 | 2,41 | 2,04 |

Извор: Државен завод за статистика, сопствени пресметки

Од табеларниот преглед може да се забележи разлика во просечниот престој кај домашните и кај странските туристи. Така, тој е повисок кај странските туристи, но се забележува намалување во однос на 2009 година. Следствено, во 2009 година просечниот престој на странските туристи изнесува 2,59 дена, а во 2013 година тој се намалил на 2,41.Просечниот престој на домашните туристи исто така се намалил во однос на првата анализирана година, односно тој изнесувал 1,94 во 2009 година, а во 2013 година изнесувал 1,84 дена. Во табелата даден е и преглед на просечниот престој на вкупниот број туристи (домашни и странски) кој покажува намалување во изминатиот 5-годишен период. Во 2013 година тој изнесувал 2,04.

Сместувачките капацитети во ИПР за последните неколку години се претставени во долниот графикон.




Слика 49. Сместувачки капацитети во Источниот плански регион по години.

Од презентираните податоци може да се забележи дека Источниот плански регион пројавува како намалување на капацитетите за сместување така и зголемување на истите. Во 2010 година постои рапидно намалување на бројот на соби и изнесува 533. Додека, пак, истите се зголемуваат за следните три години, што претставува позитивна појава за во 2013 година бројот на соби да изнесува 620, што е зголемување во однос на првата анализирана година.

Бројот на легла во Источниот плански регион бележи слични тенденции, што е логично. Така, во 2010 година, исто така, постои големо намалување во однос на првата анализирана година, за во наредниот период да имаме пораст до 1.826 легла во 2013 година.

Табела 32. Капацитети за сместување по видови во Источен плански регион за 2010 година.

| Видови објекти | Број на објекти | Број на апартмани | Број на легла |
|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **23** | **65** | **1499** |
| **Хотели вкупно** | 9 | 39 | 514 |
| **Хотели ******* | / | / | / |
| **Хотели ****** | / | / | / |
| **Хотели ***** | 2 | 16 | 161 |
| **Хотели **** | 3 | 12 | 129 |
| **Хотели *** | 4 | 11 | 224 |
| **Мотели** | 1 | 3 | 60 |
| **Бањски лекувалишта** | 1 | / | 33 |
| **Работнички одморалишта** | 2 | / | 114 |
| **Детски и младински одморалишта** | 3 | 5 | 538 |
| **Некатегоризирани објекти** | 7 | 18 | 240 |

Во претходната табелата се дадени видовите капацитети за сместување во Источниот плански регион. Меѓутоа, последните податоци се однесуваат за 2010 година поради фактот што Заводот за статистика на Република Македонија не располага со информации што се однесуваат по таа година. Може да се забележи дека најголемо учество во вкупниот број објекти пројавуваат хотелите и некатегоризираните објекти. Тоа се однесува и за бројот на апартмани, каде хотелите располагаат со вкупно 39, а некатегоризираните со 18 апартмани. Од бројот на леглата во Источниот плански регион може да се забележи најголемото учество во детските и младинските одморалишта кои предничат пред вкупниот број на легла на хотелите и некатегоризираните објекти. Имено, детските и младинските одморалиштата располагаат со 538 легла од што може да се заклучи дека туристичката инфра и супраструктуралната изграденост овозможува давање услуги за сместување и исхрана на пазарни сегменти кои ги користат овие видови капацитети. Во наредниот период треба да се работи на унапредување на бројот на другите сместувачки капацитети со повисока категорија.

**Туристичка потрошувачка**

Туристичката потрошувачка е претставена преку прометот во угостителските објекти. Таков преглед се дава за Република Македонија и Источниот плански регион во наредната табела.

Табела 33. Туристички промет во угостителски објекти во РМ и Источниот плански регион во илјади денари.

| | 2011 | | 2012 | | 2013 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Пансионска потрошувачка | Вонпансионска потрошувачка | Пансионска потрошувачка | Вонпансионска потрошувачка | Пансионска потрошувачка | Вонпансионска потрошувачка |
| **Туристички промет во угостителски објекти во РМ, во илјади денари** | 7428958 | 387385 | 7782534 | 383730 | 6389528 | 398687 |
| **Туристички промет во угостителски објекти во Источен плански регион, во илјади денари** | 475494 | 10402 | 518463 | 10685 | 481173 | 13323 |
| **Процентуално учество на пансионската потрошувачка во вкупната пансионска потрошувачка на РМ** | 6,40% | 2,69% | 6,66% | 2,78% | 7,53% | 3,34% |

Од претходната табела може да се забележи разлика помеѓу пансионската и вонпансионската потрошувачка во последниот 3-годишен период. Имено, логична последица е дека износот на пансионската потрошувачка е повисок, меѓутоа не се бележи континуиран пораст, како на ниво на регионот, така и на републичко ниво. Во 2012 година има зголемување на пансионската и вонпансионската потрошувачка во Република Македонија и во Источниот плански регион во однос на 2011 година. Источниот плански регион бележи 518.463.000 денари во пансионската потрошувачка за тој износ да се намали во 2013 година (481.173.000 денари). Кај вонпансионската потрошувачка пак, бележиме континуиран пораст, со тоа што во 2013 година тоа изнесува 13.323.000 денари. Од процентуалното учество на туристичкиот промет на Источниот плански регион во вкупниот промет на Република Македонија може да се забележи релативно ниско учество. Имено, пансионската потрошувачка изнесува само 7,53% во 2013 година, а вонпансионската 3,34%. Позитивна појава е зголемувањето на учеството во последните 3 години.

# 8. ТУРИЗМОТ И ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ИПР

## 8.1. Одржлив туризам во ИПР

Масовниот туризам, според своето општествено, економско и социјално значење, претставува **доминантен облик** во современите туристички движења. Од него произлегуваат униформирани видови туризам, кои по бројот на учесници и просторниот опфат се масовни и експанзивни, додека по економските ефекти се особено корисни за средината во која се развива туризмот. Основа на масовните видови туризам е сезонската мотивација сонце – вода (сонце – планина), од која произлегуваат аналогни мотиви, најчесто поврзани со потребата за одмор и рекреација.

Масовните видови туризам се генерално достапни за сите категории туристи. Огромниот број современи номади кои денес се движат по земјината топка, како последица на загарантираното право на слободно време и неопходноста од задоволување на туристичките потреби - преку една милијарда во меѓународните и околу три милијарди во домашните туристички текови - не може едноставно да се редуцира на начин што повеќе би одговарал на потребите за заштита и унапредување на животната средина. Притоа, постојаното зголемување на бројот на светската популација уште повеќе оди во прилог на масовноста на туризмот, исто како и современите техничко-технолошки достигнувања, особено во сферата на сообраќајот, компјутерската технологија и информатиката.

Токму поради тоа, директната конфронтација со масовниот туризам би била целосно непродуктивна и би се движела некаде во доменот на борбата против „ветерните мелници“. Но, поради сѐ поизразените проблеми со кои се соочува масовниот туризам, се добива впечаток дека одржливоста треба да се наметне како најдобро алтернативно решение за развој на туризмот во современи услови. Имено, во развојниот концепт на масовниот туризам доминираат стратешки цели со **квантитативни обележја**, особено поврзани со остварување што поголем обем на искористеност на сместувачките капацитети, зголемен обем на туристички промет и туристичка потрошувачка. За разлика од масовниот приод, во новиот алтернативен развоен концепт пресудна улога имаат цели со **доминантни квалитативни карактеристики**. Сепак, тие не треба да се сфатат како пандан на квантитативно детерминираните цели на масовниот туризам туку само како опција за релоцирање на нивните вредности во контекст на поинакви – квалитативни односи. Имено, одржливоста, како алтернатива на масовноста, во себе крие стремеж за апострофирање на позитивните, а минимизирање на негативните ефекти од развојот на туризмот. Без сомнение, постигнувањето профит и добри економски резултати, секако, останува приоритет, но со таа разлика што квантитетот и физичкиот раст се заменуваат со специфичен развој, кој се темели врз трајна **одржливост на расположливите ресурси**. Тоа е туризам кој преферира производ со јасен идентитет, препознатлив по стремежот за еколошка и културно-историска заштита, висок квалитет, автентичност, амбиенталност и индивидуален приод кон барањата и потребите на туристите. Станува збор за таканаречениот **селективен туризам**.

Од огромниот број понудени објаснувања и дефиниции на феноменот одржлив развој, најиздржана и најшироко прифатена е дефиницијата на Комисијата за животната средина и развој во светот (WCED - World Commission on Environment and Development) од 1987 година. Во нејзините официјални документи **одржливиот развој** е претставен како "...развој што ги задоволува сегашните потреби, а истовремено не ја намалува можноста идните генерации да ги задоволуваат своите потреби. Одржливиот развој не претставува фиксна состојба на хармонија туку процес на константни промени во кој експлоатацијата на ресурсите,

насочувањето на инвестициите, ориентацијата на технолошкиот развој и институционалните рамки се во функција на сегашните и идните потреби".

Според ваквото дефинирање, принципот на одржлив развој претпоставува соодветен економски, технолошки, социјален и културен развој, хармонизиран со потребите за заштита и унапредување на целокупниот систем на **животната средина**. Одржливиот развој го признава постоењето на природни граници, кои произлегуваат од способноста на биосферата да ги апсорбира негативните ефекти на човековата активност. Станува збор за специфичен развој што истовремено треба да им овозможи и на сегашните и на идните генерации сестрано задоволување на нивните потреби и подобрување на квалитетот на животот во целост.

Суштината на овој концепт се крие во интеракцијата меѓу економскиот просперитет и хармонијата во животната средина, како и во високиот степен на меѓузависност и комплементарност на развојните политики и политиките за заштита на опкружувањето, кои во целост ги уважуваат законитостите на природата и на **еколошките системи**. Без оглед на сè поголемиот општествен притисок за натамошен брз развој и интензивен економски просперитет, концептот на одржлив развој му дава приоритет на квалитетот на животната средина и во прв план ја наметнува заштитата на екосистемите и рационалното користење на природните ресурси. За таа цел, во номенклатурата на Меѓународната организација за стандардизација етаблирана е цела серија на посебни **еколошки стандарди**, познати под името ISO 14000 - EMS (Environmental Management Systems) – Системи за управување со заштитата на животната средина. Овие општоприфатени стандарди овозможуваат следење и мерење на влијанието на сите економски активности врз животната средина, со цел за доведување на таквото влијание до минимални граници. Исто така, постои и соодветна серија ISO 26000, со која Меѓународната организација за стандардизација ги групира критериумите со кои се мери степенот на социјална одговорност.

Ваквиот концепт на прифатлива одржливост во развојот на општеството бара да не се дозволи експлоатација на природните добра во димензии кои можат да ги влошат можностите за подобар живот, како денес така и во иднина. Концептот бара глобален однос кон заштитата на системите од кои зависи животот на земјата, вклучувајќи ги тука: атмосферата, водните ресурси, почвата и сите живи организми. Во најголем број случаи станува збор за универзални категории кои многу тешко се обновуваат и чии крајни граници на искористување, полека но сигурно, веќе се пречекоруваат. Заради тоа, исконската вредност на стратегијата на одржлив развој претставува сестран опфат и доследна имплементација на концептот **на интегрална заштита**, кој означува почеток на целосно нов општествен однос, нова апликативна филозофија, која ќе биде во функција на економскиот просперитет, но и на одржувањето на хармонијата во опкружувањето.

Одржливиот развој на туризмот е прашање кое ги засега сите релевантни субјекти во дестинацијата, регионот, но и во земјата во целост. Имајќи ја предвид општата дефиниција за одржлив развој, може да се констатира дека неговата имплементација во сферата на туризмот во Источниот плански регион треба да овозможи истовремено и сестрано задоволување на потребите на буквално сите учесници во сложениот туристички процес, а првенствено на следните три релевантни категории:

- туристите;
- носителите на туристичката понуда; и
- домицилното население.

Основните принципи на глобалниот концепт на одржлив развој треба да послужат како базични параметри во управувањето со развојот на туризмот во Источниот плански регион. Едноставно, станува збор за специфичен туристички развој, што ќе обезбеди остварување на

економските, демографските и социјалните цели, но со истовремена заштита на основните културни и еколошки вредности на целиот простор во кој делува туризмот. Притоа, низ самото одвивање на активностите во дестинацискиот простор мора да бидат обезбедени одредени услови, со кои ќе се овозможи остварување на проектираните цели и во иднина, на исто, па дури и на повисоко квалитативно ниво. Таквиот развој на туризмот, нема сомнение, треба силно да ја афирмира неопходноста од **меѓугенерациска еднаквост**.

Одржливиот развој на туризмот не смее да предизвикува негативно повратно влијание, како што е на пример неповратно уништување на природното окружување или културните вредности, целосно исцрпување на ресурсите или, пак, општествен немир. Тоа треба да биде развој што не ја преминува границата на подносливост на капацитетот на дестинацијата и не предизвикува сериозни и непоправливи промени. Овие премиси се од круцијално значење за Источниот плански регион, имајќи предвид дека најголемата атрактивност на туристичкиот производ на овој регион произлегува токму од природните и антропогените елементи. Самата имплементација на концептот на одржлив развој на туризмот во Источниот плански регион треба да се темели врз следните **три универзални принципи**:

- Еколошки принцип, кој подразбира соодветен развој на туризмот, што не се спротивставува со еколошките закони и природната репродукција на ресурсната основа;
- Социокултурен принцип, кој треба да овозможи компатибилен развој на туризмот преку заштита на културните придобивки и идентитетот на локалната заедница, како и активно учество на домицилното население во планирањето и управувањето со развојот на туризмот; и
- Економски принцип, кој овозможува инвестирање во таканаречен "правилен" развој на туристичката дестинација, втемелен врз локалните автентични вредности, како и остварување профит што е неопходен за поубав живот на сегашните и идните генерации.

Притоа, концептот на одржлив развој на туризмот треба да се потпира врз неколку основни начела, кои мора да бидат респектирани во сите развојни документи, како што е и оваа Студија за состојбата со потенцијалите за развој на туризмот во Источниот плански регион:

- крајно внимателен однос кон природата;
- љубоморно чување на расположливите ресурси - квалитетна вода, воздух, почва, електрична енергија и слично;
- интегрална заштита на природното, социјалното и културното окружување;
- респектирање на потребите и желбите на домицилното население и неговата автентична култура;
- стратешко планирање со долгорочни концепции и нивна хармонизација на дестинациско ниво;
- поттикнување на локалните стопански субјекти на зголемена деловна активност и соработка;
- вклучување на домицилното население во сите нови проекти од доменот на туризмот;
- перманентна едукација на туристичките работници, јавниот сервис и сите други учесници кои доаѓаат во непосреден контакт со туристите;
- одговорен маркетинг.

Конечно, во Источниот плански регион туризмот базиран врз долгорочно одржливи компоненти всушност и не претставува никаков новитет. Тука одржливиот развој влече корени уште од самата појава на туризмот на овие простори. Пред сѐ, поради разновидноста и

географската дисперзираност на атрактивната ресурсна основа, како и поради малиот обем на сместувачки капацитети и нискиот степен на нивна искористеност, туристичкиот развој во Источниот плански регион во целост ги има атрибутите на одржливост и долгорочност.

## 8.2. Туристички капацитет на ИПР

Со површина од 3.651 $km^2$ и со околу 180.000 жители, Источниот плански регион претставува само еден дел од вкупната туристичка понуда на Република Македонија, односно мал фрагмент од рецептивниот простор на нашата земја, кој има површина од 25.713 $km^2$ и каде живеат над два милиони жители. Според овој глобален приод, во очите на домашната и меѓународната туристичка клиентела, Источниот плански регион фигурира како парцијална туристичка дестинација, лоцирана во источниот дел на нашата земја, во која учествува со 14,2% од територијата, односно со само 8,8% од вкупната популација.

Моменталната ситуација на терен покажува дека Источниот плански регион, особено во споредба со другите плански региони, нуди **слабо препознатлив и помалку квалитетен** туристички производ. Тоа, без сомнение, силно се одразува врз слабата конкурентност на овој регион на туристичкиот пазар. Од друга страна, некои поединечни места во рамките на регионот заслужуваат внимание, првенствено поради нивната микропросторна основа, која обезбедува комбинирање на респектабилни природни и антропогени вредности со забележителна привлечна моќ и висок степен на компетитивност. Тука во прв ред треба да се спомнат Берово, Пониква и Штип.

Во контекст на неопходноста од регионален приод кон туристичкиот развој, Источниот плански регион треба да се наметне како засебна просторна целина, особено во перцепцијата на домашните туристи. Оддалечен само 100 километри од Скопје, 40 километри од Коридорот 10 и исто толку од Коридорот 8, Источниот плански регион е во непосредна близина до најголемите емитивни зони во Република Македонија.

Исто така, овој регион може да гради имиџ на просторна целина со специфичен туристички производ кај гостите кои доаѓаат од **Република Бугарија**. Имено, Источниот плански регион граничи со соседна Бугарија и нормално е да се очекува зголемен број на туристи од оваа соседна земја – членка на Европската унија. Во овој контекст мора уште еднаш да се потенцира општоприфатеното мислење дека отворањето на граничниот премин Клепало кај Берово само уште повеќе ќе го доближи овој регион до втората најзначајна емитивна зона и ќе овозможи зголемен прилив на туристи.

Постигнатите остварувања во последните неколку години укажуваат на фактот дека скромната меѓународна конкурентност на Република Македонија речиси во целост се темели врз атрактивноста на туристичката понуда на само две пазарно јасно детерминирани поединечни дестинации - Охрид и Скопје. Според статистичките податоци, токму во овие две дестинации постои најголема концентрација на квалитетни сместувачки капацитети и секоја година се остварува најголемиот дел од странскиот туристички промет во земјата. Сепак, Студијата за состојбата со потенцијалите за развој на туризмот во Источниот плански регион има позитивен став кон присуството на туристи од странство во Охрид и Скопје. Тие треба да се набљудуваат од аспект на можноста за нивно привлекување. Доколку регионот понуди квалитетен производ (кој во суштина нема сличности, односно не е конкурентен со производите на нашите две главни дестинации), тогаш е сосема нормално да се очекува странските туристи, особено оние кои го посетуваат нашиот главен град, **дел од времето да го поминуваат** на територијата на Источниот плански регион.

Во процесот на позиционирање како интегрална туристичка дестинација, најголема слабост се појавува при креирањето на сложен туристички производ. Основниот проблем

произлегува од фактот што тој во себе мора да ги инкорпорира сите изворни и изведени елементи на целокупната туристичка понуда на регионот, кои имаат изразито хетерогена и честопати неспоива природа. Едноставно, желбата **да бидат опфатени што повеќе општини** може да доведе до ситуација таквиот производ да биде непрепознатлив на пазарот. Притоа, создавање производ со премногу компоненти и преголем број носители на понуда може да предизвика намалување на можноста за нивно оптимално хармонизирање. Тоа, конечно, резултира со несакано оддалечување на производот од туристите, кои едноставно не се во состојба да ги препознаат атрактивните атрибути на сите составни елементи.

**Интегралниот дестинациски пристап** на Источниот плански регион е прифатлив во процесот на неговото позиционирање на македонскиот туристички пазар како посебна, препознатлива и атрактивна туристичка дестинација. Тоа е ситуација во која неговата туристичка понуда ќе мора полека да ѝ парира на понудата на конкурентните региони во земјата, а особено од понудата на планските региони лоцирани во непосредното окружување. Сепак, во овој момент постои реален проблем со **конкурентноста**. Имено, тој произлегува од објективната опасност во процесот на позиционирање на Источниот плански регион како интегрална туристичка дестинација да се појави огромна тешкотија прецизно да се диференцираат неговите конкурентни дестинации. Всушност, секое евентуално истражување на туристичкиот пазар, односно каква било анализа на туристичката понуда, само ќе ја потенцира маргиналната улога на регионот во развојните туристички процеси во Република Македонија. Но, интегралниот дестинациски приод кон развојот на туризмот во Источниот плански регион има и свои предности бидејќи нуди **бројни содржини, поголем квалитет за ниски цени и повеќе можности за активен и интересен одмор**. Во пошироката лепеза на атрактивни компоненти туристите можат подобро да ги пронајдат сопствените афинитети и да ги задоволат своите потреби. Притоа, ваквиот модел силно ги афирмира и помалку атрактивните општини, кои со евентуален **самостоен настап** би немале поголеми шанси за успех. На овој начин тие се поттикнати интензивно да развиваат нова селективна понуда, која најчесто има само комплементарни карактеристики (ќе се надоврзува на веќе постоечката), но која во интегралниот настап на туристичкиот пазар добива сосема поинаква квалитативна димензија.

Една од основните карактеристики кои во позитивна смисла влијаат врз развојот на туризмот во Источниот плански регион е **големата концентрација и разновидност на туристички ресурси на релативно мал простор**. Според сите релевантни критериуми, дистанците меѓу атрактивните елементи на целата територија на регионот се мали, што овозможува за краток временски интервал да се посетат повеќе атрактивни целини. Притоа, разновидноста на овие вредности обезбедува солиден степен на содржајност на туристичката понуда. Според таквата просторна основа, регионот може да се наметне и да фигурира како интегрална туристичка дестинација. Всушност, просторната основа му овозможува на регионот да формира комплексен туристички производ и да се вклучи во конкурентни релации со слични дестинации, особено од непосредното окружување. Доколку Источниот плански регион се набљудува како интегрална туристичка дестинација, неговата привлечна моќ во однос на потенцијалната туристичка побарувачка може да биде претставена преку следната математичка формула:

$$PM\ ipr = f\,(PM\ td1,\ PM\ td2,\ PM\ td3\ldots,\ PM\ tdn)$$

каде:

- PM ipr е привлечната моќ на Источниот плански регион како интегрална туристичка дестинација; а
- PM tdn претставува привлечна моќ на поединечните туристички дестинации во рамките на регионот.

Наведената формула покажува дека привлечната моќ на Источниот плански регион како интегрална туристичка дестинација претставува функција од привлечноста на поединеч-

ните дестинации во неговите рамки. Оваа функционална зависност предизвикува силен синергетски ефект, кој е особено изразен во случаи кога постои концентрираност на поединечни туристички дестинации на релативно мал географски простор, каков што е примерот со Источниот плански регион.

### 8.2.1. Граница на подносливост на капацитетот на туристички локалитети

Границата на подносливост на капацитетот може да се дефинира како одредено ниво на присутност на туристите во дестинацијата, кое има позитивно и прифатливо влијание врз домицилното население, врз физичкото окружување, врз другите економски и општествени текови, како и врз самите туристи. Станува збор за достигнување специфична хармонија меѓу сите учесници во сложениот туристички процес, која треба да обезбеди долгорочен и стабилен развој.

Во основа, одржливоста на развојот на туризмот во секоја дестинација зависи од вкупно 4 видови граници на подносливост на нејзиниот капацитет:

1. Физичка граница на подносливост, која е поврзана со објективната просторна ограниченост на самата дестинација, во чии рамки може непречено да се одвива туристичкиот процес. Таа најчесто се дефинира преку бројот на легла во сместувачките капацитети, бројот на конзумни места во угостителските објекти, бројот на паркинг просторите и слични лесно мерливи категории. Поради својата егзактност, физичката граница на подносливост претставува најдобар индикатор за планирање и менаџмент контрола врз развојот на туризмот во дестинацијата;
1. Психолошката граница на подносливост на капацитетот на дестинацијата, од друга страна, претставува релативна категорија и се јавува како резултат на различното индивидуално перцепирање на туристичкиот процес од страна на неговите учесници. На пример, некои туристи и жители во дестинацијата имаат висок праг на толеранција во однос на големата концентрација на луѓе на мал простор и не им пречи метежот. Од друга страна, пак, одредени туристи и дел од локалното население покажуваат анимозитет кон толпа луѓе и повеќе преферираат мир и тишина;
1. Биолошка граница на подносливост на капацитетот на туристичката дестинација, која произлегува од објективната можност на опкружувањето во која делува туризмот да го апсорбира човековиот импакт без посериозни последици. Ова граница се достигнува во услови кога забрзаниот туристички развој без планска основа предизвикува девастација на природното окружување. Едноставно, неконтролираниот развој може многу лесно да доведе до загадување на природата, нарушување на целокупниот еко систем, прекинување на синџирот на исхрана кај одредени животински или растителни видови, па дури и нивно целосно исчезнување;
1. Социјална граница на подносливост, која се појавува како резултат на реакцијата на одредена социјална група во средината во која делува туризмот. Овој вид граница на подносливост, слично како и психолошката, во основа има релативен карактер. Нејзиното пречекорување настанува во услови кога интензивниот развој на туризмот во дестинацијата од различни причини станува неприфатлив за одредена социјална структура. Имено, одвивањето на туристичкиот процес понекогаш може да биде во колизија со интересите и потребите на дел од домицилното население, заради одредени разлики од доменот на културата, религијата, деловното работење или општите цивилизациски придобивки. Поради тоа, социјалната граница на подносливост на капацитетот на туристичката дестинација наметнува неопходност од планирање и контрола на одржлив туристички развој во поширокото општествено окружување, со целосен респект на интересите на сите инволвирани страни.

Во овој контекст треба да се има предвид и мултидимензионалниот карактер на феноменот туризам, кој се изразува преку неговото силно влијание врз економската, просторната, културната, социјалната, политичката и голем број други сфери на современото општество. Токму затоа, повеќе од јасно е дека прагот на подносливост не е на исто ниво кај сите четири наведени категории. Исто така, може слободно да се претпостави дека неговото евентуално пречекорување нема да се појави во исто време. Па, сепак, без разлика во кој домен најмногу ќе се почувствува, пречекорувањето на носивоста на капацитетот на туристичката дестинација може да го сопре севкупниот развоен процес и да предизвика непоправиливи штети, кои, на крајот на краиштата, ќе се одразат врз намалување на задоволството на туристите, намалување на нивниот број и пропаѓање на дестинацијата во целост.

## 8.3. Заштита на природните и културните вредности во ИПР

Секоја држава, регион и област што тежнеат кон забрзан развој на туризмот едновремено посветуваат голема грижа за заштита на природните и културни вредности на тој простор. Ова од едноставна причина што најголем број туристи доаѓаат на некоја дестинација токму за да уживаат и да ги „откриваат“ тие уникатни атрактивности, кои не можат да ги видат во својот крај или својата држава. Затоа, развојот на современиот туризам е нераскинливо поврзан со заштита и зачувување на пределот, природата и културните вредности.

Заштитата на природата подразбира грижа и одржување на одредени, избрани површини или објекти на живата или неживата природа, кои поради своите специфични природни вредности посебно стручно ги вреднуваме и просторно ги ограничуваме. Човекот, како дел од природата и главен протагонист во процесите на нејзината трансформација, настојува, преку своите активности, да ги искористи природните ресурси, во насока на задоволување на своите потреби, истовремено менувајќи ги природните процеси и нарушувајќи ја природната рамнотежа. Со тоа, ја наметнува како неминовна потребата од воспоставување одредени рамки и насоки на негово дејствување, кои мора да се базираат на претходно проучување на природните закономерности на експертско ниво (Лукаревска, 2014).

### 8.3.1. Заштита на биодиверзитетот

Како обврска кон Конвенцијата за биолошка разновидност која Република Македонија ја има потпишано во 2007 година, но и како потреба за трасирање на правците и идентификација на приоритетите во областа, изработена е Стратегија и акционен план за заштита на биолошката разновидност на Република Македонија, 2004 година. Стратегијата, како стратешки документ го дефинира интегралниот пристап во заштитата и одржливото користење на компонентите од биолошката разновидност, додека Акциониот план дава преглед на специфичните акции што треба да се реализираат во функција на постигнување на главната и основните цели, утврдени во Стратегијата за биолошка разновидност. Очигледно е дека исполнувањето на предвидените национални цели не се одвива со планираната динамика. Бавната имплементација на државно ниво, секако, се одразува и во заштитата на природата на локално ниво. Во тек е изработка на Национална стратегија за биолошка разновидност со акциски план на Р. Македонија, која претставува ревизија на Националната стратегијата и акциониот план за заштита на биолошката разновидност, од 2004 година. Согласно Законот за заштита на природата (Сл. в. на РМ, бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11,59/12, 13/13, 163/13 и41/14), заштитата на природата се уредува преку заштита на биолошката и пределската разновидност и заштита на природното наследство, во заштитени подрачја и надвор од заштитени подрачја, како и заштитата на природни реткости. Во подрачјето на сливот на река Брегалница регистрирани се 7 заштитени подрачја, чиишто акти за прогласување се дадени во следната табела (Лукаревска, 2014):

Табела 34: Заштитени подрачја во рамките на Источниот плански регион.

| Ред. бр. | Име на подрачјето | Категорија според ПП[1] | Год. на прогласување | Површина (ha) | Општина |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Даб | СП | 1983 | n/a | Кочани |
| 2 | Звегор | СП | 1986 | 75 | Делчево |
| 3 | Конче | СП | 1986 | 0,66 | Конче |
| 4 | Мородвис | СП | 1984 | 0,5 | Зрновци |
| 5 | Муриte | СП | 1987 | 10 | Берово |
| 6 | Црна Дудинка | СП | 1962 | n/a | Пробиштип |
| 7 | Црна Топола | СП | 1999 | n/a | Берово |

Површината на заштитените подрачја, согласно податоците од Просторниот план на РМ (Сл. в. на РМ, бр.39/04) изнесува 86,16 ha. Заштитените споменици на природата Даб, Црна Дудинка и Црна Топола претставуваат поединечни стебла за коишто нема податок за површина.

Предложени за заштита подрачја во Источниот плански регион, коишто целосно или делумно влегуваат во границите на планскиот опфат, се следните:

Табела 35. Подрачја предложени за заштита.

| Ред. бр. | Име на подрачјето | Категорија според ПП | Површина (ha) | Општина |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Готен | ППР | 10 | Берово, Радовиш |
| 2 | Дабоски Андак | ППР | 54 | Берово |
| 3 | Злетовска река | НИПР | 320 | Пробиштип, Кратово |
| 4 | Зрновска Река | НИПР | 1000 | Виница, Зрновци, Карбинци |
| 5 | Јудови Ливади | ППР | 2,5 | Пехчево |
| 6 | Картал | НИПР | 10 | Виница |
| 7 | Линак | ПППК | 300 | Берово |
| 8 | Малеш | ПППК | n/a | Берово, Пехчево |
| 9 | Мачево | СП | 200 | Берово |
| 10 | Мочарник | СП | n/a | Штип |
| 11 | Паркач | СП | 50 | Берово |
| 12 | Пештера Коњска Дупка | СП | n/a | Делчево |
| 13 | Рамна Река | ППР | n/a | Пехчево |
| 14 | Река Уломиа | ППР | 3 | Виница, Зрновци, Радовиш |
| 15 | Темниот Андак | ППР | 56 | Берово |
| 16 | Тработивиште | СП | n/a | Делчево |
| 17 | Црвена Река | НИПР | 10 | Македонска Каменица |

Категоризацијата на подрачјата според Просторниот план на Република Македонија е согласно стариот Закон за заштита на природните реткости, којшто е не е во сила, поради што е неопходна (ре)валоризација и категоризација на подрачјата согласно новиот Закон за заштита на природата. Согласно Законот за заштита на природата, Министерството за животна средина и просторно планирање има обврска да изврши ревалоризација на заштитените подрачја, заштитени пред денот на отпочнувањето на примената на Законот за заштита на природата и да изготви нови акти за прогласување, согласно одредбите на законот. Подрачјата заштитени и предложени за заштита на територијата на Источен плански регион, ја немаат поминато

[1]Категорија според стариот Закон за заштита на природните реткости - вон сила

постапката за прогласување или повторно прогласување, согласно Законот за заштита на природата.




Слика 50. Национален систем на заштитени подрачја во ИПР.
(Сино – подрачја предложени за заштита според Просторен план на РМ; Црвено – Новоидентификувани подрачја за заштита според Brajanoska et al. 2011[2]) 484 – Осоговски Планини (Заштитен предел); 513 Долна Злетовица (Заштитен предел); 505 – Долна Брегалница (Споменик на природа); 570 – Зрновска Река (Парк на природа); 254 – Река Ломија (Парк на природа); 530 – Картал (Парк на природа); 270 – Темниот Андак (Парк на природа); 231 – Беровско Езеро (Заштитен предел); 353 - Мачево (Споменик на природа); 219 – Јудови Ливади (Парк на природа); 524 – Кукуљето (Споменик на природа); 566 – Малешевски Планини (Парк на природа).

Табела 36.Национален систем на заштитени подрачја во Источниот регион.

| **Код** | **Македонско име** | **Англиско име** | **Катег. на ЗП** | **Површина (ha)** |
|---|---|---|---|---|
| 231 | Беровско Езеро | Lake Berovo | ЗПр | 428.17 |
| 570 | Зрновска Река | River Zrnovska Reka | ПП | 484.84 |
| 219 | Јудови Ливади | Judovi Livadi | ПП | 5.67 |
| 530 | Картал | Kartal | ПП | 592.79 |
| 566 | Малешевски Планини | Maleshevski Planini | ПП | 1753.16 |
| 353 | Мачево | Machevo | СП | 360.47 |
| 270 | Темниот Андак | Temniot Andak | ПП | 47.69 |
| 524 | Кукуљето | Kukuljeto | СП | 97.92 |
| 254 | Река Ломија | River Lomija | ПП | 41.84 |
| 505 | Долна Брегалница | Lower Bregalnica | СП | 8817.24 |
| **513** | Долна Злетовица | Lower Zletovica | ЗПр | 2139.47 |
| **484** | Осоговски Планини | Osogovo Mountains | ЗПр | 77226.15 |

Според дефиницијата наведена во Законот за заштита на природата, природни реткости (како нова форма на заштита надвор од категориите на заштитени подрачја) вклучуваат делови од живата природа (ретки, ендемични растителни и животински видови и

[2] "Развивање мрежа од репрезентативни заштитени подрачја" (проектна активност Ref. RFP 79/2009). Проект 00058373 - PIMS 3728: "Зајакнување на еколошката, институционалната и финансиската оддржливост на системот заштитени подрачја во Република Македонија". UNDP, Министерство за животна средина и просторно планирање, Македонско еколошко друштво.

нивните делови и заедници) и неживата природа (рељефни форми, геолошки профили, палеонтолошки и спелеолошки објекти, доколку нивната површина е помала од 100 ha) кои како објекти во природата и благодарение на нивните научни, естетски, здравствени и други значења, како и на нивните културни, рекреативни, едукативни и туристички функции имаат посебен тип заштита на национално ниво. Назначувањето на природните реткости се остварува со одлука од министерот кој раководи со телото на јавната администрација одговорна за активностите во областа на заштита на природата и оттука, времето потребно за завршување на процедурата за нивно назначување е пократка, што го прави процесот на примена на специфичните мерки за заштита на овие подрачја побрз. На национално ниво, постојат вкупно 91 подрачје, идентификувани и предложени за назначување како природни реткости. Тринаесет (13) од нив припаѓаат на Источниот регион.




Слика 51**.** Предлог природни реткости во Источниот регион.
(441 – Црна Дудинка; 523 – Вулкански бомби; 305 – Бел даб, с. Бели; 326 - Звегор; 542-Стамер; 376 Пештера Коњска дупка; 438 – Тработивиште; 560 Еленско Блато; 440 – Црна Топола; 361 – Мурите; 209 – Дабоки Андак; 356 – Мородвис; 358 – Мочарник).

Во Источниот регион има идентификувано седум (7) Значајни подрачја за птици (ЗПП): Осоговски Планини, Преод – Ѓуѓанце, Долина на Злетовска река, кочански оризови полиња, Овче Поле, Тополка – Бабуна – Брегалница и акумулација Мантово – Лакавица (Velevski et al., 2010).




Слика 52. Значајни подрачја за птици во Источниот регион (прикажани преку сливот на река Брегалница).



Слика 53. Огромно гнездо на штрк во Кочанско Поле, општина Чешиново – Облешево, која ја доби наградата „Европско село на штркот“ (извор: општина Чешиново – Облешево).

Табела 37. Значајни подрачја за птици во Источниот регион.

| Име | Критериум | Година на назн. | Површина (ha) |
|---|---|---|---|
| Мантово и Лакавица | IBA A1, IBA B2 | 2010 | 6920 |
| Осоговски Планини | IBA A1, IBA B2 | 2010 | 7530 |
| Овче Поле | IBA A1; IBA B2 | 2010 | 48183 |
| Долина на Злетовска Река | IBA A1, IBA B2 | 2010 | 12687 |
| Тополка – Бабуна – Брегалница | IBA A1; IBA A3; IBA B2 | 2010 | 27648 |
| Градско – Росоман – Неготино | IBA A1; IBA A3; IBA B2 | 2010 | 27692 |
| Кочански оризови полиња | IBA B2 | 2010 | 11192 |
| Преод – Ѓуѓанце | IBA A1, IBA B2 | 2010 | 10893 |

Во Источниот плански регион има идентификувано пет (5) значајни растителни подрачја (ЗРП): Осогово, Овче Поле – Богословец, Јудови Ливади, Криволак – Серта и Плачковица.




Слика 54. Значајни растителни подрачја во Источниот плански регион (прикажани преку сливот на река Брегалница).

Табела 38. Значајни растителни подрачја во Источниот регион.

| Бр. | ID | Име | Критериум | Год. на назнач. | Површ. (ha) |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | 50 | Криволак (Орлово Брдо – Солен дол – Серта) | IPA (Aii); IPA (Aiii); IPA (Aiv); IPA (Ci); IPA (Cii) | 2004 | 39366,96 |
| **2** | 517 | Осоговски Планини | IPA (Aii); IPA (Aiv); IPA (Cii) | 2004 | 50542,86 |
| **3** | 55 | Овче Поле – Богословец | IPA (Aii); IPA (Aiii); IPA (Aiv); IPA (Ci); IPA (Cii) | 2004 | 25457,86 |
| **4** | 72 | Пехчево – Јудови ливади | IPA (Cii) | 2004 | 388,42 |
| **5** | 56 | Плачковица | IPA (Aii); IPA (Ci); IPA (Cii) | 2004 | 26542,72 |

## 8.3.2. Заштита на геодиверзитетот

Од аспект на геодиверзитетот, на подрачјето на ИПР има неколку интересни и ретки појави. Дел од нив се заштитени во постапка за заштита како споменици на природата, природни реткости, а некои се предложени за заштита (како што е наведено во претходното поглавје). Сепак, треба да се нагласи дека особено значајни појави од геодиверзитетот, кои треба да бидат заштитени и на кои треба да се внимава при планирање на туристичките (и други) активности, се:

- Клисурата на Злетовска Река до с. Злетово;
- Лесновската купа и кратер;
- Долината на Зрновска Река;
- Истибањска Клисура;
- Кукуљето кај с. Нов Истевник;
- Меловите кај с. Црник и кај месноста Паркач;
- Високопланинскиот предел на Осогово околу Царев Врв и Руен;
- Месноста Раткова Скала во југозападниот дел на Осоговските Планини;
- Палеонтолошкото наоѓалиште помеѓу селата Звегор и Стамер;
- Водопадите во изворишниот дел на Брегалница;
- Појавите на вулкански бомби околу Пробиштип;
- Пештерите кај Туртел, Коњска Дупка – пештера кај с. Град и Киселичка пештера кај с. Киселица.



Слика 55. Уникатни ерозивни форми мелови кај с. Црник, општина Пехчево (оригинал).

Сите наведени локалитети и појави се осетливи на зголеменото влијание на човекот, а претставуваат вистински реткости, документирани со досегашната литература. Во таа смисла е неопходно нивно зачувување за идните генерации. Покрај споменатите појави, со понатамошните детални истражувања треба да се даде оценка на потребата од заштита на долината на Радањска Река и малиот кањон Камник, потоа Калата како единствениот остров во ИПР, езера-

та под Ченгино Кале и Кундинско Езеро, водопадите на Џуџевска Река, неколку месности со појави на кристали и ретки минерали и други.

### 8.3.3. Заштита на културното наследство

Според Законот за заштита на културното наследство од 2004 година, културно наследство се материјални и нематеријални добра кои како израз или сведоштво на човековото творештво во минатото и сегашноста или како заеднички дела на човекот и природата, поради своите археолошки, етнолошки, историски, уметнички, архитектонски, урбанистички, амбиентални, технички, социолошки и други научни или културни вредности, својства, содржини или функции имаат културно и историско значење и заради нивна заштита и користење се наоѓаат под правен режим согласно со овој и друг закон.

Според своите својства културното наследство може да биде **недвижно, движно и духовно**.

Цели на заштитата – според Член 4 на истиот закон:

(1) Основна цел на заштитата е: 1. Зачувување на културното наследство во изворна состојба; 2. Создавање на што поповолни услови за опстанок на културното наследство и за задржување на интегритетот на сите податоци што тоа ги носи во себе како сведоштво, извор или своевиден документ; 3. Ширење на сознанијата за вредностите и значењето на културното наследство и за неговата улога во културната идентификација и 4. Оспособување на културното наследство, според неговата намена и значење, да служи за задоволување на културните, научните, едукативните, естетските, верските, економските, туристичките и другите потреби на граѓаните и на општеството. (2) Оперативна цел на заштитата е преземање активности за спречување дејства, појави и влијанија со кои се врши или може да настане оштетување, уништување, растурање, исчезнување, деградирање и противправно присвојување на културното наследство. (3) Крајна цел на заштитата е пренесување на културното наследство на идните генерации.

Според „Законот за меморијални споменици и спомен обележја“ од 2004 година, меморијални споменици, во смисла на овој закон, се поединечни или група објекти и монументални дела од архитектурата, скулптурата, сликарството и применетата уметност со историски и уметнички содржини и вредности што се подигаат за трајно зачувување на спомeнот на настаните и личностите од Членот 2 на овој закон, а кои се од исклучително значење за Република Македонија (во натамошниот текст: меморијален споменик). Настаните и личностите што се одбележуваат со меморијален споменик треба да се од исклучително значење за развојот на државноста на Република Македонија и за нејзиниот државно-правен континуитет и да се вградени во историскиот развој на земјата. Член 4 Спомен-обележја, во смисла на овој закон, се бисти, скулптури, плочи, чешми,фонтани и други уметнички и архитектонски дела и творби што со своите содржини и ознаки одбележуваат настани и личности од Членот 2 на овој закон или од народната традиција, кои се од локално значење (во натамошниот текст):

Според Член 178 од истиот закон, за заштитеното културно наследство во границите на Источен плански регион е надлежна Национална установа Завод и музеј Штип.

# 9. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Студијата за состојбата со потенцијалите за развој на туризмот во Источниот плански регион претставува стратешки документ од есенцијално значење за идниот туристички развој на единаесетте општини што припаѓаат на овој регион. Потпирајќи се врз анализа на постоечките состојби на полето на туризмот, задача на студијата е да даде јасни препораки за спроведување на иден одржлив туристички развој и да се наметне како основа за изработка на Стратегијата за развој на туризмот (со акционен план во периодот од 2015 до 2024 година). Ваквиот стратешки приод кон изработката на овие документи и евентуалната успешна имплементацијата на препораките дадени во нив треба да резултира со долгорочна, стабилна и просперитетна иднина за жителите на Источниот плански регион.

Целокупниот текст во Студијата се темели врз објективна проценка на моменталната ситуација на терен, како и врз респектирањето на расположливите компаративни предности и ограничувања. Нејзината основна визија е Источниот плански регион во следните неколку години да лиферува неколку респектабилни туристички дестинации, чии производи ќе се базираат врз природното и културното наследство на регионот и врз традицијата на луѓето што живеат тука; производи препознатливи по својот квалитет и целосно прилагодени кон барањата и потребите на модерните туристи. Авторите на Студијата се уверени дека оваа визија може на подолг рок да се наметне и како заеднички императив на сите единаесет општини од Источниот плански регион.

Од вака дефинираната визија произлегуваат и неколку стратешки цели на оваа студија, поврзани со развојот на туризмот во Источниот плански регион:

- Креирање позитивна слика за Источниот плански регион како атрактивен географско - туристички простор;
- Обезбедување интегрална заштита на природното и културното наследство, чија атрактивна компонента претставува основна мотивација за доаѓање на туристите во регионот;
- Зголемување на туристичкиот промет и проширување на туристичката сезона;
- Амортизирање на проблемот со невработеноста во општините, преку отворање нови работни места во туризмот;
- Етаблирање и негување на препознатлив бренд;
- Иницирање нови инвестициони активности; како и
- Запирање на процесот на депопулација и подобрување на благосостојбата на жителите на сите општини во Источниот плански регион.

Источниот плански регион има **поволна, но не и особено добра** географско-туристичка положба. Тоа од причина што во регионот нема голем туристички центар. Затоа, пак, има во близина, на територијата на Република Бугарија (Банско, Боровец и др.), потоа градот Скопје како голем туристички и емитивен центар. Туристичко-сообраќајната положба на ИПР значително ќе се подобри со изградбата на автопатот Скопје – Штип и модернизирање на меѓународниот пат А3 кон Република Бугарија. Исто така, одлична погодност би било отворање нови гранични премини кон Бугарија (Црна Скала, Клепало), со поврзување на пограничните општини. Тоа ќе значи и зголемен транзит низ ИПР, поголема и полесна туристичка посетеност и др. За да се искористат транзитните поволности, неопходна е изградба на угостителско-сместувачки капацитети покрај патиштата, во нивна близина или во населбите низ кои минуваат, а особено на атрактивни локации (клисури, покрај Калиманско Езеро и сл.).

***Природни атрактивности***

ИПР има бројни и разновидни **природни вредности**: геолошки, релјефни, климатски, хидрографски, биолошки и почвени. Сепак, овие вредности и појави, со исклучок на неколку, не се од национално или пошироко значење во смисла на раритетност и уникатност. Најкарактеристични природни вредности во ИПР се **Лесновскиот кратер** и севкупниот вулкански релјеф во неговата околина, густите **шумски комплекси во Беровско** (Малешевски Планини и Огражден) како и чистиот, свеж воздух на овој простор, **меловите со кукуљето**, **богатите геотермални басени во Кочанско** и др. Ретките природни појави, простори и објекти се предложени за заштита, така што паралелно со туристичкиот развој на ИПР треба да се води сметка за тие уникатни вредности кои лесно можат да се загрозат или уништат (кукуљето, меловите, клисурите, ретките и ендемични видови растенија и животни и сл.).

Од аспект на природните ресурси и вредности, кои во студијата се детално проценети и валоризирани, најголем туристички потенцијал имаат:

- Осоговските Планини со поединечните локалитети на нив: Пониква, Царев Врв – Руен, Горна Цера, Гратче, клисура на Злетовска река;
- Малешевските Планини во делот околу Беровско Езеро, изворишниот дел на Брегалница, водопадите на Брегалница и шумскиот појас од нив до Берово;
- Северната страна на Плачковица, со Туртел, Лисец и Ченгино, потоа подножјето кон Зрновци, Мородвис, Виница до клисурата на Осојница;
- Лесновската купа и кратер со останатиот вулкански релјеф околу Пробиштип и Злетово;
- Калиманското Езеро со развиената брегова линија, островот Калата, Истибањската Клисура и сл.;
- Планината Голак со околината на Делчево, истоименото ловиште, езерото Сандански, Кукуљето, пештерата Коњска Дупка, палеонтолошкиот локалитет кај с. Стамер;

Според типот и структурата на локалитетите, најголем потенцијал има планинскиот туризам изразен преку неколку форми:

- Планински велнес-рекреативен престој (целогодишен, без оглед на сезоната) во: источен дел на Малешевски Планини околу Беровско Езеро и блиските локалитети, Огражден со Суви Лаки, повисокиот дел на Плачковица, средно-високиот планински предел на Осогово, највисокиот дел на Голак со Обозна.
- Летен спортско-рекреативен планински туризам (трекинг, прошетки, планинарење, рекреација, вајлд и еко туризам): во претходно наведените локалитети.
- Зимско-спортски планински туризам, рекреативен за почетници скијачи и деца: Пониква, над Беровско Езеро, Плачковица/Туртел – Чупино, највисокиот дел на Голак;
- Зимско-спортски високопланински (скијалишен, сноубординг и др.): Царев Врв со Китка и Калин Камен (о. Крива Паланка).
- Нископланинскиот предел (500 – 1500 m) со можности за трекинг, маунтбајкинг, џипсафари, параглајдинг, геотуризам, алпинизам, адреналински паркови и слични содржини. Посебно погодни локации се Лесновска купа и кратер со целиот палеовулкански простор, западните делови на Плачковица (од Штип до Вртешка со Камник, Радањска Река, Козјачка Река и др.), Голак, Бејаз Тепе, Осогово над Кочани, Оризари и Македонска Каменица.

Освен планинскиот туризам, од аспект на природните вредности, голем потенцијал во регионот имаат:

- Спа-туризмот во Кежовица – Штип, с.Истибања – Виница и с. Долни Подлог – с. Бања. Сите наведени локалитети располагаат со многу квалитетни геотермални води, а покрај тоа имаат одлична положба и достапност.

- Езерскиот туризам на Калиманско Езеро со одлична положба, транзитна локација, развиен брег, единствен и уникатен остров (Калата) и добар гравитациски опфат. Покрај тоа, потенцијалот на езерскиот туризам треба максимално да се искористи на Ез. Гратче кај Кочани.
- Пејсажно-гастрономскиот и манифестациско-традицискиот туризам поврзан со оризот и оризовите полиња во Кочанско Поле и др.

На подрачјето на ИПР има можности и за бројни други видови туризам поврзани со природните вредности, меѓутоа истите не можат да бидат столб на туристичкиот развој (ловен и риболовен туризам, аеро-туризам и др.). Всушност, ловниот туризам во смисла на елитност и одржливост е погоден и потребен за регионот, меѓутоа севкупниот финансиски ефект од него не може да биде голем.

Планинскиот (велнес, рекреативен и зимско-спортски) и спа-туризмот се тие кои имаат можност да го зголемат просечниот број на ноќевањата бидејќи по својата природа обично се повеќедневни. Другите туристички активности, доколку се добро организирани и вклучени во понудата, претставуваат одлична основа за продолжување и збогатување на туристичкиот престој.

Претходно наведеното претпоставува бројни активности за уредување и реактивирање на постоечките туристички локалитети, како и изградба на неколку нови на подрачјето на ИПР. Во таа смисла се потребни големи вложувања и посветеност, но и повратниот ефект ќе биде забележителен и долгорочен.

***Културни атрактивности***

Општа констатација за културните ресурси во ИПР е дека регионот изобилува со огромно културно богатство со исклучително голема вредност, кое има потенцијал да биде ставено во функција на туризмот. Изобилството со културно наследство во Источен плански регион дава јасни сигнали дека културниот туризам има **голем потенцијал**. ИПР може да ги промовира и понуди на туристите своите добро сочувани приказни и тајни преку своето материјално и духовно наследство.

Културниот туризам може да биде од **полза** бидејќи може да ја зајакне локалната економија, да ја унапреди заштитата на културното наследство, да ја зголеми потрошувачката на посетителите, да обезбеди вработувања, да ја зголеми гордоста и свеста на локалното население за наследството што го поседува и сл. Културниот туризам може да предизвика и штета од преголема посета, прекумерна употреба, несоодветна употреба на заштитеното културно наследство без да се води сметка за вредноста, што може да доведе до трајно оштетување.

Во интернационалната повелба за културен туризам на ICOMOS, 1999 се истакнува дека четири генерални цели се: културното наследство да биде **достапно за јавноста**, локалното население и посетителите, да се развијат и вршат туристички активности со **почитување** на културното наследство, локалните култури и начин на живеење, да се создаде дијалог и рамнотежа помеѓу **конзерваторските интереси** и туристичката индустрија за важноста на културното наследство, вклучувајќи ја потребата од постигнување на одржлива иднина за нив и да се придонесе за долгорочна и **внимателна употреба** на културното наследство преку донесување стратегии и заштита и конзервација.

Во текот на истражувањето за потребите на Студијата констатирано е дека на територијата на Источниот плански регион се евидентирани повеќе од **600 археолошки локалитети**, а според одредени релевантни експерти, бројката на локалитети е и далеку поголема. Сепак, важно е да се има предвид дека само мал дел од тие археолошки локалитети се презентирани, односно се достапни за јавноста, а уште полоша е состојбата во однос на нивната искористеност од аспект на туризмот. Повеќето од презентираните локалитети треба во најскоро време соодветно да бидат обележани, средени и оспособени за посета на туристи. Доколку се погледне мапата на која се обележани локалитетите, може да се констатира дека

истите се сместени најчесто околу или во градските центри, каде дополнително ја збогатуваат туристичката понуда и претставуваат предност.

**Музите и спомен куќите** во ИПР кои изобилуваат со исклучително вредни предмети треба да ја зголемат својата промоција, со што би ја зголемиле својата посетеност. Кај објектите од **исламска архитектура** се јавува проблемот на несоодветна сигналитика и непостоење на неопходни информации. За речиси сите локалитети од културното наследство **недостигаат** суштински и неопходни информации потребни за потенцијалните туристи: работно време, цена на билети, пристапност, точна локација, фотографии од локалитетот и сл. Важен сегмент што треба да се земе предвид е интерпретацијата, односно **стручно и точно водење** на туристите на локациите од културното наследство во регионот а се од особено значење.

Источен плански регион изобилува со **манастири и цркви** кои претставуваат значајно културно наследство од различни периоди. Поголемиот дел од нив чуваат **ремек дела** на живопис, иконопис, архитектура, иконостаси и др. По последните години е забележливо зголемување на монашките машки и женски заедници. Развој на манастирски туризам во Источен плански регионот е зависен од интересот на туристите за посета на манастирите, но во голема мера и согласноста на монасите за истите. Во манастирите се добредојдени туристи кои доаѓаат од верски мотиви или туристите љубители на културното наследство. При тоа, животот и редот на монасите во ниеден момент не смее да биде попречен. Во моментов има повеќе манастири каде има активен монашки живот. Во некои вредни или познати манастири најчесто се одбележуваат верските празници каде се организираат заеднички ручеци со верниците. Организирано сместување туристи во рамките на манастирите не е забележано. Овој вид туризам е возможен како комбинација со некој друг вид туризам, односно организирана посета на други споменици на култура. Околу Источен плански регион има доста познати и **атрактивни манастири** кои се наоѓаат на територија на други региони, па во таа смисла е добро да се размислува на креирање рута со вклучени повеќе манастири од различни региони. Во рамките на работилниците организирани во текот на изработката на Студијата, голем број од учесниците, претставници од општините на Источен плански регион, се изјаснија дека **манастирскиот туризам** има многу голем потенцијал за развој во овој регион. Но, тоа, секако, не зависи само од атрактивноста на манастирот или црквите туку и од голем број други фактори, кои беа елаборирани во рамките на валоризацијата направена и презентирана во табелите со поединечни оценки и рангирање на следните цркви и манастири.

Позитивен пример за развојот на културниот туризам во ИПР се големиот број на **настани и манифестации** кои од година во година стануваат сè помасовни и резултираат со значителен финансиски бенефит за општините во кои се организираат. На овој начин се привлекуваат домашни и странски гости, кои преку понуда на квалитетни содржини го продолжуваат својот престој во градот домаќин и на тој начин директно придонесуваат на локалната економија. **Организатори** на манифестациите во ИПР претежно се локалните самоуправи, здруженија на граѓани, црковни одбори, играорни групи и сл. Најголемиот дел од овие манифестации имаат **верски карактер**, односно се организираат за време на селска слава или црковни празници и целта на овие манифестации е промовирање на традиционални верски обичаи, негување, одржување на културното духовно наследство и запознавање на младата популација, како и другите посетители со народните обичаи. Верските манифестации се со долгогодишна традиција и посетителите на овие манифестации најчесто ги сочинуваат локалните жители, иселениците од тој крај и поретко луѓе од другите делови на државата. Дел од манифестациите се организираат со цел **промоција и продажба** на одредени производи, како што е Штипската пастрмајлијада, денови на оризот село Бања, Зрновце и др. (вообичаено се одржуваат во деновите на прослава на Општините, кога се дегустираат разни јадења од ориз) а во некои делови (Чешиново – Облешево) се врши зажнејување на оризот со свештено лице, проследено со прослава. Исто така, има и ден на медот, како и на други традиционални производи. Најчести посетители се локалните жители, а во последните години на Штипската

пастрмајлијада има посетители и од други региони од Република Македонија затоа што во организацијата на оваа манифестација се вложени повеќе средства и е направен поголем маркетинг. **Финансирањето** на самите манифестации најчесто е од буџетот на општините, црковните одбори и спонзори. Многу мал дел од манифестациите имаат **комерцијален карактер**, односно генерирање приходи за понатамошен развој на истите и нивно усовршување и проширување, на што би требало да се стави поголем акцент. Во таа смисла, за организација на овие манифестации треба да се ангажираат професионалци, наместо самите општини, невладини организации и црковни одбори. Дел од манифестациите имаат потенцијал да станат генератори на поголем број посетители, но со вложување на поголеми средства и ангажирање професионалци во нивната организација, како и вложување во маркетинг, промоција, односно брендирање на истите. Во таа смисла, неопходна е поддршката на јавниот сектор во одржувањето и организирањето на манифестациите.

Како најдобра опција во врска со селективните видови туризам, сметаме дека можеби најголем потенцијал за развој на туризмот ќе биде **комбинацијата** на различни атракции, освен во случај кога имаме конкретни целни групи со конкретен интерес.Тоа би значело дека може да се создадат рути со ист вид атракции, но истите да бидат соодветно и квалитетно подготвени или, пак, комбинирани.

На територијата на ИПР забележлив е **недостиг на обучен кадар** од областа на туризмот и менаџмент со дестинација и во таа насока се предлага конституирање на тело кое ќе го менаџира развојот на туризмот, ангажирање експерти кои ќе можат да реализираат квалитетни обуки и создадат квалитетен стручен кадар и тренинзи за подигнување на свеста кај локалното население за важноста и ползата од развојот на туризмот.

Друг исклучително важен, но занемарен фактор е **промоцијата** на археолошките локалитети, односно недостапноста на суштински и неопходни информации, потребни за потенцијалните туристи. Работно време, цена на билети, пристапност, точна локација, фотографии од локалитетот и сл. се само мал дел од информациите што се неопходни за потенцијалните посетители и кои не смее да се занемаруваат, а лесно може да бидат достапни. Тоа е процес кој е бесплатен доколку се користат услугите на компаниите како Гугл, а од друга страна, пак, резултира со голем бенефит.

Важен сегмент што треба да се земе предвид е **интерпретацијата,** односно стручно и точно водење на туристите на локациите од културното наследство во регионот а се од особено значење. Исто така, се предлага музите и спомен куќите што имаат што да понудат и изобилуваат со вредни предмети да ја зголемат својата промоција, со што би биле многу повеќе посетени и атрактивни.

Како најдобра опција во врска со селективните видови туризам сметаме дека најголем потенцијал за развој на туризмот ќе биде **комбинацијата** на различни атракции, освен во случај кога имаме конкретни целни групи со конкретен интерес. Тоа би значело дека може да се создадат рути со ист вид атракции, но истите да бидат соодветно и квалитетно подготвени или, пак, комбинирани.

Структурната анализа на руралниот туризам во ИПР покажа дека овој вид туризам е многу слабо развиен во регионот.

- Приходите од оваа дејност се на минимално ниво;
- Инфраструктурата се наоѓа во лоша состојба, а исто е и со туристичката инфраструктура, која е развиена делумно само во Општина Берово;
- Продажбата на земјоделските производи, заради неразвиеноста на овој вид туризам е минимална, односно туристите учествуваат со минимален процент во потрошувачката;

- Занаетите ги одржуваат возрасни лица и многу мал број млади сака да се занимава со оваа дејност, што значи истите се во изумирање;
- Гастрономија - ИПР има голем број земјоделски производи, пред сè оризот, како и традиционални специјалитети кои минимално или воопшто не се искористени во насока за развој на туризмот во ИПР;
- Манифестациите со изземање на Штипската пастрмајлија и Истибањско здраво живо се со локален карактер и во нив се вложени минимални средства;
- Верскиот туризам воопшто не е развиен, не е постигнат договор со МПЦ-ОА и посетителите се неорганизирани – инцидентни;
- Човечките ресурси се слаби и во целиот регион постојат само неколку активни здруженија во овие сектори;
- Не постојат локални туристички организации освен кластерот во Штип.

Индикаторите за одржлив туризам во функција на рурален развиј во голема мерка се поклопуваат со индикаторите за општата општествена и материјална развиеност на регионот.

- **Препорака за инфраструктура:** Неопходно е да се изработат инфраструктурни проекти и да се искористат фондовите за рурален развој, Државниот фонд за патишта, Орион програмата и др.;
- **Препорака за човечки ресурси:** Неопходна е едукација како на локалното население така и на вработените во институциите кои директно работат во полето на развој на туризмот (да се искористи Лидер плус програмата и програмата на Министерство за економија за едукација во туризмот);
- **Препорака за сместување:** Да се работи на адаптација и изградба на сместувачки капацитети и друга туристичка инфраструктура. Потребно е искористување на мерката 302 од програмата на ИПАРД за подобрување на туристичката инфраструктура и градење нови капацитети;
- **Препорака за занаети:** Формирање локални здруженија, организирана продажба и промоција на производите од занаетчиството. Едукација преку креативни работилници, користење на средствата од Министерство за култура за развој на креативните индустрии и Министерство за економија за развој на занаетчиството;
- **Препорака за манифестации:** Ангажирање стручни лица и маркетинг агенции, селекција на манифестации кои можат да прераснат во регионални и меѓународни. Користење средства од АППТРМ за поддршка на манифестации;
- **Препорака гастрономски туризам:** Заштита на автохтони производи, брендирање и креирање на пат на оризот;
- **Препорака верски туризам:** Договор помеѓу локалната власт и МПЦ-ОА со вклучување на туристичкиот сектор.

На крај треба да се напомене дека Студијата за состојбата со потенцијалите за развој на туризмот во Источниот плански регион претставува само појдовна основа за натамошно истражување на оваа специфична проблематика. Врз основа на анализата на постоечките состојби на полето на туризмот во регионот, оваа студија отвора простор за изработка на Стратегија за развој на туризмот (со акционен план во периодот од 2015 до 2024 година), односно ново широко поле за натамошни истражувања, кои треба да дадат валиден одговор на прашањето на кој начин да се обезбеди сигурна иднина на туризмот во Источниот плански регион. Всушност, новиот стратешки документ ќе треба да се соочи со неколку предизвици, поврзани со развојот на туризмот во регионот:

- согледување на конкурентните предности, моменталните слабости, очекуваните можности и евентуалните ограничувања во развојот на туризмот во Источниот плански регион;
- дефинирање на целите за дестинациски развој на туризмот;
- редефинирање на туристичкиот производ врз селективна основа;
- етаблирање на целосно нов туристички идентитет и креирање позитивен туристички имиџ на Источниот плански регион како атрактивна просторна целина;
- истражување на туристичкиот пазар;
- дефинирање на политиката на цени;
- интензивирање и целно насочување на промотивните активности кон посебни пазари сегменти; и
- перманентна и сеопфатна маркетинг контрола врз целокупниот процес.

Исто така, Стратегијата ќе мора да одговори на неколку горливи прашања, поврзани со идентитетот на постоечкиот туристички производ на Источниот плански регион (првенствено на зимско-спортскиот и манастирскиот туризам), неговиот животен циклус и конкурентните односи во пошироки регионални и национални рамки. Притоа акцентот ќе биде ставен на препораките за подобрување на туристичкиот идентитет преку креирање и афирмација на неколку специфични селективни производи: спа-велнес (бањски туризам), лов, пешачење, велосипедизам, гастрономски туризам, манифестациски туризам, историски туризам и слично.

Стратегијата за развој на туризмот во Источниот плански регион ќе мора да понуди и адекватно решение за организацијата на туризмот имајќи ги предвид специфичната поставеност на Регионалниот совет и ингеренциите на локалната власт во сите единаесет општини. Нема сомнение дека во структурата на туристичката дестинација ќе се појави и неопходност од координирање на активностите на многубројните субјекти, кои активно ќе учествуваат во нејзиното креирање и функционирање.

Конечно, Стратегијата за развој на туризмот на Источниот плански регион, но и сите идни стратешки документи кои би надоврзувале на препораките и заклучоците од оваа Студија треба да резултираат не само со забрзан развој на туризмот туку и со отворање можности за нови инвестициони зафати, нови вработувања и далеку подобра економска и социјална состојба на локалното население.

**Клучни изводи**

Согласно постоечките природни, демографски и културни ресурси, во ИПР реално се развиваат 6 „надопштински“ туристички предели, области или субрегиони, секој со свои специфичности и одлики, и тоа:

- Штипски (шопинг, бањски-спа, ловен, културен);
- Кочанско Поле (оризот, гастрономски);
- Осоговски (зимско-спортски, планински еко-туризам);
- Пијанечки (езерски, ловен, фолклор, обичаи);
- Малешевски (спортско-рекреативен, велнес, гастрономски);
- Плачковички (рекреативен, планински еко-туризам).

**Штипскиот** на запад, со главен центар во градот Штип. Основни предности на овој субрегион се градот Штип како административно, образовно, културно, здравствено и друго средиште, потоа шопинг можностите во градот, културното наследство, бањата Кежовица со својот потенцијал и др. Освен Општина Штип, за овој субрегион гравитациски е поврзана и Општина Карбинци. За туризмот погодуваат добрите сообраќајни врски со Скопје и другите региони и регионални центри.

**Кочанско Поле**, со главен центар во Кочани и со следните општини: Кочани, Виница, Чешиново – Облешево, Зрновци и дел од Пробиштип. Главна туристичка атракција и главен уникатен потенцијал во овој субрегион е оризот и сѐ што е поврзано со него (традицијата, обичаите, начинот на живот и сл.). Полето со своите географски карактеристики, населението и оризовите полиња, се единствен ваков пејсаж на Балканот, особено во месеците мај – јули. Покрај оризот, значаен туристички ресурс е геотермалната енергија и можност за изградба на 2 поголеми спа центри, и тоа во с. Бања и кај с. Истибања.

**Осоговска област** повторно со главен центар Кочани и други центри Пробиштип и Македонска Каменица (со соодветните општини). Главен потенцијал овде е самата планина, зимскиот центар Пониква и идниот центар за зимски спортови кај Царев Врв. Останатите делови од планината одговараат за еко-туризам, поради чистата и сочувана природа. Добар центар на еко-туризмот треба да биде с. Цера со околината бидејќи поголем дел од инфраструктурата веќе е создаден.

**Пијанечка област** со центри Делчево и Македонска Каменица. Главен туристички потенцијал овде е Калиманско Езеро, кое ако се уреди и се намали осцилацијата на водата, може да привлече значителен број туристи. Тоа посебно ако се има предвид близината на еко-планинските подрачја на Осогово и на Голак. Изградбата на магистралниот пат Кочани – Делчево би било од особено значење за туризмот, а стариот пат низ клисурата ќе добие повеќе туристичка функција.

**Малешевска област** со главен центар Берово и втор центар Пехчево. Беровското Езеро и еко-пределите на Малешевските Планини и Огражден се одличен, сѐ уште недоволно искористен туристички потенцијал. Овде има доволно сместувачки капацитети, но треба да се збогати и дополни понудата во самиот субрегион, или во комбинација со соседните туристички региони. Туристичките населби околу Беровското Езеро, потоа Равна Река, Абланица, Суви Лаки и др., треба да се доуредат, дополнат со неопходни содржини, категоризираат, презентираат и да се направат комплетни понуди за неколкудневен престој, со повеќе разновидни активности.

**Плачковица**, без некој доминантен центар, меѓутоа зафаќа делови од повеќе општини: Карбинци, Зрновци, Виница и Берово. Планината нуди одлични можности за планински рекреативен туризам, велнес, трекинг, планински велосипедизам, спелеолошки атрактивности, параглајдинг и др.

За максимално туристичко ползување на предностите на целиот Источен регион неопходна е добра поврзаност и соработка помеѓу наведените туристички области – субрегиони, како што е примерот на Пробиштип и Кочани. Во таа смисла, потребно е да се обезбедат:

- Зголемување на бројноста и подобрување на квалитетот и услугите на сместувачките капацитети во ИПР;
- Збогатување на разновидноста во сместувањето (вили, мали хотели, мотели, планинарски домови, семејства, куќи, станови, апартмани, викендички);
- Проекти и активности за презентирање и рекламирање на сместувачките капацитети на Booking.com, TripAdvisor, AirBNB и други светски познати е-туристички портали;
- Анимирање на гостите за време на престојот, понуда на целодневни активности (спорт, рекреација, прошетки, запознавање со културата и традицијата на овие простори);
- Обезбедување на соодветна туристичка сигнализација, маркирање патеки, поставување информативни табли, патокази и др. ;
- Збогатување на туристичка понуда со нови содржини;
- Градење на политика на пристапни цени и максимално користење на домашни производи и услуги;

- Инвентивност (прошетки со џип, магариња, учество во некои домашни активности, слави и сл.);
- Значително поголема промоција на регионот, неговите туристички атракции, можности, сместувачки капацитети, традиција, манифестации, обичаи и др., преку интернет: поставување и одржување на веб-страници и портали на еден или повеќе светски јазици;
- Туристички ГИС на регионот кој ќе се преточи во карти, веб-страници, брошури и сл.;
- Проект за оформување на реални и интересни дводневни туристички рути;
- Поставување на туристичко-информативни бироа во ИПР;
- Будење на свесност дека од туризмот во ИПР може добро да се живее и др.

# 10. ЛИТЕРАТУРА


Brajanoska, R., Cil, A., Civic, K., Jones-Walters, L., Heinrichs, A.K.,Hristovski, S., Melovski, Lj., Schwaderer, G. (2013). Synthesis report ofthe project "Realisation of the Balkan Regional Ecological Network".ECNC-European Centre for Nature Conservation, EuroNaturFoundation, Macedonian Ecological Society, Skopje, pp. 77.

Velevski, M., Hallmann, B., Grubač, B.,Lisičanec, T., Stoynov, E., Lisičanec, E., Avukatov, V., Božič, L. and B. Štumberger (2010) Important bird areas in Macedonia: Sites of Global and European importance.Acrocephalus 31, 147: 181-282

DestinationWetlandsSupporting sustainable tourism(2015):Published jointly by the Secretariat of the Ramsar Convention on Wetlands (Ramsar, Iran, 1971) and theWorld Tourism Organization (UNWTO).

Државен Завод за статистика, публикации: Туризам во Република Македонија. Скопје.

Јаќимовски Ј., Серафимовска Е., Јаќимовска В. (2014): Демографски развој за просторен план на источен плански регион - експертски елаборат. Универзитет Св. Кирил и Методиј, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје

Јаќимовски Ј., Серафимовска Е., Цекиќ А., Јаќимовска В., Симовски А. (2015): Демографски развој за просторен план на источен плански регион - Проекција на населението. Универзитет Св. Кирил и Методиј, Институт за социолошки и политичко-правни истражувања, Скопје

Јовановски Т.В. (2007) Анализа и моделирање на хидролошките процеси во сливното подрачје на река Брегалница. Магистерска работа, ракопис, Факултет за рударство, геологија и политехника, Штип

Китанов В. (2009) Лесново, природна и културна дестинација за развој на руралниот туризам. Воспитание бр. 10, Штип, 145-150

Кондев Т. (1960) Осоговија, докторска дисертација, одбранета на ПМФ во Скопје, ракопис.

Манаковиќ Д., Андоновски Т. (1979): Релјефни карактеристики на Источна Македонија. Географски разгледи, кн. 17, Скопје, 5-32

Манаковиќ Д. (1980): Геоморфологија на Малеш и Пијанец. Природни и социо-географски карактеристики на Малеш и Пијанец, МАНУ, Скопје, 47-69

Меловски, Љ., Матевски, В., Костадиновски, М., Караделев, М., Ангелова, Н., Радфорд, Е. А. (2010). Значајни растителни подрачја во Република Македонија. Македонско еколошко друштво, Скопје, 128 стр.

MES (2011). Strengthening the Ecological, Institutional and Financial Sustainability of Macedonia's National Protected Areas System (Project 00058373 - PIMS 3728.). Development of Representative National System of Protected Areas (Project activity Ref. RFP 79/2009). UNDP, Ministry of Environment and Physical Planning of the Republic of Macedonia, Macedonian Ecological Society.

Милевски И. (2005) Палеовулкански релјеф во западниот дел на Осоговскиот Масив. Географски разгледи бр. 40. Скопје стр. 47-67

Milevski I., Dimitrovska O. (2005): Razvoj ekoloskog turizma na Osogovskim Planinama. Zbornik radova Prvog kongresa geografa Bosne i Hercegovine, Sarajevo, str. 292-303

Милевски И. (2011): Значајни геоморфолошки локалитети на Осоговскиот планински масив. Билтен за физичка географија 7-8, Институт за географија, Скопје, 29-44

Милевски И., Димитровска О. (2011): Влијание на човекот врз релјефот и водите во подрачјето на Влаина, Малешевски Планини и Огражден. Зборник од IV Конгрес на МГД, Дојран

Милевски И. 2011: Кундино и Кундинско Езеро-убавини меѓу изгаснатите вулкани. www.portal.igeografija.mk

Милевски И. 2011: Кукуљето-втора Куклица во Република Македонија. www.portal.igeografija.mk

Милевски И. 2011: Мелови-интересни релјефни појави во Малеш и Пијанец. www.portal.igeografija.mk
Милевски И., Маркоски Б. (2012): Методологија за формирање катастар на природни туристички атрактивности и организација на географски информациски системи. Годишен зборник на Институтот за географија, Кн. 34, Скопје
Милевски И. 2012: Високите подрачја на Осоговските Планини имаат голем, но неискористен туристички потенцијал
Милевски И. 2012: Плачковица - планина која треба да се посети и доживее. www.portal.igeografija.mk
Милевски И. 2012: Раткова Скала - всечена во карпите. www.portal.igeografija.mk
Милевски И. 2012: Покрај Голем Град, во Македонија има уште десетици други острови! www.portal.igeografija.mk
Милевски И. 2012: Лесново и Лесновскиот кратер-природна и духовна убавина! www.portal.igeografija.mk
MoEPP (2008). Development of National EMERALD Network in Macedonia, Report. Ministry of Environment and Physical Planning, Skopje.
Недков В. (1967) Термално-минерални извори и бањата Кежовица. Географски разгледи Кн. 5, Скопје, 145-154
Трпевски С., Георгиев В., Николов М., Петковски Љ., Ѓорѓиев Ѓ. (2010) Студија за развој на ски-центарот „Пониква“ на Осогово. Нарачател: ИПР, Штип; ЕМС-Темос, Скопје.
PetrićL. (2010): Izazovi razvoja ruralnog turizma: Dosadašnja praksa u Europi i reperkusije na Hrvatsku, Ekonomski fakultet, Split
Програма за развој на туризмот во прекуграничниот регион на општините Симитли и Карбинци, 2012-2016. Проектот: Туризмот-нашата заедничка иднина од Струма до Брегалница Ref: No. 2007 CB16IPO007-2009-1-2012/4-2, Општина Карбинци, 2012
Риболовна основа за риболовна вода “Слив на река Брегалница” за период2011 – 2016. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Скопје, 2011
Snelson S., Јанкова В. (2007): Студија за развој на туризмот во Тиквешијата, Тиквешки вински пат, Кавадарци.
Стратегија за развој на еко туризмот во Берово, 2005, проект поддржан од Регионален центар за заштита на животна средина за Централна и источна Европа со средства обезбедени од канцеларијата за соработка со Европска комисија- Europe Aid.
Стратегија за развој на рурален туризам во општина Чешиново-Облешево. ЕПИ Центар Интернационал – Скопје, 2007
Стратегија за развој на рурален туризам во општина Зрновци. ЕПИ Центар Интернационал – Скопје, 2007
Стојмилов А. (1976) Атрактивно-рекреативни карактеристики и туристички локалитети на планината Осогово. Годишен зборник на ИГ бр. 22, Скопје, 31-56
Стојмилов А. (1979) Дефинирање и намена на туристичките просторни единици во источна Македонија. Географски разгледи Кн. 17, Скопје, 111-128
Стојмилов А. (1982) Просторен план за развој на туризмот во општина Кочани. Географски разгледи Кн. 17, Скопје, 69-116
Sterijovski,B.,Tomović,Lj. andAjtić, R. (in prep). Contribution to the knowledge of the Reptile fauna and diversity in the FYR of Macedonia.North-Western Journal of Zoology 10 (1): 83-92
Ташков Н., Методијевски Д. (2009) Спортскиот туризам во Штип - можности и перспективи. Предизвици и перспективи во туризмот и менаџментот. Универзитет за туризам и менаџмент Скопје.
Тунтев З. (2007) Хотелски лексикон, ФТУ-Охрид, Охрид.
Цвијиќ Ј. (1906) Основи за географију и геологију Македоније и Старе Србије, Књ. 2, Београд.
Национална стратегија за рурален туризамна Р.М. 2012-2017 - Таргет Комуникации Дооел
Национална стратегија за развој на туризмот на РМ 2009-2013 –Министерство за економија
Национална програма за развој на земјоделството и рурален развој 2009-2013 –МЗШВ

Програма2009 – 2013за развој на Источен плански регион – Источен плански регион
Статистички податоци од Завод за статистика на РМ
Лиценци и податоци за сместувачки капацитети и агенции –Министерство за економија
Прашалници од Општините во Источен плански регион
Лукаревска М. (2014): Просторен план на Источен плански регион, 2013-2030, Експертски елаборат - туризам. Агенција за планирање на просторот, Скопје